Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје

Филозофски факултет

Институт за Психологија

# МОРАЛНО МИСЛЕЊЕ И МОРАЛНА СЛИКА ЗА СЕБЕ ВО ПЕРИОДОТ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Кандидат:

**м-р Ана Фрицханд**

Ментор:

**проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ**

Скопје, 2010

***На дедо ми Бранко***

# АПСТРАКТ


## МОРАЛНО МИСЛЕЊЕ И МОРАЛНА СЛИКА ЗА СЕБЕ ВО ПЕРИОДОТ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА

м-р Ана Фрицханд

Моралното мислење и моралната слика за себе се два меѓусебно поврзани домени на моралноста. Од досегашните истражувања е познато дека лицата кои се позрели во моралното разбирање и моралното функционирање се и поконзистентни во нивните морални верувања и постапки. Авторите веќе подолго време се свесни за потребата од доаѓање до покомплетни сознанија за поврзаноста меѓу моралното знаење и моралното однесување. Ова од причина што во секојдневниот живот луѓето не постапуваат секогаш во склад со усвоениот вредносен систем. Оттука се наметнува важноста од испитување на моралниот идентитет и моралната слика за себе како негова срцевина која ги содржи моралните вредности што поединецот ги има усвоено.

Моралното мислење и моралната слика за себе во ова истражување се испитувани преку тестирање на две групи хипотези кои се однесуваат на разлики меѓу адолесцентите во зависност од возраста, полот, видот на образование, (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и примарната група на социјализација (семејство). Добиените резултати ги потврдуваат речиси сите поставени хипотези. Статистички значајни разлики не се најдени за претпоставениот однос меѓу полот на адолесцентите и моралната слика за себе. Со тоа поставената хипотеза Б2 не се потврдува. Потврдена е претпоставената поврзаност меѓу моралното мислење и моралната слика за себе. Истражувачките наоди покажуваат дека адолесцентите од женски и машки пол на различна возраст кои покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе. Регистрираните промени во однос на двата домени на моралноста се многу повидливи меѓу рана и средна адолеценција кај машките, односно меѓу средна и доцна адолесценција кај женските лица.

Се покажува дека со зголемување на возраста се зголемува и способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања и почесто се избираат моралните вредности како централни во моралната слика за себе. Лицата од женски пол покажуваат поголема способност за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со лицата од машки пол во рана, средна и доцна адолесценција. Во однос на моралната слика за себе значајни разлики меѓу машките и женските адолесценти се регистрираат во однос на доблеста добра нарав. Неа адолесцентите од машки пол ја перципираат како поважна за моралната слика за себе, за разлика од адолесцентите од женски пол.

При споредбите меѓу испитаници од машки пол, во средна и доцна адолесценција со различен вид на образование се добиваат значајни разлики во однос на моралната слика за себе. Лицата кои учат во Македонската православна богословија и оние кои студираат на Православниот богословски факултет почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе, во споредба со нивните врсници кои учат во гимназија, односно кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура. Студентите на Православниот богословски факултет подобро ги идентификуваат лошите постапки и објаснувања по што значајно се разликуваат во однос на овој индикатор на морално мислење од нивните врсници кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура.

Лицата од машки пол, од средна адолесценција кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа, како и оние кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат значително послаби резултати во однос на анализираните домени на моралноста, во споредба со нивните врсници кои живеат во семејства, со родители кои се во брак, односно со врсниците кои не манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување. Тие значително поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување. Слични резултати се добиени и за испитаниците кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа. Меѓу нив и нивните

врсници кои живеат во семејство, со родители кои се во брак не е најдена значајна разлика единствено во однос на способноста за идентификување на добрите постапки и објаснувања.

Истражувачките наоди упатуваат на заклучокот дека врз менувањето на моралното мислење и на моралната слика за себе значајно влијание имаат факторите кои се поврзани со процесите на созревањето и развојноста. Не помалку значајни се и факторите кои се поврзани со образовниот процес - степенот и видот на образование. Особено важни се влијанијата кои потекнуваат од процесот на социјализација – врсниците и семејството, како и оние кои доаѓаат од пошироката општествена средина во која адолесцентите растат и се развиваат. Со ова се покажува дека при проучувањето на моралноста и моралниот развој треба да се земат предвид повеќе аспекти, поединечно и во интеракција.

# СОДРЖИНА

**Вовед** 10

Поврзаност меѓу моралното мислење и моралната слика за себе 12

**I ДЕЛ**
**Морален развој – теоретски основи**

1.0. Проучување на моралноста и моралниот развој од Фројд до денес 15

1.1. Теорија на морален развој на Жан Пијаже 20

1.2.Теорија на морален развој на Лоренс Колберг 23

1.3. Модел на четири компоненти на Џејмс Рест (нео-колбергијански пристап кон објаснување на моралниот развој) 27

1.4. Селф-модел во теоријата на морално функционирање на Августо Блази 32

1.5. Теорија за формирање на идентитетот на Роберт Киган 38

1.6. Еколошко контекстуална теорија на Јуриј Бронфенбренер 46

1.7. Социокултурна теорија на развојот на Лев С. Виготски 53

1.8. Морално мислење во периодот на адолесценција и неговата поврзаност со моралното однесување 59

1.9. Морална слика за себе и нејзиниот развој во периодот на адолесценција 65

1.10. Улогата на семејството и врсниците во процесот на социјализација 73

А) Улога и значење на семејството во процесот на социјализација 74

Б) Улога и значење на врсниците во процесот на социјализација 78

1.11. Асоцијално и антисоцијално однесување – поим, карактеристики и причини за јавување 80

1.12. Релевантни истражувања на моралното мислење и моралната слика за себе во адолесценцијата 86

## II ДЕЛ
## Методолошка рамка на истражувањето


2.0. Проблем, задачи и цел на истражувањето 96

2.1. Истражувачки хипотези 99

2.2. Варијабли и индикатори 103

2.3. Мерни инструменти 106

2.4. Испитаници 111

2.5. Тек на истражувањето 112

2.6. Обработка на податоците 113


## III ДЕЛ
## Резултати од истражувањето


3.1. Резултати за разликите во однос на моралното мислење кај адолесцентите во зависност од возраста 114

3.2. Резултати за разликите во однос на моралното мислење кај адолесцентите во зависност од полот 118

3.3. Резултати за разликите во однос на моралното мислење во зависност од видот на образование 121

3.4.Резултати за разликите во однос на моралното мислење меѓу адолесценти кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување и адолесценти кои не манифестираат вакво однесување 124

3.5. Резултати за разликите во однос на моралното мислење меѓу адолесценти кои живеат во семејство со родители кои се во брак и адолесценти кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа 127

3.6. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе кај адолесцентите во зависност од возраста 129

3.7. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе кај адолесцентите во зависност од полот 132

3.8. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе во зависност од видот на образование 134

3.9. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе
меѓу адолесценти кои манифестираат асоцијално и антисоцијално
однесување и адолесценти кои не манифестираат вакво однесување 137
3.10. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе меѓу
адолесценти кои живеат во семејство со родители кои се во брак и
адолесценти кои живеат во домови за деца без родители
и родителска грижа 139
3.11. Резултати за односот помеѓу моралното мислење и
моралната слика за себе во зависност од возраста и полот 141

## IV ДЕЛ

## Дискусија на резултатите

4.1 Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното
мислење и во моралната слика за себе во зависност од возраста 149
4.2. Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното
мислење и во моралната слика за себе во зависност од полот 161
4.3. Дискусија на резултатите за односот на моралното мислење и
моралната слика за себе во зависност од возраста и полот 167
4.4. Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното
мислење и во моралната слика за себе во зависност од
видот на образование 180
4.5. Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното
мислење и во моралната слика за себе во зависност од
(не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување 186
4.6. Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното
мислење и во моралната слика за себе во зависност од
примарната група на социјализација 196

## V ДЕЛ

**Заклучни согледувања** 208

**Библиографија** 221

**Прилози** 234

**Прилог 1**: Инструмент за мерење на посредните поими кај адолесцентите (Intermediate Concept Measure for Adolescents - AD-ICM) 235

**Прилог 2**: Инструмент за мерење на морална слика за себе („Moral self-concept measure") 259

**Прилог 3**: Скала на доблести („Virtuous qualities Scale") 260

**Прилог 4**: Прашалник за демографските карактеристики на примерокот 262

# ВОВЕД

Интересот за истражување на поимите морална слика за себе и морален идентитет се зголемува почнувајќи од последните две декади на дваесеттиот век (Bergman, 2004, 2005). Во истиот период се преиспитуваат и надградуваат многу од традиционалните поими, меѓу кои и оној на морално мислење (на пр. Thoma & Bebeau, 2008; Thoma, Bebeau, & Boland, 2008; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008). Авторите се свесни за потребата од доаѓање до покомплетни сознанија за поврзаноста меѓу моралното знаење и моралното однесување. Во секојдневниот живот луѓето не постапуваат секогаш во склад со усвоениот вредносен систем. Тоа го прави јазот кој постои меѓу овие две компоненти на моралноста јасно видлив. Многу автори се обидуваат да ја објаснат оваа појава потпирајќи се врз: *а)* разликите меѓу когницијата и идентитетот (на пр. Damon, 1984; според Kang & Glassman, 2010), *б)* разликите меѓу реалното и посакуваното Јас (на пр. Blasi, 1984; според Kang & Glassman, 2010), или *в)* влијанието на некои специфични срединскиi/еколошки фактори кои создаваат различна мотивација за дејствување во различни ситуации (на пр. Bandura, 1991; според Kang & Glassman, 2010). Волкер (Walker, 2005) нагласува дека врската меѓу моралното знаење и моралното однесување е загатка од областа на моралниот развој, на чие решавање треба и понатаму интензивно да се работи.

Многу автори посочуваат дека фокусот во истражувањата треба да се пренасочи од моралното мислење кон моралната мотивација и кон моралната слика за себе (на пр. Arnold, 1993; Blasi, 1980, 1983; Colby, 2002; Hart, 2005a, 2005b; Higgins-D'Alessandro, 2006; Power, 2006; Hardy & Carlo, 2005; Keller & Edelstein, 1991, 1993). Концептот на морален идентитет се посочува како едно можно решение за проблемот на јазот меѓу моралното знаење и моралното однесување. Најгласниот промовирач на ваквиот приод е Августо Блази (Blasi, 1980, 1983, 1990), кој повеќе од кој било друг современ развоен психолог успева да го премости јазот меѓу моралното мислење и моралното однесување, развивајќи го моделот на морална слика за себе (според Bergman, 2005).

Ваквата насоченост во изучувањето на моралноста ја нагласува потребата од реобмислување и редефинирање на некои поими, како и конструирање понови, психометриски поиздржани мерни инструменти. Притоа потребно е да се води сметка за целната група и нејзините развојни специфики,

контекстот во кој се одвива развојот (на пр. влијанието на примарната група на социјализација - семејството), влијанијата на општеството и промените што во него се случуваат, историјата, културата и многу други фактори.

Денешниот динамичен начин на живот, брзиот техничко-технолошки развој, наметливоста на медиумите со содржини кои промовираат нова вредносна хиерархија и промените што се случуваат во сите суштински аспекти на живеењето се фактори кои особено го засегаат моралниот развој на адолесцентите. Сè почесто ширум светот се соопштуваат податоци за зголемен процент на агресивно и насилно однесување кај сè помлади лица (на пр. Bebeau, Rest, & Narvaez, 1999; Borba, 2001); за живеење во хаос на повеќе нивоа (на пр. Szentmàrtoni, 2004); за соочување со суспензија на вредностите и намалување на просоцијалната ориентација (на пр. Kuzmanović, 2001; Popadić, 1995); за опаѓање на компетенциите за морално расудување (на пр. Thoma & Bebeau, 2008); за зголемување на индивидуализмот (на пр. Reynolds & Mensfild, 1999; Sabatier & Lannegrand-Willems, 2005); за зголемување на нарцисоидноста (на пр. Twenge, Konrat, Foster, Campbell, & Bushman, во печат; според Thoma & Bebeau, 2008); за зголемен интерес за наоѓање работа која ќе обезбеди сигурна иднина, на сметка на развивање животна филозофија која има смисла, во текот на школувањето (Pryor, Hurtado, Saenz, Santos & Korn, 2007; според Thoma & Bebeau, 2008) и за многу други негативни трендови.

Се наметнува потребата од подетално испитување на моралното мислење и моралната слика за себе во периодот на адолесценција, што е основна мотивација за изработка на оваа докторска дисертација. Целта е да се добијат корисни сознанија што ќе дадат теоретски придонес во областа на применетата развојна психологија и моралниот развој. Практичниот придонес на овој труд се состои во збогатување на корпусот емпириски податоци со примена на нови мерни инструменти кои до сега не се користени кај нас. Тоа ќе помогне да се дадат насоки во кои аспекти би требало да се прават интервенции. Така ќе се овоможи примена на теоретските сознанија во пракса. Една од конечните цели на овој труд е да се развијат програми кои ќе го насочат моралниот развој на адолесцентите кон повисок квалитет. Напоредно со тоа ќе се стимулираат и системски промени во општеството во кое развојот се одвива, како на локално, така и на меѓународно ниво.

## Поврзаност меѓу моралното мислење и моралната слика за себе

Од досегашните истражувања е познато дека лицата кои се позрели во моралното разбирање и моралното функционирање се и поконзистентни во нивните морални верувања и постапки. Волкер (Walker, 2005) истакнува дека моралноста е формативен елемент на идентитетот на поединецот. Кога таа е во центарот на идентитетот, постапувањето спротивно на моралните вредности и верувања не е нешто тривијално, туку е изневерување на она што поединецот во суштина è. Во изучувањето на концептот на морален идентитет важно место зазема моралната слика за себе која е неговата срцевина и која ги содржи моралните вредности што поединецот ги има усвоено. Со нејзино испитување се добиваат сознанија за вредностите кои се од суштинска важност за поединецот. Ова е значајно затоа што тие се насочувачи на неговото однесување, а нивното изневерување води до негативни чувства и до изневерување на себе си. Доколку поединецот подолго време се наоѓа во ситуација во која ги изневерува усвоените морални вредности може да се јават посериозни психолошки проблеми кои директно ги засегаат неговиот личен идентитет и интегритет (Walker, 2005).

Во изучувањето на моралното мислење долго време стадиумите кои ги предложил Колберг биле сметани за активни шеми што му помагаат на поединецот да ги дефинира важните општествени, односно морални аспекти на ситуацијата и да ги идентификува соодветните постапки (Bebeau, 2002; Bebeau & Thoma, 1999; Rest, 1974; 1975; 1994; Rest, Narvaez, Bebeau, & Thoma, 1999). Поновите истражувања покажуваат дека моралните шеми се само еден систем меѓу многу други што поединецот ги користи во моралниот домен (Bebeau, 2002; Bebeau, Rest, & Narvaez, 1999; Bebeau & Thoma, 1999; Thoma, 2006; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008). Употребата на посредните поими, развиени од нео-колбергијанците се покажува многу посоодветна од традиционалните мерења на моралното мислење, особено при испитување на професионалните животни контексти (Bebeau & Thoma, 1998, 1999; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008). Поддршка на ваквиот приод доаѓа и од сознанијата што се добиваат со примена на најновите програми кои ја земаат предвид едукацијата на карактерот на децата и адолесцентите, односно нивниот морален развој (според Thoma,

Hestevold, & Sargent, 2008). Многу теоритичари после Колберг (на пр. Blasi, 1980, 1983, 1993, 2004; Davidson & Youniss, 1991; Rest, 1974, 1994) прават појасна разлика меѓу објективното морално разбирање на поединецот и субјективната важност која тој им ја припишува на своите морални вредности и верувања. Така, на пример, Рест (Rest, 1983; според Arnold, 1993) го опишува моралното доживување како копмлексен, динамичен склоп од вредности, нагласувајќи ја моќта што истите ја имаат во присвојувањето на моралните вредности на поединецот кога реализацијата на неговите животни цели е доведена во прашање.

Блази (Blasi, 1980) истакнува дека когнитивно-развојните теории на Пијаже и Колберг не посветуваат доволно внимание на карактеролошките, себе-рефлектирачките и мотивациските димензии на личноста. Според него, тенденцијата кон конзистентност на селфот е централна тенденција во организацијата на личноста. Интегрирањето на моралноста и личноста е клуч за морална зрелост на поединецот (според Bergman, 2004, 2005). Сепак, Блази (Blasi, 2004) нема амбиција да го намали значењето на теоријата на Колберг, ниту потполно да го редуцира испитувањето на моралното мислење. Напротив, тој нагласува дека моралната когниција е неопходна компонента на моралното функционирање. Фрајмер и Волкер (Frimer & Walker, 2008), слично како Блази, сметаат дека модел на морално функционирање што во себе не вклучува значајност на моралната когниција претставува празна концепција на моралноста и подлежи на критики за етички релативизам. Според Арнолд (Arnold, 1993), Блази инсистира на ставот дека тенденцијата на поединецот да се однесува морално многу зависи од степенот до кој неговите морални вредности и верувања се интегрирани во неговата личност и уште повеќе, во неговото чувство за себство. Тој ја нагласува човечката способност да препознае дека сопствените верувања се продукт на самиот поединец, со што се предмет на лична проценка.

Влијанието што моралните вредности и верувања на поединецот го имаат врз неговиот живот е условено од значајноста која тој самиот им ја припишува. До слични заклучоци доаѓаат и Колби и Дејмон (Colby & Damon, 1992; според Arnold, 1993) при разгледувањето на животот и делото на одредени поединци истакнати како морални примери во општеството. Оттука, развојот на моралното мислење и моралната слика за себе треба да се проучува

интегрирано, бидејќи теоријата и резултатите од истражувањата вредат онолку колку што се применливи во реален контекст и колку што даваат насоки за стимулирање на развој кон повисок квалитет (Walker, 2005). Ваквиот приод е особено значаен во периодот на адолесценција за време на кој моралниот развој интензивно продолжува и кој поседува развојни специфики што го прават различен од детството. Тоа го покажуваат истражувањата од развојната психологија, еволуционата психологија, развојната психобиологија, когнитивната и афективната развојна невронаука, целоживотниот развој, како и од социјалната психологија, педагошката психологија, психологијата на личност итн. Споменатите дисциплини укажуваат дека периодот на адолесценција е основа за наредните развојни периоди, бидејќи во него се случуваат суштински промени кои ги одредуваат карактеристиките на целата генерација адолесценти (според Hart & Carlo, 2005).

# I ДЕЛ

# МОРАЛЕН РАЗВОЈ - ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ

## 1.0. Проучување на моралноста и моралниот развој од Фројд до денес

Теоријата и истражувањата од областа на моралниот развој се појавуваат како суштинска тема во почетокот на дваесеттиот век. Интересот за моралниот развој во полето на психологијата е забележлив уште од појавувањето на теоријата на Сигмунд Фројд и неговото објаснување на Едиповиот комплекс и формирање на суперегото. Не помалку силно влијание има работата на Жан Пијаже, а подоцна и на Лоренс Колберг. Во периодот меѓу '70-те и '80-те години на минатиот век моралниот развој е тема на која структуралистите и бихејвиористите развиваат интензивни дискусии. Резултат од ваквиот процес е појавување на алтернативни теоретски приоди кон проучување и интерпретација на моралниот развој, кои неретко тргнуваат од спротивставени позиции. По овој бурен период следуваат '90-те години кога се случуваат постабилни придобивки во научните истражувања на оваа проблематика. Со тоа последната декада на дваесеттиот век се издвојува како период на сериозни намери за помирување на спротивставените теории и премостување на јазот меѓу моралното знаење и моралното однесување. Истата тенденција е присутна и во првата декада од овој век.

При прегледот на досегашните истражувања од областа на моралниот развој, Карло и Поуп Едвардс (Carlo & Pope Edwards, 2005) посочуваат дека првата поголема студија за лажењето, мамењето, послушноста и други форми на добро однесување е спроведена од страна на Хартшорн, Меи и Шателворт, во 1930 година. Џејмс Болдвин како развоен психолог и Џон Дјуи како филозоф, пишуваат за развојот и карактеристиките на моралното мислење кај децата. Нивните дела подоцна имаат влијание врз работата на Пијаже и Колберг - автори кои го оставаат најсилниот печат врз сите подоцнежни истражувања и теории на морален развој. Во овој домен свое влијание имаат и социолошките теории на Џорџ Х. Мид и Емил Диркем. Под влијание на истражувањата на

Колберг и поради потребата да се одговори на многу прашања што истите ги отвораат, теоретските и истражувачките приоди се прошируваат и во другите области на моралноста. Тука се вбројуваат моделот на четири компоненти развиен од Џејмс Рест, потоа теоријата на домени и социјални конвенции на Елиот Туриел, селф-моделот на морално функционирање на Августо Блази, теоријата на формирање на идентитетот на Роберт Киган, поимите на дистрибутивна правда на Вилијам Дејмон, социоморалната рефлексија на Гибс, Бејсинџер и Фулер, женскиот начин на морално осознавање и расудување на Белинки и Гилиген, крос-културалните студии на Едвардс, Снари и други.

Напоредно со појавата на новите теоретски приоди се усовршува и методологијата на истражување на моралниот развој. По прирачникот за систематско кодирање и скорување на **интервјуто за морално расудување** (МЈI – Moral Judgment Interview) напишан од Колби и Колберг (Colby & Kohlberg, 1987), се појавува **тестот на дефинирачки теми** (DIT – Defining Issues Test) на Рест и соработниците (Rest, 1974; 1975; 1982; 1994; Rest, Davison, & Robbins, 1978; Rest, Narvaez, Rest & Thoma, 1985; Bebeau, Rest, & Narvaez, 1999; Bebeau, & Thoma, 1999; Thoma & Rest, 1999). Денес се користи понова верзија на овој инструмент - DIT-N2 (Bebeau, 2002; Bebeau & Monson, 2008; Bebeau & Thoma, 1999; Thoma, 2006).

Пауер и Хигинс тргнувајќи од посветеноста на Колберг за предизвикување позитивни промени во животот на поединецот и општеството, развиваат методи за стимулирање на развојот на моралното резонирање и ставовите во училиштата и затворите (Power, Higgins, & Kohlberg, 1989; според Carlo & Pope Edwards, 2005). Меѓу најновите инструменти за следење на развојот на моралното мислење се вбројува **инструментот за мерење на посредните поими кај адолесцените** (Intermediate Concept Measure for Adolescents - AD-ICM) развиен од Тома и соработниците (Thoma, Bebeau, & Boland, 2008; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008). Во доменот на моралната слика за себе како најнови инструменти се издвојуваат **скалата на доблести** („Virtuous qualities Scale”) и **мерката на моралната слика за себе** („Moral Self-concept Measure”) конструирани од Грандтнер, Род, Гибел и Бок (Grundtner, Rode, Giebel, & Bock; 2008) врз основа на истражувањата на Арнолд.

Според Карло и Поуп Едвардс (Carlo & Pope Edwards, 2005), критичните прашања на кои научната мисла во областа на моралноста и моралниот развој со децении се обидува да даде одговор, главно се однесуваат на тоа: *а)* што го мотивира моралното мислење и моралното однесување, *б)* дали се неопходни објективни стандарди и валидни критериуми за проценка на постапките на поединецот или тоа зависи од личниот избор, *в)* постојат ли универзални морални правила и принципи, препознаени во сите општества или нивното значење е релативно и зависно од културата и историските услови и контексти, *г)* кои се карактеристиките на поединците кои се вклучуваат во морални, односно неморални поведенија, *д)* дали тие се активни морални субјекти или се пасивни рецептори на влијанијата во процесот на социјализација, *ѓ)* која е позицијата на духовноста и верата во истражувањата на моралниот развој, *е)* дали сознајните и емоционалните процеси треба да се во фокусот на овие истражувања, и конечно, *ж)* која и каква е практичната примена на теоретските и истражувачките сознанија во програмите за интервенција и стимулирање на моралниот развој кај поединци на различни возрасти, особено кај децата и адолесцентите. Последново е исклучително значајно при работа со лица кои манифестираат асоцијално и антисоцијално поведение, како и кај сите оние чиј оптимален морален развој е нарушен.

По појавувањето на теоријата на Колберг, истражувањата на моралноста и моралниот развој на адолесцентите се јавуваат во поголем број, што резултира во појавување на различни теоретски приоди и објаснувања. Како што е веќе споменато, голем дел од нив биле и сеуште се фокусирани на моралното мислење, особено на апстракното морално мислење кое се засновува врз шесте стадиуми посочени во неговата теорија. Сепак, емпиријата покажува дека стадиумот кој поединецот го постигнува во развојот на моралното мислење не е сеопфатен, ниту сигурен показател дека истиот ќе се однесува морално во ситуација кога ќе се соочи со реална морална дилема. При заклучувањето и предвидувањето на неговото однесување неопходно е да се интегрираат сознанијата од сите аспекти на моралноста. Во таа насока одат истражувањата и теориите на Арнолд, Бергман, Блази, Карло, Ајзенберг, Гилиген, Лепсли, Мошман, Нучи, Туриел и многу други (Arnold, 1993; Bergman, 2002, 2004; Blasi, 1980, 1983; Eisenberg, 2000; Gilligan, 1982; Lapsley, 2006; Moshman, 2005; Nucci, 2001; Turiel, 1974, 2006a, 2006b).

Централно во сите наведени теории е мнението дека **моралноста** поправилно се разбира како квалитет на поединецот, отколку како некоја одредена акција или систем на верувања. Моралноста не е соодветно манифестирана во ниту еден аспект на поединецот, гледано изолирано, како што се расудувањето, емоциите или волјата, иако секој од нив е неопходен за да истата серојави. Таа е многу повеќе содржана во тенденцијата или диспозицијата на поединецот да ги интегрира овие различни елементи и на тој начин да создаде единство во сложената мрежа од верувања, желби, вредности и цели. Моралноста бара поединецот и да разбира што е морално правилно и да се грижи за тоа да биде морална личност (според Arnold, 1993).

Гледано од еволуционистичка перспектива, Кребс (Krebs, 2008) истакнува дека моралноста потекнува од различни, кооперативни и алтруистички стратегии за донесување одлуки кои им помогнале на луѓето да ги максимизираат придобивките од општественото живеење и да ги разрешат конфликтите на интереси на адаптивен начин. Моралните судови, норми и совеста потекнуваат од стратешките интеракци меѓу членовите на една група кои доживеале такви конфликти на интереси. Токму моралната аргументација поддржана од моралното резонирање служи за да генерира универзални и објективни морални стандарди. Моралните верувања и стандарди се продукт на автоматски и контролирани механизми на процесирање информации и донесување одлуки. Кребс нагласува дека за да се разбере како луѓето ги донесуваат моралните одлуки, претходно треба да се разбере како раните развиени механизми во старите делови на мозокот и неодамна развиените механизми во новите делови на мозокот се активирани и како влегуваат во интеракција. Разбирањето за што служи моралноста помага да се разбере што таа претставува.

Според Арнолд (Arnold, 1993), моралноста најчесто се доживува во форма на проблем ситуација во која треба да се донесе морална одлука и да се дејствува на морален начин. Во такви ситуации, постои основна, па дури и интуитивна проценка на тоа што поединецот верува дека е добро и потребно да се направи, односно дека е морално добро и правилно. При донесување на таков суд и одлука тој честопати се одвојува себе си од ситуацијата со цел да биде објективен во одлучувањето, водејќи се од промислени процеси дефинирани како морални стандарди или идеали на дејствување. Во таа смисла објективното

морално разбирање на поединецот станува суштински критериум според кој се суди за манифестираното однесување, како од страна на поединецот, така и од другите. Со објективното морално расудување тесно е поврзан субјективниот интерес за себе си како индивидуа. Секој поединец реагира на моралната ситуација воден од сопствените потреби, желби, вредности и цели кои го дефинираат и му даваат смисла на неговиот живот. Моралното доживување може да се карактеризира со потребата од интегрирање на објективното разбирање на тоа што е правилно, со субјективното значење кое поединецот го придава на тоа да биде морална личност. Со помош на своите сознајни процеси тој е насочен кон надвор во потрага по морални идеали и стандарди, а преку саморефлексивните процеси гледа навнатре, оценувајќи го местото на тие верувања во личниот живот. Затоа еден сеопфатен приод кон проучување на моралноста и моралниот развој треба да објасни како различните димензии на моралноста се интегрираат во поединецот кој се развива.

Арнолд (Arnold, 1993) понатаму нагласува дека во таквиот процес на интеграција се вклучени два развојни аспекти. Првиот се однесува на психолошките процеси со помош на кои поединецот стекнува знаење и разбирање на социјалниот свет и бара објективна морална перспектива. Вториот аспект се состои од процеси со помош на кои поединецот во развој стекнува чувство за себството или го стекнува идентитетот како морална личност и бара субјективна морална перспектива. Периодот на адолесценција е критичен за развојот на двата аспекти и поради тоа е најсоодветен за испитување на истите. Оттаму, акцентот на истражувањето во овој труд е ставен врз моралното мислење и моралната слика за себе кај адолесцентите.

Под поимот ***морално мислење*** во овој труд се подразбира способност на поединецот да ги идентификува и разликува добрите од лошите постапки и објаснувања при решавање на одредена морална дилема. Од наведените теоретски приоди, развојот на моралното мислење ќе биде прикажан низ теориите на Жан Пијаже, Лоренс Колберг и моделот на четири компоненти на Џејмс Рест, односно нео-колбергијанскиот приод.

***Моралната слика за себе*** е дефинирана како морална перцепција и идеи што поединецот ги има за себе од аспект на доблестите. Нејзиниот развој ќе биде проследен низ теориите на Аугусто Блази и Роберт Киган. Поради тоа што теоретските и истражувачките сознанија говорат за значајно влијание на

културата, општеството и историскиот развој врз моралниот развој на поединецот и со цел да се почитува критериумот за интегриран пристап кон истражувањето на оваа област во трудот, исто така, ќе бидат изложени и клучните точки од теориите на Јуриј Бронфенбренер и на Лев С. Виготски.

## 1.1. Теорија на морален развој на Жан Пијаже

Пионерската работа на Пијаже во областа на моралниот развој е маркирана со неговото капитално дело „Морално расудување на детето“, кое во првата половина на дваесеттиот век е најсилниот поттик за наредните истражувања во оваа област, особено оние што ги спровел Лоренс Колберг. Според Лепсли (Lapsley, 2006), истражувањата на Пијаже покажале дека резонирањето за научни и етички поими подлежи на систематска онтогенетска варијација која може да се карактеризира како стадиуми. Концептот на стадиуми во когнитивно - развојната традиција е неразделно поврзан со поимите на структура и организација. Во секој организиран тоталитет постои поврзаност меѓу структурната целина и нејзините составни делови, која не е статична и резултира во несовршени форми на еквилибриум. Нестабилните еквилибриуми можат да се трансформираат и развијат во постабилни форми.

Основната врска меѓу деловите и целината е трасформативна и токму таа е од примарно значење за развојот. Она што е структурна целина во еден стадиум станува елемент или дел од нова конфигурација во наредниот стадиум. Тоа е трансформација која ја придвижува структурната целина од помалку стабилен еквилибриум меѓу деловите и целината, кон постабилен и поагилен еквилибриум во адаптивните операции. Оттука произлегуваат две важни импликации. Првата е дека границите меѓу целината и деловите се развојна конструкција и втората, дека врската меѓу целината и деловите е еквилибриум во развој кој покажува тенденција кон идеални форми кои се совршени, стабилни и адаптивни. Во својата идеална форма конфигурацијата делови – целина е конзервирана во динамички систем на совршени компензации кои овозможуваат успешни адаптации низ широкиот дијапазон на промени. Пресликано во општеството, идеалниот еквилибриум меѓу поединците

(деловите) и општеството (целината) се карактеризира со операции на правда и моралност (Lapsley, 2006).

Како генетски епистемолог, Пијаже се интересира за процесот низ кој децата ги разбираат и почитуваат моралните правила и дали ваквите развојни факти можат да помогнат во разбирањето на формата и трансформацијата на етичките кодови во општеството. Според Бергман (Bergman, 2004), за Пијаже клучниот елемент во проучувањето на моралниот развој на децата е разбирањето на поврзаноста меѓу мислата и акцијата. Во своите истражувања тој е насочен кон осознавање на мислата која се наоѓа во основата на одредена акција. Под влијание на Кантовата теорија смета дека социјалните интеракции ги водат децата кон нови видови морално разбирање. Особено хоризонталните интеракции со врсниците кои подразбираат соработка, а не само слепа послушност, еднонасочно почитување и авторитарни ограничувања карактеристични за вертикалната интеракција возрасен - дете, ги насочуваат децата кон конструирање на модалитети на мислење засновани врз взаемност, симпатија и препознавање на заедничките права и обврски.

Децата ја практикуваат етиката на принуда поради стравопочитта и приврзаноста кон возрасните, а ја учат етиката на соработка низ нивните капацитети за сочувство, взаемност и играње улоги во групата врсници. Она што ги поттикнува децата на акција е тенденцијата да ги одржат или развијат хармоничните врски, како и да создадат стабилен и сигурен контекст за своето Јас. Дејвидсон и Јонис (Davidson & Youniss, 1991) забележуваат дека за Пијаже искуството на соработка е клучно и за моралниот развој и за формирањето на личноста. Со други зборови, конструкцијата на идентитетот и конструкцијата на моралноста се аспекти на една иста конструкција. Поради тоа, спонтаното морално расудување или моралната интуиција е манифестација на идентитетот на поединецот или на еден негов аспект (Davidson & Youniss, 1991).

Во моралниот развој Пијаже идентификува два стадиуми. Првиот, кој се јавува на возраст од 4 до 7 години, е стадиумот на ***хетерономна моралност***. За него се карактеристични морален реализам, објективна одговорност и верување дека постои иманентна правда. Правилата стриктно се почитуваат, бидејќи се сфатени како непроменливи својства на светот кои не се контролирани од страна на луѓето. За прекршеното правило автоматски следува казна која е дотолку поголема доколку престапот е посериозен. При расудувањето за

одговорноста акцентот е ставен врз последицата, а не врз намерата на актерот (Мурџева-Шкариќ, 2009). Хетерономијата е последица од когнитивната структура на децата во која доминира егоцентризмот и од социјалните врски со возрасните каде моќта се движи од горе надолу. На возраст меѓу 7 и 10 години децата се наоѓаат во премин помеѓу двата стадиуми. Карактеристика на овој премин е што при расудувањето за различни приказни се пројавуваат сфаќања и од едниот и од другиот стадиум. Поради тоа, карактеристиките на мислењето во премин Пијаже не ги прогласува за универзални норми, со што го признава влијанието на општествените фактори во развојот на моралното мислење (Mirić, 2001).

На возраст од околу 10 години децата навлегуваат во стадиумот на ***автономна моралност*** кој се карактеризира со субјективна одговорност, правда одвоена од авторитети, сфаќање на казната како реципрочна итн. Децата стануваат свесни дека правилата и законите се создадени од страна на луѓето и од нив можат да бидат и променети. Кога се вреднува нечие дејство во исто време се внимава и за намерата и за последиците, а казната не мора секогаш да го следи лошото однесување. Способноста да се суди од позиција на реципрочност и заемна почит е поврзана со поместувањето во когнитивната структура на децата, кое е насочено од егоцентризам кон заземање туѓо гледиште. Со навлегување во стадиумот на формални операции моралниот развој минува низ период на нарушена рамнотежа. Поради ова адолесцентите ги преиспитуваат општествените правила и норми и дебатираат околу тоа што е добро односно праведно, а што лошо, односно неправедно, градејќи го сопствениот систем на верувања (Мурџева-Шкариќ, 2009).

Пијаже го набљудува моралниот развој како исход од еден активен процес кој го опфаќа развојот на одредени когнитивни капацитети, во исто време изложувајќи го детето на нови форми на општествено искуство кои обезбедуваат основа за нов став кон авторитетот и ја зголемуваат неговата способност за ставање на туѓо место. Тој стадиумите ги користи за опишување и не смета дека се однесуваат на остри промени во развојот, туку на постепени и континуирани промени. Секаков претерано остар дисконтинуитет во моралното расудување е аналитички производ, а не објективен резултат. Пијаже го застапува гледиштето дека нема инклузивни стадиуми кои ја дефинираат целината на психичкиот живот на поединецот во дадена точка од неговиот

развој. На ова упатува постоењето на преоден стадиум во моралниот развој каде одговорите на испитаниците им припаѓаат и на хетерономниот и на автономниот стадиум. Тој посочува дека резултатите од истражувањата може да се променат доколку се спроведат во поинаков социо-економски, образовен или религиски контекст (Lapsley, 2006).

## 1.2. Теорија на морален развој на Лоренс Колберг

Под влијание на работата на Кант и Пијаже, Лоренс Колберг развива теорија на морален развој со која ја позиционира моралноста како легитимен субјект во научните истражувања. Тој се согласува со Пијаже дека моралниот развој се одвива во стадиуми и дека секој нареден стадиум го вклучува мислењето од претходниот, но на многу посложен начин. Така новите можности во мислењето создаваат нови можности за акција. Не постои поединечна каузална насоченост во динамиката меѓу мислата и акцијата. Бергман (Bergman, 2004) посочува дека во теоријата на Колберг не само што мислата произлегува од и ја предизвикува акцијата, туку моралното мислење или расудување и самото се јавува во два вида – деонтичко и одговорно. Деонтичкото, кое уште се нарекува и мислење од прв ред, е изведено од правило или принцип, а се однесува на тоа дека одредена акција е правилна и обврзувачка. Одговорното или мислење од втор ред, е афирмација на желбата да се постапува во склад со посоченото правило или принцип. Неговата функција е да одреди до кој степен тоа што се смета за морално добро и правилно е неопходно за сопственото Јас на поединецот.

За Колберг деонтичките судови се пропозиционални дедукции од стадиум, односно принцип или, поинаку кажано, стадиумот на морален развој определува кои принципи му се достапни на деонтичкото мислење. Тој смета дека некои поединци може да се однесуваат во склад со стадиуми кои се повисоки од стадиумот на морално расудување во кој се наоѓаат. Според Лепсли (Lapsley, 2006), Колберг ваквата појава ја објаснува со помош на две различни морални ориентации од Тип А и Тип Б во рамки на одреден стадиум. Тие соодветствуваат на хетерономната и автономната ориентација за кои зборува Пијаже. Традиционалниот опис на конвенционалното резонирање е

поврзан со ориентацијата од Тип А, а повеќе теоретскиот опис е поврзан со Типот Б. Првиот тип е поврзан со хетерономната ориентација кон правила, авторитети и конвенции. Вториот тип подобро го објаснува прифаќањето на перспективата и универзалноста на моралните судови, а насочен е кон правичност, еднаквост и реципрочност, слично како автономната ориентација во теоријата на Пијаже. Поединецот кој дава одговори од Тип Б, при спознавањето на централните вредности и должности се води од сопствената совест, што рационално е артикулирано на петтиот стадиум. Тој го користи ваквиот приод за продуцирање судови на одговорност или неопходност при решавање на одредена морална дилема (според Bergman, 2004).

Во Колберговата теорија моралниот развој се одвива низ три нивоа, односно низ шест стадиуми и неколку подстадиуми (Тип А и Тип Б). Придвижувањето од еден кон друг потстадиум овозможува да се смета дека развојот тече не само меѓу стадиумите, туку и во рамки на стадиумите. Секој последователен стадиум е когнитивно понапреден и претставува фундаментално поместување во социо-моралната перспектива на поединецот, што му овозможува да решава покомплексни проблеми. Карактеристики на стадиумите се дека тие се инваријантни, развојни секвенци. Напредувањето низ нив е контиунирано и последователно, како резултат на интелектуалното созревање и искуството. Не се прескокнуваат стадиуми, а секој поединец преминува од еден во друг стадиум со различна брзина, при што може да застане во било кој од нив. Кога детето се соочува со морално резонирање кое е за еден стадиум повисоко од неговото, покажува тенденција и самото да се придвижи еден стадиум повисоко.

Во центарот на моралноста се наоѓа правдата како основна вредност. Суштински концепт за разбирање на моралниот развој е концептот на ***интернализација*** под што се подразбира развојна промена од однесување кое е контролирано однадвор, кон однесување кое е контролирано од страна на внатрешните стандарди и принципи. Колберг смета дека децата имаат многу начини да дадат морални судови кои не се интернализирани однадвор и кои не доаѓаат директно од родителите или останатите возрасни. Како што децата и адолесцентите се развиваат, така нивното морално мислење станува сè поинтернализирано (според Santrock, 2007). Моралниот развој се одвива низ претконвенционално, конвенционално и постконвенционално ниво, притоа

секое ниво содржи по два стадиуми. Колби и Колберг (Colby & Kohlberg 1987; според Lewis, 2007) ги објаснуваат овие три нивоа како три различни вида односи меѓу селфот и општествените морални правила и очекувања. Од перспектива на претконвенционалното ниво општествените правила и очекувања се нешто надворешно за селфот. Во второто ниво селфот се идентификува со или ги има интернализирано правилата и очекувањата од другите, особено од авторитетите. Конечно во третото ниво селфот е издиференциран од правилата и очекувањата и ги дефинира моралните вредности преку самостојно избрани принципи.

Стадиумот на ***хетерономна моралност*** е првиот од шесте стадиуми низ кои поминува моралниот развој. Негови основни карактеристики се послушност и следење на правилата кои ги наметнува авторитетот, поради страв од казнување, како и проценка на нечии постапки како добри или лоши зависно од нивните материјални последици. Вториот стадиум на ***инструментална и релативистичка ориентација*** подразбира морално одлучување засновано врз размена на услуги. Поединецот ја проценува постапката како правилна доколку служи како средство за задоволување на сопствените, а некогаш и на туѓите потреби. ***Заемните интерперсонални очекувања, врски и интерперсонална конформираност*** е третиот стадиум во теоријата на Колберг. За него е карактеристична ориентацијата „добро момче – добро девојче“, што подразбира дека однесувањето е водено од тенденцијата да им се бендиса на другите, особено на авторитетите. При донесување морална одлука се води сметка за намерите на актерот, а индивидуални вредности се љубов, грижа, лојалност и сл. (според Мурџева-Шкариќ, 2009).

Четвртиот стадиум наречен ***моралност според социјалниот систем*** се карактеризира со почитување на словото на законот, но не и на неговата суштина. Поединецот смета дека законите и правилата се непроменливи и должност на секој граѓанин е да ги почитува и да им се покорува. ***Постоење на општествен договор и индивидуални права*** е петтиот стадиум, во кој поединецот препознава дека правилата и законите се донесени од луѓето и како такви се променливи. Истите треба да се почитуваат заради општото добро, но доколку се деструктивни или доколку едната страна не ги почитува, тогаш договорот престанува да важи. Последниот стадиум е стадиум на ***универзални етички принципи*** во кој поединецот при моралното одлучување се води од

апстрактни, универзални принципи кои ги надминуваат специфичните, конкретни правила. Најважен е гласот на совеста, а правилата и законите нема да се почитуваат доколку ги кршат внатрешните етички принципи. Оттука, кога постои дилема меѓу законот и совеста, поединецот ја следи личната совест (според Мурцева-Шкариќ, 2009).

Според Нарваез (Narvaez, 2005), меѓу позначајните критики упатени кон теоријата на Колберг се издвојува доминатната насоченост кон моралното расудување. Иако неговата теорија е голем исчекор во проучувањето на моралниот развој, сепак таа ги претставува макро нивоата на моралното резонирање, поради што не ги отсликува во потполност сите аспекти на моралното мислење. Премногу е сконцентрирана на когницијата, а истражувањата во континуитет говорат за умерена корелација помеѓу моралното мислење и моралната акција. Се смета дека Колберг претерал во растегнувањето на Пијажеовите операции кои се однесуваат на моралното мислење. Понатаму, му се забележува дека теоријата со своите „тврди" стадиуми е многу ограничувачка и дека методот прилично зависи од вербалната експресија на испитаниците. Во неговите истражувања има малку докази за постоење на двата стадиуми од постконвенционалното ниво.

При дефинирањето на моралното однесување Колберг останува доследен на когнитивистичката традиција во психологијата на моралноста. Тој смета дека моралните критериуми врз кои се засновува моралното резонирање се исцрпуваат во моралноста на правдата. Сепак, истата е само една од можните форми на моралност. Таквата едностраност во сфаќањето исфрла важни домени на моралното однесување од психологијата на моралноста (според Knežević, 2003). За Блази (Blasi, 1990; според Knežević, 2003) ваквото Колбергово одредување на доменот на моралноста исклучува четири големи категории на однесување кои можат да се сметаат за морално релевантни: *а)* оние кои произлегуваат од беневолентноста и афилијацијата, за кои зборува Гилиген, *б)* оние кои се однесуваат на послушноста и релациите со авторитетите, *в)* „ултра должност" – субјективно чувство на должност без реална морална обврска нешто да се направи, и *г)* лична должност – должност во врска со уредување на сопствениот живот, а не должност кон другите.

Уште една од упатените критики истакнува дека Колберг ги потценил моралните капацитетите на децата. Туриел (Turiel, 2006a; 2006b) посочува дека

Колберг ги измешал домените на моралот и социјалните конвенции и нагласува дека секој од овие домени следи различен развоен пат. Сепак, важно во неговата теорија е тоа што ја нагласува психолошката функција која е неопходна за имплементирање на моралното резонирање. Тој, исто така, посочува дека општестветните фактори имаат значајна улога во моралната акција, бидејќи во зависност од контекстот усвоените групни и/или институциоанални норми можат да бидат оценети како морални или неморални. Колберг го развива и концептот на „праведна заедница" што се користи во образованието и каде силен акцент е ставен врз моралниот развој заснован врз групната идентификација и групниот развој (според Bergman, 2004).

## 1.3. Модел на четири компоненти на Џејмс Рест (нео-колбергијански пристап кон објаснување на моралниот развој)

Според Рест (Rest, 1974; 1975; 1994), Колберг смета дека постојат повеќе сличности меѓу неговата теорија и моделот на четири компоненти. Меѓутоа, Рест истакнува дека теоријата на Колберг се однесува само на една од тие компоненти – моралното расудување. Тој нагласува дека кога се зборува за морално функционирање важно е да се земат во предвид четири внатрешни процеси или компоненти кои се меѓусебно поврзани. Истите треба соодветно да функционираат и да вклучуваат сознајно-емоционална интеракција, за да продуцираат морално однесување. Станува збор за морална сензитивност, морално расудување, морална мотивација и морален карактер (Rest, Narvaez, Bebeau & Thoma, 1999; Bebeau, Rest, & Narvaez, 1999). Сепак, исто како и Колберг, Рест ја задржува правдата како централна вредност во моралното расудување.

Моделот на четири компоненти е насочен кон разбирање на комплексните психолошки процеси кои се неопходни за да се јави морално однесување. Тој ги интегрира сознајните, емоционалните и аспектите на однесувањето во секоја од овие компоненти (Rest, 1974; 1975; 1982; 1994; Rest, Davison, & Robbins, 1978; Rest, Narvaez, Rest & Thoma, 1985). Компонентите не се фиксни и не преставуваат црти, туку се категории кои на истражувачите им помагаат да ги опишат процесите според кои поединецот се однесува морално. Моделот го

вклучува Пијажеовиот концепт на еквилибриум притто се нагласува дека сите компоненти се потребни за да тој еквилибриум се воспостави и за да моралниот развој се одвива непречено (Lewis, 2007). Лепсли (Lapsley, 1996; според Lewis, 2007) посочува дека за Рест моралното однесување вклучува: *а)* интерпертирање на ситуацијата во смисла на можните насоки на дејствување и нивните последици, *б)* балансирање и интегрирање на натпреварувачките гледишта и определување алтернативи што го задоволуваат критериумот за морален идеал, *в)* решавање по кој план да се дејствува, и *г)* имплементирање на планот на дејствување.

Според Бебо и Монсон (Bebeau & Monson, 2008), ***моралната сензитивност*** (Компонента 1) е насочена кон интерпретирање на соодветната ситуација, на различните постапки кои можат да се преземат во истата и на тоа како секоја од тие постапки би влијаела врз поединецот и врз другите. Таа подразбира замислување можни сценарија, познавање на причинско последичните врски на настаните од преземените активности, како и поседување емпатски способности и способности за играње улоги. Во моралната сензитивност се вклучени сознајните процеси, како што се перцепција, интерпретација и слично, но и емоциите (гнев, апатија, анксиозност итн.). Развиеноста на оваа компонента е од голема важност за моралното однесување на поединецот.

***Моралното расудување*** (Компонента 2) е поврзано со свесноста дека постојат повеќе можни начини на постапување во одредена ситуација која поединецот ја доживува како морална дилема и во која треба да одлучи што би било морално најоправдано да направи. Моралното расудување подразбира расудување за некој морален чин, постапка и однесување на другите луѓе или на самиот себе, во склад со усвоените морални норми и достигнатиот степен на морален развој. Тоа особено доаѓа до израз во ситуации кога поединецот треба да се определи меѓу две морални норми или морални вредности кои се во конфликт.

***Моралната мотивација*** (Компонента 3) вклучува давање приоритет на моралните вредности пред другите вредности како што се пари, моќ, престиж и слично. Дали поединецот ќе им даде предност на моралните вредности зависи од тоа колку длабоко истите се вградени во неговата слика за себе и себеразбирањето. Кога се соочува со морална дилема поединецот најнапред

треба да реши како би било морално најоправдано да постапи и потоа да заклучи дека тој е лично одговорен за избраната постапка. Моралната мотивација е функција на внатрешниот порив за конзистентност на личноста.

***Моралниот карактер*** (Компонента 4) подразбира сила на личните морални убедувања, храброст, истрајност при надминување на пречките и поседување на развиени его-сили. Поединецот може да биде чувствителен на морални ситуации, може да донесува правилни морални судови и да им дава предност на моралните вредности, но доколку нема развиен морален карактер, може да попушти пред притисоците, пред заморот, може да се откаже и да биде обесхрабрен, што води кон неуспех во моралното однесување. Затоа оваа компонента претпоставува дека тој има поставени цели, поседува самодисциплина, може да ги контролира импулсите и располага со сила и вештини да се однесува во склад со сопствените цели и совест.

Џејмс Рест и неговите соработници не ја отфрлаат во целост теоријата на Колберг. Тома (Thoma, 2006) истакнува дека тие го прифаќаат фокусот кој е ставен врз сознајните процеси. Го прифаќаат и конструктивистичкиот приод во кој поединецот самиот го создава значењето. Понатаму развојниот приод во кој поединецот се придвижува од поедноставни кон посложени поими, како и фокусираноста кон напредување од конвенционално кон постконвенционално ниво. Сепак, меѓу двете теории постојат сериозни разлики. Теоријата на Колберг се смета за теорија со „тврди“ стадиуми, со внимателни и ексклузивни чекори при напредувањето од еден во друг стадиум. Спротивно на ова, нео-колбергијанците на развојот гледаат како на континуиран процес, во кој понапредните форми на мислење постепено ги заменуваат претходно постоечките, развојно пониски форми на мислење. Во секој момент на поединецот му се достапни повеќе различни концепции меѓу кои ја избира најпретпочитаната. Ова упатува на потребата од користење соодветни инструменти кои ќе детектираат не само кои концепции се достапни во текот на моралниот развој, туку и кои се најпретпочитани од страна на поединците.

Приодот на нео-колбергијанците ги реобмислува методот на прибирање податоци користејќи стратегии кои се разликуваат од протоколот на Колберг. Тие посочуваат дека испитувањето на имплицитното разбирање на моралните дилеми може да резултира во посоодветни репрезентации на сознајното и моралното функционирање. Од овие причини Рест го конструира Тестот на

дефинирачки теми (DIT - Defining Isses Test) чии морални дилеми, при читањето активираат една од трите моралните шеми - *шема на лични интереси*, *шема на поддржување на норми*, и *постконвенционална шема.*

Според Нарваез (Narvaez, 2005), ***шемата на лични интереси*** се развива во детството и го вклучува не само хедонизмот карактеристичен за вториот стадиум од теоријата на Колберг, туку и интерперсоналната ориентација од третиот стадиум во неговата теорија. Користејќи го овој тип на мислење поединецот ги анализира информациите од моралниот стимулус (во случајов, моралната дилема) водејќи се од ефектите што истиот ги има врз неговите лични интереси. Кај оваа морална шема не постои социоцентрична перспектива.

***Шемата на поддржување на нормите*** се смета за пософистицирана форма на морално мислење, бидејќи поединецот станува способен да ја земе предвид добросостојбата на другите, дури и на оние кои лично не ги познава. Тој станува свесен дека е потребно да постојат општо прифатени норми кои ќе го насочуваат социјалниот колектив и ќе важат за сите негови членови. Нормите се носители на владеењето на законот кој е јасен, униформен и категоричен. Тие воспоставуваат реципрочност меѓу должноста на поединецот да го почитува законот и очекувањата сите останати да го прават истото.

***Постконвенционалните шеми*** се карактеритични за доцната адолесценција и се понапредни, како од аспект на нормативната етика, така и од аспект на развојната сложеност. За овие шеми се карактеристични четири елементи: *а)* примарност на моралните критериуми при донесување на одлука во врска со општествената соработка, каде конвециите не се непроменливи; *б)* тенденција кон постигнување идеал, а не само одбивање на статус-кво поради него самиот; *в)* засновување на моралните обврски врз споделени идеали наместо врз етноцентрични претпочитања или лична интуиција; и *г)* потполна реципрочност која ја применува униформноста на законите, како на пример конвенционалното мислење, но во исто време и ги преиспитува во однос на нивната праведност. Која шема поединецот ќе ја користи при моралното мислење зависи од степенот на неговиот морален развој. Во Тестот на дефинирачки теми (DIT) ајтемите кои поединецот ги оценува високо ја претставуваат неговата претпочитана шема. Од друга страна, оние ајтеми кои поединецот ги оценува ниско, или не ги разбира или му делуваат преедноставно и неубедливо па затоа не ја активираат претпочитаната шема.

Уште една значајна разлика со теоријата на Колберг се состои во тоа што нео-колбергијанците ја преиспитуваат идејата за постоење конечна точка во моралниот развој. Тие го редефинираат постконвенционалното ниво кое со развојот на применетата и теоретска филозофија веќе не може да се потпре на карактеристиките кои ги воспоставува Колберг. Исто така, овие две теории се разликуваат и во однос на универзалноста на моралните стадиуми. Додека Колберг цврсто стои на тврдењето дека тие се универзални, нео-колбергијанците сметаат дека постои општо правило кое може да се препознае во многу култури низ сличните карактеристики, конечните цели и низ ефекти на моралното однесување. Сепак, разликите кои потекнуваат од различните општествени и културно-историски контексти и понатаму се значајни (Bebeau, 2002; Bebeau & Thoma, 1999; Rest, Narvaez, Bebeau & Thoma, 1999; Thoma, 2006).

Во обид да објаснат како поединецот го преведува моралното мислење во морално однесување нео-колбергијанците го делат на апстрактно морално мислење, конкретно морално мислење и етички кодови (Bebeau, 2002; Rest, Narvaez, Bebeau & Thoma, 1999). Тие ги развиваат „посредните поими" чија основна карактеристика е тоа што опишуваат ниво на анализа кое се наоѓа помеѓу општите шеми на Колберг и специфичните етички кодови кои упатуваат на одредени права и забрани. Овие поими за прв пат се воведени од страна на Рест и Нарваез кон средината на деведесеттите години на минатиот век, со цел подобро да се разбере моралното мислење на поединецот во реалните животни контексти. Нивното воведување во теоријата на моралниот развој е последица на сознанието дека поединецот може добро да ги спознава апстракните морални шеми, но да му недостасува соодветно разбирање на специфичните морални поими кои се однесуваат на секојдневното морално функционирање (Strike, 1983; според Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008).

Меѓу посредните поими се вбројуваат чесност, праведност, промисленост, толеранција, самодисциплина, храброст, одговорност итн. Тие се втемелени во специфични професионални контексти, познати како „професии на помагање" (на пр. психологија, медицина, право итн.). Овие поими се однесуваат на способноста на поединецот да идентификува активности и да дава објаснувања за истите, во кои станува збор за контекстот и за неговите етички карактеристики (Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008). Според тоа,

апстракното морално мислење го насочува мислењето во рамки на принципите. Посредните поими го насочуваат мислењето во рамки на активностите кои го водат однесувањето. Етичките кодови го насочуваат однесувањето нагласувајќи кое однесување е дозволено, а кое не, без да бидат посочени причините и објаснувањата за забраните (Bebeau, 2002; Bebeau & Thoma 1999; Bebeau, Rest, & Narvaez, 1999; Rest, Narvaez, Bebeau & Thoma, 1999).

## 1.4. Селф-модел во теоријата на морално функционирање на Августо Блази

За Блази (Blasi, 1980) моралноста е важна карактеристика на активноста на поединецот и моралниот развој треба да биде насочен кон морално однесување. Сепак, тешко е да се одреди кои постапки се морални, а кои не се. Научниците во проучување на моралната активност тргнуваат од две различни претпоставки. На неа се гледа или како на моментален резултат од акционите тенденции и нивната поврзаност или како на појава посредувана од сознајните процеси меѓу кои се моралните верувања, моралното резонирање итн. Според Блази и двата приода имаат недостатоци, бидејќи не ги земаат во предвид сите релевантни аспекти во разбирањето на поврзаноста меѓу моралното знаење и моралното однесување. Когнитивно-развојните теории на Пијаже и Колберг не посветуваат доволно внимание на карактеролошките, себерефлектирачките и мотивациските димензии на личноста. Оттаму, тој ќе нагласи: *потребна е психолошка теорија која ќе објасни како и зошто моралното разбирање води кон желбата да се постапува морално* (Blasi, 1990; стр. 53).

Според Бергман (Bergman, 2004), при испитување на деца на возраст од шест, дванаесет и седумнаесет години Блази доаѓа до заклучок дека чувството за лична обврска т.е. должност, во голем степен отсуствува кај шестгодишните, но е многу добро разбрано од страна на дванаесетгодишните деца и е тесно поврзано со тоа во што тие веруваат дека е објективно правилно. Кај многу седумнаесетгодишници чувството на обврска е поврзано со личните верувања и личниот интегритет. Повикувајќи се на сопствените и на истражувањата од други автори (на пр. Nunner-Winkler & Sodian, 1988, според Bergman, 2004), Блази заклучува дека децата од сите возрасти разбираат дека одредени постапки

се неприфатливи и погрешни, но дека постојат јасни возрасни разлики во одговорите кои се однесуваат на емоциите. Помалите деца изгледа дека не искусуваат емоции поврзани со разбирањето на она што е погрешно. Поинаку кажано, нивното морално разбирање не поседува мотивациска моќ која е потребна за да ги спречи кај нив присутните мотиви за дејствување. Оттука произлегува дека моралното разбирање може да постои и без да биде интегрирано со соодветни емоции и мотиви (според Bergman, 2004).

Клучот за ваквата состојба, според Блази (Blasi, 1980, 1983) е интегрирање на моралноста со личноста. Авторот смета дека моралното резонирање има централна улога во моралното функционирање и дека е потребно подобро разбирање на поврзаноста меѓу моралното резонирање, моралната мотивација и моралниот идентитет. Тој предлага т.н. ***селф-модел*** кој е фокусиран на преминот од морално сознавање кон морално однесување и на прашањето за конзистентноста на врската расудување-однесување. Карактеристиките на моделот се следните:

*а)* тоа е сознаен модел не само затоа што тргнува од претпоставката дека поединецот е способен за активно организирање и категоризирање, туку и затоа што бара оценувањето на реалноста и вистината да биде централна функција во процесот на сознавањето;

*б)* тоа е развоен модел, бидејќи процесите кои се наоѓаат во основата на секоја морална одлука се разгледуваат во развојно-психолошка рамка и се поврзани со развојните димензии;

*в)* насочен е кон селфот и притоа не само што тоа има суштинска улога во конструирањето на обврзувачките правила, туку неговата конзистентност се смета за главен динамички фактор кој ги поврзува сознанието и дејствувањето;

*г)* моделот е дуалистичен кога станува збор за мотивацијата – од една страна е желбата да се осознае реалноста таква каква е и притоа да се биде отворен, а не под влијание на различни фактори, додека од друга страна е импулсот да се дејствува за да се задоволат нерационалните потреби и анксиозноста која поради незадоволување на истите може да се појави.

Селф-моделот е детално разработен низ седум пропозиции кои се проследени со примери на истражувачки прашања чија цел е да генерираат еден вид емпириски информации, кои на глобално ниво би прикажале различни перспективи на моралното функционирање (Blasi, 1983).

Според првата пропозиција, *моралните постапки се одговор на ситуации, дефинирани и интерпретирани според структурите на моралното резонирање, т.е. според група критериуми кои определуваат што е морално добро* (Blasi, 1983; стр. 196). Со неа се дефинира како постапките кои се (не)морални се разликуваат од оние кои се морално неутрални. Така се диференцираат оние морални однесувања кои се под влијание на моралните судови, од останатите кои не се под вакво влијание. Оваа пропозиција се воздржува од одредување на природата на моралните критериуми, за разлика од Пијаже и Колберг кои ги концептуализираат моралните критериуми како развојни трансформации на правдата. Оттаму најголемото влијание на сознајната теорија врз психологијата на моралното функционирање е во насока на специфичната концепција на моралноста низ принципот на правда, што е доведено под сомневање од страна на многу автори (на пр. MacIntyre, 1957; Gilligan, 1977, 1982; Haan, 1977; според Blasi, 1983).

Втората пропозиција тврди дека *моралните постапки директно зависат од моралниот избор, т.е. од содржината на моралниот суд. Структурите или критериумите на моралното резонирање може да се посредно поврзани со веројатноста дека одредени однесувања ќе се појават или нема да се појават* (Blasi, 1983; стр. 197). Основната поента на оваа пропозиција е дека врската меѓу сознанието и однесувањето е всадена во конкретната одлука да се дејствува или да не се дејствува на одреден начин, а не во структурите на моралното резонирање, што е случај во теоријата на Колберг. Проучувањето на конзистентноста на однесувањето не може соодветно да се изведе без да се отпочне од конкретните избори на поединецот. Апстракното разбирање на одредени морални критериуми не е гаранција дека конкретна ситуација ќе биде перципирана како релевантна за истите. Со сигурност не може да се тврди ниту дека соодветната ситуација ќе биде перципирана како релевантна за моралноста. Ваквото тврдење е последица на постоење индивидуални разлики кои потекнуваат од интересите, образованието и искуството на поединецот. Јасно е дека задачата на решавање хипотетичка морална дилема е многу поразлична од задачата на справување со морална дилема во реален котекст (во прилог на ова тврдење одат и понови истражувања, на пр. Haviv & Leman, 2002). Воедно, конкретните избори и општите критериуми се независни едни од други. Оттаму,

различни начини на резонирање може да водат до иста специфична одлука и обратно, ист начин на резонирање може да води кон спротивни одлуки.

Според третата пропозиција, *моралните судови, пред да доведат до акција, понекогаш се процесираат низ втор сет на закони и критериуми, критериуми на одговорност. Функцијата на расудувањето за одговорноста е да определи до кој степен она што е морално добро е во исто време и неопходно за поединецот* (Blasi, 1983; стр. 198). Расудувањето за тоа што е добро или правилно останува апстрактно, дури и тогаш кога е применето во конкретна ситуација, доколку поединецот не го поврзе со себе и не се препознае себе си како неопходно вклучен и во ситуацијата и во дејствувањето. Концептот на одговорност во овој контекст се однесува на постапка која е определена како морална и во исто време е проценета како неопходна за поединецот, иако отсуствуваат надворешни притисоци. Расудувањето за одговорноста, меѓу другото е определено и од законите или критериумите кои се внатрешно кохерентни, стабилни низ ситуациите и карактеристични за поединецот во текот на развојот. Блази не смета дека истото е неопходно во секоја ситуација, ниту дека е секогаш експлицитно. Постојат индивидуални, културни и развојни разлики во тенденцијата моралноста да се вложува во личните значења или да се набљудува како суштински значајна за поединецот.

Четвртата пропозиција истакнува дека *општите критериуми кои се користат за да се дојде до судовите за одговорност се разликуваат од поединец до поединец и се поврзани со себедефинирањето и организацијата на селфот на поединецот* (Blasi, 1983; стр. 200). Според тоа, основите за забележување на акцијата како неопходна се наоѓаат во реализирањето на есенцијалните карактеристики кои го дефинираат неговиот селф. Специфичното однесување во одредени услови се смета за толку тесно поврзано со она што поединецот è, што тој не би бил истиот доколку не би се однесувал во склад со сопственото расудување. Ваквата пропозиција се разликува од сфаќањата на Пијаже и Колберг, кои на обврската гледаат како на последица од разбирање на објективната поврзаност на социјалните улоги. Во теоријата на Блази, селфот не обичен склоп на црти, ставови или перцепции, туку се однесува на начините на кои овие карактеристики се подредени и организирани, а припаѓаат на делот од функционирањето кое се смета за централно, односно длабоко или суштинско. Оттаму, не е доволно да се земат во предвид само вербалните одговори на

поединецот или претпоставките кои се во основата на она што тој го изјавува за себе, одлуките што ги донесува, емоциите што ги манифестира итн. За да се осознае неговиот селф потребно е да се оди многу подлабоко кон одговорање на прашањето кога и зошто останува верен на себе си во своите постапки и во барањето почит за сопственото разбирање на реалноста. Според Блази (Blasi, 1983), селфот е релевантен за моралноста на два начина: прво, да се биде морален, односно да се постапува морално може, но и не мора да биде есенцијален дел на истото; и второ, селфот кај различни луѓе може да го карактеризираат различни морални аспекти. За таа цел тој го користи концептот на морален идентитет во објаснувањето на овие димензии на индивидуалните разлики. Вака дефиниран, моралниот селф не се јавува пред определена возраст и минува низ значајни развојни промени.

Според петтата пропозиција, *преминот од расудување за одговорноста кон дејствување, динамички е поддржан од тенденцијата кон конзистентност на селфот што е централна тенденција во организацијата на личноста* (Blasi, 1983; стр. 201). Основата на оваа пропозиција се наоѓа во тенденцијата кон внатрешна организација што ја поседува поединецот. Поради тоа што расудувањето за одговорност ја засега неопходната поврзаност меѓу субјектот и акцијата, непостапувањето според сопствените судови се смета за суштинска неконзистентност на селфот. Конзистентноста во теоријата на Блази е сфатена како примарно сознаен мотив, кој има слична динамичка природа како желбата за објективност, за вистина итн. Оттука, тенденцијата е насочувачка и нормативна. Мотивот за себеконзистентност е проучуван и од Колберг како носечки концепт во неговата когнитивно - развојна теорија на морално функционирање. Сепак, во неа моралната акција не е директен резултат на расудувањето за себе си.

Шестата пропозиција тврди дека *конзистентноста меѓу моралното расудување и акцијата ќе биде повисока доколку поединецот поседува ставови и стратегии за справување со интерферирањето на сознајните потреби* (Blasi, 1983; стр. 202). Истражувањата во врска со истрајување пред искушението и одложување на задоволувањето на потребата ја отсликуваат ваквата перцепција на моралното функционирање. Конфликтите и одбрамбените реакции може да бидат присутни на секој чекор од развојот и во секоја фаза од донесување морална одлука. Амбивалентноста која ги карактеризира тие чекори во реалните

животни дилеми ги прави особено чувствителни на одбрани. Според Блази (Blasi, 1983), возможно е да се јават стабилни индивидуални разлики и развојна подреденост во користењето на одбрамбените стратегии. Сепак, за проучување на моралната конзистентност попродуктивен приод е проучување на типовите и јачината на контраодбрамбените стратегии што му се достапни на поединецот. Тука се мисли на способноста да се насочи вниманието што е посредник за конзистентноста меѓу моралното расудување и истрајувањето пред искушение, потоа способноста за контрола и менаџирање на фантазиите, способноста за толерирање на анксиозноста и амбивалентноста, уште позната и како его-сили или стратегии за справување со стрес, понатаму ставот кон или видот на разбирање на реалноста и вистината, степенот на почитување на реалноста, како и местото што таквото знаење и објективност го имаат во самоперцепцијата.

Седмата пропозиција тврди дека *кога акцијата е неконзистентна со расудувањето за одговорноста, кај поединецот се јавува чувство на вина како емоционален одговор на таквата неконзистентност во селфот* (Blasi, 1983; стр. 204). Импликациите од оваа пропозиција се дека дури и кога голем број фактори, надворешни и внатрешни, се земени предвид, акцијата не може да се предвиди само врз основа на знаењето на моралните верувања. Секогаш постои граница било за веројатноста, било за слободата што зависи од филозофската перспектива на поединецот. Она што може да се предвиди е дека ќе се јави или конзистентно однесување или чувство на вина. Вината во теоријата на Блази се разликува од традиционалниот концепт во психологијата. На неа не се гледа како на самоказнување или сигнална анксиозност чија функција е да го спречи недоличното однесување во иднина. Таа е главно експресивна по природа и претставува емоционален одговор на перципирањето на сериозно нарушување во селфот на поединецот. Нејзина функција е до одреден степен да ја реорганизира фундаменталната единственост на истото (Blasi, 1983).

Постојат неколку предности на овој модел во однос на претходно споменатите. Тој ги комбинира најважните поенти од теориите на Пијаже и Колберг, како и од теоријата на Колби и Дејмон која во овој труд не се разработува. Во однос на моралниот селф делумно ги презема сознанијата од теоријата на Левинцер. Воедно ги надминува нивните недостатоци така што ја зачувува централноста на моралното сознавање, но не ја објаснува целата психологија на моралот повикувајќи се само на него. Наместо тоа, ги зема во

предвид индивидуалните разлики, личната одговорност и мотивацијата како сериозни, независни фактори кои имаат влијание врз моралниот развој на поединецот. Овој модел ги задржува двата основни видови на морално расудување од теоријата на Колберг - деонтичко расудување и расудување за одговорноста – но многу појасно ги разграничува и објаснува низ новиот концепт на морален идентитет. Го артикулира мотивацискиот потенцијал на моралното разбирање, создавајќи нов контекст за размислување во врска со феноменот на *акрасиа* (слабост на волјата), кој Колберг не успева да го објасни. (според Bergman, 2004).

Уште една разлика меѓу овие две теории, содржана во петтиот принцип соопштен погоре е една од суштинските карактеристики на теоријата на Блази. Неа ја посочува Лепсли (Lapsley, 1996; според Bergman, 2004), истакнувајќи дека за Колберг моралната мотивација да се дејствува потекнува од верноста на поединецот на насочувачката природа на моралните принципи, што значи дека ако не дејствува тој ги изневерува моралните принципи. Напротив, за Блази моралната мотивација да се дејствува е последица од моралниот идентитет, што значи дека ако поединецот не дејствува тогаш се изневерува себе си. Насоката на влијание е од моралното разбирање кон моралниот идентитет. Според тоа, најдобриот одговор на прашањето „Зошто да бидам морален?“ е „затоа што тоа сум Јас“ или „затоа што не можам да направам нешто друго, а притоа да останам оној кој сум, истиот.“ (според Bergman, 2004).

## 1.5. Теорија за формирање на идентитетот на Роберт Киган

Киган (Kegan, 1982) истакнува дека луѓето се континуирано вклучени во процес на осмислување и конструирање значења. Тие ги организираат искуствата во смисловна целина и одговараат на неа, наместо импулсивно и директно да реагираат на надворешните случувања и внатрешните искуства. Како што стекнуваат повеќе искуство, така конструираат сè посложени системи за давање смисла на сложениот свет во кој живеат. Ваквите прогресивни поместувања во комплексноста најлесно се објаснуваат преку споредбата на детското разбирање на општествениот свет со она на возрасните. Возрасните не само што знаат повеќе од децата, туку поседуваат и покомплексни системи на

мислење за разлика од децата. Тие согледуваат и разбираат нешта и односи кои децата тешко ги согледуваат и воопшто не ги разбираат (според Rule, & Bebeau, 2005). Во слична насока одат и клучните аргументи од теориите на нео-пијажеовците (на пр. Case, 1992; Fischer, 1980; Harter, 1997; Higgins, 1991; според Harter, 2006) и селф теоретичарите (на пр. Epstein, 1981, 1991; Greenwald, 1980; Kelly, 1955; Markus, 1980; Sarbin, 1962; според Harter, 2006). Според нив, луѓето активно создаваат теории за светот, им даваат смисла на своите искуства и конструираат теорија за селфот. Оттаму, селфот е пред сè когнитивна конструкција. Како резултат на ова селфот со тек на време ќе се развива паралелно со минувањето на когнитивните процеси низ нормативно-развојните промени (Harter, 2006). Киган (Kegan, 1982), посочува дека конструирање на значењето е физичка активност (фаќање, гледање), потоа општествена активност (вклучува и други лица), но и активност за преживување (конструирајќи значења поединецот живее). Сфатено на ваков начин тоа е примарен човеков мотив, кој не може да се оддели од телото, социјалното искуство или од опстанокот на организмот.

Потпирајќи се делумно врз теориите на Пијаже, Колберг и Кохут, со истакната нео-пијажеовска ориентација и насоченост кон современата его психологија, Киган развива теорија во која поединецот го разбира како активен субјект во процесот на создавање значење. Уште повеќе - тој поединецот го поистоветува со активноста. Притоа објаснува дека во теоријата *„не се зборува за активноста што поединецот ја прави, туку за активноста на она што поединецот во суштина è.“* (Kegan, 1982; стр. 8). Ваквата идеја за поединецот, според Киган е најсилно прикажана во два одделени правци. Првиот е *конструктивизам*, за кого поединците самите ја конституираат или ја конструираат реалноста во сопствениот ум. Вториот е *девелопментализам*, според кого организмите се развиваат низ времето следејќи ги регуларните принципи на стабилност и промена. Колку и да се различни, двата правци инсистираат на моментот дека позади формата постојат процеси кои ја создале или кои водат кон нејзино создавање и суштествување. На овој начин тие не дозволуваат феноменот кој се проучува да биде набљудуван статично. Како што идејата за конструкција го насочува вниманието кон активноста која се наоѓа во основата на формата на феноментот и истата ја генерира, така идејата за развој

го насочува вниманието кон потеклото и процесите според кои формата настанува и прераснува во нова форма.

Киган (Kegan, 1982) нагласува дека Пијаже, Колберг и другите когнитивно-развојни психолози досега веќе го земале во предвид апстрактниот поим на лично конструирање правејќи го речиси опиплив во откривање на, наизглед, крос-културно универзалната форма и редослед на логичките, релијабилно интерпретирачки и систематично предиктивни теории, низ кои поединците минуваат во текот на развојот. Сепак, тој ги критикува затоа што во нивните теории воопшто не пројавиле интерес за подеднакво важната, но прилично различна страна на истата активност – начинот на кој активноста е искусена од динамички утврдениот селф, потоа на ритамот и предизвиците при конструирање на значењето и смислата, засилувањето или губењето на смислата, како и последователното губење на селфот (т.е. себе си).

Приодот на Пијаже, кој создавањето на значење го разгледува надворешно и описно, има силно влијание врз унапредувањето на концепцијата на таа активност како природно епистемолошка. Во суштина се работи за балансирање и ребалансирање на субјектот и објектот или на себе си и другиот. Она што останува занемарено во оваа теорија е истата активност да биде разгледана одвнатре. Од овој аспект, тоа што е важно при зачувувањето на било која рамнотежа е суштинското прашање дали селфот ќе продолжи да биде природно онтолошка величина. Од друга страна, постојат теории, како што се егзистенцијалните и феноменолошките, кои го нагласуваат прашањето за генерирање на значење и смисла, но им недостасува теоретска и методолошка моќ да ја истражат подлабоко таквата активност. Двете посочени концепции, како што ќе истакне Киган – едната премногу рестриктивна, а другата неодредена, но побогата - до сега во психологијата не се успешно интегрирани.

Киган (Kegan, 1982) нагласува дека неговата теорија не ја подведува афективноста под сознајниот домен, како што е тоа случај во традиционалната концепција на Пијаже, ниту го толкува интелектуалниот живот како сервилен производ на афектот, како што тоа го прават традиционалните психоаналитичари. Тој идентификува пет клучни стадиуми при поместувањата во комплексноста на осмислувањето. Овие стадиуми започнуваат рано во детството и продолжуваат низ возрасниот период.

За *Стадиум 0* или ***вклучувачки*** (инкорпоративен) е карактеристично доминантно присуство на рефлексите. Тој соодветствува на сензомоторниот стадиум од теоријата на Пијаже, потоа на предсоцијалниот стадиум од теоријата на Левинџер и на физиолошката ориентација кон опстанок кај Маслов. Во *Стадиум 1* или ***импулсивен*** стадиум за односот субјект-објект карактеристични се импулсите и перцепцијата. Тој соодветствува на стадиумот на предоперационално мислење во теоријата на Пијаже, потоа на ориентацијата кон избегнување казна и добивање награда во теоријата на Колберг, на стадиумот на импулсивност во теоријата на Левинџер, на физиолошката ориентација кон задоволство кај Маслов, и на стадиумот на иницијатива наспроти вина во теоријата на Ериксон.

Во *Стадиум 2* или ***владејачки*** (империјален) стадиум односот субјект-објект главно е окарактеризиран со насоченост кон потребите, интересите и желбите. Истиот соодветствува на стадиумот на конкретни операции во теоријата на Пијаже, потоа на инструменталната ориентација во теоријата на Колберг, на стадиумот на опортунизам во теоријата на Левинџер, на ориентацијата кон сигурност кај Маслов, на ориентацијата кон моќ во теоријата на МекКлиланд и Мареј и на стадиумот на индустрија наспроти инфериорност во теоријата на Ериксон.

За *Стадиум 3* или ***интерперсонален*** стадиум во односот субјект-објект карактеристични се заемноста и интерперсоналноста. Овој стадиум соодветствува на почетокот на формалните операции во теоријата на Пијаже, потоа на ориентацијата кон интерперсонална складност во теоријата на Колберг, на стадиумот на конформизам во теоријата на Левинџер, на ориентацијата кон љубов и припаѓање кај Маслов, на афилијативната ориентација кај МекКлиланд и Мареј и на стадиумот на афилијација наспроти напуштање во теоријата на Ериксон.

Во *Стадиум 4* или ***институционален*** стадиум односот субјект-објект го карактеризираат авторство, идентитет, управување со психата и идеологиите. Тој соодветствува на стадиумот на формални операции во теоријата на Пијаже, потоа на стадиумот на општествена ориентација во теоријата на Колберг, на стадиумот на совесност во теоријата на Левинџер, на ориентацијата кон самодоверба и себеприфаќање кај Маслов, на ориентацијата кон постигнување

кај МекКлиланд и Мареј и на стадиумот на идентитет наспроти дифузија на идентитет во теоријата на Ериксон.

Кај последниот *Стадиум 5* или ***меѓуиндивидуален*** стадиум односот субјект-објект го карактеризира меѓуиндивидуалност и меѓупробивање на системите на селфот кај субјектот. Тој соодветствува на постформалните операции кај Пијаже, потоа на стадиумот на универзални етички принципи во теоријата на Колберг, на стадиумот на автономност во теоријата на Левинџер, на ориентацијата кон самоактуелизација кај Маслов и на ориентацијата кон интимност во теоријата на МекКлиланд и Мареј.

Киган (Kegan, 1982) посочува дека преминот од стадиум 0 во *првиот стадиум* од развојот на идентитетот може да се објасни со процес кој во теоријата на Пијаже се нарекува децентрација, кај Елкинд се среќава како повторувачка победа над егоцентризмот и сл., односно со процес во кој структурата станува содржина во име на нова структура (Piaget, 1968; според Kegan, 1982). Станува збор за процесот на адаптација, односно диференцијација од она што било субјект на личната организација, а кое сега станува објект на нова организација во име на новата субјективност која го координира. Адаптацијата Киган ја разбира како активен процес на прогресивно организирање на поврзаноста на селфот со средината и ја смета за клучен поттикнувач во личноста. Како резултат на овој процес двегодишното дете почнува да поседува рефлекси и веќе не е тоа самото рефлекс. Новиот селф е всаден во она што ги координира рефлексите, а тоа се перцепцијата и импулсите. Оттука детето на предучилишна возраст е способно да ги препознае објектите кои се одделени од него, а тие објекти се во случајов „субјекти" на неговата перцепција.

Доколку се промени перцепцијата на објектот, истиот и самиот се менува во искуството на детето. Ова е последица на тоа што детето не може да се одели од својата перцепција (што е карактеристично за стадиумот на предоперационално мислење во теоријата на Пијаже). Истото објаснување важи и за категоријата импулси. Кога поединецот е субјект на неговите импулси, нивното непројавување е закана за неговото Јас. Слично на ова, неспособноста на предучилишното дете истовремено да држи во свеста две перцепции е паралелна со неговата неспособност истовремено да држи во свеста две чувства за исто нешто. Ова се однесува и на исти чувства за едно нешто кои траат

определен временски период, создавајќи трајна диспозиција и на спротивставени или натпреварувачки чувства кои се јавуваат во ист момент. Киган истакнува дека фундаменталното помесување од првиот во вториот стадиум се случува меѓу петтата и седмата година. Способноста на детето сопствените импулси и перцепции да ги третира како објекти на конструирање на значењето не само што ја приведува кон крај врската меѓу субјектот и објектот од претходниот стадиум, туку води и кон нова врска меѓу субјектот и објектот што создава потраен селф. Таквиот селф може да складира мемории, чувства, и перцепции, што упатува на заклучокот дека за Киган, контекстот кој се развива на ваков начин е повеќе од когниција или афект (Kegan, 1982).

Основна карактеристика на *вториот стадиум* е дека детето почнува да има свој приватен свет кој претходно го немало. Тоа не живее повеќе со уверувањето дека родителите можат да му ги читаат мислите и да му ги дознаат чувствата. Во овој стадиум освен физичкиот свет конзервирано е и внатрешното искуство. Со конституирање на трајна диспозиција се појавува и селф-концептот. Успевајќи да ги контролира импулсите детето почнува да доживува нови чувства на слобода, сила, независност, а над сè чувството дека е субјект (Kegan, 1982). Според Рул и Бебо (Rule, & Bebeau, 2005), оние кои припаѓаат во вториот стадиум се разбираат себе си и светот преку индивидуалните интереси, како и преку конкретни, црно-бели очекувања од улогите што ги имаат. Личниот успех им е највреден и се мери преку конкретни остварувања на индивидуално вреднувани цели и одредување на специфични однесувања во рамки на улогите.

Додека во вториот стадиум поединците се сметаат себе си и другите за независни при што секој има свои активности и интереси, поединците од *третиот стадиум* се разбираат себе си и другите низ нивните споделени меѓуврски. Тоа го прават земајќи во предвид повеќе перспективи истовремено. Ваквата способност суштински го менува степенот до кој чувството за себе и разбирањето на општествената реалност можат да ги вклучат споделените искуства и интернализацијата на општествените очекувања и општествените идеали. Иако поединците во овој стадиум сеуште поседуваат индивидуални интереси и специфични цели на однесување, таквите интереси веќе не се централни при дефинирањето на себе си. Овие поединци се разбираат себе и светот преку споделените вредности, преку заемните очекувања и преку

идентификацијата со институционалните идеи и принципи. Ориентирани се кон споделување на искуствата, општествената одговорност и внатрешните квалитети.

За разлика од поединците во третиот стадиум кои се карактеризираат со вгнезденост во и идентификација со група споделени колективни идентитети, за оние во *четвртиот стадиум* специфично е градењето личен вредносен систем и внатрешни процеси за оценување на споделените идентитети. Поединците во третиот стадиум неретко се наоѓаат себе си растргнати меѓу повеќето идентитети кои тешко успеваат да ги координираат. Како што одговорностите на поединецот се зголемуваат, така во третиот стадиум тој се обидува да балансира меѓу перципираните обврски и повеќето идентитети (на пр. стоматолог, родител, сопружник). Селф системот на поединецот во четвртиот стадиум овозможува внатрешен компас за разрешување на напнатоста меѓу овие повеќекратни споделени очекувања. Конфликтите меѓу неизбежните натпреварувачки притисоци на различните улоги и обврските кои што ги следат се посредувани од посветеноста на сопствените внатрешни стандарди и вредности.

Како што истакнува Киган (Kegan, 1982) малкумина успеваат да го достигнат *петтиот стадиум* во развојот на идентитетот, но тој сепак дава хипотетичка крајна точка на овој развој. Во овој стадиум поединецот повеќе не се идентификува со селф системот кој внимателно го конструира системот на вредности, принципи и обврски што го дефинираат селфот во четвртиот стадиум. Напротив, во петтиот стадиум поединецот постепено согледува дека формираниот селф систем од претходниот стадиум е само еден од многуте можни начини на суштествување во светот. Поединецот сега почнува да гледа на селфот како на севкупност од универзални, длабоко хуманистички желби и чувства, т.е. квалитети кои важат за целото човештво. Повеќе не постои потреба да се одбрани одреден идентитет или да се бара од другите да се приврзат за еден, што е карактеристично за претходниот стадиум. Наместо тоа, директно стануваат возможни длабоко блиски контакти со другите човечки суштества.

Според Рул и Бебо (Rule, & Bebeau, 2005), во теоријата на Киган се изделуваат премини меѓу вториот и третиот, односно третиот и четвртиот стадиум во кои поединецот поминува значително време. Нив ги карактеризираат процеси кои ги вклучуваат моменталните начини на создавање значење што

поединецот ги користи во пошироки и посложени рамки на следниот развоен стадиум. Можно е да бидат присутни и двата стадиума истовремено, со тоа што повисокиот се манифестира на понеартикулиран начин. За време на *преминот меѓу вториот и третиот стадиум* расте свесноста за професијата како вид генерализирано друго лице низ кого поединецот почнува да се доживува себе си како иден професионалец. Нараснатата нагласеност на споделените идентитети е придружена со намалена нагласеност да се постапува на одреден начин за да се исполнат барањата, односно да се извршат одредени, пропишани однесувања. Поединците во овој премин неретко имаат конфликт меѓу, од една страна, чувството на обврска кое почнува да се јавува и лојалноста кон колективниот збир очекувања карактеристични за третиот стадиум и, од друга страна, индивидуалните интереси кои го одбележуваат вториот стадиум. Насоченоста кон личните интереси сеуште може да биде забележлива, но поединецот е веќе свесен дека истата треба да ја надмине. Во текот на овој премин се зголемува фокусот на внатрешните чувства на вина поради неуспесите да се биде тип на личност кој ја очекува соодветната професија.

При *преминот меѓу третиот и четвртиот стадиум* поединците се наоѓаат во процес кога на второ место ги ставаат нивните споделени обврски и идентитети. Тоа е процес со кој вредностите што поединецот ги усвоил сега ги преиспитува за да определи кои од нив имаат најголемо значење за него самиот. На тој начин полека се развива внатрешен компас за водење живот кој има смисла. Поединецот во овој период ги практикува тие вредности, активно користејќи ги за испитување на обврските кои биле дел од идентитетот во третиот стадиум. Тука се случува поединецот самосвесно да се бори со импликациите од поседување внатрешни вредности и принципи кои се чини дека се во конфликт со конвенционалните професионални вредности (Rule, & Bebeau, 2005).

Важно е да се истакне дека иако Киган во својата теорија го поставува јавувањето на вториот стадиум во периодот на рана адолесценција, потоа на третиот стадиум во средна и доцна адолесценција, а на четвртиот дури во возрасниот период, Рул и Бебо посочуваат дека подоцнежните истражувања соопштуваат наоди според кои овие стадиуми се јавуваат нешто подоцна. Така на пример, истражувањата на Форсит и соработниците укажуваат дека поединците во средна адолесценција и раните дваесетти години од животот

најчесто се наоѓаат во премин меѓу вториот и третиот стадиум, додека голем број поединци од рана и средна зрелост се наоѓаат во премин меѓу третиот и четвртиот стадиум (Forsythe et al., 2002; според Rule, & Bebeau, 2005). Ваквите наоди се чини дека ги потврдуваат опсервациите на Киган според кого напредните, повисоки стадиуми во развојот на идентитетот ретко се достигнуваат пред зрелата доба и нив не ги достигнуваат сите. За неговата теорија поединците од петтиот стадиум се вистинска реткост (според Rule, & Bebeau, 2005).

## 1.6. Еколошко котекстуална теорија на развојот на Јуриј Бронфенбренер

Во научните кругови пред да се појави теоријата на Јуриј Бронфенбренер, според Сеси (Ceci, 2006), детската психологија го проучува детето, социологијата го проучува семејството, антропологијата - општеството, економијата - економските рамки, а политичките науки – структурата на општеството. Откако Бронфенбренер го проширува концептот на екологијата на човековиот развој, овие различни опкружувања почнуваат да се разгледуваат како дел од животниот пат на поединецот, опфаќајќи ги и детството и возрасниот период. Неговиот теоретски модел го трансформира начиниот на кој научниците го проучуваат човековиот развој и неговата околина. Тој поттикнува нови насоки во основните истражувања и во нивната примена при изработката на програми кои ја засегаат добросостојбата и развојот на децата и на семејствата ширум светот.

Еколошкиот приод кон човековиот развој ги урива границите меѓу општествените науки градејќи нови мостови меѓу дисциплините, што резултира со наоди за тоа кои елементи во поголемата општествена структура и помеѓу општествата се витални за развој на човековите потенцијали. Неговата теорија помага да се открие што е потребно за да се разбере што го прави човекот човек. Подоцна во својата кариера Бронфенбренер ја проширува теоријата вклучувајќи ги биолошките извори за кои смета дека имаат важност во разбирањето на човековиот развој (според Darling, 2007). Сепак, за него биолошкиот потенцијал е само потенцијал. Дали и колку истиот ќе се искористи зависи од присуството

на трајни, реципрочни, високо интерактивни процеси меѓу организмот во развој и другите организми или објекти во средината. Теоретската позиција на Бронфенбренер е дека интерперсоналните односи, вклучувајќи ги и микропроцесите во односот родител - дете не постојат во општествен вакуум, туку се всадени во поголемите општествени структури. Во текот на целиот свој работен век тој останува на ставот дека развојот на поединецот е продукт на констелација на повеќе сили – културни, општествени, економски и политички – а не само на психолошките сили (според Ceci, 2006).

Гледано од формален аспект теоријата на Бронфенбренер силно се потпира врз теориите на Курт Левин и Жан Пијаже. Но, тој оди и подалеку, истакнувајќи дека токму растечката способност да се преобликува реалноста во склад со човековите барања и стремежи го претставува највисокиот израз на развојот. Основната мотивација на авторот е неговата увереност дека напредувањето на научното разбирање на основните интрапсихички и интерперсонални процеси на човековиот развој бара истите да се испитаат во реални животни средини, како непосредни, така и оддалечени. Тоа е и основната идеја во теоријата на Бронфенбренер – дека човековиот развој треба да се испитува во контекст.

Суштината на еколошката ориентација е содржана во дефиницијата според која *екологијата на човековиот развој го опфаќа научното истражување на прогресивната, заемна акомодација меѓу активното човечко суштество во развој и променливите карактеристики на секојдневното опкружување во кои поединецот во развој живее, додека врз овој процес влијаат односите меѓу опкружувањето и поширокиот контекст во кој се наоѓаат опкружувањата* (Bronfenbrener, 1997; стр.32). Три моменти се издвојуваат како клучни во оваа дефиниција. Прво, поединецот не се набљудува како „табула раза“, туку како растечки, динамички ентитет кој прогресивно се движи во средината и истата ја реконструира. Второ, интеракцијата меѓу поединецот и средината се смета за двонасочна, т.е. ја карактеризира реципрочност. Трето, средината не се сведува на едно, непосредно опкружување, туку ги опфаќа и заемните врски меѓу различните опкружувања, како и надворешните влијанија кои потекнуваат од поширокиот околина. Всушност екологијата на човековиот развој лежи врз точката на конвергенција меѓу биолошките,

психолошките и општествените научни дисциплини до оној степен до кој тие се однесуваат на развојот на поединецот во општеството.

Во теоријата на Бронфенбренер развојот е дефиниран како *трајно менување на начинот на кој поединецот ја перципира својата околина и на кој се однесува кон неа* (Bronfenbrener, 1997; стр. 13). Авторот го определува еколошкото опкружување како збир вгнездени структури сместени една во друга. Во последното, внатрешно ниво се наоѓа непосредното опкружување каде е сместен и поединецот во развој. Меѓутоа, Бронфенбренер нагласува дека не е доволно да се проучуваат само поединечните опкружувања, туку и односите меѓу нив, бидејќи таа поврзаност може да влијае врз развојот на поединецот подеднакво како и настаните што се случуваат одделно во секое ниво. Понатаму, врз развојот на поединецот влијаат и настаните што се случуваат во опкружувањата во кои тој директно не се наоѓа, а го сочинуваат третото ниво од еколошкото опкружување.

Бронфенбренер соопштува истражувачки податоци кои потврдуваат дека едни од најмоќните влијанија врз развојот на децата во современите, индрустриски општества ги имаат условите на работното место и вработувањето на нивните родители. Конечно, во рамки на секоја култура или субклутура, одредени типови на опкружување пројавуваат тенденција да наликуваат едни на други. Сепак, истите може многу да се разликуваат во различни култури и контексти. Ова ја поддржува претпоставката дека во секое општество или субкултура постои план на организација на секој вид опкружување. Тој план може да се промени, а со тоа да се промени и структурата на опкружувањето што ќе доведе до менување на однесувањето и развојот на поединецот. Забележано е дека сериозна економска криза во општеството има позитивно или негативно влијание врз подоцнежниот развој, во зависност од тоа во кој период од својот развој поединецот живеел во сиромаштија (Bronfenbrener, 1997).

Големо развојно значење имаат и т.н. еколошки премини кои претставуваат промена на улогите или опкружувањата што се случуваат во текот на целиот живот. Тука спаѓаат поаѓање на училиште, вработување, напредување во кариерата, стапување во брак, менување на работното место, преселба, пензионирање итн. Развојното значење на еколошките премини потекнува од фактот што тие речиси секогаш подразбираат менување на

улогата. Тоа повлекува нов вид однесување кое се очекува од новата улога, која влијае не само врз мислите, чувствата и начинот на кој се однесува поединецот, туку и врз тоа како другите се однесуваат кон него. Општествените случувања кои најнепосредно и најсилно влијаат врз развојот на поединецот се активностите во кои учествуваат и другите, заедно со конкретниот поединец или во негово присуство. Активното учество или самата изложеност на тоа што другите го прават често го поттикнуваат поединецот и самиот да преземе слични активности. Како што истакнува Сеси (Ceci, 2006), Бронфенбренер ги препознава знаците на неред и хаос во општеството во кое живее и опоменува дека процесите кои човекот го прават човек се сериозно нарушени од страна на присутните уривачки трендови. Тие знаци се нараснатата апатија, отуѓување, одметништво, деликвенција и насилство меѓу младите во САД – тренд што е присутен и во многу други земји од светот. Решение за ваквата состојба, според Бронфенбренер, се силни функционални семејства. Прашање е само дали постои подготвеност да се страда за важното и да се инвестира она што е неопходно, за да им се овозможи на семејствата да се справат со предизвиците (според Ceci, 2006).

Моделот на Бронфенбренер (според Мурџева-Шкариќ, 2009) опфаќа пет средински системи: микросистем, мезосистем, егзосистем, макросистем и хроносистем. Во состав на ***микросистемот*** влегуваат семејството, училиштето, врсниците, соседството, работното место итн. Тоа е најнепосредното опкружување за поединецот каде тој влегува во интеракција со неговите најблиски, со пријателите, соработниците и останатите кои се дел од неговата секојдневна реалност. Но, врз неговиот развој индиректно влијаат и ефектите од врските меѓу лицата што се присутни во ова опкружување. Ваквите карактеристики на микросистемот се содржани во дефиницијата според која *микросистемот е образец на активности, улоги и интерперсонални односи доживеани од страна на поединецот во развој во дадено опкружување со одредени физички и материјални карактеристики* (Bronfenbrener, 1997; стр.33). Се гледа дека факторите активност, улоги и интерперсонални односи ја сочинуваат архитектурата на овој прв средински систем. Како што нагласува Бронфенбренер, терминот „доживеани" укажува на тоа дека карактеристиките на било која средина кои се значајни за науката ги вклучуваат не само нејзините

објективни особини, туку и начинот на кој овие особини се забележани од страна на поединците кои циркулираат во тие средини.

***Мезосистемот*** е систем од микросистеми. Според Мурџева-Шкариќ (2009), него го сочинуваат односите меѓу различните микросистеми во кои се развива поединецот во определен момент од животот. Помеѓу мезосистемите постојат разлики според сложеноста и интегрираноста. Во теоријата се посочува дека децата кои растат и се развиваат во хомоген мезосистем имаат поповолни искуства за развој од оние деца кои растат во мезосистеми во конфликтен однос. Мезосистемот се формира или проширува секогаш кога поединецот влегува во ново опкружување. Неговите карактеристики се опфатени во следната дефиниција: *мезоситемот го сочинуваат односите меѓу две или повеќе опкружувања во кои поединецот во развој активно учествува (како што се, за детето, односите меѓу домот, училиштето и групата врсници од соседството; за возрасниот, меѓу семејството, работата и општествениот живот)* (Bronfenbrener, 1997; стр.36).

Бронфенбренер предлага четири општи типа на мезосистеми. Првиот е учество во повеќе опкружувања, кое е основен тип на врска меѓу две опкружувања која настанува кога поединецот ќе се вклучи во активности во повеќе од едно опкружување. Од причина што ваквото учество е нужно секвенцијално, истото може да се дефинира како постоење директна врска или општествена мрежа од „прв ред" меѓу опкружувањата во кои поединецот е учесник. Таквата врска, а со тоа и мезосистемот настанува во моментот кога поединецот за прв пат ќе се најде во новото опкружување. Вториот тип се индиректните врски, кои се јавуваат тогаш кога поединецот не учествува активно во двете опкружувања и врската се воспоставува преку трето лице кое има улога на посредничка врска. Тука станува збор за мрежа од „втор ред".

Комуникацијата меѓу опкружувањата е третиот тип на мезосистем. Станува збор за пораките кои се пренесуваат од едно во друго опкружување со цел на поединците да им обезбедат одредени информации. Комуникацијата може да биде еднонасочна или двонасочна. Последниот, четврти тип е знаење за другото опкружување кое го сочинуваат информациите или искуствата кои постојат во едно опкружување, а се однесуваат на другото. Бронфенбренер (Bronfenbrener, 1997) нагласува дека отуѓувањето на децата и младите, како и неговите деструктивни развојни последици се мезосистемска појава. Тие се

одраз на кинењето на врските меѓу различните сегменти од животот – од една страна се семејството, училиштето, врсниците и слично, а од друга страна, натпреварувачкиот, рамнодушен и неретко отфрлувачки свет на работата.

***Егзосистемот*** е дефиниран како *едно или повеќе опкружувања кои не го вклучуваат поединецот во развој како активен учесник, но во кои доаѓа до настани кои влијаат врз или врз кои влијае тоа што се случува во опкружувањето во кое се наоѓа поединецот во развој* (Bronfenbrener, 1997; стр.36). Оттука следува дека за да се покаже како егзосистемот влијае врз развојот неопходно е да се утврди причинско-последичниот тек на случувања кој вклучува два чекора: *а)* поврзување на настаните во надворешната средина со процесите кои се одвиваат во микросистемот на поединецот; и *б)* поврзување на процесите во микросистемот со развојните промени на поединецот кој се наоѓа во таа средина. Ваквиот причинско-последичен тек може да има и обратен редослед. Поединецот може да иницира процеси во микросистемот кои потоа би предизвикале ефекти и во другите подалечни системи. Следејќи ја логиката на ваквата поврзаност, индиректни влијанија врз развојот на децата имаат медиумите, условите и состојбата на работните места на нивните родители, координираноста меѓу работното време на родителите и она на предучилишните организации, како и градските власти одговорни за игралиштата, центрите за рекреација, библиотеките и друго (според Мурџева-Шкариќ, 2009).

***Макросистемот*** ги опфаќа сите заеднички претпоставки за тоа како луѓето треба да се однесуваат. Бронфенбренер го означува како *доследност во облиците и содржините на системите од понизок ред (микро, мезо и егзо) која постои или би можела да постои на ниво на субкултура или култура како целина, заедно со било кој систем на верување или идеологија кои лежат во основата на ваквата доследност* (Bronfenbrener, 1997; стр.36). Од оваа дефиниција произлегува дека културите и субкултурите може да се разликуваат меѓусебе, но одвнатре се релативно хомогени во однос на: *а)* видовите на опкружувања кои ги содржат; *б)* видовите на опкружувања во кои поединецот влегува во сукцесивните фази од животот; *в)* содржините и организацијата на моларните активности, улоги и односи кои постојат во секој вид опкружување; и *г)* степенот и природата на врските кои постојат меѓу опкружувањата во кои поединецот влегол или кои врз него влијаат. Во макросистемот се отсликани вредностите, верувањата, историските случувања, начините на однесување кои

се пренесуваат меѓу генерациите итн. Секој макросистем има своја идеологија и сфаќање за постапките на социјализација, оставајќи на тој начин печат врз развојот на секој поединец. Сепак, и поединецот може да влијае врз обликувањето на макросистемот преку своите постапки и иницијативи (според Мурџева-Шкариќ, 2009).

Докази дека макросистемот и промените што во него се случуваат влијаат врз развојот на поединецот се наоѓаат во многу истражувања. Меѓу позначајните кои ги соопштува Бронфенбренер се резултатите од истражувањето на социологот Глен Елдер. Елдер ги искористил наодите од четириесетгодишната лонгитудинална студија која го следела развојот на група поединци кои биле деца за време на големата економска криза во САД, во 1929 година. Овој автор го споредил животниот развој на овие испитаници со животниот развој на лица кои не биле изложени на ударот на кризата. Наодите од неговото истражување покажуваат дека непосредни последици на сериозните економски губитоци биле симптоми на емотивни тешкотии. Потоа децата биле поприврзани за мајките, отколку за татковците. Исто така, кај децата од депривираните семејства во областа на општествените односи, приврзаноста кон групата врсници била најзначајниот ефект од економските несреќи. Ова било особено видливо во желбата да се има многу блиски пријатели, а не само неколку и тоа повеќе кај момчињата, отколку кај девојчињата. Децата од вакви семејства, особено каде таткото е невработен биле проценети како повеќе ориентирани кон возрасните. Младите од средната класа кои пораснале во депривирани домови имале пониска самодоверба и наоѓале помалку лична смисла во животот, пројавувале тенденција да се повлекуваат пред тешкотиите, избегнувале обврски и користеле тактики кои ги воделе кон пораз, ги следело чувство дека се жртви и биле чувствителни кон туѓите забелешки (Elder, 1974; според Bronfenbrener, 1997).

Според Бронфенбренер (Bronfenbrener, 1997), наведените наоди упатуваат на заклучокот дека можеби не е случајно тоа што во современите општества кога можностите за работа на младите се мали, вандализмот и насилството во училиштата, како и малолетничката делинквенција на улиците растат. Петтиот систем – ***хроносистем*** – е шема на срединските појави и промени во текот на животот, како и на социокултурните услови.

Теоријата на Бронфенбренер е презентирана како теорија на човековиот развој во која сите аспекти се меѓусебно поврзани и каде знаењето за развојот е определено од контекстот, културата и историјата. Од неа произлегуваат клучните идеи за важноста што во развојот на поединецот ја имаат општествениот и историскиот контекст, активноста на поединецот, како и невозможноста индивидуалните развојни процеси да се разберат во изолација. Тој воедно, нагласува дека значењето е креирано од страна на поединецот во развој како продукт на целото негово искуство (според Darling, 2007). Оттука, со цел да се создаде, според реториката на Бронфенбренер, повеќе хумана екологија потребно е да се промени и реструктурира постоечкиот општествен систем, т.е. да се создадат нови микро, мезо и егозсистеми кои повеќе би им одговарале на потребите на луѓето. Така тој ја потврдува сугестијата на Курт Левин дека за да се промени однесувањето, мора да се промени средината.

## 1.7. Социокултурна теорија на развојот на Лев С. Виготски

Харе (Harré, 2006) истакнува дека идејата за влијанието на средината врз развојот на поединецот била разгледувана многу различно од страна на двајцата водечки развојни психолози во почетокот на дваесеттиот век – Жан Пијаже и Лев С. Виготски. Според Пијаже, материјалните и социјалните услови во животот го поттикнуваат развојот на детето кој тече низ универзални и однапред одредени стадиуми во текот на кои се развиваат неговите когнитивни способности. Сознајниот развој е насочен од мислење со помош на конкретни поими, кон способноста мисловно да се манипулираат апстрактни поими и хипотези. За Виготски, активноста на мозокот и нервниот систем се формира во зрела мисла со стекнување на лингвистички и практични вештини присвоени од локалната човекова средина.

Важноста од поврзување на теоријата со праксата, на што инсистира Виготски ја нагласуваат и Кол и Ингестром (Cole & Engeström, 2007), кои истакнуваат дека неговата теорија поттикнала цела група нови истражувања и теории. Овие два автора ваквиот приод во проучувањето на човековиот развој го нарекуваат „културно-историска теорија за активноста“. Неговите корени се наоѓаат во идеите на Карл Маркс кои подоцна се јасно артикулирани од страна

на Виготски. Накратко, културно-историската теорија за активноста ги обединува идеите на Виготски, Луриа и Леонтјев, разгледувајќи ги разликите меѓу теоретските поаѓалишта на првите двајца автори со оние на третиот автор. Станува збор за разлики во интерпретациите на, од една страна, Виготски и Луриа според кои истакнатите карактеристики на специфично човечките психички функции (вишите психички функции) се посредувани од културата и од друга страна, верувањето на Леонтјев дека неговите колеги го пренагласуваат значењето на културата, занемарувајќи ја вгнезденоста на мислењето во човековата активност. Оттаму, авторите кои се следбеници на Виготски го насочуваат вниманието кон процесите на посредување и кон „посредуваната акција", додека оние кои го следат Леонтјев како единица на анализа ја одбираат самата активност (според Cole & Engeström, 2007).

Според Харе (Harré, 2006), главната теза во развојната психологија на Виготски е примарноста на социјалните врски меѓу децата и нивните семејства. Тој се залага за идејата дека и материјалните и вербалните средства се суштински за формирање на човечките суштества во рамки на општествените процеси. Во својата работа акцентот го става на феноменот на сознанието, а под силно влијание на филозофијата на Спиноза се согласува со неговото тврдење дека мислењето не е супстанца, туку атрибут и потенцира дека психичкото нема своја независна егзистенција. Поточно, мислењето е форма на акција, а негови средства се симболите. Целта на Виготски е да го премости јазот меѓу социјалната и индивидуалната психологија, преку градење на теорија која ќе се занимава со специфичните психолошки проблеми на човекот, а тоа се вишите психички функции.

Истражувајќи ги дистинктивните психолошки карактеристики на човекот тој согледува дека кај него постои и историско и социјално искуство. Второво го нарекува уште и „колективна координација на однесувањето" во која се создава свеста за себе. Свеста, според него, е еден вид социјален контакт со самиот себе, а на социјалниот момент на свеста му припаѓа и временски и фактички приоритет. Извор на свеста и социјалното однесување е говорот. Во својата теорија Виготски зборува за „нижи" и „виши" психички функции. Првите ги нарекува уште и природни или натурални, а вторите културни, нагласувајќи дека тие меѓусебе се разликуваат по потеклото, природата и

структурата. ***Нижите функции*** се едноставни, биолошки детерминирани и историски непроменливи, поради што се универзални во сите култури.

***Вишите психички функции*** се сложени, бидејќи во нивната структура се вградени знакот и значењето кои се променливи. Тоа придонесува овие функции да бидат различно организирани кај различни групи, во различни историски периоди и кај децата во различни фази од развојот. Нивниот развој се состои од два поврзани, но никогаш потполно споени развојни текови. Првиот е усовршување на симболичките системи на одредена култура како средства на мислењето, а вториот се методите на самото мислење карактеристични за соодветната култура. Виготски верува дека културите создаваат одредени форми на когнитивно однесување. Степенот на различните културни начини на мислење го определува потенцијалот за развој на мислењето кај поединецот. Ова значи дека повисоките форми на сознавање варираат историски и низ различни култури (според Poehner, 2008).

Структурата на вишите психички функции е организирана со помош на знаците и значењето благодарение на принципот на сигнификација, карактеристичен само за човечкиот мозок, врз кој се потпира семиотичката, односно симболичка функција на создавање и користење на знаците и значењата. Попрецизно кажано, за Виготски развојот се состои во формирање на сложени психолошки системи, т.е. на таков склоп од поединечни психички функции кои меѓусебе се поврзани со помош на знаците. Оттука произлегува дека секоја група луѓе и секој поединец во одредени историски рамки, може да создава одредена средина која е посредувана од знаци, како и дека може да постојат дивергентни линии во развојот (Vigotski, 1977).

Виготски јасно согледува дека поединците во групата се поврзани со многу сложени системи од психолошки врски. Практичната комуникација преку постапките во текот на заедничките активности, потоа емоционалната комуникација со помош на невербални средства, а пред сè комуникацијата со помош на знаците и знаковните системи, првенствено вербалната комуникација, го сочинуваат нужниот услов за одржување и развој на заедницата, општеството и на самиот поединец. Знаковните системи што потекнуваат од потребите за комуникација се трансформираат во средства за организација на однесувањето на поединецот. Така интернализирани, тие служат за самоспознавање, организирање на сопствените психички процеси, потоа за волево регулирање на

тие процеси и слично. Револуционерната идеја во теоријата на Виготски е дека вишите психички функции имаат општествено потекло, што укажува на фактот дека општествените фактори се нивен конститутивен елемент, односно без нивно дејствување овие психички функции воопшо и не можат да се развијат. Она што е најсуштинско и најспецифично во психолошката конституција на поединецот, па и она што е најлично, како што е чувството на идентитет, способноста за самосознавање итн. настанува само при размената во рамки на човечката група т.е. социусот (Vigotski, 1977).

Вишите психички функции формираат психолошки систем во кој различни функции доминираат за време на различни развојни периоди. Така, перцепцијата доминира во раното детство, а меморијата и вниманието се најистакнати во училишниот период. Водечката функција во адолесценцијата е почетокот на коцнептуалното мислење. Виготски идентификува три законитости на сознајниот развој. Првата ги формализира трансформациите од природните, примитивни форми на сознание кон потпирање врз надворешни помошни стимули и усовршување на повисоките форми на мислење. Втората законитост ги опишува барањата што ги поставува културата како суштински за развој на повисоките форми на мислење, пришто особено се мисли на интеракцијата меѓу идеалната форма на мислење (присутна кај возрасните) и постоечката форма (присутна кај детето). Третата законитост ја формализира трансформацијата од користење на надворешните знаци кон усовршување на внатрешните процеси преку внатрешно конструирани стимули (според, Poehner, 2008).

Сумирајќи го придонесот на теоријата на Виготски кон, гледано во целост, развојот на психолошата научна мисла, а поконкретно кон самата развојна психологија, Харе (Harré, 2006) издвојува неколку клучни точки. Една од нив ја истакнува посредувачката улога на јазикот како средство на вишите психички функции, чие значење е претходно нагласено и објаснето. Во таа смисла, токму конверзацијата во семејниот круг и помеѓу врсниците е место каде се случува психичкиот развој. Во семејството детето е во близок контакт со културата во која подоцна ќе најде место како компетентен и почитуван член. Клучот во теоријата на Виготски е идејата за еден вид психолошка симбиоза отсликана во ненадминливиот концепт на „***зона на следен развој***". За Виготски е многу поважно што детето може да направи со помош на возрасниот или на

некој поискусен врсник, при решавање на одредена задача (зона на следен развој), отколку што тоа самото може да направи (зона на актуелен развој).

Според Виготски, развојот во суштина се случува токму во зоната на следен развој. Во таа насока тој го формулира општиот генетички закон за културниот развој, според кој: *секоја функција во културниот развој на детето се јавува два пати: прво, на општествено ниво, а подоцна на индивидуално ниво; прво помеѓу луѓето (интерпсихичко), а потоа во детето (интрапсихичко). Ова важи подеднакво и за волевото внимание и за логичката меморија, и за формирањето на поимите. Сите виши функции всушност започнуваат како врски помеѓу поединците* (Vygotski, 1978; според Harré, 2006). Врските за кои станува збор во наведеното тврдење се, без сомневање, случаи на психолошка симбиоза, т.е. на заедничко решавање на задачата во зоната на следен развој. Во теоријата на Виготски се нагласува дека интерпсихичкото функционирање мора да биде структурирано така што ќе го засили развојот на интрапсихичкото функционирање. Токму инструкциите во зоната на следниот развој поттикнуваат и придвижуваат цела серија внатрешни развојни процеси (Harré, 2006).

Овие идеи на Виготски се искористени како основа за креирање на голем број интервентни програми во доменот на активната настава, наменети за стимулирање и развој на мислењето на децата и адолесцентите во училишен контекст. Според Ридл (Riddle, 1999), една од клучните идеи во теоријата на Виготски, по што тој се разликува од Пијаже, е дека развојот кој започнува со раѓањето и трае цел живот е премногу сложен за да може да биде дефиниран со стадиуми. Како што е и претходно наведено, тој верувал дека ваквиот целоживотен развоен процес зависи од социјалната интеракција и дека токму социјалното учење води до сознаен развој, кој се случува во споменатата зона на следен развој. Оваа зона го премостува јазот меѓу она што се знае и она што може да се дознае.

Виготски се фокусира на врските меѓу луѓето и културниот контекст во кој тие циркулираат, влегуваат во интеракција и ги споделуваат искуствата. Оттука, во рамки на образованието тој инсистира дека наставникот треба да соработува со студентите на начин што ќе им овозможи да имаат активна улога во процесот на осознавање и самите да успеат да создаваат значења. Така учењето станува двонасочен, реципрочен процес за наставникот и студентите.

Инструкциите кои ќе бидат дадени треба да го достигнуваат повисокото развојно ниво од она на кое се наоѓаат студентите, за да дојде до напредување во развојот. Тоа значи дека треба да се стимулира заедничко внимание и споделено решавање на проблеми за да се креира процес на сознајна, социјална и емоционална размена (според Riddle, 1999).

Погоре наведените принципи важат и за моралната едукација во училиштата. Според Виготски (Vygotsky, 1926), моралните поими и идеи варираат во зависност од општествената средина и културно-историскиот развој, така што она што се смета за неморално во одредено време и место, во некое друго време или место може да биде оценето како највисока доблест. Секоја епоха, нација и општество поседуваат своја моралност, а тоа што постојат одредени заеднички елементи присутни во сите општества значи дека истите некогаш биле дел од социјалниот ред и поредок. Според тоа нова моралност ќе се создаде тогаш кога ќе се создаде ново општество.

Кога го разгледува проблемот на поврзаноста меѓу свесноста и моралното однесување Виготски нагласува дека едно е поединецот да знае како треба да се однесува, а сосема нешто друго е реално да се однесува на тој начин. Така, станува јасно дека свесноста има важна, но не пресудна улога и претставува само една од компонентите кои го насочуваат реалното однесување на поединецот. Не е доволно само да се поттикне свесност дека одредена постапка е добра и правилна, туку треба да се настојува таа да стане доминантна во свесноста. Кажано со реториката на Виготски, ова значи да се дисциплинира свесноста на детето со цел да му се помогне таа да надвладее над останатите свесни и несвесни желби.

Ваквиот заклучок е особено значаен ако се земе предвид дека сознајниот развој може да биде поврзан со голема неморалност, што значи дека истиот, сам по себе не гарантира морално однесување. Присуството и на обратни примери во реалноста, кога поединецот манифестира импресивно морално однесување и покрај попречениот сознаен развој уште повеќе води кон заклучокот дека само морално знаење не е доволно за формирање на комплетна морална личност. Поради ова Виготски нагласува дека моралното образование треба да биде насочено кон индуцирање на витална интеракција меѓу децата, која ќе го поттикне развојот на емпатијата, толеранцијата и соработката со што добросостојбата на другите, во случајов на соучениците, ќе ја постави меѓу

највисоките вредности во нивната вредносна хиерархија. На таков начин средината ќе стане моќен механизам што ќе му ги пренесува на детето рефлектирачките импресии од неговите сопствени постапки (Vygotsky, 1926).

## 1.8. Морално мислење во периодот на адолесценција и неговата поврзаност со моралното однесување

Мурџева-Шкариќ (2009) истакнува дека во последната декада на дваесеттиот век во развојната психологија се појавува значителен интерес за проучување на адолесценцијата. Ваквиот интерес се објаснува од повеќе аспекти, меѓу кои се драматичните промени поврзани со контекстот, потоа подобрената можност за испитување на биосоцијалните модели на развојот, како и со давање предност за финансирање на истражувања што имаат примена во решавање социјални проблеми поврзани со адолесцентите. Авторката нагласува дека возраста на која се протега адолесцентниот период варира во зависност од историските и културните услови. Така, во индустриските земји таа започнува во периодот меѓу 10 и 13 години, а завршува околу 18 до 20 години. Притоа целиот овој период е поделен на три потпериоди – *рана адолесценција* (од 10 до 14 години), *средна адолесценција* (од 15 до 19 години) и *доцна адолесценција* (од 20 до 24 години, со што станува и составен дел од преминот кон рана зрелост – прва потфаза која трае од 18 до 25 години, но не и над таа возраст). Според најновата класификација периодот од 18 до 25 година е период на појавување на возрасноста. За него е карактеристичен процес на созревање и појава на посебностите на возрасниот период (според Мурџева-Шкариќ, 2010).

Во однос на исполнувањето на развојните задачи секој од овие потпериоди има свои специфики. Раната адолесценција е главно насочена кон стекнување биолошка зрелост и во овој период се завршуваат пубертетските промени. Во средната адолесценција се постигнуваат интелектуалната, емоционалната и социјалната зрелост. Во доцната адолесценција или младоста се очекува сите други развојни задачи да бидат завршени или да се приврвшуваат.

Развојните специфики на периодот на адолесценција се одразуваат врз трансформацијата на моралниот карактер при преминот од детство во адолесценција. Ова е последица од менување на влијанието на некои од агенсите на социјализација (на пр. во детството родителите имаат поголемо и посилно влијание врз развојот, за разлика од адолесценцијата кога позначајни стануваат врсниците). Се менува и контекстот во кој адолесцентите се развиваат (на пр. стекнуваат нови пријатели, заминуваат во поинакво и поголемо училиште, добиваат нови работни задачи, воспоставуваат нов квалитет во односите со врсниците, влегуваат во романтични врски итн.). Сето тоа поставува нови предизвици пред нивниот морален развој, отворајќи нови видици, можности и избори (според Hart & Carlo, 2005).

Во адолесценцијата се менуваат и вештините што се поврзани со моралниот домен, како на пример способноста за решавање проблеми, за заземање туѓо гледиште, за разбирање на себе си (Eisenberg, Cumberland, Guthrie, Murphy, & Shepard, 2005). Уште една карактеристика на периодот на адолесценција е брзината со која се случуваат промените, како и природата на тие промени. Според најновите истражувања од доменот на еволуционата психологија, како и од когнитивната развојна невронаука постојат докази дека во периодот на адолесценција се одвиваат интензивни промени во мозокот кои подразбираат раскинување на старите и создавање на нови синаптички врски (процес наречен *синаптогенеза*), што се манифестира во однесувањето на адолесцентите (Abbott, 2005; Berger, 2008).

Ваквите промени значително влијаат врз нивниот морален развој. Како последица од созревањето на предфронталниот кортекс, во периодот на адолесценција донесувањето одлуки главно се одвива во сеуште несозреаниот систем на амигдалата, кој се фокусира на моменталната ситуација. Оттука, доколку сите постапуваат на одреден начин во дадената ситуација најверојатно и адолесцентот ќе се однесува исто. За разлика од адолесценцијата, во возрасниот период предфронталниот кортекс дејствува со иста брзина како и системот на амигдалата, што им овозможува на возрасните многу повеќе да ги обмислуваат моралните одлуки (Narvaez & Vaydich, 2008).

Според Мурџева-Шкариќ (2009), во адолесценцијата когнитивните процеси се на повисоко ниво отколку во детството, врз што влијае и поголемото искуство. Адолесцентите мислат за алтернативните можности, кои не се дадени

непосредно и сетилно, размислуваат преку хипотези, насочени се кон иднината, а за нив е карактеристично и метакогнитивното мислење. Во текот на мисловниот процес ги преиспитуваат општествените вредности, правила и норми. Основниот дострел во овој период е развој на апстрактно-логичко мислење што подразбира способност за користење на пробабилистичко, комбинаторно, експериметнално, формално-поимно и хипотетско дедуктивно мислење. Кон крајот на адолесценцијата повеќето поединци веќе ја користат дедуктивната логика на заклучување и апстракното мислење. Некои автори посочуваат дека на оваа возраст се јавува нова врска меѓу мислењето и говорот што води кон нови сознајни способности. Сепак, дали кај адолесцентите ќе се развие формалното мислење во голем степен зависи од вклученоста во образовниот систем и квалитетот што истиот го обезбедува. Ова доаѓа оттаму што во повисоките нивоа на образование треба да дојде до промена на начините на мислење и да се стимулира прогресивниот когнитивен стил. Тоа може да се поттикне со активно учење преку интерактивна настава во чија основа се наоѓаат идеите на Виготски за вишите психички функции и зоната на следен развој.

Во теоријата на Колберг (според Мурџева-Шкариќ, 2009) лицата во рана адолесценција расудуваат на второто, конвенционално ниво, пришто на моралноста гледаат како на желба да одржуваат хармонични односи со другите и водат сметка за општествениот систем и постоечките правила и норми. Понатаму, фокусот го ставаат врз словото на законот и на законите гледаат како на императиви што мора да се почитуваат и околу кои не се дискутира. Кога адолесцентите во нивниот сознаен развој ќе го достигнат стадиумот на формални операции, влегуваат во третото, постконвенционално ниво и судат врз основа на општествените договори, привилегии и индивидуални права или, поретко, врз основа на универзалните морални принципи. За последното е потребно развиено апстрактно мислење и способност за одмерување на алтернативите. Ова е нужен, но не и доволен предуслов за да моралното резонирање на поединецот ги добие квалитетите на петтиот, односно на шестиот стадиум. Тоа доаѓаа оттаму што пред да се сфати релативноста на моралните принципи и различната определба на доброто и лошото во зависност од соодветната култура и општество, не може да се премине во последното ниво на морален развој.

Според теоријата на Колберг тоа се постигнува во текот на средношколското и почетокот на универзитетското образование. Сепак, дури ни ова не мора да значи дека адолесцентите, како и многу возрасни поединци со сигурност го достигнале постконвенционалното ниво. Докази за ваквата констатација се среќаваат секојдневно, на пример, тогаш кога поединците се водат и размислуваат според сопствените интереси, или кога ги застапуваат општествените конвенции такви какви што се и се однесуваат како што на другите им се бендисува, но и кога некои политички и верски лидери користат реторика од шестиот стадиум, а во своите постапки се неморални личности (според Мурцева-Шкариќ, 2009).

Поврзаноста меѓу моралното мислење и моралното однесување во рамки на когнитивно-развојната теорија на Колберг е претставена со четиристепени психолошки функции (според Pejović-Milovančević, 2001). Станува збор за: *а)* лична интерпретација на социоморалната ситуација (Што се случува? и Кој морален став во случајов е најприменлив?), *б)* донесување одлука (Што е правилно да се направи во ваква ситуација?), *в)* продолжување на преиспитувањето на одговорноста (Дали јас сум тој кој е должен да дејствува во ваква ситуација?), и *г)* извршување на акцијата со помош на стекнатите вештини и его-контроли (контрола на импулсите, постојано внимание, самопочитување, чувство на внатрешна контрола и ефикасност, одложување на гратификација и интелигенција). Ваквиот модел претпоставува дека поединецот пред да манифестира морално однесување треба да помине низ наведените сознајно-емоционални операции. Иницијалната операција е претставена со специфичен морален карактер („треба да“) и зависи од степенот на морално мислење, потоа од моралната ориентација и од вредносниот систем на поединецот.

Секоја морална ситуација се проценува така што се проценуваат нејзината структура, ориентација и содржина. Структурата подразбира одредена социјална позиција соодветна на достигнатиот степен на морален развој. Ориентацијата подразбира морален тип, бидејќи се работи за анализа на влијанието на моралното мислење врз активноста и постапките. Содржината ги подразбира универзалните вредности. Поединците со нарушување во однесувањето имаат проблем во сите три компоненти. Нивната интерпретација на ситуацијата обично е погрешна, донесувањето одлука за тоа што е добро да се направи во соодветната ситуација најчесто е незрело и несоодветно на истата.

Тие немаат капацитет и способност да преземат одговорност, а можноста да се прифати должност обично е недоволно развиена. Воедно, тие покажуваат слаба способност да го задржат вниманието и концентрацијата, имаат намалена работна ефикасност, не можат да ги контролираат импулсите и слично. Нивното морално мислење е недоволно развиено, а однесувањето им е далеку од морално (според Pejović-Milovančević, 2001).

За поврзаноста меѓу моралното мислење и моралното однесување зборува и Џејмс Рест. Пејовиќ-Милованчевиќ (Pejović-Milovančević, 2001) го посочува моделот на четири компоненти на Рест нагласувајќи дека авторот формулира четири внатрешни сознајно–емоционални процеси кои водат кон морално однесување. Тоа се: *а)* толкување на ситуацијата и идентификување на моралниот проблем, *б)* наоѓање решение во моралната дилема преку примена на моралните идеали или стандарди, *в)* одбирање на морални и други вредности во донесувањето на одлуката при дејствувањето, и *д)* реализација на моралната акција.

Блази (Blasi, 1980) објавува преглед на четириесет и седум студии кои прават споредба меѓу моралното мислење и актелното однесување на испитаниците (делинквентно однесување, социопатии, секојдневно однесување во училиштата, алтруистичко однесување итн.) кои соопштуваат статистички значајна корелација меѓу степенот на морално мислење и манифестираното морално однесување. Најчестиот модел на поврзување на моралното мислење и моралното однесување е линеарен, т.е. колку е повисоко нивото на морално мислење толку е поголема веројатноста за манифестирање на морално однесување (Richards et al., 1992; според Pejović-Milovančević, 2001). Брабек, исто така, истакнува дека моралното мислење и моралното однесување се меѓусебно поврзани и дека моралното мислење е важен предводник на моралното однесување (Brabeck, 1995; според Pejović-Milovančević, 2001).

Сепак, ваквата поврзаност не е совршена и предизвикува многу неизвесни и котроверзни резултати. Во прилог на ова одат наодите од многу истражувања дека дури и меѓу поединците кои манифестираат антисоцијално однесување и кои главно судат на претконвенционално ниво има и такви кои на тестовите покажуваат многу повисоки стадиуми на морално мислење отколу што се претпоставило (на пр. наодите од истражувањето на Pejović-Milovančević, 2001). Оттаму, сè посигурен е заклучокот дека моралното мислење

е само еден од факторите, но не и најважниот кој влијае врз моралното однесување на поединецот.

Кон ова се надоврзуваат најновите сознанија кои ги соопштуваат Канг и Гласмен (Kang & Glassman, 2010). Според овие автори, моралното мислење и моралната акција се два издвоени феномени меѓу кои постои мала поврзаност. Идејата дека моралното мислење ја контролира или може да ја контролира моралната акција води кон проблематичен дуализам меѓу моралното знаење и секојдневните постапки на поединецот. Тие ги поврзуваат овие два феномени со социјалното и културното наследство. Социјалното наследство, чија важна форма е моралната акција, се засновува врз соработка и доверба и води кон целисходни и осмислени решенија на реалните социјални проблеми. Културното наследство, чија важна форма е моралното мислење, служи како стенограм дека одредени поединци би требало да бидат препознаени како прифатени членови на општеството. Социјалното и културното наследство се поврзани феномени, кои некојпат се и зависни еден од друг. Но, тие во суштина се разликуваат и понекогаш дејствуваат во различни насоки. Разликите меѓу моралното мислење и моралната акција може да доведат до социјални тензии и поради тоа треба да заземаат важно место во етичкото образование. Оние автори кои ја сфаќаат моралноста повеќе како културно наследство почесто ја определуваат како стабилен систем од вредности и како значаен извор кој треба да се пренесува на секоја нова генерација (на пр. Schwartz, 2002; според Kang & Glassman, 2010). Тие едновремено се залагаат таквиот систем од вредности да биде дел од курикулумите и од училишната клима воопшто. Ова од причина што вредностите го претставуваат прифатениот начин на однесување во едно општество и ги легитимираат поединците, доколку се однесуваат во склад со нив, да бидат прифатени во истото.

## 1.9. Морална слика за себе и нејзиниот развој во периодот на адолесценција

Сликата за себе е когнитивно-развојна и социјална конструкција која е променлива во текот на детството и адолесценцијата. Хартер (Harter, 2006) истакнува дека во рамки на нормативно-развојните промени, сознајниот развој влијае врз двете општи карактеристики во структурата на сликата за себе – *диференцијација* и *интеграција*. Во однос на *диференцијацијата* новојавените сознајни способности му овозможуваат на поединецот да создаде самооценки кои се разликуваат во различните домени на искуството. Тие му овозможуваат на детето да прави разлика меѓу реалната и идеалната слика за себе која потоа може да се спореди со оние на другите поединци, создавајќи потенцијални разлики кои влијаат врз неговото себство. Од аспект на *интеграцијата* сознајните способности кои се јавуваат во текот на развојот му овозможуваат на поединецот да конструира надредени генерализации на сликата за себе во форма на црти на личноста. Способностите што се јавуваат во средното детство, воедно, овозможуваат да се конструира концепт на лична вредност како човечко суштество и да се проценува самопочитта.

За време на адолесценцијата сознајните способности овозможуваат успешна интеркоординација на навидум контрадикторните атрибути, во осмислени самоописи. Разгледувањето на сликата за себе како социјална конструкција е насочено кон влијанието на искуствата стекнати во процесот на социјализација, врз конкретната содржина и валенција на себепретставувањето. Себепретставувањето е континуиран развоен процес во кој се издвојуваат посебни нивоа. Во таа насока се разгледува како искуствата со значајните други влијаат врз индивидуалните разлики во проценување на себепретставувањата како поволни или неповолни. Се покажува дека начините на одгледување на детето влијаат врз нормативно-развојните промени, но тие се и главните причинители за индивидуалните разлики во однос на тоа дали расудувањето за себе си е поволно или неповолно (Harter, 2006).

Во периодот на адолесценција воспоставувањето личен идентитет преку интеграција на различните аспекти на сликата за себе е една од основните развојни задачи. Мурџева-Шкариќ (2009) истакнува дека поимот за себе во

адолесценцијата е сложен. Негови својства се апстракност и исполнетост со идеализам, потоа издиференцираност во неколку различни себства зависно од социјалните врски, контексти или улоги, променливост во зависност од ситуациите и протокот на времето, присуство на контрадикции, постоење на реално, наспроти идеално и/или можно себство, како и вистинско наспроти лажно себство, многу социјални споредувања во текот на себевреднувањето, постоење на свест за себството, постоење на несвесно себство, потреба од заштита на себството, а кон крајот на адолесценцијата се постигнува интегрирано себство.

Сликата за себе во периодот на адолесценција е заснована врз когнитивните способности, но зависи и од социјалната средина со која адолесцентот е во интеракција. Тука се мисли и на потесниот и на поширокиот социјален контекст. Разликите во односите во секој од аспектите на сложениот социјален контекст водат кон формирање различни слики за себе. Во овој период присутна е исклучивост во сликата за себе, но таа сега е на апстрактно ниво. Сликата за себе многу зависи од тоа како другите гледаат на поединецот. Така, таа може да биде реална или погрешна. Бергер (Berger, 2008) истакнува дека поединецот, особено за време на раната адолесценција, има повеќе можни слики за себе, притоа некои од нив имаат потенцијал да прераснат во конечен идентитет.

За време на процесот на барање на вистинската слика за себе адолесцентите испробуваат различни слики за тоа кои се тие самите, кои се тие во рамки на групите и контекстите и кои би можеле да бидат. Можните слики за себе повеќе се испробуваат имагинативно, отколку реално. Барајќи се себе си адолесцентите стравуваат од прифаќање на лажна слика за себе, т.е. стравуваат да не почнат да се однесуваат на начин за кој знаат дека е спротивен на нивното суштинско јас (Moshman, 2004). Хартер и соработниците (Harter et al. 1996; според Berger, 2008) издвојуваат три различни типа на лажна слика за себе која се јавува кај адолесцентите: *а) прифатлива лажна слика за себе* - израснува од перцепцијата на адолесцентот дека е одбиен или отфрлен од родителите и врсниците и неретко води кон чувства на безвредност, безнадежност, самоомраза, депресија и ниско себеразбирање; *б) задоволувачка лажна слика за себе* која е честа кај адолесцентите, израснува од желбата да се импресионираат или задоволат другите, притоа поединците кои ја усвојуваат покажуваат

повисоко себеразбирање од оние чија лажна слика за себе израснува од одбивањето; и *в) експериментална лажна слика за себе* која адолесцентите ја испробуваат за да „видат како изгледа“ да се биде во одредена улога. Овие поединци, во споредба со претходните две групи, соопштуваат највисоко себепознавање и себеприфаќање. Истата група истражувачи идентификува развоен тренд, според кој лажните и контрадикторни слики за себе се многу поретки кон крајот на адолесценцијата одошто во рана и средна адолесценција. Во раната зрелост лажните слики за себе најчесто ги нема, бидејќи некоја од можните слики за себе во адолесценцијата веќе е усвоена како личен идентитет (според Berger, 2008).

Во текот на адолесценцијата родителите може да поставуваат високи стандарди давајќи т.н. условувана поддршка која адолесцентите не ја доживуваат како вистинска, поради што се принудени да манифестираат однесувања во склад со барањата на родителите. Така настануваат поведенија кои се дел од лажното себство што раѓа ниско себевреднување, па дури и самоубиствени идеи. Таквите притисоци се среќаваат кај родители кои немаат емпатија, користат закани и казни како и неприспособено задоволување на детските потреби. Кога адолесцентите немаат поддршка од родителите и врсниците развиваат нарушувања како што е доживувањето на лична неприспособеност и депресија. Адолесцентите кои манифестираат агресивно и насилничко однесување најчесто потекнуваат од семејства каде отсуствува поддршка и заштита. Тие се отфрлени и понижени и од страна на врсниците. Овие поединци имаат ниско ниво на надеж, пониско себевреднување и пониско себеприфаќање (според Мурџева-Шкариќ, 2009).

Личниот идентитет се состои од чувство на единство, чувство на континуитет и чувство на заемност меѓу сопствената и туѓата перцепција. Усвојувањето на втората компонента – континуитетот – честопати претставува проблем за адолесцентите, особено за оние кои не го знаат своето потекло (на пр. посвоените поединци). Ериксон (според Мурџева-Шкариќ, 2009) *идентитетот* го дефинира како *општа слика која личноста ја има за себе,* сметајќи дека основна задача на адолесценцијата е токму неговото формирање. Предуслови за ова се сексуално созревање, повисоки сознајни способности и пораснат социјален притисок кон насочување и одбирање професија. Неговата концепција интегрира три перспективи: *а) структурална* – индентитетот

вклучува, најчесто несвесна, реорганизација на потребите и минатите идентификации, *б) социјална* –идентитетот треба да означи нова асимилација на социјалните очекувања и вредности и повеќе лична интегрираност во општеството и културата, и *в) феноменолошка* – идентитетот е манифестиран на нов начин во искусувањето на себе си што се карактеризира со чувство на единственост и индивидуалност, како и со чувство на целисходност и самодоверба. Личниот идентитет во адолесценцијата се постигнува преку интегрирање на различните аспекти од сликата за себе, кои покажуваат развојни промени во овој период (Blasi, 1988; Blasi 1993).

Според Такашманова-Соколовска (1998), сликата за себе во раната адолесценција од претежно физичко поимање се преобразува во апстрактно-психолошко поимање за себе карактеристично за периодот на средна адолесценција. Ова се должи на појавата на формално-логичко мислење со кое е поврзана способноста за расудување за себе врз основа на внатрешните сознајно-емоционални доживувања. Притоа себепочитувањето многу повеќе зависи од општата социоемоционална клима во семејството, одошто од возраста и достигнатото ниво на формално-логично мислење. Во рана и средна адолесценција сликата за себе не е организирана кохерентно и нема внатрешна конситентност на постулатите. Многу од нејзините својства се нереални, а и самоописот не е едноставен. Оттука произлегува дека формалните операции за кои зборува Пијаже не се доволни за објаснување на сложените промени кои се случуваат во сликата за себе за време на адолесценцијата (според Мурџева-Шкариќ, 2009).

Блази (Blasi, 1993; Blasi & Milton, 1991) истакнува дека промените во субјективното доживување на себството за време на рана и средна адолесценција се основните предуслови за создавање на одреден идентитет. Според него, идентитетот на поединецот најчесто се опишува преку неговата специфична содржина, главно професијата, идеалите, животниот стил итн. Сепак, овие компоненти го одредуваат идентитетот само доколку се развиени некои основни карактеристики на себството и доколку поединецот ги согледува истите како дел од неговото себство. Ова, исто така, наведува на заклучок дека секогаш кога ваквите основни карактеристики значајно се менуваат соодветно се менува и идентитетот на поединецот, без оглед на тоа дали неговата специфична содржина е променета или не. Оттука, поврзаноста меѓу

содржините на идентитетот и чувството за себе во ваков случај се смета за недовршена и слободна. Потпирајќи се на теориите на Левинцер, Веслер и Ридмор, Блази и Милтон (Blasi & Milton, 1991) спроведуваат студија која има за цел да го разјасни чувството за себе што можеби се наоѓа во основата на субјективното искуство на идентитетот кај адолесцентите. Резултатите потврдуваат дека во преминот меѓу рана и средна адолесценција се случуваат важни промени во начините на кои се искусува себството од страна на поединецот. Регистирани се разлики меѓу половите кои покажуваат дека адолесцентките се понапредни во однос на разбирање на внатрешната, однадвор недостапна психолошка реалност. За адолесцентите промените се силно и конзистентно корелирани со социјалната класа, што сосема отсуствува кај адолесцентките.

Ваквите наоди се слични со оние од студиите на Сузан Хартер (Harter, 1986, 1988; според Blasi & Milton, 1991) и сугерираат дека промените во искусување на себството кај адолесцентите се потпираат врз развојот на апстрактните поими, врз способноста истите да се комбинираат, како и врз способноста да се создаваат теории и врз новонастанатата осетливост за логичка неконзистентност. Блази и Милтон нагласуваат дека суштинската разлика меѓу испитаниците од рана и средна адолесценција е во тоа што повозрасните реагираат емоционално на сопствените карактеристики, чувствуваат дека истите им се од примарно значење и дека се посветени да бидат лојални самите на себе.

Во однос на разбирањето на формирањето на идентитетот, Блази (Blasi, 1993; Blasi & Glodis, 1995) смета дека идентитетот не е теорија за себството и дека процесите кои водат кон неговото формирање не се идентични со оние кои водат кон формирање на таква теорија. Според него, некои луѓе може да имаат јасна слика за тоа кои се и да се потпираат врз перцепцијата на сопствената вистина при воспоставување на целоживотните обврски и посветеност, а во исто време може да имаат многу несигурна теорија за себството или дури воопшто и да немаат било каква теорија. Обратно, некои поединци може да имаат јасна и цврста теорија за себството, која сепак, не генерира било каква емоционална поврзаност или посветеност на вредностите и идеалите. За да се искуси суштински обединето себство важни се врските што секој поединец ги согледува или гради меѓу специфичните содржински домени, животните одлуки и неговото лично чувство за тоа кој е тој во суштина.

Блази (Blasi, 1993; Blasi & Glodis, 1995) сугерира дека поединецот се доживува себе си низ процес на дејствување и искусување, поврзан со неговите акции и искуства. Без таквата поврзаност не би постоеле ниту акции, ниту искуства, туку само процеси кои се јавуваат нелично во рамки на организмот.

Се чини дека постојат различни начини на поврзување со акциите и искуствата, кои ги определуваат или привремените и ситуациски варијации или повеќе или помалку стабилните индивидуални разлики во искусувањето на себството. Одлуката во што да се верува и искуството на согледување на личните верувања како продолжување на личната природа на поединецот се два различни иако не заемно исклучиви начини на доживување на себството во акција и укажуваат на две различни себства како субјекти. Ваквиот концепт на *себството како субјект* произлегува од анализа на тоа дека се подразбира да се доживува, особено да се доживуваат намерните активности (верување, запомнување, посакување итн.) и себството на поединецот во нив. Себството како субјект е извлечено индиректно и моментално од различни намерни акции кои за директни објекти ги имаат надворешните или внатрешните настани (Blasi, 1993; Blasi & Glodis, 1995).

Блази (Blasi, 1993) се спротивставува на сведувањето на себството на низа слики за себе и теории за себе, нагласувајќи дека кога сликите за себе се одделени од моменталното искуство кое се јавува за време на акцијата, го губат она што е најкарактеристично во себството како субјект. Станува збор за четири димензии: *а)* ***дејствување***, што се однесува на степенот до кој една акција е нерефлектирачки осознаена како сопствена, односно чиј извор е самиот поединец; б) ***идентитет со себе си***, што се однесува на моменталното сфаќање на себството во акцијата како идентично на свесното т.е. осознавачко себство, кое сфаќање се наоѓа во основата на рефлексивноста и самоконтролата; *в)* ***доживување на единство*** меѓу различните акции кои ја сочинуваат конкретната активност на поединецот (на пр. мислење, селекција на зборови, зборување, слушање итн.); и *г)* ***другост (индивидуалност)*** т.е. свесност за себе како субјект кој е различен од другите во своето дејствување. Со еден збор, себството како субјект е сфатено како специфичен начин на кој поединецот се доживува себе си како субјект, обединет во неговото дејствување, различен од другите субјекти и способен да стои спроти себе во рефлексиите (Blasi, 1988; Blasi & Glodis, 1995).

Клучните идеи во теоријата на Блази (Blasi, 2004) се сумирани во четири поенти. Според првата, моралноста, психолошки не е самопостоечки ентитет опслужуван од автономни процеси, туку специфичен модел на функционирање на секој поединец како единствена целина. Поради тоа моралните компетенции мора да бидат интегрирани во севкупниот личносен систем. Втората поента е дека интегрирањето на моралноста во личноста треба да се постигне на начин кој ќе ги почитува основните карактеристики на моралноста сфатена во смисла на секојдневните социјални размени, како и на оптималните карактеристики на психолошкото функционирање. Според третата поента, суштинско за обичното разбирање на моралните акции е намерите за нивно реализирање да бидат водени барем од минимално разбирање на моралноста. Четвртата поента нагласува дека поради тоа што намерата на поединецот да се однесува морално зависи од еден вид лична мотивација и бидејќи мотивацијата е централен аспект на личноста, тој треба концептуално да се залага за тип на личност кој е кадарен да биде мотивиран од она што ги сочинува централните карактеристики на моралноста. Во сфаќањето за моралноста Блази ги нагласува когнитивните основи на истата и капацитетите за дејствување во рамки на себството на поединецот. Според него, моралноста бара морално разбирање, а не само морално знаење, бидејќи првото ги обединува асимилациските и личните аспекти на знаењето (Blasi, 2004).

Поврзаноста меѓу развојот на личноста и моралниот развој, според Арнолд (Arnold, 1993), е прилично запоставена во когнитивно-развојните истражувања. Авторката посочува дека и покрај тоа што постојат многу истражувања за формирање и развој на идентитетот, до почетокот на деведесеттите години на минатиот век малку од нив посветуваат внимание на моралната димензија на сликата за себе. Меѓу теоретичарите кои ја допираат оваа област во нивната работа спаѓа Вилијам Дејмон кој смета дека во адолесценцијата се случуваат две големи поместувања во сликата за себе, што обезбедуваат концептуална заснованост за нејзина интеграција со моралноста. Првото големо поместување се случува во раната адолесценција и се однесува на појавата на т.н. социјална личност кога сликата за себе почнува да се дефинира со социјално-интерактивни карактеристики кои предизвикуваат нова свесност за сопствената морална слика за себе. Во доцната адолесценција сликата за себе типично ја карактеризираат сложени мрежи од верувања, лична

филозофија и морални стандарди. Второто големо поместување во моралната слика за себе кое е тесно поврзано со првото, а се случува во адолесценцијата, се однесува на индивидуалните разлики во начинот на кој поединците реагираат или се насочуваат кон социоморалниот свет (според Arnold, 1993).

Моралните верувања и вредности немаат исто значење за различни поединци. Оттука, личноста на поединецот може да биде конституирана така што да биде морален да не е еден од приоритетите во неговиот живот, односно да не е суштинска компонента на неговата слика за себе. Сепак, истражувањата во врска со вредностите на адолесцентите, особено оние во кои е користена Скалата на вредности на Рокич, покажуваат дека моралноста има истакнато место во нивниот животот. Слабоста на овие истражувања е во тоа што даваат многу мал увид во улогата што ја имаат вредностите во развојот на нивната слика за себе. Во оваа смисла интересно е истражувањето на Фитер (Feather, 1988; според Arnold, 1993) кое соопштува дека постои силна поврзаност меѓу стадиумот на морално расудување и важноста на „душевен мир“ како вредност која е најчесто поврзувана со совршенство на себството.

За интегрирањето на моралноста и сликата за себе голем придонес даваат истражувањата на Нанер-Винклер и соработниците во врска со детското разбирање на моралните емоции и нивната улога во моралното однесување (на пр. Nunner-Winkler, 1993; Nunner-Winkler & Sodian, 1988). Нивните резултати покажуваат дека степенот до кој децата припишуваат соодветни емоции на некоја замислена ситуација (на пр. чувство на тага после направен престап) ќе ја одразува и силата на нивната мотивација да ги почитуваат сопствените морални верувања во реални морални ситуации. Се чини дека моралното разбирање и моралната мотивација се два одделни процеси во периодот на детството, а тенденцијата кај детето да се однесува морално е водена од знаењето на тоа што е морално правилно и од личната посветеност на тоа морално знаење. Во адолесценцијата кога рефлективното себство е потполно развиено се јавуваат услови за координирање на моралните верувања, моралните емоции и моралната посветеност (според Arnold, 1993).

## 1.10. Улогата на семејството и врсниците во процесот на социјализација

Суштината на социјализацијата, според Диздаревиќ (Dizdarević, 2002) произлегува од нејзината општествена важност. Нејзини основни извори се општеството и културата, а примарни агенси се семејството, училиштето и врсниците. Низ овој сложен и динамичен процес се пренесува општественото и културно-историско наследство од генерација на генерација, се усвојуваат и интернализираат општествените цели, се гради вредносниот систем на поединецот, се постигнува зрелост на личноста итн. Исходите од успешната социјализација се повеќекратни. Успешно социјализираните поединци развиле способности кои се важен предуслов за стабилноста на секое општество. Тие ги интернализирале општествените и морални норми, ги почитуваат човековите права, алтруистички се насочени, одговорни се и работливи, толерантни, подготвени да помогнат и слично (Dizdarević, 2002).

Меѓу многуте теории кои го проучуваат овој процес когнитивно-развојната теорија, чии најистакнати претставници, според Харе (Harré, 2006) се Пијаже и Колберг, го истакнува значењето на развојот од кој зависи јавувањето на различни форми на однесување. Тие ја нагласуваат и важноста што искуството и срединските фактори ја имаат во овој процес. Во таа смисла, Пијаже оправдано смета дека социјализацијата не зависи само од тоа дали социјалните агенси дејствуваат и кои содржини се пренесуваат преку нив, туку и од тоа дали поединецот разбира што се пренесува и како тоа го разбира. Содржината на социјализацијата, како и успешноста во настојувањето да се реализираат одредени општествени барања низ овој процес, зависи од сознајните способности на детето. Доказ за тоа, според Пијаже, е развојот на моралното расудување и моралната свест кај децата. Когнитивно-развојните теории придонесуваат да се надминат едностраностите во приодот кон изучување на социјализацијата, карактеристични за бихејвиористите (според Rot, 1989).

## А) Улога и значење на семејството во процесот на социјализација

Семејството е примарен агенс на социјализација и е првата надворешна реалност за поединецот. Тоа може да се разбере како социјална институција чија функција е репродукција на општеството и унапредување на психосоцијалниот развој во текот на животот (Gecas, 1990; Hess, 1995; според Kaprara и Červone, 2003). Овие функции ги извршува така што ги пренесува општествените вредности и норми и го поддржува развојот на идните генерации. Според тоа, постојат две основни, меѓусебно поврзани функции на семејството – социјална контрола и индивидуална промоција. Членовите на семејството разменуваат обврски и ограничувања во личната слобода за поддршката и грижата што ја добиваат од останатите членови. Семејната поддршка, од своја страна, придонесува за постигнувањата и на поединците и на општеството во целина. Овие односи на поддршка се засновуваат не само врз емоционални врски, туку и врз вредности и норми кои се пренесуваат од една на друга генерација. Врските меѓу генерациите, особено реципрочните врски на помладите и повозрасните членови на семејството го разликуваат од другите форми на општествени институции. Секое семејство е единствен систем кој им дава единствено опкружување на своите членови. Поради тоа што семејствата секогаш функционираат во рамки на општествено - културните граници, одредени семејни структури се почести во рамки на дадено општество. Доминантната семејна структура на некое општество неизбежно ги одредува начините на кои тие конкретни семејства го оформуваат развојот на поединецот (Kaprara и Červone, 2003).

Психолошката литература и научните истражувања се согласни дека условите кои постојат во семејството и квалитетот на односите меѓу неговите членови се исклучително важни за оптималниот развој на поединецот (тука се вбројуваат едни од највлијателните теории во психологијата, како на пр. теориите на Фројд, Ериксон, Виготски, Бронфенбренер и многу други). Во таа насока, поединците кои потекнуваат од семејства во кои постои меѓусебна доверба, почитување, љубов и разбирање манифестираат генерално попозитивен став кон другите луѓе, имаат развиено чувство на независност и сигурност во себе, врамнотежени се итн. За разлика од нив, оние кои потекнуваат од

семејства во кои конфликтите се секојдневна појава или во кои постои отфрлање и незаинтересиран однос од страна на родителите, манифестираат негативна слика за себе, ниска самодоверба и самопочит, а неретко и агресивно се однесуваат. Постојат многу истражувања кои докажуваат дека топлиот и срдечен однос на родителите кон децата претставува важен услов за успешна социјализација. Ова произлегува оттаму што во ситуација во која постои срдечен и топол однос полесно се формира чувството на одговорност и се јавува чувство на вина доколку се прекрши поставената норма.

Родителите се најважните модели кои ги пренесуваат вредностите и ставовите што се етаблирани и прифатени во општеството и врз основа на кои поединецот го гради својот систем на вредности и верувања. Секој поединец своите постапки и активности ги заснова врз претходно формиран морален кодекс, чии основи се поставуваат во семејството. Во процесот на социјализација од особена важност се и родителските стилови што се практикуваат. Овој процес е отежнат доколку на детето му се дозволува да прави што сака и ништо не му се забранува, како и ако не му се дава доволно љубов и внимание или ако е препуштено самото на себе. Односот меѓу родителите се издвојува како важен елемент кој влијае врз процесот на социјализација. Усогласените односи меѓу родителите придонесуваат за правилен развој на детето, додека неусогласените односи предизвикуваат конфликти и во самото дете, бидејќи последиците од таквиот неусогласен однос тоа ги доживува како загрозување на основите потреби за сигурност и љубов. Ова е еден од ризичните фактори за јавување на асоцијално и антисоцијално однесување. На него се надоврзуваат и други, меѓу кои непотполност на семејството, вработеност односно невработеност на родителите, социоекономскиот статус на семејството и слично. Важноста и влијанието на семејството врз развојот на поединецот е видлива не само во детството, туку и за време на адолесценцијата. Ова го покажуваат податоците од многу истражувања (на пр. Шурбановска, 2009).

Во периодот на адолесценција, однесувањето на родителите се преиспитува и критикува, а нивната дотогашна слика на идоли се деидеализира, па дури и обезвреднува. Оттука, кај родителите е присутна загриженост со какви модели децата ќе дојдат во контакт, бидејќи, како што посочува Бандура (Bandura, 1991), не можат постојано да бидат присутни за да го насочуваат

нивното однесување. Децата кои се изложени на возрасни и врснички модели кои даваат пример на конфликтни стандарди, усвојуваат различни стандарди на однесување. Во целиот тој процес врсниците можат да извршат силно влијание, на пример, преку прифаќање на одредено прекршочно однесување како морално правилно. Дури и кога реакциите на оценување на родителите се со поголема тежина од оние на врсниците, вториве можат да ја однесат победата, бидејќи се присутни во конкретните ситуации за да извршат влијание врз моралниот избор. Слични влијанија имаат медиумите преку вредностите кои ги пренесуваат и моделираат (според Bandura, 1991).

Меѓу сите промени што се случуваат во светот ниту една не е поважна од оние што се случуваат во рамки на семејството (Giddens, 2002, 2003; Kaprara & Ćervone, 2003; Karraker, 2008). Веќе подолго време е присутна глобална револуција во начинот на кој луѓето, особено младите размислуваат за себе и начинот на кој воспоставуваат врски и односи со другите. Гиденс (2002) констатира дека традиционалното семејство во многу држави е одамна само мит и наведува дека идејата за враќање кон него е бесперспективна. Според него тоа е така, бидејќи носталгијата кон традиционалното семејство го идеализира минатото, а историските истражувања откриваат сè повеќе податоци дека насилството и сексуалното искористување биле чести и прикриени во овој тип семејства. Понатаму, традиционалното семејство било првенствено економска и роднинска врска, каде љубовта не била клучна основа на бракот, туку истиот се засновал по договор. Нееднаквоста меѓу половите и правното поседување на сопругите и децата биле само едни од карактеристиките на ваквите семејства. Конечно, Гиденс нагласува дека големите, многудетни семејства биле посакувани и прифаќани како нормални, а денес се живее во ера на „скапо дете“ во која имањето деца веќе не е економска бенефиција, туку голем економски трошок.

Историските промени, првенствено во западните општества се однесуваат на исчезнување на мултигенерациското семејство и јавување на модерно, нуклеарно семејство. Во последно време се зголемува бројот на семејства со еден родител, како и на останатите алтернативни форми на семејство. Големи промени се забележани и во однос на рамнотежата во моќта меѓу мажот и жената во семејството, потоа во новото доживување на сексуалноста, во зголемување на предизвиците на родителскиот авторитет, во

повисоки стапки на развод, во поголем процент на вработеност на мајките итн. (Golombok, & Fivush, 1994; според Kaprara и Červone, 2003).

Анализирајќи ги промените што се случуваат во доменот на семејството Каракер (Karraker, 2008) го употребува концептот на „глобални семејства". Со него го опишува глобалниот приод кон семејствата во контекст на долгогодишната споредбена традиција. Овој концепт ја претпочита дефиницијата на семејство која се протега надвор од споделеното домаќинство и обврските кои потекнуваат од крвно сродство, брак или посвојување. Авторката тврди дека речиси сите се согласуваат дека семејството денес е во транзиција. Силверштајн и Ојербах (според Karraker, 2008) идентификуваат неколку главни општествени трендови во дваесеттиот век: *а)* придвижување од хомогеност кон различност, *б)* придвижување од стабилност кон промени, *в)* промена од полово дефинирано родителство кон трансполово родителство, и *г)* придвижување од машката доминација кон поголема еднаквост. Промените како што се стапување во брак на поголема возраст, разделбите и разводите укажуваат на помала предвидливост во семејната структура во рамки на и помеѓу општествата. Според Каракер (Karraker, 2008) една од причините за ваквите промени е влијанието на глобализацијата.

Сето ова води кон менување на семејната динамика, што влијае врз социјализацијата и развојот на децата и адолесцентите. Ова од причина што семејството е нивната прва надворешна реалност која ја поставува основата за натамошниот развој во сите аспекти од животот. Отсуството на двата родители како клучни модели на идентификација во детството, лошите и несоодветни економски услови, присуството на семејно насилство, запоставувањето на децата и незадоволувањето на нивните основни потреби, присуството на психички растројства кај едниот или двата родитела, како и многу други фактори го попречуваат, па дури и го оневозможуваат сознајниот, емоционалниот и моралниот развој на поединецот. Резултат од ова најчесто се (авто)деструктивни однесувања кои неретко водат до судири со законот и имаат сериозни последици по животот и безбедноста и на самиот поединец и на останатите луѓе од неговата непосредна и подалечна средина.

## Б) Улога и значење на врсниците во процесот на социјализација

Врсниците се еден од примарните фактори на социјализација, особено за време на адолесценцијата. Врсничките групи ги карактеризираат заеднички вредности и ставови и покажуваат одредени истоветни начини на однесување и животни стилови кои ги претпочитаат. Односите со врсниците брзо се развиваат од прилично едноставни до сложени. Хартап (според Kaprara и Červone, 2003) смета дека тие се менуваат од слабо координирани размени, до координирани интеракции и од примитивна свесност за потребите на другите, до реципроцитет заснован врз комплексни атрибуции и користење на повеќекратни извори на информации. Влијанието на врсниците не е идентично во сите развојни периоди. Почнувајќи од раната адолесценција поединците повеќе ги привлекуваат заедничките активности со врсниците, отколку животот во семејството. Тоа не мора да значи дека тие автоматски ги напуштаат вредностите што им ги пренеле родителите, но некогаш и тоа се случува. Во овој период адолесцентите стануваат поотворени за нови искуства и покажуваат поголема самостојност. Од ова, меѓу другото, резултира и појавата на ризични однесувања како дел од експериметирањето и љубопитноста. Тука главно се мисли на конзумирањето алкохол, наркотични средства, носење оружје, одметништво, стапување во ризични сексуални врски, па сè до суицидални помисли и идеи.

Врсниците му дозволуваат на адолесцентот да експериментира со можните себства што родителите најчесто не го дозволуваат, помагајќи го на тој начин развојот на идентитетот. Оттаму, оние поединци кои сметаат дека треба да се вклучат во конкретна активност на врсничката група, да се облекуваат на одреден начин или да се движат низ конкретни места од градот поради тоа што „сите така прават“, всушност се обидуваат да ја поттикнат сопствената одговорност за одреден животен стил или филозофија која сакаат да ја испробаат. Со други зборови, адолесцентите ги користат врсниците, за да се одбранат од критиките на возрасните (Berger, 2008).

Многу автори посочуваат дека адолесцентите не манифестираат конзистентно морално однесување во различни општествени ситуации (на пр. Eisenberg, 2004; според Santrock, 2007). Врз нивните (не)морални одлуки

неретко влијаат постапките и одлуките на врсниците што може да доведе до манифестирање на асоцијално и антисоцијално однесување (Durkin, 1995). Ова доаѓа оттаму што врсниците се најважниот агенс на социјализација во овој период и во голем степен го насочуваат однесувањето и севкупниот животен стил на адолесцентот. Во врсничките групи постојат стандарди на однесување кои нивните членови треба да ги прифатат, а кои најчесто се оспорувани од страна на родителите и останатите возрасни. За да биде дел од групата поединецот треба да ги соочи своите ставови, вредности и верувања со оние на групата и со истите да се согласи. Доколку размислува и се однесува поинаку, тој од страна на другите членови на групата не е оценет како глупав, туку како лош, што резултира во казнување, па дури и во негово исклучување од групата. Под влијание на притисокот на врсниците адолесцентот може да постапи или да се однесува на начин на кој во друга ситуација не би се однесувал. Ваквиот притисок знае да биде особено силен во периоди на неизвесност и несигурност.

Токму во рана и средна адолесценција, одобрувањето или неодобрувањето на постапките од страна на врсниците е честопати многу поважно од одобрувањето од страна на родителите или другите авторитети. Во тој период, адолесцентите се особено чувствителни на притисоците на врсниците што е потврдено со резултати од многу истражувања. Така, на пример, Бернт (според Cole & Cole, 1989) наоѓа дека децата кои штотуку влегле во периодот на адолесценција многу повеќе соопштувале дека би ги следеле врсниците за разлика од помалите деца. Во друга студија Брадфорд, Браун, Клејсен и Ејчер (според Cole & Cole, 1989) наоѓаат дека ваквиот генерален притисок за учествување во врсничките активности е особено силен во периодот на рана и средна адолесценција. Мофит (според Kaprara и Červone, 2003) исто така, наоѓа дека голем процент момчиња го прифаќа однесувањето на врсниците во групата, во периодот на адолесценција.

Ваквите наоди соодветствуваат со карактеристиките на овој развоен период кои се посочени од страна на Ериксон (Erikson, 1976). Една од тие карактеристики е потребата на адолесцентот да се спои со групата. Наведените истражувања, како и низа други, потврдуваат дека бунтовничкото однесување, во споредба со другите развојни периоди е најприсутно во адолесценцијата. Сепак, дали истото ќе се манифестира зависи од многу надворешни фактори кои припаѓаат во рамки на макро и егзо системите (културно-историскиот контекст,

општествениот контекст, социо-економскиот статус, местото на живеење итн.), потоа од оние кои припаѓаат во рамки на микросистемите во кои се одвива раната социјализација (семејството – дали го има, какво е и колку е функционално, училиштето – вид и ниво на образование, карактеристиките на врсничката група итн.) како и од внатрешни фактори, т.е. степенот на неговиот сознаен, емоционален и морален развој. Кон сето ова треба да се насочи особено внимание при проучување на асоцијалното и антисоцијалното однесување на адолесцентите чив оптимален морален развој е нарушен.

## 1.11. Асоцијално и антисоцијално однесување – поим, карактеристики и причини за јавување

Асоцијалното и антисоцијалното однесување се видови на однесување кои припаѓаат во сложениот феномен познат како престапничко однесување. Во литературата постои семантичка збрка при прецизното определување на овој вид однесување. Тоа доаѓа оттаму што истото кај адолесцентите многу различно се одредува, а воедно се означува и со различни термини. Дополнителни проблеми произлегуваат од кривично-правната положба на малолетните сторители на престапничкото однесување. Меѓу многуте дефиниции кои се во употреба, како една од најсеопфатните е онаа што ја дава Јашовиќ (1991). Според него, престапничко однесување е *секое однесување на поединецот или на група млади кое е противопштествено, општествено неприфатливо и непожелно со кое се кршат кривично-правните и морални норми на општествената заедница и кое кога е видливо, предизвикува спонтана или организирана општествена реакција со цел да се заштитат општествените добра и вредности, како и самите актери на таквото однесување* (Jašović, 1991; стр. 61).

*Асоцијалното* однесување му претходи на антисоцијалното т.е. на посериозните облици на престапничко однесување. Според Китканъ (2009), децата и адолесцентите го манифестираат асоцијалното однесување во семејството, во училиштето, како и во пошироката општествена средина. За разлика од антисоцијалното, овој тип однесување не е правно инкриминиран, но предизвикува морална осуда, бидејќи актерите не ги почитуваат општествените

морални норми. Непослушноста и непочитувањето на авторитетите се првите знаци кои укажуваат дека поединецот има проблеми во прилагодувањето кон барањата на различните микросистеми во кои секојдневно функционира. Како посериозни облици на асоцијално однесување се посочуваат: бегање од училиште, одбивање да се оди на училиште, бегање од дома, скитање во ноќните часови, консумирање алкохол и наркотични средства, питачење, агресивно и насилничко однесување.

Ваквите појави, најчесто се последица од влијание на цела група фактори, кои потекнуваат како од надворешната средина, така и од самиот поединец. Кон овие облици на асоцијално однесување се најподложни емоционално нестабилните и социјално незрели поединци, кои се воедно импулсивни, сугестибилни и воспитно запуштени. Неретко причина за асоцијално однесување е лошата атмосфера во семејството, каде се присутни неподносливи ситуации (физичко и психичко малтретирање и злоупотреба, чести конфликти, незадоволување на основните потреби на детето итн.). Важноста на семејството и развојот во раните периоди од животот за појава на асоцијално и антисоцијално однесување ја нагласуваат повеќе автори (на пр. Durkin, 1995; Farrington & Welsh, 2007; Heilbrun, Sevin-Goldstein & Redding, 2005; Pejović-Milovančević, 2001; Singer i Mikšaj-Todorović, 1993). Со тек на време ваквото однесување го води поединецот кон социјална изолација, повлекување во себе и осаменост или кон здружување со други, слични на него и вклучување во банди и криминални групи. Букилиќ (Букилиќ, 1991; според Киткањ, 2009) посочува дека институционално згрижените малолетни престапници, претходно ги манифестирале следните асоцијални однесувања: нередовно посетувале училиште, физички и психички ги злоставувале врсниците, манифестирале непристоен однос кон повозрасните (особено кон спротивниот пол), како и несоодветен однос кон имотот, се вклучувале во тепачки, пушеле, се коцкале, конзумирале алкохол и сл.

Во стручната литература агресивното и насилничко однесување се издвојуваат како најсериозен облик на асоцијално однесување (според Киткањ, 2009). Во таа насока треба да се истакне дека постојат концепциски, но и суштински разлики меѓу поимите агресивност, агресија и насилство. Според Мурџева-Шкариќ (2007), *агресивноста* е предиспозиција за избор на агресивни и натпреварувачки поведенија спротивни на други, алтернативни поведенија

како што се соработка, покорност, бегање итн. Треба да се има предвид дека предиспозиција за поведение е конгенитална тенденција кон усвојување еден тип на поведение од страна на поединецот, како спротивност на друг тип поведение. Таквата предиспозиција лесно може да се отстрани под дејство на ефикасни епигенетички информации, што значи дека истата не го изградува поведението. Агресивноста, како предиспозиција, има квалитативно влијание врз агресивното поведение, што доведува до различни степени на агресивност кај единките.

Под поимот *агресија* се подразбира поведение со кое се нанесува штета врз телото и/или душата на друго лице, а има за цел лична егоистична полза и/или полза за својата група. Агресијата може да има за цел и натпреварување заради средства, исхрана или одбрана. Во овој контекст треба да се има предвид дека се зборува за поведение. Поведението е функционален производ на нервниот систем и во исто време е најзначајна карактеристика на личноста. Агресијата кај луѓето е само функционален потенцијал, кој е карактеристичен само за човековиот вид и кој не се јавува во отсуство на соодветни епигенетички информации кои се неопходни за негов конечен развој и определување. Поимот *насилство* се смета за сложен поим кој се поврзува со институции, културни својства и поведенија што го ограничуваат и спречуваат развојот на човековите потенцијали и настојувања да ги контролира своето тело, поведенија и општествената средина. Во таа насока се зборува за три видови насилство: структурно, културно и директно.

Потеклото и причините за појава на агресивно поведение се разликуваат кај различни животински видови. За да се разберат оние што се јавуваат кај луѓето, потребно е да се настапи холистички, пошироко и интердисциплинарно. Причини за агресивно поведение може да бидат агресивноста и насилството. Сепак, агресивноста како предиспозиција за агресијата како поведение не се поврзува со некој ген. За да истата стане агресивно поведение треба да дејствува одредена културна информација. Според тоа, кој вид поведение ќе се развие зависи од културата во која поединецот се социјализира. Агресијата и насилството се аспекти на социјалното поведение кое се формира преку биокултурна еволуција. Оттука може да се заклучи дека социјалното поведение не е определено од конгениталните фактори, па затоа ниту агресијата, ниту насилството како аспекти на социјалното поведение можат да се сметаат за

вродени. Напротив, тврдењето дека луѓето се конгенитално насилни е побиено од биолошките и антрополошките факти. Тоа остава можност да се дејствува во насока кон трансформирање на насилното и агресивно однесување во ненасилно и конструктивно однесување (Мурџева-Шкариќ, 2007).

***Прекршочното однесување*** е облик на престапништво со кое се кршат одредени правни прописи кои се инкриминирани од страна на надлежните институции. Поведениeто, предвиденоста во законот, противправноста, вината и казнивоста се елементи на прекршокот. Според формалната структура прекршокот не се разликува од кривичното дело. *Криминалитетот* е најтешкиот облик на престапничко однесување со кој се кршат кривично-правните норми. Кривичното дело може да се определи на два начина – формално и материјално. Во првото спаѓаат сите дејствија и активности кои се забранети и противправни и кои повлекуваат изрекување кривична санкција. Според материјалното одредување за кривични се сметаат оние дела со кои се загрозуваат основните вредности и добра на општествената заедница. Преваленцијата, т.е. обемот и динамиката на криминалитетот зависи од состојбата во општеството, односно од неговата економска и политичка стабилност, културниот и технолошки развој, вредносниот систем и односот кон криминалот, притоа се мисли на позитивното кривично законодавство на земјата, организацијата на кривично-правниот апарат, како и казнената и судска политика (според Киткањ, 2009).

Киткањ (2009) истакнува дека годишните судски извештаи во Р. Македонија и соседните земји соопштуваат загрижувачки бројки за процентот на учество на малолетниците во вкупната маса на криминалитет. Така, на пример, во Србија од 1996 до 2005 година тој процент изнесува 6%, каде доминираат кривичните дела од имотна природа. Вознемирува податокот дека во последните години се зголемува бројот на кривични дела против животот и телото. Исто така, во пораст е бројот на кривични дела извршени со елементи на насилство (Ilić, 2007; според Киткањ, 2009). Сличен тренд на пораст на криминалот е приметен и во САД, а го соопштуваат истражувањата на кои се повикуваат Доџ, Кои и Лајнам (на пр. Blumstein, 2000; Rutter, Giller, & Hagell, 1998; според Dodge, Coie, & Lynam, 2006). Кога станува збор за состојбата во Р. Македонија најновите податоци покажуваат дека кај малолетничкиот криминал, исто така, доминираат кривичните дела против имотот (80%-85%), потоа

следуваат кривичните дела против животот и телото, безбедноста во јавниот сообраќај, кривичните дела против јавниот ред итн. Во вкупниот криминалитет малолетниците учествуваат со 10% до 15%. Женските малолетни лица вршат значително помалку кривични дела, главно ситни кражби (според Китkaњ, 2009).

Според класификацијата пропишана со Законот за Малолетничка Правда од 2007 година, во Р.Македонија малолетните лица се делат во три групи: *а) дете во ризик* – малолетник кој за време на извршување на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, наполнил 7, а не наполнил 14 години (тука се вбројуваат и корисници на дроги, психотропни супстанци или алкохол; дете со пречки во развојот, дете-жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во ситуација во која е отежнато или оневозможено остварување на воспитната функција на семејството и сл.); *б) **помлад малолетник во ризик*** – лице кое во време на извршување на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок има наполнето 14, а нема наполнето 16 години или кое е корисник на дроги, психотропни супстанци или алкохол; или е со пречки во развојот, како и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во ситуација во која е отежнато или оневозможено остварување на воспитната функција на семејството; и *в) **постар малолетник во ризик*** - – лице кое во време на извршување на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок има наполнето 16, а нема наполнето 18 години, како и корисник на дроги, психотропни супстанци или алкохол; лице со пречки во развојот, како и воспитно и социјално запуштено лице кое се наоѓа во ситуација во која е отежнато или оневозможено остварување на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот (според Китkaњ, 2009).

Доџ, Кои и Лајнам (Dodge, Coie, & Lynam, 2006) посочуваат дека најопасни периоди за манифестирање на агресивно и насилничко однесување се доцната адолесценција и раната зрелост. Според овие автори, истражувањата соопшуваат различни мерки за агресивно однесување што резултира и во различна претстава за развој на истото. Некои од тие разлики подразбираат дека конструктот на агресивното однесување се менува низ различните возрасни периоди. Така, Тримблеј и соработниците (Tremblay et al. 2005; според Dodge,

Coie, & Lynam, 2006) сметаат дека различните мерки, во различни возрасти (на пр. тепање на 8 години, вандализам на 12 години и убиство на 18 години) може да бидат показатели на некаков антисоцијален конструкт кој се наоѓа во нивната заедничка основа. Агресивното однесување во суштина е сложен развоен конструкт, од причина што, неговиот интериндивидуален континуитет е силен, иако до некаде неговата интраиндивидуална, факторска структура и континуитетот на процесите се слаби. Адолесценцијата е период од животот кога се зголемува бројот на сериозни акти на насилство, кога помладите им се приклучуваат на повозрасните во антисоцијалното однесување и кога агресивното однесување се проширува во нови контексти, вклучувајќи ги и романтичните врски.

Истражувањата на половата вклученост во антисоцијално однесување упатуваат на заклучок дека меѓу мажите и жените постојат разлики кои се функција на развојната фаза и типот на манифестираното антисоцијално однесување. Притоа, половите разлики кои се јавуваат кај посериозна и постабилна агресија стануваат видливи веќе на тригодишна возраст. Во таа насока, Стејнџер и соработниците (Stanger et al. 1997; според Dodge, Coie, & Lynam, 2006) соопштуваат дека скоровите на скала за делинквенција во нивната студија биле повисоки за машките, отколку за женските испитаници во секоја од анализираните возрасни групи (од 4 до 18 години). Слични резултати кои говорат во прилог на половите разлики во однос на манифестираното антисоцијално однесување се добиени и во други студии (на пр. Ende, van der & Verhulst, 2005; Fergusson, & Horwood, 2002; Moffitt, Caspi, Rutter, & Silva, 2001; според Dodge, Coie, & Lynam, 2006). Ова упатува на заклучокот дека во повеќе форми на антисоцијално однесување машките лица се повеќе антисоцијални од женските лица.

Според Доџ, Кои и Лајнам (Dodge, Coie, & Lynam, 2006), во стручната литература, како причини за јавување на агресивното и насилничко однесување се посочени цела низа фактори. По својот извор и потекло овие фактори се поделени на: *а) генетски, б) диспозициски* – темперамент, личност, психопатија, невропсихолошки фактори, вербална активност, нарушувања во извршните функции на мозокот, т.е. мозочната самоконтрола, спацијални нарушувања, *в) биолошки* – преднатални и перинатални компликации, преднатална изложеност на наркотични средства, активност на автономниот нервен систем, половите

хормони, невротрансмитерите, *г) еколошки и социјални фактори* – култура, законодавство, политика, фактори од заедницата, еколошки фактори во рамки на семејството, грижа за детето надвор од семејството, ефектите од медиумите и насилството што таму се прикажува, *д) фактори* кои произлегуваат од *процесите во текот на раната социјализација* – квалитет на социо-емоционалното врзување, родителска топлина и заштита, неконзистентна дисциплина, физичко казнување, злоупотреба на детето од страна на родителот, *ѓ) фактори во детството кои потекнуваат од врсниците* - последици од отфлањето од страна на врсниците, *е) процесите во односите во семејството на адолесцентот, ж) процесите во односите со врсниците на адолесцентот* – девијантни влијанија на врсниците, вклученост во делинквентни банди и сл., *з) сознајно-емоционални способности и вештини* – контрола на емоции, поттикнување на агресивни конструкти, толеранција на фрустрации, препознавање на фацијални експресии и емоции кај другите, селективно внимание, припишување на намера, пристапност до целите, донесување одлуки итн.

Имајќи предвид дека појавата и развојот на агресијата и антисоцијалното однесување е условено од сложената интеракција на многу разновидни фактори, се очекува да постојат повеќе различни интервентни програми за негово спречување и намалување. Во таа насока, интервентните програми можат да бидат универзални (засновани врз целата популација), селектирани (групно специфични во зависност од идентификуваните ризични фактори), и индицирани (групно специфични во зависност од конкретното агресивно однсување).

## 1.12. Релевантни истражувања на моралното мислење и моралната слика за себе во адолесценцијата

Истражувањата од областа на *моралното мислење* покажуваат дека во периодот на адолесценција тоа продолжува интензивно да се развива. Наведените автори соопштуваат разлики во зависност од возраста, полот, местото на живеење, видот на образование, религиозноста и сл. Промените што ќе се случат во периодот на адолесценција се артикулираат со развојот на овие

поими во подоцнежните периоди. Кога станува збор за влијанието на возраста и полот врз развојот на моралното мислење, речиси и да нема посериозно научно истражување кое овие два фактора не ги зема во предвид. Клучните теории на морален развој, меѓу кои оние на Пијаже, Колберг, Рест, Туриел и други, потврдуваат дека возраста и степенот на образование имаат важна улога во развојот на моралното мислење и манифестирањето на морално однесување. Значењето на возраста е потврдено во низа истражувања (на пр. Colby, 1978, 2000; Colby & Damon, 1993; Narvaez, 2005, 2006; Narvaez & Bock, 2002; Narvaez, Lapsley, Hagele, & Lasky, 2006; Narvaez & Vaydich, 2008; Rest, 1974, 1975, 1982, 1994; Rest & Narvaez, 1991, 1994; Rest, Narvaez, Bebeau, & Thoma, 1999; Rest & Thoma, 1985; Thoma, 2006; Thoma & Bebeau, 2008; Thoma, Bebeau, & Boland, 2008; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008; Thoma & Rest, 1999; Walker, 1982, 1989, 1991, 2002, 2005; Walker, de Vries, & Trevethan, 1987; Walker & Taylor, 1991a).

Полот, исто така, се посочува како фактор кој има влијание врз развојот на морално мислење (на пр. Gilligan, 1982; Rest, 1974, 1975; Rest & Thoma, 1985; Skoe et al., 1999; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008; Walker, 1991). Истражувањата на Тома и соработниците (Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008; Thoma, Hestevold, Sargent, & Crowson, 2005; според Lewis, 2007) соопштуваат дека полот и возраста влијаат врз степенот на морално мислење. Повозрасните адолесценти и адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите избори и објаснувања во споредба со адолесцентите од машки пол.

Истражувањата за влијанието на степенот на образование врз развојот на моралното мислење покажуваат дека повисокото образовно ниво е поврзано со повисок степен на морално мислење (на пр. Bebeau, & Thoma, 1998, 1999; Bebeau, Rest, & Narvaez, 1999; Rest; 1974; 1982; Rest, Narvaez, Bebeau, & Thoma, 1999; Rest & Thoma, 1985). Видот на образование, исто така, влијае врз развојот на морално мислење. Поединците кои работат во професии каде фокусот е ставен врз директен контакт и работа со клиенти и во кои постои кодекс на професионална етика (на пр. медицина, стоматологија, психологија, правни науки итн.) покажуваат повисок степен на морално мислење (Bebeau, 2002; Bebeau & Monson, 2008; Bebeau, Rest, & Narvaez, 1999; Bebeau & Thoma, 1998, 1999; Thoma, 2006; Thoma & Bebeau, 2008; Thoma, Bebeau, & Boland, 2008).

Значајноста на улогата што примарните агенси на социјализација ја имаат во развојот на моралното мислење е потврдена во многу истражувања (на пр. Pratt, Arnold, Pratt, & Diessner, 1999; Schonert-Reichl, 1999; Walker, Hennig, & Krettenauer; 2000; Walker & Taylor, 1991b). Во истражувањето на Волкер, Хиниг и Кретенауер (Walker, Hennig, & Krettenauer, 2000) се анализирани вербалната интеракција со родителите и врсниците, его функциите и степенот на морално резонирање кај лица од доцно детство до средна адолесценција, пришто е најдено дека интеракцијата и со врсниците и со родителите влијае врз развојот на моралното мислење, но на различни начини. Високо стимулирачкиот контекст со квалитетна интеракција генерално предвидува повисоки степени на морално мислење. Кога различен вид интеракцииии (операционална, репрезентативна, информативна, поддржувачка) интерферираат меѓусебе, се покажува дека тоа води кон минимален развој во рамки на семејниот контекст и кон брз развој во контекст на врсниците. Овој наод е во склад со тврдењата на Пијаже, како и со наодите од истражувањата на Берковиц и соработниците, Хаан, Купер и соработниците итн. (Berkowitz & Grych, 1998; Cooper, Carlson, Keller, Koch, & Spradling, 1991; Haan, 1985; според Walker, Henning, & Krettenauer; 2000).

Што се однесува до влијанието на его функциите, добиените наоди упатуваат на заклучокот дека незрелите его функции интерферираат со моралниот развој на испитаниците. Родителите и врсниците кои се премногу заштитнички настроени не овозможуват квалитетни интерперсонални односи, ниту создаваат стимулирачка средина за решавање на моралните дилеми на осмислен начин. Слаботo его функционирање е поврзано со ригидност, рационализации, неосетливост за туѓите чувства и потреби, регресии, одрекувања и погрешно користење на емоциите. Истото негативно влијае врз развојот на моралното мислење на децата и адолесцентите. Авторите заклучуваат дека стимулирањето на моралното мислење во контекст на соодветен стил на интеракција е суштинско за моралниот развој.

Резултатите од истражувањето на Шонерт-Рајхл (Schonert-Reichl, 1999) укажуваат дека моралното мислење во рана адолесценција е значајно и позитивно поврзано со статусот на водач во групата, потоа со просоцијалното однесување кај девојките, со антисоцијалното однесување кај момчињата, со бројот на блиски пријатели и социјализаторските активности и активностите на

дејствувач кај девојките. Најдено е и дека социјалните однесувања во раната адолесценција посредуваат во врската меѓу моралното мислење и прифатеноста од страна на врсниците, во смисла на статус на водач. Земено во целост, резултатите укажуваат на значајното влијание кое врсниците го имаат врз развојот на моралното мислење во адолесценцијата.

Интересот за проучување на процесите кои се наоѓаат во основа на развојот на сликата за себе од неодамна се интензивираат во многу области од психологијата. Така, нео-пијажеовците соопштуваат податоци за нормативни промени при формирањето на сликата за себе (на пр. Case, 1992; Fischer, 1980; Harter, 1997; Higgins, 1991; според Harter, 2006). Понатаму, современите теоретичари на социоемоционалното врзување посочуваат нови сознанија во врска со начинот на кој интеракцијата меѓу детето и значајните други влијае врз обликување на себепретставувањето и претставувањето на другите (на пр. Bretherton, 1991, 1993; Cassidy, 1990; Cicchetti, 1993; Cicchetti & Beeghly,1990; Cicchetti & Cohen, 1995; Cicchetti & Rogosch, 1996; Pipp, 1990; Rutter & Sroufe, 2000; Sameroff, 2000; Sroufe, 1990; според Harter, 2006). На ова се надоврзуваат и истражувањата на клиничките психолози кои придонесуваат кон разбирање на значењето на раната социјализација во формирањето на структурата и содржината на сликата за себе, што има импликации и во областа на психопатологијата (на пр. Blatt, 1995; Bleiberg, 1984; Kernberg, 1975; Kohut, 1977; Winnicott, 1965; според Harter, 2006). Социјалните психолози и авторите кои работат во областа на психологијата на личност соопштуваат наоди за процесите кои предизвикуваат индивидуални разлики во однос на самоперцепцијата, особено кај возрасните (на пр. Baumeister, 1987, 1993; Epstein, 1991; Kihlstrom, 1993; Markus & Wurf, 1987; Steele, 1988; според Harter, 2006).

Развојни трендови се забележани и во однос на *моралната слика за себе* (Arnold, 1993; Berger, 2008; Bergman, 2004, 2005; Blasi, 1988, 1993, 2004; Blasi & Glodis, 1995; Blasi & Milton, 1991; Grundtner, Rode, Giebel, & Bock, 2008; Hart, 1988, 2005; Higgins-D'Alessandro, 2006; Keller & Edelstein, 1991, 1993; Moshman, 2005; Power, 2004, 2006; Warren, 2008) Истражувањата покажуваат дека одредени аспекти на моралниот развој во адолесценцијата (особено развојот на моралниот идентитет) можат да бидат мошне значајни во предвидувањето на генеративноста кај младите возрасни (на пр. Blasi, 2004; Hardy & Carlo, 2005;

Lawford, Pratt, Hunsberger, & Pancer, 2005; McAdams et al., 1997; според Pratt & Arnold, 2006; Pratt & Arnold, 2006), потоа на моралниот интегритет кај младите возрасни и лицата на средна возраст (на пр. Marozzo-Olson, 1998), како и на смислата на животот (на пр. Steger, 2005). Сознанијата до кои дошле Матсуба и Волкер (Matsuba & Walker, 2005) укажуваат дека карактеристиките на поединците кои се посочуваат како морални примери, подобро се разбираат доколку се испитува развојот на моралната посветеност кај адолесцентите и младите возрасни.

Колби и Дејмон (Colby & Damon, 1992; според Hardy & Carlo, 2005) соопштуваат слични податоци укажувајќи дека поединците чии животи се посветени на морални цели покажуваат единство на нивното Јас со нивните морални цели. Харт и Фигли (Hart & Fegley, 1995) доаѓаат до податоци според кои адолесцентите кои се посочени како морални примери, многу почесто ги користат моралните вредности (на пр. чесност) и моралните цели (на пр. помагање на другите) кога се опишуваат себе си, за разлика од нивните врсници. Арнолд (Arnold, 1993) испитувајќи ја врската меѓу моралната слика за себе и моралното однесување на адолесцентите наоѓа дека моралната идентификација и моралната мотивација позитивно го предвидуваат моралното однесување. Тоа значи дека адолесцентите кои вклучуваат поголем број морални вредности како централни во нивната слика за себе и кои соопштуваат морални причини за важноста на истите во нивните животи, манифестираат повисоко ниво на морално однесување.

Истражувањата на дел од авторите (на пр. Pratt et al. 2003; Youniss & Yates, 1997; според Hardy & Carlo, 2005) за врската меѓу моралната слика за себе и моралното однесување, покажуваат дека во периодот на адолесценција вклучувањето во морални активности може да му претходи на развојот на моралната слика за себе. Според нив, голема е веројатноста од двонасочност во ваквата врска, во смисла на тоа дека моралното однесување го стимулира развојот на моралната слика за себе која потоа го мотивира моралното однесување. Во возрасниот период позастапен е обратниот однос т.е. лицата кои имаат поразвиена морална слика за себе почесто се вклучуваат во морални активности (според Hardy & Carlo, 2005).

Резултатите од истражувањето на Грандтнер, Род, Гибел и Бок (Grundtner, Rode, Giebel, & Bock; 2008) покажуваат дека поединците од средна и доцна

адолесценција по следењето на едносеместрален курс по етика постигнуваат повисоки скорови на мерките за морална слика за себе. Тие повеќе ги избираат моралните вредности и доблести како централни во нивната слика за себе, повеќе ги претпочитаат деонтолошките и теориите на доблести, одошто утилитаристички ориентираните теории. При описите на „добра личност" овие испитаници, исто така, повеќе ги користат доблестите и моралните вредности. Ваквите наоди упатуваат на позитивната улога и значење што етичкото образование го има во моралниот развој на адолесцентите.

Истражувањата кои се однесуваат на адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат дека овие лица имаат искривен систем на морални вредности, намалено чувство на лична и општествена одговорност, намалена креативност и активност (според Киткањ, 2009). Тома и соработниците (Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008; Thoma, Hestevold, Sargent, & Crowson, 2005; според Lewis, 2007) соопштуваат дека адолесцентите кои манифестираат ваков вид однесување имаат потешкотии во идентификување на добрите, а особено на лошите избори и објаснувања при донесувањето на морална одлука. На ваквите наоди се надоврзуваат и наодите што ги соопштуваат Бебо и Тома (Bebeau, & Thoma, 1999) во истражувањата на посредните поими со студентска популација. Овие автори посочуваат дека способноста на адолесцентите да ги разберат и користат посредните поими е поврзана со проблематичното однесување манифестирано во училишен контекст. Студиите во врска со делинквенцијата и социопатијата соопштуваат резултати според кои речиси 70%-80% од испитаниците се наоѓаат во претконвенционалното ниво на морално мислење. Многу мал број од нив има морално мислење развиено до третиот или четвртиот стадиум, т.е. до конвенционалното ниво (Thoma & Rest, 1986; Jennings, Kilkenny, Kohlberg, 1983; според Pejović-Milovančević, 2001).

Во истражувањето на Пејовиќ-Милованчевиќ (Pejović-Milovančević, 2001) децата и адолесцентите со нарушување во однесувањето постигнуваат пониски скорови на тестовите за интелигенција во споредба со популацијата која не манифестира слични нарушувања. Воедно, добиваат повисоки скорови на скалите за анксиозност, агресивност, склоност кон дисоцијација, како и пореметување на интегративните функции на нервниот систем. Авторката соопштува и повисоки скорови кај оваа група испитаници на скалите на

синдроми што клинички укажуваат на тоа дека овие поединци манифестираат делинквентно и агресивно однесување, потоа дека имаат проблеми во одржување на вниманието, како и проблеми во мисловните процеси. Исто така, кај нив се регистрирани значителни проблеми во процесот на социјализација што се особено видливи во склоноста кон социјална изолација, како една крајност, па сè до тенденција кон здружување во врснички групи и спроведување на антисоцијални напади во општеството. Во ова истражување децата со нарушување во однесувањето потекнуваат од семејства кои и самите имаат проблем, кои се наоѓаат на маргинализирана општествена позиција, нивните родители имаат ниско образовно ниво, а одреден број од овие испитаници воопшто и не живее со своите родители, туку се сместени во специјализирани воспитни установи или во домови за деца без родители и родителска грижа.

Ајдуковиќ (Ajduković, 1989) испитувајќи ги вредносните ориентации на малолетните делинквенти наоѓа дека постои разлика во важноста која испитаниците со различен делинквентен статус ја припишуваат на анализираните вредносни ориентации. Утврден е паралелизам меѓу неприфатливото однесување и диференцијацијата на вредностите во општествено негативна насока. Вредностите на средношколците се диференцирани во општествено попожелна насока, за разлика од вредносите на делинквентите кои се институционализирани и тоа особено оние кои се сместени во воспитно-поправни домови и кај кои се регистрира диференција-ција во понепожелна насока. Ваквите наоди се совпаѓаат со наодите од истражувањата на многу други автори (на пр. Lerman, 1966; Shoham et al. 1970; Siegel et al. 1971; Petrović, 1973; според Ajduković, 1989).

Вредносните ориентации на малолетниците во истражувањето на Ајдуковиќ кои се службено евидентирани како сторители на кривични дела, не се хомогени. Кога еквивалентните парови испитаници со различен делинквентен статус се изедначени според повеќе социодемографски варијабли и лични карактеристики излегува дека се послични отколку делинквентните, односно неделинквентните групи меѓу себе. Врз основа на ваквите резултати Ајдуковиќ заклучува дека делинквентниот акт, сам по себе не е релевантен фактор за вредносната диференцијација кај адолесцентите. Се чини дека и делинквентиот статус и општествено непожелниот склоп вредности се корелати

на одредени неповолни социодемографски и лични карактеристики кај овој дел од адолесцентната популација, односно на неповолниот процес на социјализација. Сепак, тргнувајќи од сфаќањето на вредностите како регулатори и стандарди на однесувањето, ваквите резултати, според Ајдуковиќ (Ajduković, 1989), сугерираат на значењето што го имаат вредностите како посредувачки варијабли меѓу неповолниот тек на социјализацијата и неприфатливото однесување.

Хроничните и сериозни злоупотреби во текот на детството и адолесценцијата ги водат адолесцентите кон големи ризици од потиснување на вистинската слика за себе и манифестирање на различни форми на неавтентично, т.е. лажно себство. Истажувањата спроведени во таа насока покажуваат дека родителите кои не реагираат или несоодветно ги задоволуваат потребите на детето, кои не се доволно емпатични, кои физички и психички го малтретираат детето итн. предизвикуваат потиснување на вистинската слика за себе што за последица има јавување на депресија, безнадежност, ниско себепочитување и себеприфаќање, како и деструктивно и автодеструктивно однесување кај адолесцентите (Bleiberg, 1984; Harter 1999; Stern, 1985, Winnicott, 1958, 1965; според Harter, 2006). Слични ефекти имаат и отфрлувањето, понижувањето и казнувањето на поединецот од страна на врсничката група (според Harter, 2006).

Истражувањата спроведени во Р. Македонија во областа на моралот и моралниот развој, укажуваат на разлики во вредносната хиерархија меѓу адолесцентите, потоа меѓу адолесцентите и возрасните, како и на зголемена насоченост кон личните потреби и интереси (на пр. Бакревска, 2002; Стојановска, 2007; Фрицханд, 2007а, 2007b). Арнаудова (според Бакревска, 2002) наоѓа дека младите како водечки принципи во животот ги имаат конформизмот, постигнувањето и насоченоста кон себе, додека за нив најмалку претпочитани принципи се стимулацијата, моќта и традицијата. Податоците од истражувањето на Такашманова-Соколовска (според Бакревска, 2002) говорат дека лицата во рана и средна адолесценција претпочитаат вредности кои укажуваат на семејна хармонија, блискост, потреба за слобода и лична сигурност, верно и искрено пријателство.

Киткањ (2009) во истражувањето на престапничкото однесување на малолетните сторители добива резултати кои покажуваат дека малолетните

лица имаат поголема стапка на криминалитет од возрасните сторители на кривични дела. Ако се земе предвид застапеноста на малолетниците во вкупниот број на население се констатира дека учеството на малолетните сторители на кривични дела во вкупниот криминалитет (во периодот меѓу 1998 и 2007 година) е поголемо за речиси 30% во однос на возрасните. Понатаму, истиот автор соопштува податоци дека: кај малолетниците доминираат кривични дела од имотна природа, истите ги вршат во соучесништво (дури 63,6% од вкупно извршените кривични дела се сторени од две или повеќе лица). Малолетните сторители на кривични дела имаат низок степен на образование. Поголемиот број малолетници кои се на издржување заводска или казна малолетнички затвор имаат интелектуален дефицит. Голем број од малолетничките делинквенти пред извршувањето на делото биле консументи на алкохол и/или дрога и психотропни супстанци. Поголемиот број од малолетниците на кои им е изречена заводска мерка или казна малолетнички затвор се повратници, а најголемиот број на малолетници на кои им е изречена заводска мерка или казна затвор во судир со законот дошле пред да наполнат 14 години. Поголемиот број од малолетниците потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус и процентуалната застапеност на женските малолетни лица во малолетничкиот криминалитет е многу мала.

Шурбановска (2009) истражувајќи го влијанието на семејството и врсниците како фактори на социјалното однесување на детето во училишна средина, соопштува резултати кои ја потврдуваат важната улога на овие два агенси во процесот на социјализација. Според авторката, семејните и врсничките односи во голема мерка придонесуваат во објаснувањето на облиците на социјално однесување на детето во училишната средина. Семејните односи во однос со врсничките, во поголема мерка придонесуваат за разбирање на осаменото, агресивното однесување и задоволството на детето од училиштето. Врсничките односи се повеќе значајни за перцепцијата на социјалната поддршка од врсниците. Во контекст на агресивното однесување резлутатите од ова истражување посочуваат дека несигурната врзаност со мајката и несоодветниот модел на таткото го поттикнува агресивното однесување на детето. Оттука авторката заклучува дека квалитетот на односите со двата родитела, особено со таткото, најверојатно влијае врз агресивното однесување на детето. Ова

понатаму оневозможува воспоставување на квалитетни односи со најдобриот другар.

Ваквите резултати во извесен степен се последица од влијанието на насилните структури, насилните култури и насилните актери кои водат до структурно, културно и директно насилство (Галтунг, 2000; според Мурџева-Шкариќ, 2007). Неможноста да се задоволат базичните потреби, неизвесноста, социјалното и економското лишување (невработеноста, слабата социјална заштита и сл.), културното отуѓување, криминалот, корупцијата, манипулирањето, неправдата, провоцираат најразлични реакции кај поединците кои се протегаат од апатија до агресија (Мурџева-Шкариќ, 2007). Оваа состојба го нарушува процесот на социјализација и го засега оптималниот развој на адолесцентите. Во текот на процесот на индивидуација и оддалечување од родителскиот авторитет и модел, тие се препуштени на модели промовирани од медиумите, врсниците и општеството во целина, кои често пати се насилни и негативни. Ваквите влијанија се манифестираат во менување на вредносната хиерархија од аспект на претпочитаните вредности, во претпочитаниот стил на живеење, во верувањата, ставовите, во сè поголемата насоченост кон себе, нетрпеливост, отуѓеност итн. Ова е особено забележливо кај поединците со асоцијално и антисоцијално однесување, кои по пат на судска одлука се сместени во воспитно-поправни и казнено-поправни домови, поради кршење на општествените норми и закони. Оттука, како значајна се наметнува потребата да се истражи кои вредности адолесцентите ги сметаат за централни и најважни во сопствената морална перцепција и дали повозрасните адолесценти поблиску се идентификуваат со моралните вредности и доблести од помладите адолесценти. Исто така, потребно е да се утврди способноста на адолесцентите да идентификуваат добри и лоши постапки, да прават разлика меѓу нив и да ги препознаваат соодветните објаснувања за истите кога се соочени со конкретна морална дилема. Конечно, важно е да се утврдат евентуалните разлики во моралната слика за себе и моралното мислење кои постојат во однос на возраста, полот, видот на образование, (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и примарна група на социјализација – семејството. Утврдувањето на односот меѓу овие два домени на моралноста кај адолесцентите е од значајно за објаснување на моралното однесување на поединците. Поради тоа испитувањето на истиот ќе биде една од целите на овој труд.

# II. ДЕЛ
# МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во овој дел е опишана методологијата што се користи за проверка на поставените истражувачки хипотези. Најпрво се претставени проблемот, задачите и целта на истражувањето, а потоа следуваат хипотезите и варијаблите. Понатаму се опишани инструментите за проценка на моралното мислење и моралната слика за себе кај лица од рана, средна и доцна адолесценција, кои се основна целна група во овој труд. Прикажани се и примерокот испитаници, текот на истражувањето, како и начинот на задавање на инструментите. На крајот од овој дел е даден краток преглед на статистичките анализи кои се спроведени за да се истражат евентуалните разлики во однос на моралното мислење и моралната слика за себе кои се должат на возраста, полот, видот на образование, (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и примарната група на социјализација - семејството. Воедно, се испитува и каков е односот меѓу моралното мислење и моралната слика за себе кај адолесцентите од машки и женски пол во трите анализирани возрасни групи.

## 2.0. Проблем, задачи и цел на истражувањето

***Проблемот*** со кој се занимава ова истражување е ***дали постојат разлики во моралното мислење и во моралната слика за себе кај адолесцентите во зависност од возраста, полот, видот на образование, (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и примарната група на социјализација.*** Во истражувањето се испитува и односот меѓу моралното мислење и моралната слика за себе во зависност од возраста и полот. Анализите кои се спроведуваат се со цел да се утврди како во периодот на адолесценција се менуваат овие два домени на моралноста.

Со истражувањето се опфатени машки и женски испитаници од рана, средна и доцна адолесценција. Во однос на видот на образование вклучени се испитаници кои учат во гимназија и во Македонската православна богословија (средна адолесценција), односно студенти на Филозофскиот факултет, Факултетот за физичка култура и на Православниот богословски факултет

(доцна адолесценција) во Скопје. Истражувањето, исто така, опфаќа адолесценти кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување, како и адолесценти кои живеат во дом за деца без родители и родителска грижа.

Од основното проблемско прашање произлегуваат следните ***посебни задачи*** на истражувањето кои се поделени во две групи. Задачите од првата група се насочени кон утврдување на: *а)* ***разлики во моралното мислење кај адолесцентите, во зависност од возраста***; *б)* ***разлики во моралното мислење кај адолесцентите, во зависност од полот;*** *в)* ***разлики во моралното мислење кај адолесцентите, во зависност од видот на образование;*** *г)* ***разлики во моралното мислење кај адолесцентите во зависност од (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување;*** *д)* ***разлики во моралното мислење кај адолесцентите во зависност од примарната група на социјализација (семејството)***.

Задачите од втората група се насочени кон утврдување на: *а)* ***разлики во моралната слика за себе на адолесцентите, во зависност од возраста;*** *б)* ***разлики во моралната слика за себе на адолесцентите, во зависност од полот;*** *в)* ***разлики во моралната слика за себе на адолесцентите, во зависност од видот на образование;*** *г)* ***разлики во моралната слика за себе кај адолесцентите во зависност од (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување;*** *д)* ***разлики во моралната слика за себе кај адолесцените во зависност од примарната група на социјализација (семејството).*** Посебна задача е да се утврди односот меѓу моралното мислење и моралната слика за себе кај адолесцентите од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција.

***Главна цел*** е да се направи развојно-трансферзално истражување со кое ќе се дојде до емпириски проверени сознанија за моралната перспектива на лицата од периодот на адолесценција. При испитување на моралното мислење целта е да се утврди способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања при решавање на конкретни морални дилеми. Тука се разгледува влијанието на повеќе варијабли како што се возраст, пол, вид на образование, (не)манифестирано асоцијално и антисоцијално однесување и примарна група на социјализација. Целта е да се посочат карактеристиките на моралното мислење и промените што кај оваа способност се случуваат во периодот на адолесценција. Кога се испитува моралната слика за себе целта е да

се утврди колку моралните вредности се централни во неа и како таа се менува во зависност од возраста, полот, видот на образование, (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и разликите во примарните групи на социјализација. Фокусот е ставен на тоа дали и колку адолесцентите се идентификуваат со моралните вредности и доблести.

Врз основа на добиените резултати направен е обид да се претпостави како се менуваат моралното мислење и моралната слика за себе кај адолесцентите од Р. Македонија. Намерата е да се утврдат компонентите во однос на кои адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување и оние кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа се разликуваат од нивните врсници кои не манифестираат таков вид на однесување и кои живеат со своите родители кои се во брак. На тој начин се збогатуваат теоретските сознанија во врска со моралниот развој, процесот на социјализација и влијанието на општествениот контекст во кој овие процеси се одвиваат. Пошироко, се дава теоретски придонес во областа на развојната психологија, во применетата развојна психологија, педагошката психологија, психологијата на личност и во социјалната психологија. Очекувањата се дека сознанијата до кои ќе се дојде ќе поттикнат натамошни истражувања, а ќе имаат и практични импликации наоѓајќи го своето место и улога во развивање едукација, тренинг и можни интервенции во доменот на моралниот идентитет и моралниот карактер. Се очекува сознанијата да посочат начини за системско менување на контекстот и негова трансформација во конструктивно и стимулативно милје за раст и развој на идните генерации.

## 2.1. Истражувачки хипотези

| |
|---|
| А хипотези: се однесуваат на разлики во однос на моралното мислење кај адолесцентите, во зависност од возраста, полот, видот на образование, (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и примарната група на социјализација. |

Генералната хипотеза гласи:

**А: Адолесцентите на различна возраст, од различен пол, со различен вид на образование, со или без асоцијално и антисоцијално однесување и со разлики во примарната група на социјализација меѓусебно се разликуваат во однос на моралното мислење.**

А1: Повозрасните адолесценти покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со помладите адолесценти.

А2: Адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите од машки пол.

А3: Адолесцентите се разликуваат во однос на моралното мислење во зависност од видот на образование.

А3.1. Адолесцентите кои учат во гимназија покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои учат во Македонската православна богословија.

А3.2. Адолесцентите кои студираат на Филозофскиот факултет и на Факултетот за физичка култура покажуваат помала способност да ги

идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои студираат на Православниот богословски факултет.

Резултатите од истражувањата во кои биле вклучени адолесценти со асоцијално и антисоцијално однесување (на пр. Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008) укажуваат на тоа дека овие испитаници имаат потешкотии во идентификувањето на добрите, а особено на лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување. Се очекува слични разлики да се добијат и меѓу испитаниците кои се разликуваат според примарната група на социјализација (семејство). За таа цел се поставени следните две хипотези:

А4: Адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување.

А5: Адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак.

Б хипотези: се однесуваат на разлики во однос на моралната слика за себе кај адолесцентите, во зависност од возраста, полот, видот на образование, (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и примарната група на социјализација.

Генералната хипотеза гласи:

**Б: Адолесцентите на различна возраст, од различен пол, со различен вид на образование, со или без асоцијално и антисоцијално однесување и со разлики во примарната група на социјализација меѓусебно се разликуваат во однос на моралната слика за себе.**

Б1: Повозрасните адолесценти почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од помладите адолесценти.

Б2: Адолесцентите од женски пол почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите од машки пол.

Б3: Адолесцентите се разликуваат меѓусебе во однос на моралната слика за себе во зависност од видот на образование.

Б3.1. Адолесцентите кои учат во гимназија поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои учат во Македонската православна богословија и кои почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.

Б3.2. Адолесцентите кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои студираат на Православниот богословски факултет и кои почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.

Со оглед на тоа што некои од истражувањата кои го испитуваат моралното мислење на адолесцентите соопштуваат разлики меѓу адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување и адолесцентите кои не манифестираат такво однесување, во однос на способностите да ги идентификуваат добрите и лошите постапки, да прават разлики меѓу нив и меѓу соодветните објаснувања за истите (на пр. Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008), во ова истражување ќе се очекуваат разлики меѓу овие групи испитаници и во однос на моралната слика за себе. Ова од причина што постои поврзаност меѓу моралното мислење и моралната слика за себе од аспект на доблестите врз кои се засновуваат мерните инструменти што се користат во ова истражување (според Thoma, 2008; лична комуникација). Се очекува слични разлики да се добијат и меѓу испитаниците кои се разликуваат според примарната група на социјализација. Оттаму се поставени следниве две хипотези:

Б4: Адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување и кои почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.

Б5: Адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак.

В: Адолесцентите од машки и женски пол на различна возраст кои покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите избори и објаснувања почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.

## 2.2. Варијабли и индикатори

Заради поголема прегледност, во истражувачкиот нацрт на овој труд варијаблите ќе бидат условно категоризирани како независни, зависни и контролирани.

### Независни варијабли:

1. Возраст. Во ова истражување се вклучени адолесценти од рана, средна и доцна адолесценција.

2. Пол. Истражувањето опфаќа адолесценти од машки и женски пол. Кога станува збор за адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување, како и оние кои престојуваат во домови за деца без родители и родителска грижа, во анализите се вклучени само испитаници од машки пол, бидејќи станува збор за пригоден примерок.

3. Вид на образование. Во ова истражување се вклучени адолесценти кои учат во гимназија и адолесценти кои учат во Македонската православна богословија (средна адолесценција), односно адолесценти кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура и адолесценти кои студираат на Православниот богословски факултет во Скопје (доцна адолесценција).

4. Асоцијално и антисоцијално однесување. Во истражувањето се вклучени адолесценти кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување и адолесценти кои не манифестираат ваков вид однесување.

5. Примарна група на социјализација (семејство). Истражувањето опфаќа адолесценти кои живеат во семејство со родители кои се во брак и адолесценти кои престојуваат во домови за деца без родители и родителска грижа.

**Зависни варијабли**:

1.Морално мислење. Во ова истражување под поимот *морално мислење* се подразбира „способност на поединецот да ги идентификува и да ги разликува добрите од лошите постапки и објаснувања при решавање на одредена морална дилема". Оваа дефиниција се користи при определбата на моралното мислење мерено со **инструментот за мерење на посредни поими кај адолесцентите** (Intermediate Concept Measure for Adolescents - AD-ICM). Овој инструмент е развиен во рамки на *мерките на посредните поими* (Intermediate Concepts Measures - ICM) чија основа е во методологијата на *тестот на одредувачки теми* (Defining Issues Test-DIT), развиена од Рест и соработниците (според Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008). Основна карактеристика на посредните поими е тоа што опишуваат ниво на анализа кое се наоѓа меѓу општите шеми на Колберг и специфичните етички кодекси кои зборуваат за одредени права и забрани. Тие се втемелени во специфични професионални контексти, особено во т.н. „професии за помагање" (на пр. психологија, педагогија, медицина, право итн.). Клучната предност на инструментот за мерење на посредните поими кај адолесцените (Intermediate Concept Measure for Adolescents - AD-ICM) се состои во тоа што со него се мери морално мислење кое е поврзано со реални животни контексти. Наменет е за адолесцентна популација, а се засновува врз универзални вредности, односно доблести кои се составен дел на моралниот идентитет и карактер (на пример чесност, самоконтрола, правичност, одговорност, почитување на другите и сл.).

Посредните поими се однесуваат на способноста да се идентификуваат активности и да се даваат објаснувања за истите. Значајноста на овој инструмент се состои во тоа што тој успешно ги диференцира адолесцентите кои имаат потешкотии со идентификување на лошите постапки и несоодветните

објаснувања за нив. Тоа е тесно поврзано со сликата за себе што овие лица ја имаат изградено од аспект на тоа кои вредности ги сметаат за централни кога се опишуваат себе си (Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008).

2. Морална слика за себе. *Моралната слика за себе* во ова истражување е операционализирана преку „перцепцијата и идеите што поединецот ги има за себе од аспект на доблестите". Оваа дефиниција се користи при определба на моралната слика за себе мерена со **скала на доблести** („Virtuous Qualities Scale") и **инструмент за мерење на моралната слика за себе** („Moral Self-concept Measure") што се употребени во ова истражување. Слична дефиниција дава и А. Блази, според кого, моралната слика за себе е фокусирана врз важноста и значењето што моралните вредности го имаат во сликата за себе на одредено лице (Blasi 1980, 1983, 1988, 1993). Моралната слика за себе најинтензивно се развива во периодот на адолесценција, особено во средната и доцна адолесценција, а нејзините основи се јавуваат уште во детството (Arnold, 1993; Blasi, 1988, 1993; Blasi & Milton, 1991; Hart, 1988; Higgins-D'Alessandro, 2006; Keller & Edelstein, 1991, 1993; Power, 2006). Во развојната анализа на сликата за себе, Дејмон и Харт (Damon & Hart, 1988; според Colby & Damon, 1993) ги наведуваат детството и адолесценцијата како клучни периоди во кои моралноста и сликата за себе се обединуваат. Од нивната анализа е јасно дека рано во животот тие се одвоени концепциски системи со многу мала меѓусебна интегрираност. Кога децата ги прашуваат кои се тие или какви се, тие не ги вклучуваат своите морални цели и/или верувања во одговорите. Наместо тоа, се фокусираат врз површинските карактеристики на нивното физичко, активно, општествено и психолошко себство. Децата често зборуваат за тоа што е правично и за тоа што тие би го направиле, како за две сосема одвоени нешта. Оваа поделеност ја надминуваат кон крајот на средното детство, со што се засилува врската меѓу моралните интереси и сопствените интереси. Резултат од ваквото обединување е поголемата предвидливост меѓу нивното морално расудување и морално однесување. Периодот на адолесценција, особено средната и доцна адолесценција, е времето кога моралноста и сликата за себе се соединуваат градејќи го моралниот идентитет на поединецот (според Colby & Damon, 1993).

Земајќи ги предвид сознанијата од претходно спроведени истражувања во областа која е предмет на ова истражување, издвоени се следниве **контролирани варијабли**:

1. Место на живеење. Оваа варијабла се држи под контрола со обезбедување хомоген примерок испитаници (вклучени се само лица што живеат во Скопје). Истата не може да се контролира кај испитаниците кои се сместени во воспитно-поправни установи (ВПУ) и казнено-поправни домови (КПД) како и во домовите за деца без родители и родителска грижа поради пригодноста на примерокот, неговата специфичност и ограничена големина.
2. Етничка припадност. Контрола на оваа варијабла е обезбедена преку хомоген примерок испитаници (вклучени се само испитаници кои се изјаснуваат како етнички Македонци). Оваа варијабла не може да се контролира кај испитаниците кои се сместени во воспитно-поправни установи (ВПУ) и казнено-поправни домови (КПД) како и во домовите за деца без родители и родителска грижа поради пригодноста на примерокот, неговата специфичност и ограничена големина.
3. Религиозна припадност. Контрола на оваа варијабла е обезбедена преку хомоген примерок испитаници (вклучени се само испитаници кои се изјаснуваат како православни Христијани). Оваа варијабла не може да се контролира кај испитаниците кои се сместени во воспитно-поправни установи (ВПУ) и казнено-поправни домови (КПД) како и во домовите за деца без родители и родителска грижа поради пригодноста на примерокот, неговата специфичност и ограничена големина.

## 2.3. Мерни инструменти

1. Моралното мислење во ова истражување се испитува со **инструментот за мерење на посредните поими кај адолесцентите** (Intermediate Concept Measure for Adolescents - AD-ICM) чиј автор е Стивен Тома (Stephen J. Thoma). Инструментот е конструиран во 2005 година. Се

состои од седум приказни во кои актерот е соочен со морална дилема. Актерите се адолесценти со фиктивни имиња на возраст блиска со онаа на испитаниците. По секоја приказна се наведени по 8 или по 9 можни постапки на актерот кои испитаникот треба да ги оцени на скала од 1 до 5 (1-цврсто верувам дека ова е добар избор; 2-верувам дека ова е добар избор; 3-не сум сигурен/на; 4-верувам дека ова е лош избор; и 5-цврсто верувам дека ова е лош избор). Испитаникот ги оценува сите опции, по што треба да ги рангира најдобрите три почнувајќи со најпретпочитаната. Исто така ги рангира двете најлоши опции почнувајќи од најмалку претпочитаната. Потоа испитаникот треба да оцени листа од 10 или од 11 можни причини за постапките на актерот во приказната користејќи скала од 1 до 5 (1-цврсто верувам дека ова е добра причина; 2-верувам дека ова е добра причина; 3-не сум сигурен/на; 4-верувам дека ова е лоша причина; и 5-цврсто верувам дека ова е лоша причина). Откако ќе ги оцени сите понудени причини испитаникот треба да ги рангира трите најпретпочитани, почнувајќи од онаа за која цврсто верува дека е најдобра причина што ја оправдува постапката на актерот во приказната. На крајот треба да ги наведе двете најлоши причини, почнувајќи со најмалку претпочитаната. Истата постапката се применува на сите седум приказни.

При опишување на одговорите добиени на AD-ICM се користат три индикатори: *а)* број на рангирани опции како најдобри (постапка и објаснување), *б)* број на рангирани опции како најлоши (постапка и објаснување) и *в)* вкупен индекс добиен од комбинацијата на добрите и лошите опции (постапки и објаснувања). **Првиот индикатор** на морално мислење се фокусира на способноста за идентификување на најдобрите излистани опции и се пресметува од проценките на добрите постапки и објаснувања. Тој го претставува просекот од добрите постапки и објаснувања и се прикажува како процент од вкупниот можен скор. **Вториот индикатор** на морално мислење се фокусира на способноста за идентификување на најлошите излистани опции и се пресметува од проценките на лошите постапки и објаснувања. Тој го претставува просекот од лошите постапки и објаснувања и се прикажува како процент од вкупниот можен скор. **Третиот индикатор** е вкупен скор кој го претставува просекот од сите добри и лоши објаснувања прикажан како процент од вкупните можни поени.

Во Табела 1 се прикажани вредностите за Пирсоновиот коефициент на корелација меѓу трите индикатори на AD-ICM. Сите добиени вредности се позитивни и упатуваат на статистички значајна поврзаност меѓу индикаторите на ниво 0.01 ($p<0.01$), што овозможува истите да се користат во натамошните анализи.

**Табела 1**. Пирсонов коефициент на корелација меѓу индикаторите на AD-ICM

| **Индикатори на морално мислење** | Најдобри постапки/објаснувања | Најлоши постапки/објаснувања | Вкупен индекс од добри и лоши опции |
|---|---|---|---|
| Најдобри постапки/објаснувања | 1.00 | - | - |
| Најлоши постапки/објаснувања | .655** | 1.00 | - |
| Вкупен индекс од добри и лоши опции | .875** | .803** | 1.00 |

Забелешка: ** - статистички значајно на ниво 0.01 ($p<0.01$)

Авторот соопштува вредности на Cronbach alpha кои се движат од $\alpha = .75$ за првиот индикатор, $\alpha = .77$ за вториот индикатор и $\alpha = .85$ за третиот индикатор. Добиените вредности за коефициентот на интерна релијабилност на наша популација изнесуваат $\alpha = .77$ за првиот индикатор, $\alpha = .68$ за вториот индикатор и $\alpha = .71$ за третиот индикатор. Индексот на интерна релијабилност за целиот инструмент изнесува $\alpha = .85$. Повисоките скорови укажуваат на повисока способност за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања. Инструментот е осетлив на влијанието на возраста и степенот на образование во периодот на адолесценција и успешно ги диференцира адолесцентите кои манифестираат проблеми во однесувањето поврзани со училишниот контекст.

2. Моралната слика за себе во ова истражување се испитува со помош на два инструменти. Првиот инструмент е **скала на доблести** („Virtuous qualities Scale") конструиран во 2008 година од група автори (Grundtner, Rode, Giebel, & Bock; 2008). Се однесува на перцепцијата на себе си од аспект на вредностите и доблестите, а се состои од 16 супскали што содржат кратки описи на карактеристиките на секоја од нив. Споменатите субскали се: *храброст, љубезност, чесност, правичност, добра нарав, трпеливост, истрајност, незавидливост, пари, интелигенција, религија, здравје, учење, романтични*

*врски*, *надворешен изглед*, и *етички идентитет*. Во ова истражување се анализирани девет супскали кои покажуваат прифатлива вредност на индексот на интерна релијабилност. Тоа се следните вредности и доблести: *чесност* (α = .72), *добра нарав* (α = .73), *истрајност* (α = .75), *незавидливост* (α = .69), *пари* (α = .76), *интелигенција* (α = .75), *религија* (α = .71), *надворешен изглед* (α = .72) и *етички идентитет* (α = .80). Индексот на интерна релијабилност за целиот инструмент изнесува α = .80. Испитаниците треба да ги оценат карактеристиките на секоја субскала од 1 до 5 (1-речиси никогаш не важи за мене; 2-обично не важи за мене; 3-половично важи за мене; 4-обично важи за мене; и 5-речиси секогаш важи за мене). Ајтемите во скалата се наведени во машка и женска форма, соодветно на примерокот на кој се задава инструментот. Примери на тврдења за анализираните вредности и доблести:

а) *Чесност*: Ги признавам своите грешки дури и кога би можел/а лесно да ги сокријам (минималниот скор на оваа супскала изнесува 8, а максималниот 40);

б) *Добра нарав*: Не го повишувам гласот дури и кога сум налутен/а (минималниот скор на оваа супскала изнесува 9, а максималниот скор 45);

в) *Истрајност*: Ако не успеам во нешто од прв пат продолжувам да се обидувам (минималниот скор на оваа супскала изнесува 4, а максималниот скор 20);

г) *Незавидливост*: Им завидувам на луѓето кои се поумни и поталентирани од мене (реверзибилен) (минималниот скор на оваа супскала изнесува 6, а максималниот скор 30);

д) *Пари*: Би сакал/а еден ден да заработувам многу пари (минималниот скор на оваа супскала изнесува 5, а максималниот скор 25);

ѓ) *Интелигенција*: Не сакам да бидам во близина на луѓе кои не се особено интелигентни (минималниот скор на оваа супскала изнесува 3, а максималниот скор 15);

е) *Религија*: Мојата религија и односот кон Господ имаат приоритет во мојот живот (минималниот скор на оваа супскала изнесува 3, а максималниот скор 15);

ж) *Надворешен изглед*: Многу време му посветувам на мојот надворешен изглед (минималниот скор на оваа супскала изнесува 4, а максималниот скор 20);

е) *Етички идентитет*: Се чувствувам лошо кога ќе направам нешто погрешно (минималниот скор на оваа супскала изнесува 11, а максималниот скор 55).

За секоја супскала се пресметува просек од одговорите на испитаниците и се добива среден скор со ранг од 1 до 5. *Религијата* како една од супскалите на посочениот инструмент во ова истражување ќе се разгледува во значење на *религиозност*. Ова од причина што религијата е поврзана со институции и организирани системи и како таква е предмет на анализа на социологијата. Религиозноста се однесува на субјективни искуства и толкувања и затоа е предмет подложен на психолошка анализа. Во нејзината основа лежи верата, односно верувањето (според Мурџева-Шкариќ, 2010).

Вториот инструмент е **инструмент за мерење на моралната слика за себе** („Moral self-concept measure") конструиран во 2008 година од група автори (Grundtner, Rode, Giebel, & Bock; 2008). Овој инструмент е конструиран врз основа на инструментот Проценка на доброто-Јас (Good-Self Assessment), што е употребен во истражувањето на Арнолд (Arnold, 1993). На испитаниците им се прикажуваат три концентрични круга при што секој круг соодветствува на различно ниво на централност на Јас. Над круговите, во пет колони, по азбучен редослед се наведени придавки поврзани со личносни карактеристики (на пр. грижлив/а, интелигентен/на, себичен/на итн.). Од испитаниците се бара најнапред да прецртаат петнаесет придавки што најмалку ги опишуваат. Потоа треба да одберат три придавки кои се најцентрални до она што тие се (оние што најдобро ги опишуваат) и да ги запишат во првиот внатрешен круг. Понатаму испитаниците одбираат други три придавки кои ги впишуваат во следниот внатрешен круг и на крајот одбираат уште четири придавки за кои сметаат дека ги опишуваат и ги внесуваат во последниот (најоддалечениот) круг. Сите излистани придавки се поделени во три категории: *а)* **морални** кои носат 2 поени (на пр. грижлив/а, праведен/на, дарежлив/а итн.), *б)* **неутрални** кои не носат поени (0) (на пр. популарен/на, романтичен/на итн.), и *в)* **неморални** кои носат -2 поени (на пр. нетрпелив/а, мрзелив/а, себичен/на итн.). Најцентралниот круг има тежина 3, средниот круг има тежина 2 и најоддалечениот круг има

тежина 1. Сумата на трите круга се пресметува како вкупен скор и може да се движи од -32 до 38. Повисок скор укажува на поголемо присуство на морални придавки (доблести) во моралната слика за себе на испитаниците. Во зависност од примерокот испитаници инструментот се задава во машка, односно во женска форма.

3. Прашалник за демографските карактеристики на примерокот се однесува на податоци за возраста, полот, местото на живеење, етничката, религиозна припадност на испитаниците и брачната состојба на родителите.

## 2.4. Испитаници

Во истражувањето се вклучени 330 адолесценти од машки и женски пол на возраст од рана, средна и доцна адолесценција. Просечната возраст на испитаниците од **рана адолесценција** изнесува 14.5 години. Тие се ученици од I година во гимназиите „Јосип Броз Тито“ и „Арсение Јовков“. Вкупниот број на овие испитаници изнесува 60 (30 машки и 30 женски). Просечната возраст на испитаниците од **средна адолесценција** изнесува 17.7 години. Вкупниот број на испитаници од оваа возрасна група е 167. Со истражувањето се опфатени 63 ученици во III година од погоренаведените гимназии (32 машки и 31 женски), 40 ученици во III, IV и V година од Македонската православна богословија, потоа испитаници од КПД „Охрид “ од Охрид (14 машки) и испитаници од ВП домот од Тетово (16 машки), како и 22 машки испитаници од домот „25 Мај“ и 12 машки испитаници од домот „Ранка Милановиќ“.

Просечната возраст на испитаниците од **доцна адолесценција** изнесува 21.4 години. Тие се студенти од II и IV година на Филозофскиот факултет (наставно-научни студиски групи: психологија и социологија) и на Факултетот за физичка култура, во Скопје. Од Православниот богословски факултет се вклучени студенти од сите четири студиски години. Вкупниот број на овие испитаници изнесува 103, од кои 43 се од Филозофскиот факултет (31 женски и 12 машки), 30 машки се од Факултетот за физичка култура и 30 машки се од Православниот богословски факултет, во Скопје.

Во истражувањето се контролирани некои од варијаблите за кои постојат емпириски сознанија дека би можеле да влијаат врз истражувачките резултати,

меѓу кои се место на живеење, етничка и религиозна припадност. Исклучок во однос на контролирањето на овие варијабли се групите испитаници од ВПУ-и и КПД-и, како и од домовите за деца без родители и родителска грижа, поради пригодноста на примерокот, неговата специфичност и ограничена големина. Сепак и за овие групи се добиени потребните демографски информации како и за останатите групи испитаници.

## 2.5. Тек на истражувањето

Теренскиот дел од истражувањето се реализираше во две фази, во периодот од јануари до декември, 2009 година. Во првата фаза (јануари-март) се направи пилот истражување за да се прилагодат мерните инструменти. Втората фаза го опфати периодот од април до декември и во неа се оформи конечниот примерок за анализа. Во пилот примерокот беа вклучени вкупно 100 испитаници кои целосно ги пополнија инструментите и кои ги исполнија критериумите со кои се почитуваат предвидените контролирани варијабли. Поради времето што беше потребно за одговарање на зададените инструменти, истражувањето се спроведе во два наврата, во период од две недели за една група испитаници. Мерењето во ВПД-ви и КПД-ви се реализираше во повеќе од два наврата поради специфичноста на примерокот. Најпрво се зададоа инструментите за мерење на моралната слика за себе и прашалникот кој се однесува на демографските карактеристики на примерокот (при првото мерење). Потоа се зададе инструментот за мерење на моралното мислење (при второто мерење).

Самата постапка на задавање на инструментите се одвиваше во согласност со пропишаните правила и утврдените стандарди (согласност за учество во истражувањето, загарантирана анонимност, задолжително прочитано упатство при задавање на инструментите, водење сметка за неопходните технички услови во просториите во кои ќе се спроведува истражувањето секогаш кога тоа беше можно итн.). На почетокот од тестирањето секој испитаник го впишуваше датумот на раѓање на секој од инструментите со што се запазуваше анонимноста, а сепак можеше да се следи одговарањето на испитаниците на сите четири инструменти, во континуитет. Истиот принцип на истражување се задржа и во втората фаза кога се формираше конечниот

примерок за анализа. Во ВПУ-ви и КПД-ви, како и во домовите за деца без родители и родителска грижа најчесто се применуваше индивидуален приод, со водење на испитаниците низ процесот на мерење, чекор по чекор. Причина за ова беше нивната неможност подолго време да ја задржат концентрацијата на задачите, како и поскудниот вокабулар и пониските способности за читање и пишување.

## 2.6. Обработка на податоците

Податоците се обработени со користење на софтверскиот пакет SPSS 11.0 и примена на постапки од дескриптивна и инференцијална статистика:

- аритметички средини и стандардни отстапувања;
- t-тест за големи и независни мостри;
- Пирсонов коефициент на корелација;
- еднонасочна Анализа на Варијанса (АНОВА);
- мултиваријантна двофакторска анализа на варијанса (МАНОВА);
- Bonferroni post-hoc тест.

# III ДЕЛ

## Резултати од истражувањето

Во овој дел се прикажани добиените резултати што се однесуваат на поставените истражувачки хипотези. Тие, според зависните варијабли се поделени во две групи. Најнапред се соопштени резултатите за првата група истражувачки хипотези кои се однесуваат на разликите во однос на моралното мислење кај адолесцентите, во зависност од возраста, полот, видот на образование, асоцијално и антисоцијално однесување и примарната група на социјализација. Добиените резултати ја потврдуваат генералната А хипотеза според која *адолесцентите на различна возраст, од различен пол, со различен вид на образование, со или без асоцијално и антисоцијално однесување и со разлики во примарната група на социјализација меѓусебно се разликуваат во однос на моралното мислење*. Потоа следуваат резултатите за втората група истражувачки хипотези кои се однесуваат на разликите во моралната слика за себе кај адолесцентите, во зависност од возраста, полот, видот на образование, асоцијално и антисоцијално однесување и примарната група на социјализација. Добиените резултати ја потврдуваат генералната Б хипотеза според која *адолесцентите на различна возраст, од различен пол, со различен вид на образование, со или без асоцијално и антисоцијално однесување и со разлики во примарната група на социјализација меѓусебно се разликуваат во однос на моралната слика за себе*. Во овој дел се прикажани и резултатите за хипотезата В која се однесува на односот меѓу моралното мислење и моралната слика за себе во зависност од возраста и полот на адолесцентите.

### 3.1. Резултати за разликите во однос на моралното мислење кај адолесцентите во зависност од возраста

Моралното мислење во ова истражување е испитувано со помош на инструментот за мерење на посредните поими кај адолесцентите (Intermediate Concept Measure for Adolescents - AD-ICM). При опишување на одговорите добиени на AD-ICM се користат три индикатори: *а)* број на рангирани опции

како најдобри (постапка и објаснување), *б)* број на рангирани опции како најлоши (постапка и објаснување) и *в)* вкупен индекс добиен од комбинацијата на добрите и лошите опции (постапки и објаснувања). Повисоките скорови укажуваат на повисока способност за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања.

Влијанието на возраста врз способноста за идентификување на добрите и лошите избори и објаснувања е утврдено со пресметување на еднонасочна Анализа на варијанса (АНОВА). Парцијалните споредби се направени со помош на Bonferroni post-hoc тестот. При анализите се земени предвид адолесценти од машки и женски пол, во рана, средна и доцна адолесценција кои учат во гимназија и кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура. Во табелите што следуваат прикажани се резултатите со кои се проверува вистинитоста на поставената хипотеза А1 според која *повозрасните адолесценти покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со помладите адолесценти.* Резултатите за сите три посочени индикатори на моралното мислење се прикажани во Табела 2. Регистрираната разлика е статистички значајна на ниво 0.01 ($p<0.01$). Од соопштените вредности се гледа дека со зголемување на возраста расте и способноста на испитаниците да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања. Дополнителните анализи покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) во однос на трите индикатори на моралното мислење помеѓу сите три групи испитаници. Оттука може да се заклучи дека хипотезата А1 е потврдена.

**Табела 2**. Разлики помеѓу лица од рана, средна и доцна адолесценција во однос на трите индикатори на морално мислење

| | N | | | M | | | SD | | | F | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори на морално мислење** | **РА** | **СА** | **ДА** | **РА** | **СА** | **ДА** | **РА** | **СА** | **ДА** | | |
| Најдобри постапки/објаснув. | 60 | 63 | 73 | 12.42* | 16.15* | 23.59* | 7.11 | 4.90 | 6.44 | 56.31 | .000 |
| Најлоши постапки/објаснув. | 60 | 63 | 73 | 2.04* | 6.34* | 9.17* | 4.36 | 3.58 | 4.41 | 48.87 | .000 |
| Вкупен индекс од добри и лоши опции | 60 | 63 | 73 | .25* | .36* | .52* | .19 | .10 | .15 | 53.2 | .000 |

Забелешка: **РА** – рана адолесценција, **СА** – средна адолесценција. **ДА** – доцна адолесценција;
* - статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) меѓу групите по примена на Bonferroni post-hoc тест.

Добиените разлики помеѓу лицата од рана, средна и доцна адолесценција за секој од индикаторите на моралното мислење се прикажани графички. На Слика 1 се претставени разликите помеѓу трите групи адолесценти во однос на бројот на рангирани опции како најдобри (постапка и објаснување). Се забележува дека со зголемување на возраста адолесцентите покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите постапки и објаснувања.




**Слика 1**. Разлики помеѓу лица од рана, средна и доцна адолесценција во однос на бројот на рангирани опции како најдобри

На Слика 2 се претставени разликите помеѓу трите групи адолесценти во однос на бројот на рангирани опции како најлоши (постапка и објаснување). Се забележува дека со зголемување на возраста адолесцентите покажуваат поголема способност да ги идентификуваат лошите постапки и објаснувања.




**Слика 2**. Разлики помеѓу лица од рана, средна и доцна адолесценција во однос на бројот на рангирани опции како најлоши

На Слика 3 се претставени разликите помеѓу трите групи адолесценти во однос на вкупниот индекс на добри и лоши опции. Се забележува дека со зголемување на возраста адолесцентите покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања, како што се предвидува и со хипотезата А1.




**Слика 3.** Разлики помеѓу лица од рана, средна и доцна адолесценција во однос на вкупниот индекс од добри и лоши опции

## 3.2. Резултати за разликите во однос на моралното мислење кај адолесцентите во зависност од полот

Влијанието на полот врз способноста за идентификување на добрите и лошите избори и објаснувања е проверено со t-тест за големи и независни мостри. При анализите се земени предвид адолесценти од машки и женски пол, во рана, средна и доцна адолесценција кои учат во гимназија и кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура. Во Табела 3 се прикажани разликите во однос на трите индикатори на моралното мислење меѓу адолесцентите од машки и женски пол. Со добиените резултати се проверува вистинитоста на поставената хипотеза А2 според која *адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите од машки пол.* При анализите на сите три индикатори се регистрира статистички значајна разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$). Добиената разлика упатува на заклучок дека адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги

идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите од машки пол.

**Табела 3**. Разлики помеѓу индикаторите на морално мислење кај адолесценти од машки и женски пол

| | N | | M | | SD | | F | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори на морално мислење** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | |
| Најдобри постапки/објаснувања | 104 | 92 | 15.99 | 19.80 | 7.89 | 7.18 | 1.161 | .000 |
| Најлоши постапки/објаснувања | 104 | 92 | 4.58 | 7.76 | 5.04 | 4.55 | .721 | .000 |
| Вкупен индекс од добри и лоши опции | 104 | 92 | .33 | .44 | .19 | .17 | 1.093 | .000 |

Забелешка: **М**- машки, **Ж** – женски

Добиените разлики помеѓу лицата од машки и женски пол за секој од индикаторите на моралното мислење се прикажани графички. На Слика 4 се претставени разликите помеѓу адолесцентите од машки и женски пол во однос на бројот на рангирани опции како најдобри (постапка и објаснување). Се забележува дека адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите од машки пол.




**Слика 4**. Разлики помеѓу адолесценти од машки и женски пол во однос на бројот на рангирани опции како најдобри

На Слика 5 се претставени разликите помеѓу адолесцентите од машки и женски пол во однос на бројот на рангирани опции како најлоши (постапка и објаснување). Се забележува дека адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите од машки пол.




**Слика 5**. Разлики помеѓу адолесценти од машки и женски пол во однос на бројот на рангирани опции како најлоши

На Слика 6 се претставени разликите помеѓу адолесценти од машки и женски пол во однос на вкупниот индекс на добри и лоши опции. Се забележува дека адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања, во споредба со адолесцентите од машки пол. Ова се предвидува со хипотезата А2 што овозможува истата да биде прифатена.




**Слика 6**. Разлики помеѓу адолесценти од машки и женски пол во однос на вкупниот индекс од добри и лоши опции

## 3.3. Резултати за разликите во однос на моралното мислење во зависност од видот на образование

Според видот на образование адолесцентите во ова истражување се поделени на четири групи: адолесценти кои учат во гимназија, адолесценти кои учат во Македонска православна богословија, адолесценти кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура и адолесценти кои студираат на Православниот богословски факултет. Ваквата поделба е направена со цел да се провери дали видот на образование влијае врз способноста да се идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања. Во анализата се вклучени учениците и студентите од Македонската православна богословија и од Православниот богословски факултет, бидејќи резултатите од досегашните истражувања покажуваат дека етичкото образование има позитивно влијание врз моралниот развој на лицата од средна и доцна адолесценција. Во текот на наставниот процес посочените поединци се многу повеќе насочени кон изучување на духовноста и на моралните вредности во споредба со учениците во гимназиите и студентите на другите факултети. Оттука се очекува дека адолесцентите кои учат во Македонската православна

богословија и студентите на Православниот богословски факултет ќе покажуваат поголема способност за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со нивните врсници од гимназиите, од Филозофскиот факултет и од Факултетот за физичка култура. Сите анализирани испитаници се од машки пол. Влијанието на видот на образование врз моралното мислење е проверено со пресметување на t-тест за големи и независни мостри. Поставена е хипотезата А3 според која *адолесцентите се разликуваат во однос на моралното мислење во зависност од видот на образование*. Добиените резултати се прикажани во табелите што следуваат.

Во Табела 4 се претставени резултатите за лицата од средна адолесценција со различен вид на образование. Со нив се проверува вистинитоста на похипотезата А3.1 според која *адолесцентите кои учат во гимназија покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои учат во Македонска православна богословија.*

**Табела 4**. Разлики помеѓу ученици во гимназија и ученици во Македонска православна богословија во однос на трите индикатори на морално мислење

| | N | | M | | SD | | F | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори на морално мислење** | **Гим** | **Мпб** | **Гим** | **Мпб** | **Гим** | **Мпб** | | |
| Најдобри постапки/објаснувања | 32 | 40 | 15.83 | 15.16 | 4.67 | 4.98 | .499 | .558 |
| Најлоши постапки/објаснувања | 32 | 40 | 5.91 | 5.07 | 3.87 | 3.00 | 4.370 | .305 |
| Вкупен индекс од добри и лоши опции | 32 | 40 | .34 | .32 | .11 | .10 | .274 | .368 |

Забелешка: **Гим -** Гимназија, **Мпб**– Македонска православна богословија

Од добиените резултати се забележува дека лицата од средна адолесценција со различен вид на образование не се разликуваат статистички значајно во ниту еден од трите индикатори на моралното мислење. Оттука може да се заклучи дека поставената хипотеза А3.1 не се прифаќа. Ова значи дека видот на образование во периодот на средна адолесценција не доведува до разлики во способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања.

Резултатите за влијанието на видот на образование во периодот на доцна адолесценција врз способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања се прикажани во табелите што следуваат. Тие се насочени кон проверка на вистинитоста на потхипотезата А3.2 според која *адолесцентите кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои студираат на Православниот богословски факултет.* Табелата 5 ги содржи вредностите за сите три индикатори на морално мислење. Направените анализи покажуваат дека студентите на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура и студентите на Православниот богословски факултет статистички значајно се разликуваат во однос на вториот индикатор - број на рангирани опции како најлоши (постапка и објаснување). Ваквата разлика е значајна на ниво 0.01 ($p<0.01$). Ова упатува на заклучокот дека двете групи адолесценти подеднакво добро ги идентификуваат добрите постапки и објаснувања, но дека студентите на Православниот богословски факултет покажуваат поголема способност при идентификување на лошите постапки и објаснувања во споредба со студентите на општествени науки и спорт. Добиените резултати овозможуваат потхипотезата А3.2 само делумно да се потврди. Со ова делумно се потврдува поставената хипотеза А3 според која адолесцентите се разликуваат во однос на моралното мислење во зависност од видот на образование.

**Табела 5.** Разлики помеѓу студенти на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура и студенти на Православниот богословски факултет во однос на трите индикатори на морално мислење

| | N | | M | | SD | | F | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори на морално мислење** | **Фзф/Ффк** | **Пбф** | **Фзф/ Ффк** | **Пбф** | **Фзф/ Ффк** | **Пбф** | | |
| Најдобри постапки/објаснувања | 42 | 30 | 21.42 | 22.77 | 6.14 | 5.95 | .036 | .355 |
| Најлоши постапки/објаснувања | 42 | 30 | 7.05 | 9.51 | 4.07 | 3.82 | .004 | .012 |
| Вкупен индекс од добри и лоши опции | 42 | 30 | .45 | .51 | .14 | .14 | .003 | .059 |

Забелешка: **Фзф/ Ффк** – Филозофски факултет / Факултет за физичка култура,
**Пбф** – Православен богословски факултет

## 3.4. Резултати за разликите во однос на моралното мислење меѓу адолесценти кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување и адолесценти кои не манифестираат вакво однесување

Резултатите од истражувањата во кои биле вклучени адолесценти со асоцијално и антисоцијално однесување (на пр. Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008) укажуваат на тоа дека овие испитаници имаат потешкотии во идентификувањето на добрите, а особено на лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување. Ваква група испитаници е вклучена и во ова истражување со цел да се провери вистинитоста на поставената хипотеза А4 според која *адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување.* Постоењето на статистичка значајност за добиените податоци е утврдено со пресметување на t-тест за големи и независни мостри.

Табела 6 ги содржи вредностите за трите индикатори на морално мислење за кои се најдени статистичи значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) меѓу двете анализирани групи адолесценти. Сите испитаници се од машки пол, од средна адолесценција. Од нив може да се заклучи дека адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат значително пониска способност за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања, во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување. Овие наоди целосно ја потврдуваат хипотезата А4.

Добиените разлики помеѓу испитаниците од двете анализирани групи се прикажани графички, за секој од индикаторите на моралното мислење. На Слика 7 се претставени разликите помеѓу двете групи адолесценти во однос на бројот на рангирани опции како најдобри (постапка и објаснување). Се забележува дека адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат значително пониска способност за идентификување на добрите постапки и објаснувања, во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување.

**Табела 6**. Разлики помеѓу индикаторите на морално мислење кај адолесценти кои не манифестираат и адолесценти кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување

| | N | | M | | SD | | F | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори на морално мислење** | **Без ас/ант.** | **Со ас/ант** | **Без ас/ант.** | **Со ас/ант.** | **Без ас/ант.** | **Со ас/ант** | | |
| Најдобри постапки/објаснувања | 32 | 30 | 15.83 | 10.60 | 4.67 | 8.53 | 11.592 | .004 |
| Најлоши постапки/објаснувања | 32 | 30 | 5.91 | 1.27 | 3.87 | 3.78 | .202 | .000 |
| Вкупен индекс од добри и лоши опции | 32 | 30 | .34 | .19 | .11 | .16 | 3.754 | .000 |




**Слика 7**. Разлики меѓу адолесценти кои (не)манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување во однос на бројот на рангирани опции како најдобри

На Слика 8 се претставени разликите помеѓу двете групи адолесценти во однос на бројот на рангирани опции како најлоши (постапка и објаснување). Се забележува дека адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат значително пониска способност за идентификување на лошите постапки и објаснувања, во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување.




**Слика 8**. Разлики меѓу адолесценти кои (не)манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување во однос на бројот на рангирани опции како најлоши

На Слика 9 се претставени разликите помеѓу двете групи адолесценти во однос на вкупниот индекс на добри и лоши опции. Се забележува дека адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат значително пониска способност за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања, во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување.




**Слика 9**. Разлики меѓу адолесценти кои (не)манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување во однос на вкупниот индекс на добри и лоши опции

## 3.5. Резултати за разликите во однос на моралното мислење меѓу адолесценти кои живеат во семејство со родители кои се во брак и адолесценти кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа

Во психолошката литература условите кои постојат во семејството и квалитетот на односите меѓу неговите членови се посочени како исклучително важни за оптималниот развој на поединецот. Семејството е прва надворешна реалност за поединецот и е еден од најважните агенси на социјализација. Лицата кои потекнуваат од семејства во кои постои меѓусебна доверба, почитување, љубов и разбирање манифестираат генерално попозитивен став кон другите луѓе, имаат развиено чувство на независност и сигурност во себе, врамнотежени се итн. За разлика од нив, оние кои потекнуваат од семејства во кои конфликтите се секојдневна појава или во кои постои отфрлање и незаинтересиран однос од страна на родителите, манифестираат негативна слика за себе, ниска самодоверба и самопочит а неретко и агресивно се однесуваат. Недостатокот на еден или на двата родителски модела се одразува

врз севкупниот развој на поединецот, а особено врз неговиот морален развој. Ова е мошне значајно за адолесцентите кои поради различни причини престојуваат во домови за деца без родители и родителска грижа. Поради тоа оваа група адолесценти е вклучена во примерокот испитаници во ова истражување.

Во Табела 7 се содржани резултатите кои се насочени кон проверка на вистинитоста на поставената хипотеза А5 според која *адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак.* За добивање на статистичките значајности применет е t-тест за големи и независни мостри.

**Табела 7.** Разлики помеѓу адолесценти од семејства со родители кои се во брак и адолесценти од домови за деца без родители и родителска грижа во однос на трите индикатори на морално мислење

| | N | | M | | SD | | F | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори на морално мислење** | **Сем** | **Дом** | **Сем** | **Дом** | **Сем** | **Дом** | | |
| Најдобри постапки/објаснувања | 32 | 34 | 15.83 | 14.02 | 4.67 | 7.37 | 5.412 | .240 |
| Најлоши постапки/објаснувања | 32 | 34 | 5.91 | 3.37 | 3.87 | 3.43 | 1.550 | .006 |
| Вкупен индекс од добри и лоши опции | 32 | 34 | .34 | .28 | .11 | .15 | 2.833 | .041 |

Забелешка: **Сем** – со семејство, **Дом** – во дом за деца без родители и родителска грижа

Направената анализа не покажува статистички значајни разлики во однос на првиот индикатор - способност за идентификување на добрите постапки и објаснувања - помеѓу двете групи адолесценти. Според тоа адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа ги идентификуваат добрите постапки и објаснувања подеднакво добро како адолесцентите кои живеат во семејства, со родители кои се во брак. Добиената разлика меѓу двете групи испитаници за вториот индикатор – способност за идентификување на лошите постапки и објаснувања - е статистички значајна на ниво 0.01 ($p<0.01$). Ваквиот резултат покажува дека адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа покажуваат пониска способност за

идентификување на лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои живеат во семејство со своите родители.

Кај третиот индикатор - способност за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања - се регистрира статистички значајна разлика на ниво 0.05 ($p<0.05$) помеѓу адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа и адолесцентите кои живеат во семејство со своите родители. Оттука поставената хипотеза А5 е делумно потврдена. Тоа значи дека во целина адолесцентите од двете анализирани групи се разликуваат во поглед на моралното мислење, со тоа што и едните и другите подеднакво добро ги идентификуваат добрите постапки и објаснувања. Сепак, адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа покажуваат помала способност да ги идентификуваат лошите постапки и објаснувања, во споредба со нивните врсници кои живеат во семејство со родители кои се во брак.

## 3.6. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе кај адолесцентите во зависност од возраста

Моралната слика за себе во ова истражување се испитува со помош на два инструменти. Првиот инструмент е **скала на доблести** („Virtuous qualities Scale") конструиран во 2008 година од група автори (Grundtner, Rode, Giebel, & Bock; 2008). Се однесува на перцепцијата на себе си од аспект на вредностите и доблестите, а се состои од 16 супскали што содржат кратки описи на карактеристиките на секоја од нив. Во ова истражување се анализирани девет субскали кои покажуваат прифатлива вредност на индексот на интерна релијабилност. Тоа се следните вредности и доблести: *чесност, добра нарав, истрајност, незавидливост, пари, интелигенција, религија, надворешен изглед* и *етички идентитет*. Повисоките скорови укажуваат на повисока важност на вредноста, односно доблеста во моралната себеперцепција. Вториот е **инструмент за мерење на моралната слика за себе** („Moral self-concept measure") конструиран во 2008 година од истите автори (Grundtner, Rode, Giebel, & Bock; 2008). На испитаниците им се прикажуваат три концентрични круга при што секој круг соодветствува на различно ниво на централност на Јас. Тие треба

да одберат три придавки кои се најцентрални до она што тие се и да ги запишат во првиот внатрешен круг. Понатаму испитаниците одбираат други три придавки кои ги впишуваат во следниот внатрешен круг и на крајот одбираат уште четири придавки за кои сметаат дека ги опишуваат и ги внесуваат во последниот круг. Постоењето на статистичка значајност за добиените податоци е утврдено со пресметување на еднонасочна Анализа на варијанса (АНОВА).

Во табелите што следуваат се прикажани резултатите со кои се проверува вистинитоста на поставената хипотеза Б1 според која *повозрасните адолесценти почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од помладите адолесценти.* При анализите се земени предвид адолесценти од машки и женски пол, во рана, средна и доцна адолесценција кои учат во гимназија и кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура. Резултатите во врска со оваа хипотеза се прикажани во Табела 8. Од соопштените вредности се гледа дека со зголемување на возраста моралните вредности почесто се избираат како централни во моралната слика за себе. Регистрираната разлика е значајна на ниво 0.01 ($p<0.01$). Анализите спроведени со Bonferroni post-hoc тестот покажуваат статистички значајни разлики во однос на моралната слика за себе помеѓу сите три возрасни групи.

**Табела 8**. Разлики помеѓу лицата од рана, средна и доцна адолесценција во однос на моралната слика за себе

| **Возраст** | **N** | **M** | **SD** | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|
| Рана адолесценција | 60 | 12.87* | 6.883 | 71.563 | .000 |
| Средна адолесценција | 63 | 20.03* | 6.648 | | |
| Доцна адолесценција | 73 | 25.82* | 5.162 | | |
| Вкупно | 196 | 19.99 | 8.159 | | |

Забелешка: * - статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) меѓу групите по примена на Bonferroni post-hoc тест.

Добиените резултати се прикажани графички на Слика 10 од каде се гледа дека со зголемување на возраста моралните вредности почесто се избираат како централни во моралната слика за себе.




**Слика 10**. Разлики помеѓу лица од рана, средна и доцна адолесценција во однос на моралната слика за себе

Во Табела 9 се дадени резултатите за важноста која одредени вредности и доблести ја имаат во моралната слика за себе на адолесцентите од различни возрасни групи. Статистички значајни разлики се најдени за *добра нарав* ($p<0.01$), *незавидливост* ($p<0.05$), *религија* ($p<0.05$) и *етички идентитет* ($p<0.01$). Се забележува дека лицата од доцна адолесценција повисоко ги вреднуваат сите четири наведени доблести во споредба со останатите две групи адолесценти. Анализите спроведени со Bonferroni post-hoc тестот покажуваат дека *добра нарав* и *незавидливост* им се значително поважни на лицата од доцна адолесценција отколку на лицата од рана адолесценција. Статистички значајна разлика за *религија* се регистрира меѓу лицата од средна и доцна адолесценција, притоа истата им е многу поважна на лицата од доцна адолесценција. Овие испитаници значително повисоко го поставуваат и *етичкиот идентитет* во моралната себеперцепција, за разлика од испитаниците од рана и од средна адолесценција.

Кога ќе се погледнат вредностите на аритметичките средини за *добра нарав* се забележува дека кај лицата од доцна адолесценција истата е просечно проценета, додека кај останатите две групи е ниско просечно проценета. Во однос на *незавидливоста* и *етичкиот идентитет* од аритметичките средини се

забележува дека адолесцентите од сите три анализирани групи релативно високо просечно ги проценуваат овие две доблести. *Религијата* се перципира како помалку важна од страна на сите три групи што е видливо од релативно ниските вредности на аритметичките средини за оваа доблест.

Добиените статистички значајности помеѓу испитаниците од трите анализирани возрасни групи во врска со влијанието на возраста врз моралната слика за себе ја потврдуваат вистинитоста на поставената хипотеза Б1. Повозрасните адолесценти почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од помладите адолесценти. Оттука, може да се заклучи дека хипотезата Б1 се прифаќа.

**Табела 9**. Разлики помеѓу лица од рана, средна и доцна адолесценција во однос на перципираната важност на одредени вредности и доблести

| **Вредности/доблести** | **M** | | | **SD** | | | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **РА** | **СА** | **ДА** | **РА** | **СА** | **ДА** | | |
| Чесност | 3.57 | 3.62 | 3.69 | .49 | .53 | .54 | .830 | .438 |
| Добра нарав | 2.85* | 2.90 | 3.15* | .59 | .63 | .63 | 4.763 | .010 |
| Истрајност | 3.90 | 3.89 | 4.05 | .77 | .61 | .72 | 1.044 | .354 |
| Независливост | 3.75* | 3.78 | 4.07* | .77 | .75 | .57 | 4.196 | .016 |
| Пари | 3.49 | 3.65 | 3.42 | .79 | .65 | .68 | 1.850 | .160 |
| Интелигенција | 2.95 | 2.91 | 2.86 | .91 | .79 | .84 | .196 | .822 |
| Религија | 2.63 | 2.36* | 2.79* | .92 | 1.10 | .96 | 3.173 | .044 |
| Надворешен изглед | 3.69 | 3.57 | 3.42 | .87 | .65 | .84 | 1.899 | .152 |
| Етички идентитет | 4.01* | 4.03* | 4.38* | .54 | .49 | .39 | 13.312 | .000 |

Забелешка: **РА** – рана адолесценција, **СА** – средна адолесценција. **ДА** – доцна адолесценција; *- статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) меѓу групите по примена на Bonferroni post-hoc тест.

## 3.7. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе кај адолесцентите во зависност од полот

Во Табела 10 се прикажани разликите во однос на моралната слика за себе меѓу адолесцентите од машки и женски пол. Со овие резултати се проверува вистинитоста на поставената хипотеза Б2 според која *адолесцентите од женски пол почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите од машки пол*. При анализите се земени предвид адолесценти од машки и женски пол, во рана, средна и доцна адолесценција кои учат во гимназија и кои студираат на

Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура. Добиената разлика не е статистички значајна што упатува на заклучокот дека кај адолесцентите полот не игра значајна улога во изборот на моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.

**Табела 10**. Разлики помеѓу адолесцентите од машки и женски пол во однос на моралната слика за себе

| **Пол** | **N** | **M** | **SD** | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 104 | 19.64 | 7.55 | 4.353 | .524 |
| Женски | 92 | 20.39 | 8.83 | | |

Од Табела 11 се гледа дека статистички значајна разлика на ниво 0.05 ($p<0.05$) е најдена само во однос на *добра нарав* која адолесцентите од машки пол ја перципираат како значително поважна во нивната морална слика за себе, за разлика од адолесцентите од женски пол. Адолесцентите од машки пол ја проценуваат оваа доблест релативно просечно, додека адолесцентите од женски пол истата ја проценуваат релативно пониско од просечната вредност. Со ова не се потврдува поставената хипотеза Б2.

**Табела 11**. Разлики помеѓу адолесценти од машки и женски пол во однос на перципираната важност на одредени вредности и доблести

| **Вредности/доблести** | **M** | | **SD** | | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | |
| Чесност | 3.60 | 3.66 | .51 | .52 | .009 | .427 |
| Добра нарав | 3.07 | 2.88 | .58 | .66 | .419 | .033 |
| Истрајност | 3.95 | 3.96 | .75 | .65 | 1.760 | .883 |
| Независливост | 3.84 | 3.92 | .69 | .73 | .008 | .467 |
| Пари | 3.51 | 3.51 | .73 | .70 | .194 | .965 |
| Интелигенција | 2.97 | 2.83 | .82 | .87 | .077 | .234 |
| Религија | 2.60 | 2.61 | .99 | 1.03 | .175 | .912 |
| Надворешен изглед | 3.52 | 3.59 | .83 | .75 | 1.863 | .582 |
| Етички идентитет | 4.13 | 4.19 | .51 | .49 | .004 | .382 |

Забелешка: М- машки, Ж - женски

## 3.8. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе во зависност од видот на образование

Оправданоста за вклучување на видот на образование како варијабла во ова истражување е елаборирана во делот на резултатите од тестирањето на хипотезата А3, односно потхипотезите А3.1 и А3.2. Подолу ќе бидат прикажани резултатите што ја проверуваат вистинитоста на поставената хипотеза Б.3 според која *адолесцентите се разликуваат меѓусебе во однос на моралната слика за себе во зависност од видот на образование*. За пресметување на статистичките значајности меѓу анализираните групи применет е t-тест за големи и независни мостри.

Во Табела 12 се претставени резултатите за лицата од средна адолесценција со различен вид на образование. Со нив се проверува вистинитоста на потхипотезата Б3.1 според која *адолесцентите кои учат во гимназија поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои учат во Мекедонската православна богословија кои почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе*. Регистрирана е статистички значајна разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$) која упатува на заклучокот дека учениците од гимназија поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе, во споредба со учениците од Македонската православна богословија.

**Табела 12**. Разлики меѓу ученици во гимназија и ученици во Македонска православна богословија во однос на моралната слика за себе

| Вид на образование | N | M | SD | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Гимназија | 32 | 21.31 | 4.36 | .087 | .002 |
| Македон. православна богословија | 40 | 24.60 | 4.37 | | |

Од Табела 13 се забележува дека овие две групи испитаници статистички значајно се разликуваат во однос на неколку вредности и доблести – *независливост, пари, интелигенција* и *религија*. Добиената значајност за доблеста *независливост* е на ниво 0.05 ($p<0.05$), додека останатите три се на ниво 0.01 ($p<0.01$). Учениците од гимназија значително повеќе ги перципираат вредностите *пари* и *интелигенција* како важни за нивната морална слика за себе

во споредба со учениците од Македонската православна богословија. *Независливост* и *религија* се перципирани како значително поважни во моралната слика за себе кај учениците од Македонската православна богословија, отколку од учениците во гимназија.

Кога ќе се погледнат вредностите на аритметичките средини за *независливост* се забележува дека адолесцентите од двете анализирани групи релативно високо просечно ја проценуваат оваа доблест. Учениците во гимназија релативно високо просечно ги проценуваат и *парите* и *интелигенцијата*. Учениците од Македонска православна богословија *парите* ги проценуваат како просечно важни во нивната морална слика за себе, а *интелигенцијата* ја проценуваат како ниско просечна. *Религијата* се перципира како помалку важна од страна на учениците од гимназија, што се гледа од нејзината релативно ниска просечна проценка. Истата е перципирана како мошне важна во моралната слика за себе од страна на учениците од Македонска православна богословија. Доказ за тоа е релативно високата просечна проценка на истата. Наведените резултати овозможуваат да се прифати поставената потхипотеза Б3.1.

**Табела 13**. Разлики помеѓу ученици во гимназија и ученици во Македонска православна богословија во однос на перципираната важност на определени вредности и доблести

| Вредности/доблести | M | | SD | | F | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Гим. | Мпб | Гим. | Мпб | | |
| Чесност | 3.73 | 3.60 | .51 | .36 | 5.821 | .219 |
| Добра нарав | 2.96 | 2.99 | .57 | .83 | 3.279 | .837 |
| Истрајност | 3.94 | 3.79 | .61 | .76 | .997 | .389 |
| Независливост | 3.71 | 4.08 | .78 | .47 | 12.035 | .016 |
| Пари | 3.71 | 3.06 | .62 | .57 | 1.342 | .000 |
| Интелигенција | 3.17 | 2.54 | .69 | .86 | .350 | .001 |
| Религија | 2.27 | 4.54 | 1.03 | .43 | 23.652 | .000 |
| Надворешен изглед | 3.78 | 3.53 | .64 | .84 | 2.934 | .158 |
| Етички идентитет | 4.28 | 4.37 | .41 | .35 | 1.300 | .339 |

Забелешка: **Гим. – гимназија, Мпб – Македонска православна богословија**

Резултатите соопштени во Табелите 14 и 15 ја проверуваат вистинитоста на поставената потхипотеза Б3.2 според која *адолесцентите кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои студираат на Православниот*

*богословски факултет и кои почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.* Добиените резултати од Табела 14 се статистички значајни на ниво 0.01 (p<0.01). Оттука произлегува заклучокот дека студентите на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе, споредени со нивните врсници кои студираат на Православниот богословски факултет.

**Табела 14**. Разлики меѓу студенти на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура и студенти на Православниот богословски факултет во однос на моралната слика за себе

| **Вид на образование** | **N** | **M** | **SD** | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|
| Фзф и Ффк | 42 | 24.24 | 4.76 | .093 | .000 |
| Правос. бог. факултет | 30 | 31.20 | 4.41 | | |

Од резултатите прикажани во Табела 15 се забележува дека овие две групи испитаници статистички значајно се разликуваат во однос на *пари* и *религија*. Добиените значајности се на ниво 0.01 (p<0.01). Студентите на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура значително повеќе ја перципираат вредноста *пари* како важна за нивната морална слика за себе во споредба со студентите на Православниот богословски факултет. Тоа се забележува и од вредностите на соопштените аритметички средини. Првата група испитаници релативно високо просечно ја проценува оваа вредност, додека втората група истата ја проценува релативно ниско просечно. *Религијата* е перципирана како значително поважна во моралната слика за себе кај студентите на Православниот богословски факултет. Тие ја проценуваат релативно високо просечно во споредба со студентите на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура кои ја проценуваат релативно ниско просечно. Добиените резултати овозможуваат да се прифати потхипотезата Б3.2. Со тоа се потврдува и поставената хипотеза Б3.

**Табела 15**. Разлики меѓу студенти на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура и студенти на Православниот богословски факултет во однос на перципираната важност на одредени вредности и доблести

| **Вредности/доблести** | **M** | | **SD** | | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Фзф/ Ффк** | **Пбф** | **Фзф/ Ффк** | **Пбф** | | |
| Чесност | 3.60 | 3.70 | .57 | .50 | .110 | .436 |
| Добра нарав | 3.29 | 3.24 | .61 | .78 | 1.481 | .746 |
| Истрајност | 4.02 | 4.33 | .82 | .51 | 4.233 | .071 |
| Незавидливост | 4.01 | 4.13 | .61 | .58 | .117 | .394 |
| Пари | 3.44 | 2.84 | .67 | .75 | 1.555 | .001 |
| Интелигенција | 2.84 | 2.70 | .85 | .72 | 1.870 | .461 |
| Религија | 2.81 | 4.31 | .93 | .55 | 4.979 | .000 |
| Надворешен изглед | 3.22 | 3.13 | .84 | .91 | .038 | .649 |
| Етички идентитет | 4.24 | 4.41 | .43 | .41 | .012 | .098 |

Забелешка: **Фзф/ Ффк** – Филозофски факултет / Факултет за физичка култура,
**Пбф** – Православен богословски факултет

## 3.9. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе меѓу адолесценти кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување и адолесценти кои не манифестираат вакво однесување

Разликите во моралната слика за себе кај лицата во периодот на адолесценција се тестирани и со вклучување на група испитаници од воспитно–поправни и казнено–поправни домови кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Анализирани се само лица од машки пол кои според возраста припаѓаат во периодот на средна адолесценција. Добиените резултати се насочени кон проверка на вистинитоста на поставената хипотеза Б4 според која *адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување и кои почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе*. За пресметување на статистичките значајности применет е t-тест за големи и независни мостри.

Од Табела 16 се забележува дека постои статистички значајна разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$) помеѓу анализираните групи адолесценти. Лицата од средна адолесценција кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување значително поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од нивните врсници кои не

манифестираат ваков вид однесување. Добиените разлики се графички претставени на Слика 11.

**Табела 16**. Разлики помеѓу адолесценти кои не манифестираат и адолесценти кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување во однос на моралната слика за себе

| **Вид на однесување** | **N** | **M** | **SD** | **F** | **P** |
|---|---|---|---|---|---|
| Без асоцијално и антисоцијално одн. | 32 | 21.31 | 4.36 | 3.759 | .000 |
| Со асоцијално и антисоцијално одн. | 32 | 11.20 | 6.55 | | |




**Слика 11**. Разлики меѓу адолесценти кои (не)манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување во однос на моралната слика за себе

Статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) и на ниво 0.05 ($p<0.05$) помеѓу овие две групи адолесценти се регистрирани и при анализата на вредностите и доблестите кои испитаниците ги перципираат како важни во нивната морална слика за себе. Добиените разлики во однос на *чесност, истрајност, религија* и *етички идентитет* се дадени во Табела 17. Се забележува дека адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување ги перципираат *чесноста, истрајноста* и *етичкиот идентитет* како помалку важни за нивната морална слика за себе во споредба со нивните врсници кои не манифестираат ваков вид на однесување. Тие релативно просечно ги проценуваат доблестите *чесност* и *етички идентитет*. Нивните

врсници од втората анализирана група овие две доблести ги проценуваат високо просечно. Кај *истрајноста* се забележува дека двете анализирани групи добиваат повисоки вредности на аритметичката средина од просечната. Адолесцентите кои не манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување значително помалку ја перципираат *религијата* како важна за нивната морална слика за себе во споредба со адолесцентите кои манифестираат ваков вид однесување. Тоа се гледа и од релативно ниската просечна проценка на истата, во споредба со нивните врсници кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување и кои ја проценуваат релативно високо просечно. Ваквите резултати во целост ја потврдуваат поставената хипотеза Б4.

**Табела 17**. Разлики помеѓу адолесценти кои (не)манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување во однос на перципираната важност на определени вредности/доблести

| **Вредности/доблести** | **M** | | **SD** | | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Без ас/ант.** | **Со ас/ант** | **Без ас/ант.** | **Со ас/ант.** | | |
| Чесност | 3.71 | 3.22 | .52 | .49 | .153 | .000 |
| Добра нарав | 2.96 | 2.81 | .57 | .65 | .053 | .331 |
| Истрајност | 3.94 | 3.53 | .61 | .72 | 1.950 | .018 |
| Незавидливост | 3.71 | 3.53 | .78 | .56 | 6.075 | .307 |
| Пари | 3.71 | 3.52 | .62 | .50 | 2.632 | .183 |
| Интелигенција | 3.18 | 3.25 | .69 | .71 | .081 | .659 |
| Религија | 2.27 | 3.60 | 1.03 | .96 | .058 | .000 |
| Надворешен изглед | 3.77 | 3.53 | .66 | .69 | .081 | .167 |
| Етички идентитет | 4.28 | 3.17 | .41 | .69 | 6.471 | .000 |

## 3.10. Резултати за разликите во однос на моралната слика за себе меѓу адолесценти кои живеат во семејство со родители кои се во брак и адолесценти кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа

Во психолошката литература се посочува дека постои поврзаност меѓу моралното мислење и моралната слика за себе од аспект на доблестите врз кои се засновуваат мерните инструменти кои се користат во ова истражување. Очекуваните разлики во однос на моралната слика за себе меѓу адолесцентите што живеат со своите родители и адолесцентите кои живеат во домови за деца

без родители и родителска грижа се прикажани преку добиените резултати кои се соопштени во Табелите 18 и 19. Во групата за анализа се вклучени лица од машки пол во периодот на средна адолесценција. Резултатите од спроведеното мерење се насочени кон проверка на вистинитоста на поставената хипотеза Б5 според која *адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак.* За добивање на статистичките значајности применет е t-тест за големи и независни мостри.

Од Табела 18 се забележува дека постојат статистички значајни разлики меѓу анализираните групи адолесценти на ниво 0.01 ($p<0.01$). Оттука може да се заклучи дека адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа значително поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе, споредени со адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак.

**Табела 18.** Разлики меѓу адолесценти кои живеат во семејство со родители кои се во брак и адолесценти од домови за деца без родители и родителска грижа во однос на моралната слика за себе

| Вид на однесување | N | M | SD | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Од семејство со родители во брак | 32 | 21.31 | 4.36 | 7.62 | .009 |
| Од дом за деца без родители и род.грижа | 34 | 17.12 | 7.71 | | |

Во Табела 19 се прикажани резултатите во врска со перципираната важност на одредени вредности и доблести од страна на двете анализирани групи адолесценти. Од соопштените вредности може да се забележи дека адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа значајно се разликуваат од своите врсници кои живеат во семејство со родители кои се во брак во поглед на вредностите *чесност, истрајност, пари, религија, надворешен изглед* и *етички идентитет.* Сите добиени резултати се статистички значајни на ниво 0.01 ($p<0.01$). Адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа ги перципираат *чесноста, истрајноста, парите, надворешниот изглед* и *етичкиот идентитет* како

помалку важни за нивната морална слика за себе во споредба со нивните врсници кои живеат во семејство со родители кои се во брак.

Се забележува дека адолесцентите од двете анализирани групи релативно високо просечно ги проценуваат овие вредности и доблести, со тоа што адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак истите ги перципираат како значително поважни во споредба со нивните врсници од другата анализирана група. Адолесцентите од домовите за деца без родители и родителска грижа многу поголемо значење ѝ придаваат на *религијата* отколку што тоа го прават адолесцентите кои живеат со своите родители. Тоа се гледа од релативно високата просечна проценка на истата, во споредба со нивните врсници кои ја проценуваат релативно ниско просечно. Оттука може да се заклучи дека поставената хипотеза Б5 е потврдена.

**Табела 19.**Разлики помеѓу адолесценти кои живеат во семејство со родители кои се во брак и адолесценти од домови за деца без родители и родителска грижа во однос на перципираната важност на одредени вредности/доблести

| **Вредности/доблести** | **M** | | **SD** | | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Сем** | **Дом** | **Сем** | **Дом** | | |
| Чесност | 3.71 | 3.40 | .52 | .46 | 1.712 | .012 |
| Добра нарав | 2.96 | 3.15 | .57 | .64 | .012 | .200 |
| Истрајност | 3.94 | 3.37 | .61 | .81 | 2.805 | .002 |
| Незавидливост | 3.71 | 3.43 | .78 | .77 | .465 | .143 |
| Пари | 3.71 | 3.25 | .62 | .68 | .017 | .006 |
| Интелигенција | 3.18 | 3.36 | .69 | .77 | .584 | .304 |
| Религија | 2.27 | 3.42 | 1.03 | 1.03 | .002 | .000 |
| Надворешен изглед | 3.78 | 3.29 | .64 | .62 | .271 | .003 |
| Етички идентитет | 4.28 | 3.63 | .41 | .64 | 5.563 | .000 |

Забелешка: **Сем** – со семејство, **Дом** – во дом за деца без родители и родителска грижа

## 3.11. Резултати за односот помеѓу моралното мислење и моралната слика за себе со возраста и полот

Со цел да се провери каков е односот на моралното мислење и моралната слика за себе со возраста и полот спроведена е двофакторска мултиваријантна Анализа на варијанса (МАНОВА). Со добиените резултати се проверува вистинитоста на поставената хипотеза В според која *адолесцентите од машки и женски пол на различна возраст кои покажуваат поголема*

*способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за се*бе. Истражувачките наоди за кои се добиени статистички значајни разлики се прикажани во Табела 20. Од неа се гледа дека односот меѓу моралното и мислење и моралната слика за себе кога се земени предвид влијанијата на возраста и полот заедно е статистички значаен на ниво 0.01 ($p<0.01$). Може да се заклучи дека со зголемување на возраста адолесцентите покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања и почесто ги вклучуваат моралните вредности во нивната морална слика за себе. Кај адолесцентите од машки пол ваквите промени се повидливи помеѓу раната и средната адолесценција, додека кај адолесцентите од женски пол промените се повидливи помеѓу средната и доцната адолесценција. Ова особено се однесува на промените во моралната слика за себе што во периодот на средна адолесценција придонесува адолесцентите од машки пол да постигнуваат подобри резултати од нивните врснички. Ваквата промена се гледа и од графичкиот приказ на Слика 12.




**Слика 12**. Однос на моралната слика за себе кај лица од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција

**Табела 20**. Однос помеѓу моралното мислење и моралната слика за себе во зависност од возраста и од полот

| Возраст и Пол | M | | | | | | SD | | | | | | Wilks' Lambda | F | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **РА** | | **СА** | | **ДА** | | **РА** | | **СА** | | **ДА** | | **.616** | **3.750** | **.000** |
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | | |
| Морална слика за себе | 11.40 | 14.33 | 21.31 | 18.71 | 24.26 | 27.94 | 6.73 | 6.83 | 4.36 | 8.25 | 4.78 | 4.97 | | 5.171 | .007 |
| Надворешен изглед | 3.70 | 3.68 | 3.78 | 3.35 | 3.20 | 3.73 | .87 | .87 | .64 | .59 | .85 | .74 | | 6.418 | .002 |
| Етички идентитет | 3.79 | 4.23 | 4.28 | 3.78 | 4.25 | 4.56 | .55 | .43 | .41 | .43 | .43 | .22 | | 23.098 | .000 |
| Број на рангирани опции како најдобри | 8.57 | 16.27 | 15.83 | 16.49 | 21.42 | 26.52 | 6.70 | 5.22 | 4.67 | 5.19 | 6.14 | 5.71 | | 6.129 | .003 |
| Број на рангирани опции како најлоши | -.29 | 4.37 | 5.91 | 6.78 | 7.05 | 12.03 | 3.92 | 3.49 | 3.87 | 3.26 | 4.07 | 3.03 | | 6.296 | .002 |
| Вкупен индекс на добри и лоши опции | .17 | .33 | .34 | .37 | .45 | .61 | .21 | .12 | .11 | .10 | .14 | .12 | | 5.266 | .006 |

Забелешка: **РА** – рана адолесценција, **СА** – средна адолесценција, **ДА** – доцна адолесценција; **М** – машки; **Ж** – женски.

Овој наод е уште повпечатлив во однос на доблеста *етички идентитет.* Од резултатите прикажани на Слика 13 се гледа дека во периодот на средна адолесценција лицата од машки пол го перципираат етичкиот идентитет како поважен во нивната морална слика за себе за разлика од лицата од женски пол, кај кои дури се забележува и пад во однос на раната адолесценција. Сепак, кај адолесцентите од женски пол помеѓу средна и доцна адолесценција се забележува значително зголемување на важноста која ја припишуваат на оваа доблест, додека кај нивните врсници од машки пол во истиот анализиран период се регистрира благо опаѓање во перцепцијата на етичкиот идентитет како важна доблест во моралната слика за себе.




**Слика 13**. Однос на етичкиот идентитет кај лица од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција

Слика 14 ги прикажува разликите во однос на перципираната важност на *надворешниот изглед* кај лицата од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција. Се забележува дека во раната адолесценција машките и женските испитаници речиси и не се разликуваат во однос на перцепцијата на важноста на оваа вредност во моралната слика за себе. Во средна адолесценција лицата од машки пол значително повеќе ја проценуваат оваа вредност како

важна, за разлика од нивните врснички кај кои се забележува пад во нејзиното значење споредено со претходната возраст. Конечно, во доцна адолесценција лицата од женски пол значително повеќе му обрнуваат внимание на надворешниот изглед за разлика од машките испитаници кај кои се забележува значителен пад во пецепцијата на важноста на оваа вредност во моралната слика за себе.




**Слика 14**. Однос на надворешниот изглед кај лица од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција

На Слика 15 е прикажан односот на првиот индикатор на моралното мислење - број на рангирани опции како најдобри (постапка и објаснување) - кај лица од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција. Од него се гледа дека со зголемување на возраста се зголемува и способноста за идентификување на добрите постапки и објаснувања. Ваквата способност е поголема кај адолесцентите од женски пол во сите три анализирани периоди, во споредба со адолесцентите од машки пол. Кај адолесцентите од машки пол помеѓу рана и средна адолесценција зголемувањето на оваа способност е повпечатливо отколку кај нивните врснички. Промените кај адолесцентите од женски пол се повидливи помеѓу средната и доцната адолесценција.




**Слика 15**. Однос на првиот индикатор на моралното мислење кај лица од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција

На Слика 16 е прикажан односот на вториот индикатор на моралното мислење – број на рангирани опции како најлоши (постапка и објаснување) - кај лица од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција. Од него се гледа дека со зголемување на возраста се зголемува и способноста за идентификување на лошите постапки и објаснувања. Ваквата способност е поголема кај адолесцентите од женски пол во сите три анализирани периоди, во споредба со адолесцентите од машки пол. Кај адолесцентите од машки пол помеѓу рана и средна адолесценција зголемувањето на оваа способност е повпечатливо отколку кај нивните врснички. Промените кај адолесцентите од женски пол се повидливи помеѓу средната и доцната адолесценција.




**Слика 16**. Однос на вториот индикатор на моралното мислење кај лица од машки и женски пол вò рана, средна и доцна адолесценција

На Слика 17 е прикажан односот на третиот индикатор на моралното мислење – вкупен индекс на добри и лоши опции - кај лица од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција. Од него се гледа дека со зголемување на возраста се зголемува и способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања. Ваквата способност е поголема кај адолесцентите од женски пол во сите три анализирани периоди, во споредба со адолесцентите од машки пол. Кај адолесцентите од машки пол помеѓу рана и средна адолесценција зголемувањето на оваа способност е повпечатливо отколку кај нивните врснички. Промените кај адолесцентите од женски пол се повидливи помеѓу средната и доцната адолесценција.




**Слика 17**. Однос на третиот индикатор на моралното мислење кај лица од машки и женски пол во рана, средна и доцна адолесценција

Добиените наоди овозможуваат да се прифати поставената В хипотеза и да се заклучи дека адолесцентите од машки и женски пол на различна возраст кои покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите избори и објаснувања почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.

# IV ДЕЛ

# Дискусија на резултатите од истражувањето

Во овој дел ќе бидат анализирани и протолкувани наодите за разликите во однос на моралното мислење и моралната слика за себе кај лица во периодот на адолесценција. Добиените резултати од спроведеното мерење ги потврдуваат двете генерални хипотези. Според генералната хипотеза А *адолесцентите на различна возраст, од различен пол, со различен вид на образование, со или без асоцијално и антисоцијално однесување и со разлики во примарната група за социјализација меѓусебно се разликуваат во однос на моралното мислење.* Во генералната хипотеза Б се тврди дека *адолесцентите на различна возраст, од различен пол, со различен вид на образование, со или без асоцијално и антисоцијално однесување и со разлики во примарната група за социјализација меѓусебно се разликуваат во однос на моралната слика за себе.* Воедно, ќе се протолкуваат и наодите за односот меѓу моралното мислење и моралната слика за себе во зависност од возраста и полот на адолесцентите, кои ја потврдуваат поставената хипотеза В. Според оваа хипотеза *адолесцентите од машки и женски пол на различна возраст кои покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.*

## 4.1. Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од возраста

Една од целите на овој труд е да ги истражи разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во периодот на рана, средна и доцна адолесценција. Досегашните истражувања зборуваат во прилог на поврзаноста на овие два домени на моралноста и нивната зависност од возраста. Од теоријата е познато дека моралното мислење и моралната слика за себе продолжуваат интензивно да се развиваат во адолесценцијата. Ваквите промени се окарактеризирани со развојните специфики на овој период. Тоа се регистрира

во резултатите и на ова истражување кои целосно ги потврдуваат поставените хипотези А1 и Б1. Хипотезата А1 се однесува на разликите во моралното мислење во зависност од возраста. Според неа *повозрасните адолесценти покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со помладите адолесценти.* Овој резултат е во согласност со теоретските сознанија и емпириските податоци од повеќе истражувања (на пр. Lewis, 2007; Thoma, Bebeau, & Boland, 2008; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008).

Возраста се посочува како значаен фактор во сите развојно-психолошки теории меѓу кои се и теориите на морален развој. Развојните специфики ја прават адолесценцијата период различен од детството. Ова е последица од менување на влијанието на некои од агенсите на социјализација (на пр. во детството родителите имаат поголемо и посилно влијание врз развојот, за разлика од адолесценцијата кога позначајни стануваат врсниците). Се менува и контекстот во кој адолесцентите се развиваат (на пр. стекнуваат нови пријатели, заминуваат во поинакво и поголемо училиште, добиваат нови работни задачи, воспоставуваат нов квалитет во односите со врсниците, влегуваат во романтични врски итн.). Сето тоа поставува нови предизвици пред нивниот морален развој, отворајќи нови видици, можности и избори (според Hart & Carlo, 2005). Во адолесценцијата се менуваат и вештините што се поврзани со моралниот домен, како на пример способноста за решавање проблеми, за заземање туѓо гледиште, за разбирање на себе си и слично (Eisenberg, Cumberland, Guthrie, Murphy, & Shepard, 2005).

Развојот на моралното мислење е тесно поврзан со сознајниот развој. Како што адолесцентите напредуваат во когнитивните способности, се очекува да напредуваат и во способностите за морално мислење. Во овој труд кога се зборува за напредување се мисли на зголемување на способноста да се идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања при соочување со конкретна морална дилема. Моралното мислење е анализирано преку три индикатори: *а)* број на рангирани опции како најдобри (постапка и објаснување), *б)* број на рангирани опции како најлоши (постапка и објаснување) и *в)* вкупен индекс добиен од комбинацијата на добрите и лошите опции (постапки и објаснувања). Повисоките скорови се показатели на повисока способност за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања.

Спроведените анализи покажуваат дека со зголемување на возраста се подобруваат постигнувањата на испитаниците во однос на сите три индикатори.

Добиените резултати кои говорат во прилог на влијанието на возраста врз способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања можат да се објаснат со помош на клучните теории за морален развој изнесени во теоретскиот дел на овој труд. Теоријата на Пијаже го објаснува моралниот развој како исход од еден активен процес кој го опфаќа развојот на одредени когнитивни капацитети, во исто време изложувајќи го поединецот на нови форми на општествено искуство кои обезбедуваат основа за нов став кон авторитетот и ја зголемуваат неговата способност за ставање на туѓо место. Со зголемување на возраста поединецот од стадиум на морална хетерономија поминува во стадиум на морална автономија. Тој успева да го надмине моралниот реализам и иманентната правда, а објективната одговорност да ја замени со субјективна одговорност за постапките и последиците од нив. Кога вреднува нечие дејство во исто време внимава и за намерата и за последиците. Неговата способност да суди од позиција на реципрочност и заемна почит е поврзана со поместувањето во когнитивната структура кое е насочено од егоцентризам кон заземање туѓо гледиште. Ова станува особено впечатливо во периодот на адолесценција со влегувањето во стадиумот на формални операции.

Од аспект на Колберговата теорија добиените резултати можат да се објаснат со напредувањето од конвенционално во постконвенционално ниво на морално расудување. Во рана адолесценција лицата расудуваат на второто, конвенционално ниво, пришто на моралноста гледаат како на желба да одржуваат хармонични односи со другите и водат сметка за општествениот систем и постоечките правила и норми. Подоцна фокусот го ставаат врз словото на законот и на законите гледаат како на императиви што мора да се почитуваат и околу кои не се дискутира. Кога ќе го достигнат стадиумот на формални операции влегуваат во третото, постконвенционално ниво и судат врз основа на општествените договори, привилегии и индивидуални права или, поретко, врз основа на универзалните морални принципи. Тоа се постигнува во текот на средношколското и почетокот на универзитетското образование, а е поврзано со развојот на формално-логичкото и апстракното мислење.

За Џејмс Рест моралното расудување, кое е втората компонента од неговиот модел на четири компоненти, е поврзано со свесноста дека постојат повеќе можни начини на постапување во одредена ситуација која поединецот ја доживува како морална дилема и во која треба да одлучи што би било морално најоправдано да направи. Тоа подразбира расудување за некој морален чин, постапка и однесување на другите луѓе или на самиот себе, во склад со усвоените морални норми и достигнатиот степен на морален развој. Ова особено доаѓа до израз во ситуации кога поединецот треба да се определи меѓу две морални норми или морални вредности кои се во конфликт.

Според теоријата на Рест адолесцентите при моралното расудување користат два вида шеми - *шема на поддржување на нормите* и *постконвенционални шеми.* За првата е карактеристично тоа што поединецот станува способен да ја земе во предвид добросостојбата на другите, дури и на оние кои лично не ги познава. Тој станува свесен дека е потребно да постојат општо прифатени норми кои ќе го насочуваат социјалниот колектив и ќе важат за сите негови членови. Нормите се носители на владеењето на законот кој е јасен, униформен и категоричен. Тие воспоставуваат реципрочност меѓу должноста на поединецот да го почитува законот и очекувањата сите останати да го прават истото. *Постконвенционалните шеми* се карактеритични за доцната адолесценција и се понапредни, како од аспект на нормативната етика, така и од аспект на развојната сложеност. За нив се карактеристични четири елементи кои се елаборирани во теоретскиот дел на овој труд. Која шема поединецот ќе ја користи при моралното мислење зависи од степенот на неговиот морален развој.

Посредните поими, чија основна карактеристика е тоа што опишуваат ниво на анализа кое се наоѓа помеѓу општите шеми на Колберг и специфичните етички кодови кои упатуваат на одредени права и забрани помагаат подобро да се разбере моралното мислење на поединецот во реалните животни контексти. Нивното воведување во теоријата на моралниот развој е последица на сознанието дека поединецот може добро да ги спознава апстракните морални шеми, но да му недостасува соодветно разбирање на специфичните морални поими кои се однесуваат на секојдневното морално функционирање (Strike, 1983; според Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008). Меѓу посредните поими се вбројуваат чесност, праведност, промисленост, толеранција, самодисциплина,

храброст, одговорност итн. Тие се однесуваат на способноста на поединецот да идентификува активности и да дава објаснувања за истите кои се однесуваат на контекстот и на неговите етички карактеристики. На поголема возраст поединецот треба да е поспособен за препознавање и објаснување на посредните поими во конкретен морален контекст.

Добиените резултати за посредните поими кај адолесцентите во ова истражување со совпаѓаат со оние соопштени во истражувањето на Тома и соработниците (Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008). Овие автори наоѓаат разлики помеѓу лицата од рана, средна и доцна адолесценција во однос на сите три индикатори на морално мислење. Со зголемување на возраста се зголемува и способноста на адолесцентите да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања. Ова зголемување е прилично впечатливо за време на средношколскиот период, поради што авторите заклучуваат дека применетиот инструмент за мерење на посредните поими е соодветен за испитување на развојот на моралното мислење особено во средна адолесценција. Оттука истиот може да се користи како средство за евалуација на успешноста на програмите за стимулирање на развојот на моралниот карактер во училишен контекст.

Во теоретскиот дел на овој труд е истакнато дека моралноста најчесто се доживува во форма на проблем ситуација во која треба да се донесе морална одлука и да се дејствува на морален начин. Во такви ситуации постои основна, па дури и интуитивна проценка на тоа што поединецот верува дека е добро и потребно да се направи, односно дека е морално добро и правилно. При донесување на таков суд и одлука тој честопати се одвојува себе си од ситуацијата со цел да биде објективен во одлучувањето. Неговото објективно морално разбирање станува суштински критериум според кој суди за манифестираното однесување. Со објективното морално расудување тесно е поврзан субјективниот интерес за себе си како индивидуа.

Наодите од ова истражување упатуваат на заклучокот дека со зголемување на возраста адолесцентите стануваат поспособни да ги земат предвид моралните вредности и позицијата на актерот во конкретната морална дилема. Тоа е поврзано со вредносниот систем што адолесцентот го има изградено, но и со достигнатиот степен на морален развој во целина. Резултатите можат да се протолкуваат низ позицијата на Колберг дека секоја морална ситуација се проценува така што се проценуваат нејзината структура,

ориентација и содржина. Структурата подразбира одредена социјална позиција соодветна на достигнатиот степен на морален развој. Ориентацијата подразбира морален тип, бидејќи се работи за анализа на влијанието на моралното мислење врз активноста и постапките. Содржината ги подразбира универзалните вредности. Оттука може да се заклучи дека повозрасните адолесценти подобро ги проценуваат сите три компоненти на моралната ситуација. Ова е особено важно кога се има предвид поврзаноста на моралното мислење со моралното однесување. Џејмс Рест и неговите следбеници посочуваат дека моралното однесување вклучува интерпретирање на ситуацијата во смисла на можните насоки на дејствување и нивните последици. Потоа следува балансирање и интегрирање на натпреварувачките гледишта и определување алтернативи што го задоволуваат критериумот за морален идеал. Следно е решавање по кој план да се дејствува и конечно, имплементирање на планот на дејствување. Затоа од голема важност за поединецот е да поседува развиена способност за идентификување на добрите и лошите опции и да ја согледува суштинската разлика меѓу нив. Ваквата способност се препознава во неговиот капацитет да дава соодветни објаснувања зошто одредена постапка е добра и треба да се направи, односно зошто одредена постапка е лоша и не треба да се направи. Тука станува збор за моралната перспектива која ќе ја заземе и под чие влијание ќе дејствува.

Поголемиот дел од адолесцентите имаат способност за повеќе морални перспективи. Која од нив ќе го води моралното мислење и моралното однесување зависи од влијанието на средината, полот, културата итн. Моралното мислење може да резултира не само во расудување за односите, туку и во повисоки форми на морално разбирање кои ги координираат различните морални перспективи. Колку е моралната ситуација со која поединецот се соочува посложена, толку ваквите различни морални перспективи можат да генерираат различни интерпретации на истата и да ја зголемат несигурноста во врска со моралните акции што би можеле да се преземат (Moshman, 2005). Во таков случај особено доаѓа до израз неговата морална слика за себе која е срцевината на неговиот морален идентитет. Колку е таа позаситена со морални вредности, толку повеќе поединецот ќе се труди да им остане верен на нив, а со тоа и на себе си. Тоа ќе го насочува кон морално однесување дури и во ситуации кои го соочуваат со сериозни морални обврски. Ова од причина што моралноста е формативен елемент на идентитетот на поединецот. Кога таа е во центарот на

идентитетот, постапувањето спротивно на моралните вредности и верувања не е нешто тривијално, туку е изневерување на она што поединецот во суштина è.

Имајќи ги предвид изнесените теоретски и емпириски сознанија поставена е хипотезата Б1 според која *повозрасните адолесценти почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од помладите адолесценти.* Резултатите од истражувањето целосно ја потврдуваат оваа хипотеза и се во склад со наодите од повеќе други истражувања (на пр. Arnold, 1993; Grundtner, Rode, Giebel, & Bock; 2008; Hart & Fegley, 1995; Pratt et al. 2003; Youniss & Yates, 1997; според Hardy & Carlo, 2005).

Добиените резултати се во склад и со оние од студиите на Сузан Хартер (Harter, 1986, 1988; според Blasi & Milton, 1991) кои сугерираат дека промените во искусувањето на себството кај адолесцентите се потпираат врз развојот на апстрактните поими, врз способноста истите да се комбинираат, како и врз способноста да се создаваат теории и врз новонастанатата осетливост за логичка неконзистентност. Блази и Милтон (Blasi & Milton, 1991) нагласуваат дека суштинската разлика меѓу испитаниците од рана и средна адолесценција е во тоа што повозрасните реагираат емоционално на сопствените карактеристики, чувствувааат дека истите им се од примарно значење и дека се посветени да бидат лојални самите на себе.

Влијанието на возраста врз менувањето на моралната слика за себе може да се објасни и со сознанијата до кои доаѓаат Колби и Колберг (Colby & Kohlberg 1987; според Lewis, 2007). Овие автори ги објаснуваат предконвенционалното, конвенционалното и постконвенционалното ниво на морален развој како три различни вида односи меѓу селфот и општествените морални правила и очекувања. Од перспектива на претконвенционалното ниво општествените правила и очекувања се нешто надворешно за селфот. Во второто ниво селфот се идентификува со или ги има интернализирано правилата и очекувањата од другите, особено од авторитетите. Конечно во третото ниво селфот е издиференциран од правилата и очекувањата и ги дефинира моралните вредности преку самостојно избрани принципи.

Моралната слика за себе поинтензивно се развива дури во периодот на доцна адолесценција (Arnold, 1993; Bock, лична комуникација, 2008). Истражувањата покажуваат дека на оваа возраст адолесцентите многу почесто

ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе во споредба со рана и средна адолесценција (на пр. Arnold, 1993; Grundtner, Rode, Giebel, & Bock; 2008; Higgins-D'Alessandro, 2006; Keller & Edelstein, 1991, 1993; Moshman, 2005; Power 2006). Ваков наод соопштува и ова истражување. Најниски резултати постигнуваат лицата од рана адолесценција. Како се зголемува возраста расте и вредноста на статистичките показатели што укажува на промени во моралната слика за себе кои одат на сметка на моралните вредности. Лицата од доцна адолесценција постигнуваат највисоки резултати што упатува на заклучокот дека тие најмногу ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.

Возрасни разлики се забележуваат и во перцепцијата на важноста на некои од вредностите и доблестите од страна на различните групи адолесценти. Резултатите покажуваат дека со возраста како поважни се перципираат *добрата нарав, незавидливоста, религијата* и *етичкиот идентитет.* Парцијалните споредби регистрираат значајни разлики меѓу рана и доцна адолесценција за *добра нарав, незавидливост* и *етички идентитет.* Помеѓу испитаниците од средна и доцна адолесценција се регистрирани разлики во однос на *религија* и *етички идентитет.* Ова значи дека лицата од доцна адолесценција значително поголемо внимание им придаваат на самоконтролата, прифаќањето на другите како различни и признавањето на нивните доблести и успеси, како и на ориентацијата кон другите и насоченоста кон туѓата добросостојба, интерперсоналноста и заемноста. Наведените карактеристики се перципираат како помалку важни од лицата во рана адолесценција.

Религијата, односно религиозноста и етичкиот идентитет им се многу поважни на лицата од доцна адолесценција отколку на лицата од средна адолесценција. Добиените разлики се должат на менувањето на приоритетите како последица од напредувањето во сознајниот, емоционалниот и моралниот развој на адолесцентите. Тие се поврзани со градењето на вредносниот систем и формирањето на идентитетот. Ваквите разлики се должат и на влијанието на факторите кои потекнуваат од процесот на социјализација, како и од надворешната средина. Влијанието на последниве ќе биде разгледано во дискусијата на резултатите во однос на видот на образование, (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и примарната група за социјализација.

Кога се разгледува поврзаноста на моралната слика за себе со моралното однесување, познавањето на вредностите од кои е составена може да биде корисно за разбирање на направените морални постапки. Истражувањата покажуваат дека централни вредности во моралната слика за себе кај адолесцентите кои се посочени како морални примери се моралните квалитети т.е. доблестите. Тука најчесто се наведуваат чесноста, одговорноста, праведноста, совесноста и слично (на пр. Colby & Damon, 1993; Hart & Fegley, 1995; Hart, 2005a, 2005b). Авторите наведуваат докази дека адолесцентите кои се посочени како морални примери соопштуваат присуство на поголем континуитет и кохерентност во своите животи во споредба со останатите адолесценти. Харт (Hart, 2005b) истакнува дека овие адолесценти препознаваат поголема сличност помеѓу нивното реално Јас и нивните минато и идно Јас. Нивните самоописи се, исто така, многу послични со самоописите на нивните мајки, отколку што е тоа случај со останатите адолесценти. Ваквите наоди на Харт се совпаѓаат со истражувањата на други автори кои покажуваат дека адолесцентите кои преземаат сериозни морални обврски се често пати инспирирани од нивните родители (на пр. London, 1970; Oliner & Oliner, 1988; Rosenhan, 1970; според Hart, 2005b).

Според моделот на Харди и Карло (Hardy & Carlo, 2005) идентитетот и сликата за себе се централни во дејствувањето на поединецот и во неговата интрапсихичка организација. Развојот на идентитетот се карактеризира со зголемување на организацијата и унификацијата на неговите елементи. Во текот на тој развој се продлабочува верувањето дека верноста и доследноста кон сопственото Јас се неопходност за поединецот. Со зголемување на возраста психолошкото функционирање на оската его – идентитет – селф станува поорганизирано, внатрешно конзистентно и дејствено. Врз развојот на моралниот идентитет, исто така, влијаат многу фактори кои потекнуваат од средината, поради што Харт (Hart, 2005a) се залага истиот да се набљудува и како социјална конструкција. Ова е особено важно поради фактот дека социјалните контексти се подложни на менување што овозможува да се менува и моралниот идентитет.

Сфаќањето на моралната слика за себе, односно на моралниот идентитет на поединецот како социјална конструкција се среќава и во истражувањата на Келер и Еделштајн (Keller & Edelstein, 1991, 1993). Овие автори го испитуваат

нејзиниот развој во периодот на детството и адолесценцијата интегрирајќи ги сознајните и мотивациски аспекти. Од позиција на сознајниот развој потребата од воспоставување на конзистентност меѓу мислата и акцијата се достигнува во подоцнежните развојни стадиуми. Таа се заснова врз развојот на селф кој ја прифаќа одговорноста за сопствените постапки и се дефинира преку морално значајни категории. Развојот на моралната слика за себе е условен од когнитивни и мотивациски фактори. Додека основното познавање на моралните правила им е достапно веќе на малите деца, мотивацијата да се прифатат овие правила како тесно поврзани за селфот се јавува многу подоцна. Овие сознанија се потврдени во теориите на Пијаже (Piaget, 1978), Блази (Blasi, 1988, 1993), Киган (1982), Туриел (1974, 2006b), како и со резултатите од повеќе истражувања (на пр. Asendorpf & Nunner-Winkler, 1992; Keller & Edelstein, 1993; Leary, 2007; Lee & Snarey, 1988, Nunner-Winkler, 1993; Nunner-Winkler & Sodian, 1988; Tangney, Stuewig & Mashek, 2007).

Од когнитивен аспект развојот на моралната слика за себе вклучува развој на знаење за моралните правила – зошто е важно да се прави добро и кои се последиците од лошите постапки. Поимите на доверба и одговорност се развојно најелаборираните когнитивни структури. Од мотивациски аспект ваквиот развој вклучува обврска и посветеност кон правилата во смисла на чувство на одговорност за постапките и последиците од нив, тогаш кога истите ги кршат моралните правила и норми. Со зголемување на возраста поединецот станува способен за когнитивно разбирање на значењето на блискоста во односите, во смисла на доверба, лојалност и слично. Мотивациски тој се чувствува обврзан кон врските со другите во таа насока што ги регулира акциите за да воспостави и да ја одржи заемната доверба (според Keller & Edelstein, 1993).

Гледано развојно, со возраста се зголемува конзистентноста помеѓу моралните судови и изборот на постапките во ситуации кога поединецот се соочува со конкретна морална дилема. Когнитивната конзистентност е настојување да се избегнат контрадикциите помеѓу моралното расудување и постапките преку објаснувања или барање изговори. Конзистентноста на постапките ја избегнува моралната контрадикција преку нивно регулирање на начин кој е конзистентен со обврските и одговорноста. Двата вида конзистентност се развиваат во периодите на детство и во адолесценција.

Повозрасните поединци чии избори на постапки се поконзистентни со обврските и одговорноста кон другите поединци, покажуваат поголема сигурност во моралната исправност на сопствените постапки, што се гледа низ објаснувањата за истите (според Keller & Edelstein, 1993).

Резултатите од истражувањата за влијанието на возраста врз развојот на моралната слика за себе соопштуваат дека чувството за лична обврска т.е. должност, во голем степен отсуствува кај шестгодишните, но е многу добро разбрано од страна на дванаесетгодишните деца и е тесно поврзано со тоа во што тие веруваат дека е објективно правилно. Кај многу седумнаесетгодишници чувството на обврска е поврзано со личните верувања и личниот интегритет (Nunner-Winkler & Sodian, 1988). Повикувајќи се на сопствените и на истражувањата од други автори Блази (Blasi, 1980) заклучува дека децата од сите возрасти разбираат дека одредени постапки се неприфатливи и погрешни, но дека постојат јасни возрасни разлики во одговорите кои се однесуваат на емоциите. Помалите деца изгледа дека не искусуваат емоции поврзани со разбирањето на она што е погрешно. Поинаку кажано, нивното морално разбирање не поседува мотивациска моќ која е потребна за да ги спречи кај нив присутните мотиви за дејствување. Оттука произлегува дека моралното разбирање може да постои и без да биде интегрирано со соодветни емоции и мотиви. Ова го покажуваат наодите од истражувањата на Келер и Еделштајн (Keller & Edelstein, 1993), Нанер-Винклер и соработниците (на пр. Asendorpf & Nunner-Winkler, 1992; Nunner-Winkler, 1993; Nunner-Winkler & Sodian, 1988), Блази (Blasi, 1988, 1993) и многу други.

Според теоријата на Киган формирањето и развојот на идентитетот се одвива низ пет стадиуми. За периодот на рана адолесценција е карактеристичен вториот стадиум, за средна и доцна адолесценција - третиот стадиум, а четвртиот стадиум се јавува дури во возрасниот период. Петтиот стадиум ретко се постигнува пред зрелоста и во него влегуваат само ретки поединци. Подоцнежните истражувања соопштуваат наоди според кои овие стадиуми се јавуваат нешто подоцна. Така, на пример, истражувањата на Форсит и соработниците укажуваат дека поединците во средна адолесценција и раните дваесетти години од животот најчесто се наоѓаат во премин меѓу вториот и третиот стадиум (Forsythe et al., 2002; според Rule, & Bebeau, 2005). Овие поединци неретко имаат конфликт меѓу, од една страна, чувството на обврска

кое почнува да се јавува и лојалноста кон колективниот сет очекувања карактеристични за третиот стадиум и, од друга страна, индивидуалните интереси кои го одбележуваат вториот стадиум. Насоченоста кон личните интереси сеуште може да биде забележлива, но поединецот е веќе свесен дека истата треба да ја надмине.

Испитувајќи ја врската меѓу моралната слика за себе и моралното однесување на адолесцентите Арнолд (Arnold, 1993) наоѓа дека моралната идентификација и моралната мотивација позитивно го предвидуваат моралното однесување. Тоа значи дека адолесцентите кои вклучуваат поголем број морални вредности како централни во нивната слика за себе и кои соопштуваат морални причини за важноста на истите во нивните животи, манифестираат повисоко ниво на морално однесување. Особено впечатливи развојни разлики меѓу испитуваните адолесценти се добиени во однос на личното значење коешто адолесцентите го припишуваат на централните вредности во нивната морална слика за себе. Вакви разлики се добиени и за чувството на себе си како субјект кој дејствува и за нивната емоционална усогласеност со овие квалитети. Во секој од анализираните случаи мислењето на адолесцентите содржи четири хиерархиски подредени нивоа на разбирање и секое од нив претставува прогресивно поиздиференцирана и поинтегрирана концепција на доброто Јас.

Истражувањата на дел од авторите (на пр. Pratt et al. 2003; Youniss & Yates, 1997; според Hardy & Carlo, 2005) за врската меѓу моралната слика за себе и моралното однесување, покажуваат дека во периодот на адолесценција вклучувањето во морални активности може да му претходи на развојот на моралната слика за себе. Според нив, голема е веројатноста од двонасочност во ваквата врска, во смисла на тоа дека моралното однесување го стимулира развојот на моралната слика за себе која потоа го мотивира моралното однесување. Во возрасниот период позастапен е обратниот однос т.е. лицата кои имаат поразвиена морална слика за себе почесто се вклучуваат во морални активности (според Hardy & Carlo, 2005).

## 4.2. Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од полот

Покрај утврдувањето на разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од возраста овој труд е насочен и кон истражување на разликите кај овие две компоненти во зависност од полот на испитаниците. Досегашните истражувања зборуваат во прилог на поврзаноста на овие два домени на моралноста и нивната зависност од полот. Ваквите промени се окарактеризирани со развојните специфики на овој период. Резултатите од ова истражување ја потврдуваат поставената хипотеза А2, но не и поставената хипотеза Б2.

Хипотезата А2 се однесува на разликите во моралното мислење во зависност од полот. Според неа *адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите од машки пол*. Овие резултати се во склад со резултатите кои ги соопштуваат авторите во повеќе истражувања (на пр. Gilligan, 1982; Haviv & Leman, 2002; Rest, 1974, 1975; Rest & Thoma, 1985; Skoe et al., 1999; Thoma, Bebeau, & Boland, 2008; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008; Walker, 1991).

Истражувањата на посредните поими во кои е вклучен полот како варијабла говорат за подобри постигнувања на лицата од женски пол, во споредба со лицата од машки пол (Thoma, лична комуникација, 2008). Влијанието на полот врз моралното мислење е актуелизирано уште во теориите и истражувањата на Белинки и на Гилиген и соработниците. Гилиген (Gilligan, 1982) смета дека жените мислат во „поинаков глас“ во споредба со мажите и таквата разлика се должи на разликите во социјализацијата. Мажите и жените развиваат два различни приоди – првите судат од позиција на правда и права, а вторите од позиција на грижа и одговорност. Машкиот приод се толкува како манифестација на автономија и на индивидуално Јас, а вниманието е насочено кон тоа како да се практикуваат сопствените права без да се измешаат со правата на другите. Женскиот приод се толкува како развој од чувството на индивидуалност кон поврзаност со другите. Фокусот е ставен врз тоа како да се води морално правилен живот кој вклучува обврски кон себе си, семејството и

луѓето воопшто. Овој приод е воден од насоченост кон помагање на другите, алтруизам, сочувство и слично.

Гилиген (Gilligan, 1982) ги проширува сфаќањата на его-психолозите тврдејќи дека сликата за себе определува дали основата на морално мислење ќе биде правдата или грижата. Според авторката се работи за квантитетот и за квалитетот на врските кои поединците ги градат меѓусебе. Правата на поединецот, еднаквоста пред законот, правдата и слично можат да се следат и без да има потреба од лични врски меѓу луѓето. Од друга страна, сочувството, лојалноста, одговорноста и слични доблести одразуваат меѓулична вклученост. Грижата потекнува од поврзаноста со другите. Оттука, правдата покажува тенденција да биде доминантен „морален компас“ за мажите при донесувањето на морални одлуки, а грижата и ориентираноста за жените. Во спроведените екстензивни интервјуа на испитанички од 6 до 18 годишна возраст Гилиген и соработниците наоѓаат дека девојчињата конзистентно ги интерпретираат моралните дилеми во духот на меѓучовечките односи и своите интерпретации ги засновуваат врз слушање и набљудување на другите луѓе. Авторката смета дека тие се сензитивни на различниот ритам во релациите меѓу поединците и често пати се способни да ја следат насоченоста на чувствата (според Santrock, 2007).

Наодите од ова истражување упатуваат на заклучокот дека адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања. Значајни разлики се регистрирани за сите три индикатори на моралното мислење. Ако се земат предвид сознанијата кои ги соопштуваат Гилиген и соработниците и ако се анализираат моралните дилеми на кои испитаниците одговараат, тогаш добиените разлики во моралното мислење под влијание на полот се разбирливи. Многу од наведените доблести според кои судат лицата од женски пол се всушност испитуваните посредни поими во овој труд. Тука се потврдува дека адолесцентките се посензитивни за различните релации меѓу луѓето, поподготвени се да земат предвид повеќе аспекти на анализираната ситуација истовремено, покажуваат повисока способност за заземање на туѓо гледиште и повеќе ги препознаваат моралните вредности како што се одговорноста, чесноста, посветеноста, искреноста и слично. Со оглед на тоа што тие се социјализираат да бидат ориентирани кон другите уште во детството, се очекува

таквата ориентација да се манифестира и при соочувањето со конкретна морална дилема во периодот на адолесценција.

Овие наоди може да се последица и од самиот инструмент што е користен за мерење на моралното мислење на адолесцентите. Во него, од вкупно седум морални дилеми, четири се дилеми со кои се соочува актер од женски пол. Кај останатите три со дилемата се соочува актер од машки пол. Пријателството е морална вредност која е спротивставена на некоја друга морална вредност во дилемите каде актерот е од женски пол. Ако се земат предвид претходно споменатите сознанија, тогаш регистрираните разлики во корист на лицата од женски пол што се добиваат со користење на овој инструмент може да се должат на тоа што инструментот е веројатно „полово обоен“ со моралните дилеми од кои е составен. Кон ваквата претпоставка оди и погоре посоченото сознание дека сите истражувања на посредните поими во кои е вклучен полот како варијабла говорат за подобри постигнувања на лицата од женски пол, во споредба со лицата од машки пол (Thoma, лична комуникација, 2008).

Со овие заклучоци е поврзана уште една карактеристика на периодот на адолесценција. Според најновите истражувања од доменот на еволуционата психологија, како и од когнитивната развојна невронаука, постојат докази дека во периодот на адолесценција се одвиваат интензивни промени во мозокот кои подразбираат раскинување на старите и создавање на нови синаптички врски (процес наречен *синаптогенеза*), што се манифестира во однесувањето на адолесцентите (Abbott, 2005; Berger, 2008; Narvaez & Vaydich, 2008). Ваквите промени се особено интензивни во регионите кои заедно го сочинуваат т.н. социјален мозок. Станува збор за мрежа на мозочни региони кои се активни при разбирањето на другите, односно на нивните емоционални и психички состојби. Однесувањето кое е поврзано со социјалната когниција драматично се менува за време на адолесценцијата. Тоа се случува паралелно со функционалните промени кои настануваат во социјалниот мозок во текот на овој развоен период (според Blakemore, 2008).

Истражувањата покажуваат дека овие делови од мозокот минуваат низ структурален развој вклучувајќи ја веќе споменатата синаптогенеза. Развојот на социјалниот мозок за време на адолесценцијата е под влијание на повеќе фактори меѓу кои се промените во нивото на хормони во организмот и

промените во социјалната средина. Тоа предизвикува значајни невроанатомски промени и во деловите кои ги засегаат когницијата и однесувањето. Во пубертетот под влијание на половите хормони се случуваат невроанатомски развојни промени особено во фронталните и париеталните мозочни региони. Тоа влијае врз процесите на неврогенеза, синаптогенеза, синтезата на невротрансмитерите итн. Нивото на половите хормони во организмот се покажува значајно при перципирањето и интерпретацијата на емоционалните реакции кај другите, а влијае и врз социјалното однесување (според Blakemore, 2008).

Според податоците што ги соопштува Бергер (Berger, 2008), кај момчињата јавувањето на секундарните полови карактеристики трае и до седумнаесеттата година, што значи дека тие полово созреваат подоцна од девојчињата. Во тој поглед дури и девојчињата кои се развиваат со просечна брзина предничат околу две години во споредба со нивните врсници. Со оглед на тоа што девојчињата побрзо полово созреваат во споредба со момчињата, а веројатно и различно се социјализираат можно е нивниот социјален мозок да е поразвиен и токму тоа да е една од причините за добиените разлики во способноста за морално мислење меѓу адолесцентите од машки и женски пол во ова истражување. Сепак, ова е само едно можно објаснување на добиените разлики. Причина за тоа е што врз развојот секогаш влијаат повеќе фактори кои се во интеракција и кои потекнуваат од различни извори. Тука на прво место се оние кои произлегуваат од процесот на социјализација.

Девојчињата веќе во рана адолесценција постигнуваат подобри резултати во однос на способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања. Кај момчињата оваа способност се зголемува дури во средна адолесценција. Ваквиот наод би можел да се должи на тоа што девојчињата уште од рана возраст се социјализираат според „типично" женски карактеристики – послушни, добри, мирни, кротки и слично. За момчињата е прифатливо да се доминантни, бучни, физички посилни и сè што припаѓа во категоријата „типично" машки карактеристики. Оттука, се чини дека не може да се повлече граница до каде одредено поведение се должи на влијанието на процесите што се одвиваат во социјалниот мозок, а од каде на процесот на социјализација. Највероjатен заклучок е дека овие два аспекта се во меѓусебна интеракција.

Споменатите заклучоци наоѓаат потпора во резултатите од истражувањето на Шонерт-Рајхл (Schonert-Reichl, 1999) кои укажуваат дека моралното мислење во рана адолесценција е значајно позитивно поврзано со просоцијалното однесување кај девојките. Поповски (2005) посочува дека просоцијалното однесување може да биде значајно посредувано од когнитивното и афективното, но не и од перцептивното заземање туѓо гледиште. Ова доаѓа оттаму што, за да може да му се помогне некому не е доволно само да се забележи дека лицето е во невоља, туку треба и да се осознаат и разберат неговите потреби и чувства. Истражувачите на развојните аспекти на просоцијалното однесување во повеќе студии откриваат дека способноста за заземање туѓо гледиште значително се подобрува од крајот на предучилишниот период, па сè до адолесценцијата. Со текот на возраста се зголемува и фреквентноста на просоцијалното однесување.

Поставената хипотеза Б2 се однесува на разликите во моралната слика за себе во зависност од полот. Според неа *адолесцентите од женски пол почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе во споредба со адолесцентите од машки пол.* Оваа хипотеза не е потврдена. Според тоа, полот не игра значајна улога во изборот на моралните вредности како централни во моралната слика за себе кај лицата во периодот на адолесценција. Направените анализи јавуваат значајни разлики меѓу адолесцентите од двата пола во прецепцијата на важноста на доблеста *добра нарав.* Адолесцентите од машки пол оваа вредност ја перципираат како поважна за нивната морална слика за себе во споредба со адолесцентите од женски пол.

Секој поединец реагира на моралната ситуација воден од сопствените потреби, желби, вредности и цели. Моралното доживување може да се карактеризира со потребата од интегрирање на објективното разбирање на тоа што е правилно, со субјективното значење кое поединецот го придава на тоа да биде морална личност. Со помош на своите сознајни процеси тој е насочен кон надвор во потрага по морални идеали и стандарди, а преку саморефлексивните процеси гледа навнатре, оценувајќи го местото на тие верувања во личниот живот. Во зависност од тоа какви вредности, верувања и цели поседува, поединецот така и ќе пристапува на одредена проблем ситуација во која треба да се донесе морална одлука и да се дејствува на морален начин (според Arnold, 1993).

Разликите во однос на перципирањето на *добрата нарав* како поважна за моралната слика за себе од страна на адолесцентите од машки пол упатуваат на заклучокот дека машките адолесценти на оваа возраст се насочени кон контрола на емоционалните реакции, особено кога се работи за негативните емоции. За разлика од адолесцентите од женски пол ним им е поважна самоконтролата односно поважно им е да не се разлутуваат лесно, да не го повишуваат тонот кога се налутени и да не ја манифестираат лутината и вознемиреноста врз нивните пријатели и членови на семејството. Ваквата појава може да биде последица од хормоналниот статус кај мажите и повисокото присуство на адреналин и тестостерон. Тоа може да води кон повисока раздразливост поради што се јавува потреба истата да се скроти и контролира. Добиените резултати може да се знак и за повисока емоционална зрелост на машките, но и за тенденцијата кон давање социјално пожелни одговори. Ако резултатите се протолкуваат низ призмата на новите трендови на сè поголемо доближување на половите, ваквиот резултат може да биде знак за напуштање на типично маскулините карактеристики од страна на адолесцентите од машки пол и насочување кон психичка андрогинија. Потврда за слични промени се наоѓа и во сознанијата на Ратејнси и Феникс (Rattansi & Phoenix, 2005). Тоа би значело дека стреотипите според кои мажите се тие кои се агресивни и кои доминираат врз жените кои се кротки и срамежливо повлечени не важат за денешните адолесценти. Споменатите стереотипи во денешно време се демистифицирани и депласирани.

Кон ваквиот заклучок се надоврзуваат и сознанијата што ги соопштува Бурман (Burman, 2008). Авторката посочува дека прототипот на субјект во денешното образование е девојчето, а не момчето - што е случај во теоријата на Пијаже. Според неа, се чини дека девојчињата се понапредни во училиштата и во високото образование во земјите од „развиениот“ свет. Актуелните дебати во рамки на образованието го нагласуваат проблемот на „девојчиња кои повеќе постигнуваат наспроти момчиња кои помалку постигнуваат.“ Бурман тоа го објаснува преку промените кои се случуваат во дваесет и првиот век. Културата и политичката економија ја деконструираат традиционалната релација меѓу рациото и емоциите, инструментализирајќи го емоционалниот живот и доведувајќи го уште повеќе под влијание на капиталот. Издигнувањето на важноста на емоционалната интелигенција е еден од показателите на

поместувањето во културата. Ова доведува до развој на нови модели засновани врз вештини и способности кои го моделираат поединецот и го насочуваат кон учење на нови компетенции и стекнување на нови квалитети. Еден од ефектите на ваквото поместување кој во рамки на училиштата е насочен кон изработка на портфолио и континуирано оценување на секој ученик, се чини дека им оди во прилог на девојчињата. Нивните постигнувања на тестовите за проценка на училишниот успех се повисоки од оние на момчињата. Ваквите разлики меѓу момчињата и девојчињата се намалуваат кога ќе се земат предвид расата и социоекономскиот статус.

Регистрираните повисоки постигнувања на девојчињата во образовниот процес, но и на жените, воопшто, во различни аспекти од живеењето, упатуваат на заклучок дека денес се живее во помалку маскулин свет. Во прилог на тоа оди фактот дека жените бележат сè поголеми успеси во бизнисот и во доминантно машките професии. Сепак, Бурман (Burman, 2008) нагласува дека мора да се внимава при извлекување на пребрзи заклучоци, особено кога не се анализираат повеќе фактори истовремено. Ова од причина што феминистичкиот нео-либерален субјект може да е само една експлоатирачка верзија на старата маскулина култура и последица од нов мит кој го креираат медиумите.

## 4.3. Дискусија на резултатите за односот на моралното мислење и моралната слика за себе во зависност од возраста и полот

Односот на моралното мислење и моралната слика за себе во зависност од возраста и полот е прикажан со резултатите кои се насочени кон проверка на вистинитоста на хипотезата В. Според оваа хипотеза *адолесцентите од машки и женски пол на различна возраст кои покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе*. Истражувачките наоди ја потврдуваат поставената хипотеза и се во склад со досегашните истражувања на слична тема (на пр. Arnold, 1993; Thoma, Bebeau, & Boland, 2008; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008).

Една од причините за добиениот однос меѓу моралното мислење и моралната слика за себе во ова истражување е тоа што првиот домен на

моралноста е мерен преку посредните поими кои и самите се морални вредности. Тука спаѓаат, на пример, чесноста, одговорноста, совесноста, храброста, доследноста, самоконтролата, незавидливоста и слично. Оттука се очекува дека поединците кои почесто ги избираат моралните вредности во нивната морална слика за себе ќе покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања. Ова оттаму што посредните поими се втемелени во специфични професионални контексти, особено во т.н. „професии за помагање“. Истите се однесуваат на способноста на поединецот да идентификува активности и да дава соодветни објаснувања за нив. Поради тоа што моралноста е формативен елемент на идентитетот на поединецот лицата кои почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе повеќе настојуваат да им останат верни на нив, а со тоа и на себе си. Тоа ги насочува кон морално однесување дури и во ситуации кога се соочуваат со сериозни морални обврски.

Интеракцискиот ефект меѓу возраста и полот кој се регистрира кај моралната слика за себе, надворешниот изглед и етичкиот идентитет ги посочува промените кои се случуваат во овој домен на моралноста во периодот на адолесценција. Промените во моралното мислење и моралната слика за себе се многу повидливи меѓу рана и средна адолесценција кај машките, односно меѓу средна и доцна адолесценција кај женските испитаници.

Истражувачките наоди во овој труд укажуваат дека кога ќе се земат предвид влијанието на возраста и полот заедно, се добиваат значајни разлики во однос на сите три индикатори на морално мислење. Се потврдува дека овие два фактора и поединечно и во комбинација се важни за развојот на овој анализиран домен на моралноста. При нивното заедничко дејствување се добиваат значајни разлики во поглед на способноста за морално мислење меѓу испитаниците од двата пола во сите три возрасни групи. Кај испитаниците се забележува напредување во способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања. Добиените резултати покажуваат дека адолесцентите од машки пол бележат побрзи промени во способноста за морално мислење помеѓу рана и средна адолесценција. Промените во наведената способност кај адолесцентите од женски пол се многу побрзи и повидливи помеѓу средна и доцна адолесценција. Оттука, постигнувањата на машките и женските поединци во средна адолесценција се доближуваат.

Помалото напредување кај лицата од женски пол помеѓу рана и средна адолесценција може да се објасни на неколку начини. Добиените резултати може да се должат на поприсутниот егоцентризам во мислењето кај лицата од женски пол во овој период. Најчесто во секојдневниот живот адолесцентите не се способни да ги идентификуваат сите значајни димензии на еден проблем, ниту да прават јасна замисла во што е суштината на прашањето. Употребата на формалната логика ги доведува овие поединци до нелогични и егоцентрични заклучоци. Тие не се способни за дијалектичко мислење и за прифаќање на контрадикциите и на релативистичкото проценување на вистинското решение на еден проблем. Ова особено доаѓа до израз кога формално-логички правилен суд ќе се стави во ситуација на решавање на лично доживеана морална дилема. Потребно е да се согледаат искуствените податоци и истите да се преодмеруваат за да се дојде до нов квалитет во расудувањето (според Мурџева-Шкариќ, 2010).

Многу автори посочуваат дека адолесцентите не манифестираат конзистентно морално однесување во различни општествени ситуации (на пр. Eisenberg, 2004; според Santrock, 2007). Една од причините за ваквата состојба е влијанието на врсниците во конкретна ситуација поради кое адолесцентот може да се однесува на начин на кој не би се однесувал да е сам. Познато е дека влијанието на врсниците е најсилно во периодот на адолесценцијата. Можно е истото да е поголемо во периодот на рана и средна адолесценција кај девојчињата, отколку кај момчињата. Оттука, моралната перспектива од која поаѓаат адолесцентите од женски пол при идентификувањето на добрите и лошите постапки и објаснувања може да биде едно објаснување за добиените резултати. Интересно е да се напомене дека во четири од вкупно седум морални дилеми кои се вградени во „инструментот за мерење на посредните поими" едната од моралните вредности која е доведена во конфликт со друга морална вредност е *пријателството* (на пр. „Гледано долгорочно, најважно е другарството", „Другарството не треба да се жртвува за сметка на докажувањето на вистината", „Другите може да си помислат дека тоа го направила од корист или од осветољубивост"). Испитаниците треба да проценат што е поприоритетно за актерот во конкретната морална дилема. Некогаш тоа е неговата долгорочна цел, а некогаш општото добро. Така, не секогаш изборот на пријателството како поважна вредност е добра опција или објаснување. Дополнителна сложеност при изборот на пријателството е одмерувањето во

однос на кого, за сметка на кого или на што итн. Тоа особено доаѓа до израз кога таквиот избор компромитира друга морална вредност како што е одговорноста или совесноста, чесноста, искреноста итн.

Пријателството е исклучително важно во периодот на адолесценција. Мурџева-Шкариќ (2009) посочува дека пријателствата од времето на адолесценцијата се најчесто најинтимните и најсилните од кога и да е во другите возрасни периоди. Причина за ова е самиот процес на индивидуација во кој адолесцентите се одделуваат од своите родители и имаат потреба од слични со нив. Во овој период од животот пријателствата се трајни, стабилни и блиски, а разговорите и поддршката овозможуваат да се намалат напнатоста и стресот. Можноста да се создаваат длабоки пријателски врски се засновува врз сознајниот развој кој овозможува да се споделат порасчленети мислења и доживувања. Токму способноста да се стави во туѓо гледиште му овозможува на адолесцентот подобро да ги разбере мислите и чувствата на другите. Ако се земе предвид ориентацијата кон другите која според Гилиген (Gilligan, 1982) е карактеристична за лицата од женски пол, може да се претпостави дека пријателството како вредност е многу важно за адолесцентките во рана и средна адолесценција. Тоа може да е една од причините за помалото напредување во способноста за идентификување на добрите и лошите избори и објаснувања во овој период, за разлика од нивните врсници од машки пол.

Вилијам Дејмон (според Arnold, 1993) смета дека во адолесценцијата се случуваат две големи поместувања во сликата за себе, што обезбедуваат концептуална заснованост за нејзина интеграција со моралноста. Првото големо поместување се случува во раната адолесценција и се однесува на појавата на т.н. социјална личност кога сликата за себе почнува да се дефинира со социјално-интерактивни карактеристики кои предизвикуваат нова свесност за сопствената морална слика за себе. Во доцната адолесценција сликата за себе типично ја карактеризираат сложени мрежи од верувања, лична филозофија и морални стандарди. Второто големо поместување во моралната слика за себе кое е тесно поврзано со првото, а се случува во адолесценцијата, се однесува на индивидуалните разлики во начинот на кој поединците реагираат или се насочуваат кон социоморалниот свет. Добиените резултати во ова истражување се во склад со идентификуваните поместувања за кои зборува авторот.

Потврдената хипотеза В упатува на заклучокот дека кога ќе се земат предвид влијанието на возраста и полот заедно се добиваат значајни разлики во однос на моралната слика за себе кај адолесцентите. Според тоа, полот сам по себе не е фактор кој доведува до тоа адолесцентките почесто да ги избираат моралните вредности во нивната морална слика за себе во споредба со нивните врсници. Но кога ќе се поврзат двата наведени фактори се добива јасна слика за промените што се случуваат во периодот на адолесценција. Резултатите покажуваат дека адолесцентите од машки пол бележат поголем скок во изборот на моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе помеѓу рана и средна адолесценција. Промените кај адолесцентите од женски пол се многу побрзи и повидливи помеѓу средна и доцна адолесценција.

Регистрираните разлики можат да се објаснат со помош на делови од теоријата на Блази (Blasi, 1993; Blasi & Glodis, 1995). Овој автор сугерира дека поединецот се доживува себе си низ процес на дејствување и искусување, поврзан со неговите акции и искуства. Без таквата поврзаност не би постоеле ниту акции, ниту искуства, туку само процеси кои се јавуваат нелично во рамки на организмот. Уште повеќе, се чини дека постојат различни начини на поврзување со акциите и искуствата, кои ги определуваат или привремените и ситуациски варијации или повеќе или помалку стабилните индивидуални разлики во искусувањето на себството. Одлуката во што да се верува и искуството на согледување на личните верувања како продолжување на личната природа на поединецот се два различни, иако не заемно исклучиви начини на доживување на себството во акција и укажуваат на две различни себства како субјекти. Оттука, тој се залага за интегрирање на моралноста во личноста и предлага селф-модел кој е сознаен, развоен, дуалистичен и насочен кон селфот чија конзистентност ја смета за главен динамички фактор кој ги поврзува сознанието и дејствувањето. Според ова, регистрираните разлики може да се должат на различното искуство и ниво на активност на поединците во процесот на социјализација. Тоа ќе влијае врз начинот на кој поединците истите ќе ги поврзуваат со нивната морална слика за себе.

Студијата на Блази и Милтон (Blasi & Milton, 1991) покажува дека во преминот меѓу рана и средна адолесценција се случуваат важни промени во начините на кои се искусува себството од страна на поединецот. Регистрирани се разлики меѓу половите кои покажуваат дека адолесцентките се понапредни

во однос на разбирање на внатрешната, однадвор недостапна психолошка реалност. За адолесцентите промените се силно и конзистентно корелирани со социјалната класа, што сосема отсуствува кај адолесцентките.

Добиените разлики можат да се објаснат и со резултатите од истражувањето на Арнолд (Arnold, 1993). Авторката истакнува дека моралните вредности како што се чесност, верност, љубезност, незавидливост итн. по дефиниција се „ориентирани кон другите" т.е. се интерперсонални квалитети. Неутралните вредности како што се интелигенција, независност, имагинативност, амбициозност и слично се повеќе ориентирани кон себе. Моралните мотиви кои стојат во основата на однесувањето водено од моралните вредности се поврзани со желбата за добросостојба на другите, спротивно на насоченоста кон сопствените интереси и перфекционистички цели. Оттука може да се издвојат две визии за себството – себство во интеракција со другите и себство како независен, автономен субјект. Според авторката, адолесцентите од женски пол на прашањето зошто им е важно да бидат добри личности почесто во своите одговори ја изразуваат моралната мотивација. Овој тренд е највпечатлив во доцна адолесценција. Ваквите наоди упатуваат на заклучокот дека моралната слика за себе се оформува различно во зависност од возраста и полот.

Во раната адолесценција лицата од женски пол се разликуваат од своите врсници од машки пол во однос на доблеста *етички идентитет* која ја перципираат како поважна за нивната морална слика за себе. На адолесцентките им е поважно да бидат проценети како добри личности дома, на училиште и меѓу пријателите, отколку што тоа им е важно на адолесцентите од машки пол. Тие почесто се чувствуваат лошо кога ќе направат нешто погрешно и почесто ги почитуваат своите правила на однесување, во споредба со нивните врсници од машки пол.

Ваквиот наод може да се објасни со помош на некои од теориите за морален развој и формирање на идентитетот. Од аспект на теоријата на Колберг адолесцентките се однесуваат според принципот „добро девојче" кој е карактеристичен за третиот стадиум на морално расудување. Нивното однесување е водено од тенденцијата да им се бендисаат на другите, особено на авторитетите. Индивидуалните вредности кои во овој стадиум се почитуваат се љубов, грижа, лојалност и сл. Според теоријата на Левинџер испитаничките се наоѓаат во

стадиумот на конформизам. Овој стадиум соодветствува и на почетокот на формалните операции во теоријата на Пијаже, како и на интерперсоналниот стадиум од теоријата на Киган. Киган за односот субјект-објект во овој стадиум смета дека се карактеристични заемноста и интерперсоналноста. Поединците се разбираат себе си и другите низ нивните споделени меѓуврски. Тоа го прават земајќи предвид повеќе перспективи истовремено. Ваквата способност суштински го менува степенот до кој чувството за себе и разбирањето на општествената реалност можат да ги вклучат споделените искуства и интернализацијата на општествените очекувања и општествените идеали. Иако поединците во овој стадиум сеуште поседуваат индивидуални интереси и специфични цели на однесување, таквите интереси веќе не се централни при дефинирањето на себе си. Овие поединци се разбираат себе и светот преку споделените вредности, заемните очекувања и преку идентификацијата со институционалните идеи и принципи.

Во средна адолесценција се забележува дека лицата од женски пол го перципираат *етичкиот идентитет* како значително помалку важен за нивната морална слика за себе, во споредба со нивните врсници од машки пол. Оваа разлика се должи на тоа што споредено со раната адолесценција, кај девојчињата во средна адолесценција се бележи пад во неговата важност, а кај момчињата е регистрирано зголемување на важноста. Ако се погледнат ајтемите во инструментот кои се однесуваат на посочената доблест ќе се забележи дека тие најчесто се поврзани со проценката колку е поединецот добар како личност дома, на училиште и меѓу пријателите. Оттука, можно е во периодот на средна адолесценција кај лицата од женски пол да се менува значењето што ѝ го припишуваат на оваа доблест. Тие под квалитетот „добра личност“, како што е определено во инструментот, веројатно подразбираат конформирање и загрозеност на личната автономија и независност. Ова е поврзано со процесот на индивидуација. Од тој аспект се чини дека на оваа возраст девојките се најбунтовни и најоддалечени од родителскиот авторитет споредено со раната и доцната адолесценција. Тие се дури побунтовни и од нивните врсници. Додека на лицата од машки пол им е многу поважно да бидат перципирани од страна на значајните други и останатите авторитети како добри личности, споредено со периодот на рана адолесценција, лицата од женски пол ја вежбаат независноста од родителите, одбивајќи да бидат послушни и „добри девојчиња“. Најголема

оддалеченост од родителите во средна адолесценција е пронајдена и во истражувањето на Фрицханд (2007а), од каде се гледа дека испитаниците од овој возрасен период најмногу се разликуваат од родителите во однос на претпочитаните вредности, вредносни ориентации и морални ставови, споредено со лицата од рана и доцна адолесценција.

Ваквиот наод го потврдува и атмосферата која владее во погорните класови во средните училишта, како и експлицитното однесување на адолесцентките од оваа возрасна група во јавност. Причина за тоа може да биде потребата од маскирање на несигурноста која произлегува од балансирањето меѓу бројните сложени врски и усогласување на различни, често спротивставени улоги. Од друга страна ова може да е резултат и од следењето на врсниците и трендовите на однесување кои се пренесени преку медиумите. Конечно, не е исклучено добиените разлики да се последица на тоа што лицата од женски пол можеби даваат поискрени одговори за разлика од нивните врсници кои можеби настојуваат да се прикажат во социјално попожелно светло.

Во периодот на доцна адолесценција лицата од женски пол го перципираат *етичкиот идентитет* како многу поважен за нивната морална слика за себе во споредба со лицата од машки пол. Добиените резултати упатуваат на заклучокот дека „ориентацијата кон другите“ т.е. интерперсоналните квалитети се поважни за адолесцентките. Тие се повеќе насочени кон желбата за добросостојба на другите, земањето предвид на повеќе перспективи истовремено, кон заемноста и интерперсоналноста. Ним им е важно да бидат добри личности во рамки на микро и мезосистемите во кои секојдневно циркулираат. Девојките се социјализираат за споделување и грижа и за да постигнат нешто користат учтива стратегија. Тука се мисли на односот со родителите, наставниците и пријателите. Гледано низ процесот на индивидуација кој е карактеристичен за адолесценцијата, во доцна адолесценција адолесцентите повторно се зближуваат со родителите но како самостојни личности, пришто се воспоставува соработка и нема апсолутна послушност како порано. Ваквиот тренд на доближување до родителите е потврден и во истражувањето на Фрицханд (2007а), од каде се гледа дека испитаниците од доцна адолесценција се најслични со родителите во однос на претпочитаните вредности и вредносни ориентации.

Важноста на *надворешниот изглед* е поголема за лицата од женски пол во доцна адолесценција, отколку за нивните врсници од машки пол. Една од причините за ваквиот резултат е тоа што адолесцентите во принцип се окупирани со својот надворешен изглед. Понатаму, ова може да е последица и на сеуште присутниот егоцентризам, но и на наметнатиот модел за физички изглед, како и на можното незадоволство од сопствениот надворешен изглед. Преокупираноста со физичкиот изглед и достигнувањето на општествено наметнатите стандарди за телесна убавина е нагласена во раната адолесценција, а продолжува низ сите животни периоди понатаму. Женската убавина се одмерува со стандарди што се наметнуваат од страна на масмедиумите. Ваквата појава не ги одминува ни мажите на кои во последните декади исто така им се наметнува физичката атрактивност, така што веќе не е доволно да бидат со добар статус, здравје и моќ (според Мурџева-Шкариќ, 2009). Тоа може да е причината што оваа вредност лицата од машки пол во средна адолесценција ја перципираат како многу поважна во споредба со нивните врснички. Подоцнежното полово созревање кај машките и присутните промени во физичкиот изглед како последица од влијанието на хормоните и развојот на секундарните полови карактеристики може да се уште една причина што во средна адолесценција надворешниот изглед им е поважен на лицата од машки пол. Според податоците што ги соопштува Бергер (Berger, 2008) кај момчињата јавувањето на секундарните полови карактеристики трае и до седумнаесеттата година. Во тој поглед дури и девојчињата кои се развиваат со просечна брзина предничат околу две години во споредба со нивните врсници.

Уште едно објаснување на разликите меѓу машките и женските испитанци од доцна адолесценција во однос на важноста на надворешниот изглед може да се добие од еволуционата психологија. Истражувањата на Бас (Buss, 1988; според Wade, Auer, & Roth, 2009) посочуваат седум цели на љубовните акции: покажување на ресурси, ексклузивитет, посветеност, сексуална интимност, репродукција, споделување на ресурси и инвестирање во родителство. Во првата цел - покажување на ресурси - лицата од различен пол се разликуваат во однос на тоа што мажите се обидуваат да го докажат нивниот статус и финансиска моќ, како знак дека се способни да се грижат за партнерката и за потомството. Жените, пак, внимаваат на својот надворешен изглед многу повеќе, нагласувајќи ја својата младост, убавина и здравје кои од

еволуциска перспектива се детерминанти на репродуктивно соодветна партнерка. На тој начин жените настојуваат да го привлечат партнерот и да го задржат покрај себе што подолго, покажувајќи ја сопствената способност за репродукција. Ако се земе предвид дека според најновата класификација лицата од доцна адолесценција се наоѓаат во премин кон млади возрасни (според Мурџева-Шкариќ, 2010), тогаш ваквиот резултат може да се протолкува во насока на подготовка за реализирање на едната од трите развојни задачи на овој нов развоен период – интимноста.

Значајноста на добиените наоди за односот меѓу моралното мислење и моралната слика за себе доаѓа до израз при изнаоѓањето на механизмот на поврзаноста меѓу моралното знаење и моралното однесување. Резултатите од ова истражување ги потврдуваат сознанијата за поврзаноста меѓу овие два домени на моралноста. Таа поврзаност се манифестира во моралното однесување на поединецот особено кога се соочува со реална морална дилема. Доказ за ова се истражувањата на Кребс и соработниците (Carpendale & Krebs, 1995; според Haviv & Leman, 2002; Krebs, Denton & Wark, 1997; Wark & Krebs; според Haviv & Leman, 2002), како и на Хавив и Лиман (Haviv & Leman, 2002) за начинот на донесување на морални одлуки при решавање на реалните морални дилеми.

Посочените истражувачи нагласуваат дека кога испитаниците се прашани да наведат морални дилеми кои лично ги искусиле во секојдневниот живот тие многу повеќе соопштуваат просоцијални, антисоцијални и типови на дилеми во кои е присутен социјален притисок, отколку што соопштуваат апстрактни морални дилеми од типот на оние вклучени во инструментот на Колберг. Резултатите од нивните студии потврдуваат дека луѓето не користат исти форми на морално расудување кога размислуваат за реални морални дилеми кои лично ги искусиле, како кога размислуваат за апстрактни, неперсонални, филозофски типови на морални дилеми. Во зависност од моралната перспектива што ја заземаат размислувајќи за прашањето „Како би требало да постапам во оваа ситуација" може да даваат повеќе одговори. Сознајните процеси кои се активираат во ситуации кога треба да се донесе одлука за тоа како да се постапи во однос на сопственото себство се значително поразлични од оние кои се активираат при изборот на постапките во хипотетичките морални дилеми.

Во прилог на овие наоди одат резултатите до кои доаѓаат научниците од когнитивната невронаука и неврологијата. Постојат многу истражувања кои го испитуваат значењето на емоционалната, а не само на рационалната компонента при донесување на морални одлуки, (на пр. Casebeer, 2003; Greene, Sommerville, Nystrom, Darley, & Cohen, 2001; Moll et al., 2005; Rozin, Haidt, & Fincher, 2009; Waldman, 2006). Според нивните резултати моралните дилеми варираат систематично во однос на степенот до кој го вклучуваат емоционалното процесирање. Ваквите варијации во емоционалната ангажираност при соочување со реална морална дилема влијаат врз моралните судови на поединецот. Ова доаѓа оттаму што некои морални дилеми го вклучуваат емоционалното процесирање повеќе од другите морални дилеми што доведува до разлики во моралното расудување. При соочување со реална морална дилема во која поединецот е лично инволвиран се активираат одредени региони во мозокот кои не се активираат при решавање на неутрална или на апстрактна морална дилема. Од аспект на психолошките процеси кои се асоцирани со продукцијата на моралните судови, се добива дека судовите на неперсоналните (апстрактните) морални дилеми се многу послични со судовите во врска со неутралните дилеми, отколку што е тоа случај кога се споредени со судовите дадени на персоналните морални дилеми.

Влијанието на емоционалната вклученост во решавањето на персонална морална дилема е докажано и во истражувањето на Хавив и Лиман (Haviv & Leman, 2002), а во наши услови во истражувањето на Ханџиска (Ханџиска, 2002; според Мурџева-Шкариќ, 2010). Во двете истражувања се покажува дека кога поединците судат за реална морална дилема која лично ја искусиле или со која во моментот се соочуваат, нивните морални судови припаѓаат на пониските стадиуми на морално расудување. Ова, меѓу другото, се должи и на доживувањето на директна загрозеност на базичните потреби на поединецот како што се оние за сигурност, припаѓање, идентитет и слично. Сето наведено ја нагласува разликата меѓу компетенцијата за морално расудување и моралното расудување во пракса. Токму затоа поврзувањето на моралното мислење со моралната слика за себе е од исклучителна важност за објаснување на можните причини поради кои поединецот се однесува на одреден начин при соочување со конкретна морална дилема. Познавањето на моралната слика за себе на

поединецот овозможува да се претпостави моралната перспектива од која поаѓа и вредностите на кои се повикува.

На претходната дискусија се надоврзуваат сознанијата на Рест и соработниците според кои постојат два вида на моралност – *макроморалност* и *микроморалност* (Rest, Narvaez, Bebeau, & Thoma, 1999). **Макроморалноста** ја опфаќа формалната структура на општеството дефинирана од институциите, законите и улогите. Таа најчесто се манифестира во однесувањето на поединецот кое е насочено кон структурата на општеството и социјалната политика. Прашањата за макроморалноста се видливи во демократските процеси за време на изборите, референдумите, во работата на јавните служби и во политичките активности. Нејзини централни вредности се правдата, принципиелноста, недискриминацијата итн. Колберговата теорија се покажува како најкорисна за објаснување на овој вид моралност. **Микроморалноста** се однесува на поединечните релации лице – в - лице кои луѓето ги остваруваат во секојдневниот живот. Таа го опфаќа индивидуалното однесување и посветеноста на вредностите како што се лојалност, доследност, одговорност, посветеност, грижа и слично. Многу е поверојатно некоја од овие вредности да биде врвна во вредносната хиерархија на поединецот и да го дефинира како морална личност, отколку оние кои ја сочинуваат макроморалноста. Оттаму поединецот ќе одговара и ќе се однесува различно кога е соочен со апстрактна, односно неперсонална и со персонална морална дилема (според Rest, Narvaez, Bebeau, & Thoma, 1999).

Рест (Rest, 1983; според Arnold, 1993) го опишува моралното доживување како комплексен, динамичен склоп од вредности, нагласувајќи ја моќта што истите ја имаат во присвојувањето на моралните вредности на поединецот кога реализацијата на неговите животни цели е доведена во прашање. Блази (Blasi, 1980) истакнува дека интегрирањето на моралноста и личноста е клуч за морална зрелост на поединецот, нагласувајќи дека моралната когниција е неопходна компонента на моралното функционирање. Авторот (според Arnold, 1993) инсистира на ставот дека тенденцијата на поединецот да се однесува морално многу зависи од степенот до кој неговите морални вредности и верувања се интегрирани во неговата личност и уште повеќе, во неговото чувство за себството. Тој ја нагласува човечката способност да препознае дека сопствените верувања се продукт на самиот поединец, со што се предмет на

лична проценка. Оттаму, влијанието што моралните вредности и верувања на поединецот го имаат врз неговиот живот е условено од значајноста која тој самиот им ја припишува. За Блази моралното резонирање има централна улога во моралното функционирање.

Односот меѓу моралното мислење и моралната слика за себе Келер и Еделштајн (Keller & Edelstein, 1993) го објаснуваат истакнувајќи ја врската меѓу моралното мислење и постапките на поединецот која, од една страна, служи како критериум за конзистентност. Од друга страна, во случај на некозистентност меѓу мислењето и постапките, моралните чувства на вина и срам, моралните објаснувања, изговори и компензации што поединецот ги прави го покажуваат постоењето на моралната слика за себе. Интерперсонално, ваквите реакции на неконзистентноста служат да ја обноват нарушената морална рамнотежа во односот на поединецот со другите луѓе. Внатрешно тие го одржуваат перципирањето на себе си како морален субјект. Моралните чувства и стратегии за компензација може да претставуваат начин за постигнување на морална конзистентност. Воспоставената конзистентност помеѓу моралното мислење на адолесцентите и нивните постапки е знак за морално и интерперсонално свесно себство кое на доследното исполнување на обврските гледа како на дел од личноста.

Сознајно, развојот на моралната слика за себе се покажува дека зависи од развојот на комплексните структури на социо-моралното знаење кои се однесуваат на постапките, лицата и релациите. Од аспект на моралната мотивација развојот на моралната слика за себе подразбира свесност дека селфот е дел од релациите со другите, меѓу кои блиските пријателства се најзначајни. Развојот на поимите на доверба, верност, искреност се чини дека се од најголема важност за развојот на моралната слика за себе. Сепак, само тогаш кога поединецот сака да ги согледа овие вредности и од своја и од позиција на другите се постигнува конзистентност помеѓу моралното мислење и изборот на постапките кои се доживеани како потребни (според Keller & Edelstein, 1993).

## 4.4. Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од видот на образование

Во овој труд се испитувани разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе кај адолесцентите според видот на образование. Тие се поделени на четири групи: адолесценти кои учат во гимназија, адолесценти кои учат во Македонска православна богословија, адолесценти кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура и адолесценти кои студираат на Православниот богословски факултет во Скопје. Првата цел на ваквата поделба е да се провери дали видот на образование влијае врз способноста да се идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања. Втората цел е насочена кон проверка дали видот на образование влијае врз почестото избирање на моралните вредности како централни во моралната слика за себе. Во анализата како групи за споредба се вклучени учениците и студентите од Македонската православна богословија и од Православниот богословски факултет, бидејќи резултатите од досегашните истражувања покажуваат дека етичкото образование има позитивно влијание врз моралниот развој на лицата од средна и доцна адолесценција. Во текот на наставниот процес посочените поединци се многу повеќе насочени кон изучување на духовноста и на моралните вредности во споредба со учениците во гимназиите и студентите на другите факултети.

Поставени се две општи хипотези А3 и Б3. Хипотезата А3 тврди дека *адолесцентите се разликуваат меѓусебе во однос на моралното мислење во зависност од видот на образование*. Од оваа хипотеза се извлечени две потхипотези А3.1 и А3.2. Првата потхипотеза ги испитува разликите помеѓу лицата од средна адолесценција во зависност од видот на образование, а втората се однесува на разликите помеѓу испитаниците од доцна адолесценција. Добиените резултати ја потврдуваат општата хипотеза А3, но при парцијалните споредби значајни разлики се најдени само помеѓу лицата од доцна адолесценција. Оттука може да се извлече заклучок дека видот на образование прави разлика дури со почетокот на универзитетското образование. Ова е во склад со регистрираното влијание на возраста, а е поврзано со сознајниот развој.

Податокот дека не се најдени статистички значајни разлики за ниту еден од трите индикатори на моралното мислење помеѓу испитаниците со различен вид на образование во средна адолесценција, укажува дека процесот на морално созревање е многу повеќе поврзан со напредувањата во сознајните процеси и со возраста. Од теориите на Пијаже, Колберг, Рест и други автори е познато дека повисоката способност за морално мислење е тесно поврзана со развојот на формалните операции и вклучувањето во повисоките нивоа на образование. Ваквиот заклучок го потврдува значајната разлика меѓу испитаниците од доцна адолесценција кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура и оние кои студираат на Православниот богословски факултет. Овие резултати се во склад со наодите од студиите на Рест и соработниците според кои степенот на образование е тесно поврзан со повисоките способности за морално мислење (на пр. Rest, 1974, 1975, 1982; Rest, Davidson, & Robbins, 1978; Rest, & Narvaez, 1991; Rest & Thoma, 1985; Schlaefli, Rest, & Thoma, 1985; Wilson, Rest, Boldizar, & Deemer, 1992).

Се покажува дека во доцна адолесценција лицата кои студираат на Православниот богословски факултет значајно се разликуваат од нивните врсници кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура во однос на вториот индикатор на морално мислење – бројот на рангирани опции како најлоши. Студентите од Православниот богословски факултет покажуваат поголема способност да ги идентификуваат лошите постапки и објаснувања во споредба со нивните врсници кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура. Овде до израз доаѓа влијанието на видот на образование. Студентите од првата анализирана група се многу повеќе насочени кон изучувањето на духовноста и на моралните вредности кои се во основата на етичкото образование. Оттаму не зачудува што тие подобро ги препознаваат лошите постапки и објаснувања кои компромитираат одредена морална вредност. Нивната насоченост кон универзалните вредности како што се љубовта, почитувањето, правото на живот, умереноста, искреноста и слично во текот на високообразовниот процес е една од причините која доведува до посочените разлики.

Според Вринџ (Wringe, 2006), се чини дека на адолесцентите во процесот на социјализација не им се дава цврста морална насока. Поради тоа кога возрасните ќе им посочат дека некоја постапка е лоша, односно неправилна

тие одговараат со забелешката „Кој го вели тоа" или „Тоа е само твое мислење" или го манифестираат сомнежот на друг начин. Од друга страна, да се знае дека некоја постапка т.е. однесување е лошо не е гаранција дека истото нема да се направи. Оттаму многу е важна мотивацијата која стои позади одлуката да се постапи или да не се постапи на одреден начин. Објаснувањата за постапките кои поединецот ги дава се показател за неговата морална перспектива и мотивација, кои се тесно поврзани со неговиот вредносен систем.

Истражувачките наоди во врска со разликите во однос на моралното мислење помеѓу адолесценти со различен вид на образование добиваат поголема смисла ако се има предвид дека анализите ја потврдуваат и општата хипотеза Б3. Според неа *адолесцентите се разликуваат меѓусебе во однос на моралната слика за себе во зависност од видот на образование*. Од неа се извлечени две потхипотези Б3.1 и Б3.2 Првата потхипотеза ги испитува разликите помеѓу лицата од средна адолесценција во зависност од видот на образование, а втората се однесува на разликите помеѓу испитаниците од доцна адолесценција. Двете потхипотези се целосно потврдени. Статистички значајни разлики се регистрирани и во периодот на средна адолесценција и во периодот на доцна адолесценција. Ова упатува на заклучок дека лицата од средна адолесценција кои учат во Македонската православна богословија значително повеќе ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе, во споредба со нивните врсници од гимназиите. Истиот заклучок важи и за анализираната студентска популација. Адолесцентите кои студираат на Православниот богословски факултет значително почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе во споредба со студентите на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура. Со овие наоди се нагласува важноста и позитивните ефекти од етичкото образование врз развојот на двата посочени домени на моралноста.

Резултатите од истражувањето на Грандтнер, Род, Гибел и Бок (Grundtner, Rode, Giebel, & Bock, 2008) одат во прилог на погоре изнесените заклучоци. Тие покажуваат дека поединците од средна и доцна адолесценција по следењето на едносеместрален курс по етика постигнуваат повисоки скорови на мерките за морална слика за себе. Студентите повеќе ги избираат моралните вредности и доблести како централни во нивната слика за себе, повеќе ги претпочитаат деонтолошките и теориите на доблести, одошто утилитаристички

ориентираните теории. При описите на „добра личност“ овие испитаници, исто така, повеќе ги користат доблестите и моралните вредности.

Спроведените анализи меѓу испитаниците од средна адолесценција со различен вид на образование покажуваат разлики во однос на перципирањето на важноста на одредени вредности и доблести. Во периодот на средна адолесценција регистрирани се значајни разлики во однос на *незавидливост, пари, интелигенција* и *религија*. Адолесцентите кои учат во гимназија значително повеќе ги перципираат *парите* и *интелигенцијата* како важни за нивната морална слика за себе, додека учениците од Македонската православна богословија како значително поважни ги перципираат *незавидливоста* и *религијата*. Ваквите резултати се очекувани поради различните образовни контексти во кои се развиваат адолесцентите од двете анализирани групи. Слични разлики се добиваат и меѓу испитаниците од доцна адолесценција.

Студентите на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура ги перципираат *парите* како значително поважни за нивната морална слика за себе, во споредба со студентите на Православниот богословски факултет кои значително повеќе ја перципираат *религијата*, односно религиозноста како важна за нивната морална слика за себе. Се чини дека со возраста и напредувањето во сознајниот, емоционалниот и моралниот развој доаѓа до намалување на завидливоста. Лицата стануваат поподготвени да ги признаат квалитетите на другите и туѓите успеси да не ги доживуваат како компромитирање на личната вредност и способности. Перципирањето на религиозноста како поважна во моралната слика за себе од страна на студентите на Православниот богословски факултет е очекуван резултат кој е последица од видот на образованието. Религиозноста им помага на верниците да се приспособат и да ја прифатат неизбежноста и неизвесноста од крајот на животот. На индивидуален план, религиозноста и спиритуалноста им помагаат на луѓето да се чувствуваат подобро во тешки ситуации, со поголема волја да се мобилизираат и да се свртат кон иднината, како и да не се плашат од смртта. Со верата паралелно се јавуваат надежта и љубовта, бидејќи сите три потекнуваат од мудроста која произлегува од искуството (според Мурџева-Шкариќ, 2010).

Учениците од гимназија и студентите на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура ги перципираат *парите* како поважни за нивната морална слика за себе, во споредба со нивните врсници од

Македонската православна богословија и Православниот богословски факултет. Ваквиот наод е разбирлив со оглед на материјалистичкото и конзумеристичко општество во кое се развиваат овие адолесценти. Трката по пари и желбата да се имаат многу пари денес е присутна кај многумина и не е ексклузивно врзана за периодот на адолесценција. Помалата важност која учениците од Македонската православна богословија и студентите на Православниот богословски факултет им ја придаваат на парите најверојатно се должи на различните приоритети во нивниот вредносен систем во споредба со нивните врсници од другите две анализирани групи.

Од погоре изнесените податоци се потврдува важноста на присуството на етичко образование во текот на образовниот процес низ кој минуваат адолесцентите. Ваквиот заклучок е особено актуелен поради тоа што веќе подолго време адолесцентите и луѓето воопшто, живеат во хаос на повеќе нивоа: *внатрешен хаос* – денешниот човек не е способен да живее во мир со себе си, бидејќи му е нарушена внатрешната хармонија и сè потешко го воспоставува душевниот мир; *општествен хаос* – го карактеризираат нарушени меѓучовечки односи во кои луѓето се плашат едни од други и ја губат довербата; *амбиентален хаос* – духот на денешниот човек е заробен од сè посилната урбанизација и загаденост на планетата; и *метафизички хаос* – денес луѓето имаат чувство дека никаде не припаѓаат, што доведува до губење на темелите на егзистенцијата и смислата на животот (според Szentmártoni, 2004).

Темков (1999) ги идентификува брзата промена на животот, силниот либерализам и аморалистичката политичка и социјална акција која владее во текот на целиот дваесетти век како едни од главните причини за моралната ерозија со која се соочува општеството во минатото столетие. Авторот истакнува дека „*човек...- стана недоверчив спрема своите дејства, спрема акциите на другите, спрема институциите, не им верува повеќе на вредностите...политиката е гарантно сомнителна...дури не вреди да им се верува ни на најблиските, а и тие се насочени кон измама, неетичност, имаат глупи идеи и неморални намери*“ (Темков, 1999. стр.20). Сепак, современиот човек, според него, повторно станува моралист предизвикан од самите свои универзални негативни постапувања. Тој заклучува дека „*етиката е денес единствен начин за каков било опстанок*“ (Исто, стр. 21).

Анализирајќи ја состојбата со етиката на крајот од двесеттиот век, Темков (1999) нагласува дека моралот и етиката долго време биле ставени во загради. Доблесноста се мерела според сомнителни вредности, во подем била идејата на лаксизмот, на непостоечката одговорност во моралното однесување. Девизата "Можам да правам што сакам" била израз не само на општата демократизација или на либерализацијата на сите односи, туку пред сè била појава на внатрешниот став на безобразни личности кои го окарактеризирале столетието со нивната етичка деструкција, принципиелна неодговорност и множество вистински злосторства. Сепак, кон крајот на дваесеттиот век се јавуваат нови теченија и карактеристики во етиката која добива нов статус и разбирање. Тука авторот како пример го наведува сè понагласеното инсистирање да се обрне внимание на проблемот на последиците од намерите и постапките на поединците. Современата етика своите вредности и норми ги црпи од негативната животна и морална реалност. Затоа во неа се нагласени обврската, должноста, строгоста на вредностите, незаобиколивоста на нормите и согледувањето на последиците од постапките.

Добиените наоди од ова истражување и изнесените теоретски сознанија покажуваат дека видот на образование прави разлика во однос на тоа кои вредности ќе се перципираат како значајни и поради тоа ќе бидат сместени поцентрално во моралната слика за себе на адолесцентите. Тоа, исто така, ја засегнува способноста да се идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања кога адолесцентите се соочуваат со конкретна морална дилема. Сепак, напредувањето во посочената способност е многу повеќе поврзано со степенот отколку со видот на образование. Ова е особено значајно ако се земат предвид т.н. „професии за помагање“. Многу истражувања соопштуваат податоци за позитивното влијание на вклучувањето на етиката во курикулумите кај овие професии (на пр. Bebeau, 2002; Bebeau & Monson, 2008; Bebeau, Rest, & Narvaez, 1999; Bebeau & Thoma, 1998; 1999). Бебо и Тома (Bebeau & Thoma, 1999) истакнуваат дека во рамки на етичкото образование на идните здравствени работници, курсевите по етика се најчесто организирани околу посредните поими како што се професионалната автономија, компетентноста, доверливоста, вистинољубивоста итн. Од друга страна, во етичкото образование наменето за другите професии акцентот е ставен на посредните поими како што се владеење на правото, должност, доследност, интелектуална сопственост,

колегијалност и слично. Овие автори соопштуваат резултати од истражувањата на лица од различни професии спроведени со „инструметот за мерење на посредните поими“. Според нив следењето на етичките курсеви ја засилува врската меѓу повеќе аспекти на моралното функционирање. Притоа кај повозрасните адолесценти е најдена силна поврзаност меѓу изборот на постапките и објаснувањата за направениот избор. Ваквите наоди упатуваат на јасна поврзаност меѓу моралното мислење и моралниот карактер, што се манифестира и во моралното однесување.

Виготски (Vygotsky, 1926) нагласува дека моралното образование треба да биде насочено кон индуцирање на витална интеракција меѓу децата, која ќе го поттикне развојот на емпатијата, толеранцијата и соработката со што добросостојбата на другите, во случајов на соучениците, ќе ја постави меѓу највисоките вредности во нивната вредносна хиерархија. На таков начин средината ќе стане моќен механизам што ќе му ги пренесува на детето рефлектирачките импресии од неговите сопствени постапки.

## 4.5. Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување

Една од целите на овој труд е да се утврдат разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе кај адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување, наспроти оние адолесценти кои не манифестираат вакво однесување. Во таа насока се поставени две хипотези А4 и Б4. Според хипотезата А4 *адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои не манифестираат вакво однесување*. Добиените резултати се во склад со резултатите кои се соопштени во повеќе истражувања (на пр. Jennings, Kilkenny, Kohlberg, 1983; според Pejović-Milovančević, 2001; Pejović-Milovančević, 2001; Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008; Thoma, Hestevold, Sargent, & Crowson, 2005; според Lewis, 2007; Thoma & Rest, 1986).

Тома и соработниците (Thoma, Hestevold, & Sargent, 2008; Thoma, Hestevold, Sargent, & Crowson, 2005; според Lewis, 2007) соопштуваат дека адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување имаат потешкотии во идентификување на добрите, а особено на лошите постапки и објаснувања при донесувањето на морална одлука. Тие покажуваат значително помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со нивните врсници кои не манифестираат ваков вид на однесување. Ваквите наоди се целосно потврдени и во ова истражување. На ова се надоврзуваат и наодите што ги соопштуваат Бебо и Тома (Bebeau, & Thoma, 1999) во истражувањата на посредните поими со студентска популација. Овие автори посочуваат дека способноста на адолесцентите да ги разберат и користат посредните поими е поврзана со проблематичното однесување манифестирано во училишен контекст. Студиите во врска со делинквенцијата и социопатијата соопштуваат резултати според кои речиси 70%-80% од испитаниците се наоѓаат во претконвенционалното ниво на морално мислење. Многу мал број од нив има морално мислење развиено до третиот или четвртиот стадиум, т.е. до конвенционалното ниво (Thoma & Rest, 1986; Jennings, Kilkenny, Kohlberg, 1983; според Pejović-Milovančević, 2001).

Регистрираните разлики помеѓу анализираните групи можат да се објаснат пред сè со конкретното ниво на мислење што е присутно кај адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Претходно е истакнато дека развојот на моралното мислење е тесно поврзан со развојот на сознајните способности и компетенции. Тоа го нагласуваат најрелевантните когнитивно-развојни теории, а го докажуваат бројни истражувања. За да се јават повисоки форми на морално мислење потребно е да се јават формалните операции и да се развие способноста за апстрактно мислење. Когнитивното учество во проценката дека некое однесување е морално релевантно е неопходно, бидејќи отвара можност однесувањето да биде сензитивно за моралните причини. Единствено сензитивноста за моралните причини овозможува конкретното однесување да се доживее како морално релевантно (според Knežević, 2003). Оттука достигнатото ниво на сознаен развој е важен предиктор на моралното мислење и моралното однесување на поединецот. Добиените резултати во ова истражување укажуваат на помала сензитивност за добрите, а особено за лошите постапки и објаснувања од страна

на адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Поради тоа не изненадува што овие испитаници со своето однесување ги кршат моралните норми и принципи и доаѓаат во судир со законот.

Поповски (2005) посочува дека при проценката на постапките може да се користат повеќе критериуми. Во прилог на ова авторот ги истакнува сознанијата на Јоксимовиќ и Васовиќ (Joksimović i Vasović, 1990; според Поповски, 2005). Тие сугерираат дека при одлучувањето дали на поединецот да му се помогне или не, еден од критериумите за процена на моралноста на одредена постапка е процената на ситуацијата во која се наоѓа лицето на кое му се дава или не му се дава помош. Притоа се поаѓа од тоа дали таквата помош му е потребна и за каков вид на помош станува збор. Не секое помагање е морално, односно не секое непомагање е неморално. Моралноста на некоја постапка може да се проценува и од аспект на последиците што одредена постапка ги предизвикува врз лицето на кое му се помага, како и врз другите луѓе. Конечно, како морални можат да се сметаат постапките кои во својата позадина го имаат мотивот да се подобри добросостојбата на другите луѓе (според Поповски, 2005).

Развојот на повисоките форми на мислење се стимулира и со вклучување во повисоките нивоа на образование, особено универзитетското образование. Ова го потврдуваат низа истражувања кои се посочени во дел од дискусиите погоре. Поради тоа степенот на образование игра значајна улога во развојот на моралното мислење и на моралниот развој во целина. Фактот што испитаниците во ова истражување кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување имаат само основно образование е една од причините за јавување на разликите во сите три индикатори на морално мислење во споредба со нивните врсници кои не манифестираат ваков вид на однесување.Ови испитаници, исто така, не можат подолго време да ја задржат концентрацијата на задачата и имаат пониски способности за читање и пишување.

Наведените причини за добиените разлики меѓу адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување и нивните врсници кои не манифестираат ваков вид однесување наоѓаат потврда и во наодите од истражувањата на други автори. Така, на пример, Киткањ (2009) соопштува резултати од истражувањето направено за потребите на неговиот докторски труд кои покажуваат дека малолетните сторители на кривични дела имаат низок степен на образование. Поголемиот број малолетници кои се на издржување

заводска или казна малолетнички затвор имаат и интелектуален дефицит. Голем број од малолетничките делинквенти пред извршувањето на делото биле консументи на алкохол и/или дрога и психотропни супстанци. Поголемиот број од малолетниците на кои им е изречена заводска мерка или казна малолетнички затвор се повратници. Најголемиот број на малолетници на кои им е изречена заводска мерка или казна затвор во судир со законот дошле пред да наполнат 14 години. Повеќето од малолетниците потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус, и процентуалната застапеност на женските малолетни лица во малолетничкиот криминалитет е многу мала.

Во истражувањето на Пејовиќ-Милованчевиќ (Pejović-Milovančević, 2001) децата и адолесцентите со нарушување во однесувањето постигнуваат пониски скорови на тестовите за интелигенција во споредба со популацијата која не манифестира слични нарушувања. Добиваат и повисоки скорови на скалите за анксиозност, агресивност, склоност кон дисоцијација, како и пореметување на интегративните функции на нервниот систем. Авторката соопштува и повисоки скорови кај оваа група испитаници на скалите на синдроми што клинички укажуваат на тоа дека овие поединци манифестираат делинквентно и агресивно однесување, потоа дека имаат проблеми во одржување на вниманието, како и проблеми во мисловните процеси. Исто така, кај нив се регистрирани значителни проблеми во процесот на социјализација што се особено видливи во склоноста кон социјална изолација, како една крајност, па сè до тенденција кон здружување во врснички групи и спроведување на антисоцијални напади во општеството. Во нејзиното истражување децата со нарушување во однесувањето потекнуваат од семејства кои и самите имаат проблем, кои се наоѓаат на маргинализирана општествена позиција, родителите имаат ниско образовно ниво, а одреден број од овие испитаници воопшто и не живее со своите родители, туку се сместени во специјализирани воспитни установи или во домови за деца без родители и родителска грижа.

Во стручната литература како причини за појавата на асоцијално и на антисоцијално однесување најчесто се посочува цела група фактори, кои потекнуваат како од надворешната средина, така и од самиот поединец (според Dodge, Coie, & Lynam, 2006). По својот извор и потекло овие фактори се поделени на: *а)* генетски, *б)* диспозициски, *в)* биолошки, *г)* еколошки и

социјални фактори, *д)* фактори кои произлегуваат од процесите во текот на раната социјализација, *ѓ)* фактори во детството кои потекнуваат од врсниците, *е)* процесите во односите во семејството на адолесцентот, *ж)* процесите во односите со врсниците на адолесцентот, и *з*) сознајно-емоционални способности и вештини. Кон овие облици на однесување се најподложни емоционално нестабилните и социјално незрели поединци, кои се воедно импулсивни, сугестибилни и воспитно запуштени. Неретко причина за вакво однесување е лошата атмосфера во семејството, каде се присутни неподносливи ситуации (физичко и психичко малтретирање и злоупотреба, чести конфликти, незадоволување на основните потреби на детето итн.). Со тек на време ваквото однесување го води поединецот кон социјална изолација, повлекување во себе и осаменост или кон здружување со други, слични на него и влегување во банди и криминални групи. Тука доаѓа до израз влијанието на врсничката група како уште една од причините за манифестирање на ваков вид однесување.

Доказ за ова се изјавите на самите испитаници во истражувањето. Во разговорите со нив како најчеста причина за издржувањето на затворската казна тие го посочуваат престапот направен под притисок на групата врсници. Речиси сите испитани адолесценти од оваа група престапот го направиле кога биле со другарите. Причините за престапот (на пр. кражба, разбојништво и сл.) не биле заради задоволување на некоја базична потреба (на пр. глад), туку едноставно тоа го направиле затоа што сите од групата го правеле тоа. Уште поцврста поткрепа за влијанието на врсничката група се нивните одговори на прашањето од што се плашат кога ќе излезат од казнено-поправната институција. Најголемиот дел изјавува дека се плаши да не ги најде „старото друштво“ и „да не почнат пак да крадат“ или „да не продолжат со истото однесување кое ги довело во затвор“.

Многу истражувања потврдуваат дека во периодот на рана и средна адолесценција поединците се под силно влијание на притисокот на врсниците поради што може да постапат или да се однесуваат на начин на кој во друга ситуација не би се однесувале. Така, на пример, Бернт (според Cole & Cole, 1989) наоѓа дека децата кои штотуку влегле во периодот на адолесценција многу повеќе соопштуваат дека би ги следеле врсниците за разлика од помалите деца. Во студијата на Брадфорд, Браун, Клејсен и Ејчер (според Cole & Cole, 1989) се соопштува дека ваквиот генерален притисок за учествување во

врсничките активности е особено силен во периодот на рана и средна адолесценција. Мофит (според Kaprara и Červone, 2003) исто така, наоѓа дека голем процент момчиња го прифаќа однесувањето на врсниците во групата, во периодот на адолесценција. Вавкиот притисок знае да биде особено силен во периоди на неизвесност и несигурност и може да доведе до манифестирање на асоцијално и антисоцијално однесување. Ова доаѓа оттаму што врсниците се најважниот агенс на социјализација во овој период и одобрувањето или неодобрувањето на постапките од нивна страна е честопати многу поважно од одобрувањето од страна на родителите или другите авторитети.

Наведените истражувања, како и низа други, потврдуваат дека бунтовничкото однесување, во споредба со другите развојни периоди е најприсутно во адолесценцијата. Сепак, дали истото ќе се манифестира зависи од многу надворешни фактори кои припаѓаат во рамки на макро и егзо системите (културно-историскиот контекст, општествениот контекст, социо-економскиот статус, местото на живеење итн.), потоа од оние кои припаѓаат во рамки на микросистемите во кои се одвива раната социјализација (семејството – дали го има, какво е и колку е функционално, училиштето – вид и степен на образование, карактеристиките на врсничката група итн.) како и од внатрешни фактори, т.е. степенот на неговиот сознаен, емоционален и морален развој, но и од личноста на поединецот.

Значењето на влијанието на врсниците станува уште поголемо ако се погледне низ призмата на теоријата на Виготски и неговиот концепт на зоната на следен развој. За Виготски е многу поважно што детето може да направи со помош на возрасниот или на некој поискусен врсник, при решавање на одредена задача (зона на следен развој), отколку што тоа самото може да направи (зона на актуелен развој). Ова доаѓаа оттаму што, според Виготски, развојот во суштина се случува токму во зоната на следен развој. Оттука за да се направи исчекор кон повисок квалитет во однесувањето на оваа група адолесценти потребно е да се промени контекстот во кој тие растат и се развиваат. Дружењето со врсници кои се исти како нив нема да ги повлече во зоната на следен развој и ќе ги остави во маѓепсаниот круг на „престап и санкција“. Имајќи го ова предвид воопшто не изненадува појавата на повратништво кај лицата кои еднаш веќе издржувале казна во казнено-поправна институција. Трагично е што неретко

секој нареден престап е сè посериозен и го втурнува поединецот во сè потешка состојба, во која има простор за сè друго освен за развој.

Дискутираните резултати во врска со пониската способност за идентификување на добрите и лоши постапки и објаснувања од страна на адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување во споредба со нивните врсници кои не манифестираат ваков вид однесување добиваат уште поголема смисла кога се имаат предвид наодите кои ја потврдуваат хипотезата Б4. Според оваа хипотеза *адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување и кои почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе*. Ваквите наоди се во склад со резултатите од повеќе други истражувања (на пр. Ajduković, 1998; Knežević, 2003; Pejović-Milovančević, 2001).

Резултатите од истражувањето сугерираат дека лицата кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе. Тие, исто така, значајно се разликуваат од нивните врсници кои не манифестираат ваков вид однесување и во перцепцијата на важноста на одредени вредности и доблести. *Чесноста, истрајноста* и *етичкиот идентитет* се доблести кои адолесцентите кои не манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување ги перципираат како поважни за нивната морална слика за себе. Лицата кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување ја перципираат *религијата* како значително поважна за нивната морална слика за себе отколку нивните врсници. Со оглед на досега изнесените сознанија и податоци ваквите наоди не изненадуваат. Овие адолесценти не се доживуваат себе си како многу искрени личности, склони се да ја прикриваат вистината и не ги признаваат лесно своите грешки. Во споредба со нивните врсници кои не манифестираат ваков вид на однесување, полесно се откажуваат доколку не успеат во нешто од прв пат, и покажуваат помала упорност во остварување на задачите и целите. Воедно себе си не се доживуваат како добри личности во очите на значајните други и на авторитетите, но тоа и не им е толку важно. Тие имаат и помала грижа на совест за направената грешка.

Ваквите резултати во голем дел се должат на повратните информации кои ги добиваат од другите, а се однесуваат на нив како личности. Негативните карактеристики и критиките кои им се упатуваат од страна на авторитетите изгледа дека се вградуваат во нивната слика за себе. Ова е потврдено и од фактот дека тие меѓусебно се нарекуваат со погрдни зборови и си припишуваат негативни квалификации, што беше забележано за време на теренскиот дел од истражувањето. Од развојната психологија е познато дека голем дел од доброто мислење за себе се стекнува уште во раниот живот и има потрајни ефекти. Циничниот и ироничен однос, исмевањето, физичкото и психичко злоставување, условувањето на љубовта или нејзиното целосно ускратување, несигурната социо-емоционална врзаност, незадоволувањето на базичните потреби итн. имаат негативно влијание врз развојот на сликата за себе, особено врз развојот на моралната слика за себе. Ваквите услови оставаат последици и врз сознајниот и емоционалниот развој на адолесцентите. Од претходно дискутираните резултати се гледа дека овие лица не ги диференцираат доволно добрите од лошите постапки и објаснувања што е последица и од добиените разлики во овој домен на моралноста.

Перципирањето на *религијата,* односно религиозноста како позначајна за нив отколку за адолесцентите кои не манифестираат ваков вид на однесување е разбирливо со оглед на ситуацијата во која се наоѓаат. Овие лица издржуваат казна малолетнички затвор. Секојдневно живеат во услови кои се далеку од пријатни. Деновите им наликуваат едни на други што доведува до еден вид шаблонизирано и еднолично однесување. Ограничениот простор за движење, полните ќелии и не секогаш пријателски расположените „соседи“ дополнително го отежнуваат нивното секојдневие. Кај нив е присутен страв да не бидат повредени, предизвикани од другите, казнети од персоналот или пак разболени. Во сета таа незавидна положба лесно се губи надеж дека нештата ќе се променат на подобро. Уште повеќе заплашува размислувањето за тоа што откако ќе излезат од таму? Ќе се вратат во контекстот од кој тргнале и кој веќе ги втурнал во проблеми – растурено семејство, „старо друштво“, несигурност, небезбедност. Перспективата не им е позитивна. Немаат образование кое ќе им овозможи добро работно место. Немаат ни вработување. Многумина се среќни ако имаат каде да се вратат, бидејќи на повеќето од нив едниот родител или им е починат или е и самиот на издржување затворска казна. Од некои од нив дури и

самото семејство се откажало. Ретки се оние кои имаат комплетни семејства. Ова укажува дека основата која ја дава стабилноста и сигурноста – семејството - кај овие лица е нарушена. Во немоќ тие се завртуваат кон супститутот за родител – Господ.

Потврда на овие заклучоци се наоѓа во истражувањето на Ајдуковиќ (Ajduković, 1989). Авторката испитувајќи ги вредносните ориентации на малолетните делинквенти наоѓа дека постои разлика во важноста која испитаниците со различен делинквентен статус ја припишуваат на анализираните вредносни ориентации. Утврден е паралелизам меѓу неприфатливото однесување и диференцијацијата на вредностите во општествено негативна насока. Притоа вредностите на средношколците се диференцирани во општествено попожелна насока, за разлика од вредносите на делинквентите кои се институционализирани и тоа особено оние кои се сместени во воспитно-поправни домови и кај кои се регистрира диференцијација во понепожелна насока. Ваквите наоди се совпаѓаат со наодите од истражувањата на многу други автори (на пр. Lerman, 1966; Shoham et al. 1970; Siegel et al. 1971; Petrović, 1973; според Ajduković, 1989).

Вредносните ориентации на малолетниците во истражувањето на Ајдуковиќ, кои се службено евидентирани како сторители на кривични дела, не се хомогени. Кога еквивалентните парови испитаници со различен делинквентен статус се изедначени според повеќе социодемографски варијабли и лични карактеристики излегува дека се послични отколку делинквентните, односно неделинквентните групи меѓу себе. Врз основа на ваквите резултати Ајдуковиќ заклучува дека делинквентниот акт, сам по себе не е релевантен фактор за вредносната диференцијација кај адолесцентите. Се чини дека и делинквентиот статус и општествено непожелниот склоп вредности се корелати на одредени неповолни социодемографски и лични карактеристики кај овој дел од адолесцентната популација, односно на неповолниот процес на социјализација. Сепак, тргнувајќи од сфаќањето на вредностите како регулатори и стандарди на однесувањето, ваквите резултати според Ајдуковиќ (Ajduković, 1989), сугерираат на значењето што го имаат вредностите како посредувачки варијабли меѓу неповолниот тек на социјализацијата и неприфатливото однесување.

Хроничните и сериозни злоупотреби во текот на детството и адолесценцијата ги водат адолесцентите кон големи ризици од потиснување на вистинската слика за себе и манифестирање на различни форми на неавтентично, т.е. лажно себство. Истражувањата спроведени во таа насока покажуваат дека родителите кои не реагираат или несоодветно ги задоволуваат потребите на детето, кои не се доволно емпатични, кои физички и психички го малтретираат детето итн. предизвикуваат потиснување на вистинската слика за себе што за последица има јавување на депресија, безнадежност, ниско себепочитување и себеприфаќање, како и деструктивно и автодеструктивно однесување кај адолесцентите (Bleiberg, 1984; Harter 1999; Stern, 1985, Winnicott, 1958, 1965; според Harter, 2006). Слични ефекти имаат и отфрлувањето, понижувањето и казнувањето на поединецот од страна на врсничката група (според Harter, 2006). Влијанието на средината и на моделите на однесување врз јавувањето и манифестирањето на агресијата го нагласува и Лазароски (1997). Овој автор истакнува дека агресијата најчесто почнува со влијанието на специфични социјални и ситуациони фактори кои го определуваат начинот на нејзиното појавување и водењето на агресорот во изборот на специфични жртви. Таа се зголемува со наградата, а се смалува со стравот од казна под специфични услови и во специфична интеракција. Сепак, не смее да се исклучи и влијанието на цртите на личноста на агресорот. Лазароски (1997), посочува дека ситационото влијание врз човековото однесување во истражувањата се почесто се испитува преку интеракцијата на личноста и ситуационите или социјалните варијабли.

Добиените резултати од ова истражување во извесен степен се последица од влијанието на насилните структури, насилните култури и насилните актери кои водат до структурно, културно и директно насилство (Галтунг, 2000; според Мурџева-Шкариќ, 2007). Неможноста да се задоволат базичните потреби, неизвесноста, социјалното и економското лишување (невработеноста, слабата социјална заштита и сл.), културното отуѓување, криминалот, корупцијата, манипулирањето, неправдата, провоцираат најразлични реакции кај поединците кои се протегаат од апатија до агресија (Мурџева-Шкариќ, 2007).

Честите и брзи промени кои се случуваат речиси во сите подрачја на општествениот живот влијаат врз процесот на созревање на адолесцентите. Истите имаат ефекти врз нивниот начин на мислење, вредносен систем,

животени стил и однесување. Неретко тие се најпогодената возрасна група бидејќи се во процес на формирање на идентитетот, усогласување на сопствените потреби и можностите за нивно реализирање, изборот на професијата и слично. Адолесцентите се возрасна група која е најчувствителна на негативните политички и културни тенденции, поради што понекогаш влетуваат во кризни состојби што влијаат врз нивното размислување и однесување. Лицата кои имаат пониска самодоверба и самоконтрола, кои се понесигурни и понезадоволни од себе потешко се справуваат со наведените влијанија, поради што постои поголем ризик да манифестираат асоцијално и/или антисоцијално однесување (според Singer i Mikšaj-Todorović, 1993).

Кнежевиќ (Knežević, 2003) истакнува дека најдобар пат за разбирање, објаснување и предвидување на правилноста во моралното однесување на луѓето е да се проучи структурата на нивната личност и нивната интелигенција. Ова од причина што, според него, аморалноста може да се сведе на личност, а моралното мислење на интелигенцијата. Тој истакнува дека тестовите кои се ориентирани во правец на проценка на моралното мислење се од мала или никаква практична корист. Оттука авторот порачува дека е потребно истражувањата да се навратат на базичните конструкти на индивидуалните разлики и сериозно да ги разгледаат нивните внатрешни механизми.

## 4.6. Дискусија на резултатите во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од примарната група на социјализација

Во стручната литература семејството се посочува како примарен агенс на социјализација и како прва надворешна реалност за поединецот (на пр. Dizdarević, 2002; Kaprara и Červone, 2003; Lakić, 2005; Поповски, 2005; Rot, 1989). Истото може да се разбере како социјална институција чија функција е репродукција на општеството и унапредување на психосоцијалниот развој во текот на животот (Gecas, 1990; Hess, 1995; според Kaprara и Červone, 2003). Овие функции ги извршува така што ги пренесува општествените вредности и норми и го поддржува развојот на идните генерации. Според тоа, постојат две

основни, меѓусебно поврзани функции на семејството – социјална контрола и индивидуална промоција.

Важноста на семејството за оптималниот развој на поединецот во целост и поконкретно за неговиот морален развој е докажана во многу истражувања (на пр. Фрицханд 2007a, 2007b; Pratt, Arnold, Pratt, & Diessner, 1999; Schonert-Reichl, 1999; Шурбановска, 2009; Walker, Hennig, & Krettenauer; 2000; Walker & Taylor, 1991b). Истата се потврдува и во ова истражување преку добиените резултати во врска со разликите во моралното мислење и моралната слика за себе во зависност од примарната група за социјализација. Со тоа се потврдени двете поставени хипотези А5 и Б5. Според хипотезата А5 *адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак.*

Се забележува дека адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со нивните врсници кои живеат во семејство со родители кои се во брак. Адолесцентите од првата анализирана група имаат потешкотии во идентификување на лошите постапки и објаснувања при донесувањето на морална одлука. Ваков наод е добиен и кај адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Сличностите во овој поглед произлегуваат оттаму што најголемиот дел од лицата кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа манифестираат асоцијално однесување (на пр. непослушност и непочитувањето на авторитетите, бегање од училиште, одбивање да се оди на училиште, бегање од домот, скитање во ноќните часови, консумирање алкохол и наркотични средства, агресивно и насилничко однесување).

Пониските резултати во однос на способноста за морално мислење можат да се објаснат и преку влијанието на степенот на образование. Повисоките степени на образование се поврзани со развој на повисоки форми на мислење, пред сè со формално-логичкото и апстракното мислење. Кај оваа група испитаници нередовното посетување на наставата, пониският училишен

успех, како и конкретното ниво на мислење може да резултираат во потешкотии особено при проценката на лошите постапки и објаснувања.

На овие заклучоци се надоврзуваат наодите што ги соопштуваат Бебо и Тома (Bebeau, & Thoma, 1999). Според нив способноста на адолесцентите да ги разберат и користат посредните поими е поврзана со проблематичното однесување манифестирано во училишен контекст. Пејовиќ-Милованчевиќ (Pejović-Milovančević, 2001) соопштува дека студиите во врска со делинквенцијата и социопатијата добиваат резултати според кои речиси 70%-80% од испитаниците се наоѓаат во претконвенционалното ниво на морално мислење. Многу мал број од нив има морално мислење развиено до третиот или четвртиот стадиум, т.е. до конвенционалното ниво.

Кај овие испитаници се забележува дека при идентификувањето на добрите и лошите постапки и објаснувања неретко ги избираат постапките и објаснувањата кои укажуваат на повлекување или на пасивна позиција (на пр. „Нина треба да даде оставка од својата нова работна позиција, а не да ја отпушти Бети", „Мими треба да ги игнорира коментарите и да се надева дека ништо слично нема да биде кажано повторно", „Даниела треба да се преправа дека ништо не видела", „Нејзиното вмешување во ситуацијата и онака нема да помогне" итн.). Слични наоди се добиваат и кај адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Сепак кај последнава група неретко се среќаваат и крајно индивидуалистички, па дури и егоистични одговори (на пр. „Кристијан треба да оди да го слуша бендот и не треба да се грижи за тоа дали Филип ќе ја заврши работата", „Мими не треба да ја брани старата другарка Фросина", „Јован едноставно треба да замине во новиот клуб" итн.). Ова е важен индикатор кога се размислува за креирање на интервентни програми за оваа популација.

Непостоењето статистички значајна разлика во однос на способноста за идентификување на добрите постапки и објаснувања меѓу адолесцентите од домови за деца без родители и родителска грижа и нивните врсници кои живеат во семејство со родители кои се во брак, укажуваат на тоа дека присуството на стручниот тим во овие институции претставува каков-таков корективен фактор во развојот на морално мислење. Овој заклучок станува поиздржан ако се земат предвид испитаниците кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување и кои покажуваат потешкотии да ги препознаваат и разликуваат

дури и добрите постапки и објаснувања. Тоа значи дека растот и развојот во микросистем кој обезбедува барем минимална стабилност и структура е подобар одошто растењето и развивањето под влијание на „законот на улицата и подземјето“.

Ваквиот заклучок произлегува од организираноста на животот во домовите за деца без родители и родителска грижа. Во нив секој штитеник припаѓа на одредено „семејство“ во рамки на кое има „браќа и сестри“, со кои ги споделува добрите и лоши секојдневни искуства. На овој начин е направен обид да се симулира сигурната база која вистинското семејство треба да ја обезбеди. Тука се разменуваат информации, се организираат различни едукативни и слободни активности. Постои ред во активностите (на пр. време за појадок, одење на училиште, ручек, попладневни активности, вечера итн.). За штитениците повремено се организираат екскурзии и посети на настани од културно-општествениот живот. Во домовите, особено пред поголемите празници, пристигнуваат донации од поединци и организации кои имаат за цел не само да задоволат некои од базичните потреби на овие деца и адолесценти, туку и да пренесат порака за важноста на помагањето, соработката, грижата и слични вредности.

Па сепак, кога се набљудува одблиску овој контекст се чини дека најмногу време се посветува на примарната нега на штитениците. Она што тешко се компензира се љубовта, сигурноста, припаѓањето и многу други базични потреби чие задоволување уште од раѓањето има суштинска важност за севкупниот развој на поединецот. Истите не се задоволени кај овие испитаници. Кај нив е нарушен и квалитетот на социо-емоционалното врзување. Обемната литература во врска со социо-емоционалното врзување посочува дека поголемиот дел од штитениците на домовите за деца без родители и родителска грижа се несигурно врзани, од причина што објектот на врзување е или променлив или воопшто го нема. Ваквата појава е регистрирана во светски рамки. Иста е состојбата и кај анализираната група испитаници во ова истражување. Тоа е видливо од студениот, дистанциран, па дури и непријателски однос, полн со недоверба и одбивање или пак, потполно рамнодушен, кој тие го манифестираат не само кон новодојденецот, туку и во меѓусебниот однос. Присутни се чести расправии, а неретко и физички пресметки. Притоа како да

нема разлики меѓу машките и женските во поглед на интензитетот на манифестираната агресија.

Исклучок од ова е набљудуваниот контекст во заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци со воспитно-социјални проблеми „Ранка Милановиќ", во Скопје. Додека траеше теренскиот дел од истражувањето не беа забележани агресивни испади од страна на испитаниците, освен што кај некои од нив постоеше смирено одбивање да соработуваат со истражувачот. Владееше конструктивна атмосфера во која помеѓу истражувачот, стручниот тим и испитаниците се одвиваше динамичен процес на соработка и помагање. Ова се должи во голем дел на попријатните услови за работа (почистите и посветли простории, составот на стручниот тим итн.) и поорганизираниот контекст, во споредба со другите две институции – домовите за деца без родители и родителска грижа „25 Мај" и „11 Октомври".

Значењето и влијанието на опишаниот контекст уште повеќе се препознава во добиените резултати за разликите во моралната слика за себе кои ја потврдуваат хипотезата Б5. Според оваа хипотеза *адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак.* Истражувачките наоди покажуваат дека двете анализирани групи адолесценти меѓусебно се разликуваат и во перцепцијата на одредени вредности и доблести како важни за нивната морална слика за себе. Најдените разлики се однесуваат на *чесноста, истрајноста, парите, религијата, надворешниот изглед* и *етичкиот идентитет*. Сите наведени вредности и доблести, освен религијата, адолесцентите од домовите за деца без родители и родителска грижа ги перципираат како помалку значајни за нивната морална слика за себе, во споредба со нивните врсници кои живеат во семејство со родители кои се во брак.

Објаснувањето на разликите помеѓу овие испитаници во голем дел се поклопува со дискусијата на разликите меѓу адолесцените кои манифестираат и оние кои не манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Причини за пониското перципирање на себе си како чесен/на, добар/а, упорен/на, убав/а и слично се повратните информации кои овие лица ги добиваат од другите, а се однесуваат на нив како личности. Негативните карактеристики и критиките кои

им се упатуваат од страна на авторитетите се вградуваат во нивната слика за себе. Потврда за тоа се наоѓа во вербалната агресија и меѓусебното навредување и потценување што беше забележано за време на теренскиот дел од истражувањето кај поголемиот број испитаници. Од развојната психологија е познато дека голем дел од доброто мислење за себе се стекнува уште во раниот живот и има потрајни ефекти. Лошиот или никаквиот однос со родителите има негативно влијание врз развојот на сликата за себе, особено врз развојот на моралната слика за себе.

Ваквите услови оставаат последици и врз сознајниот и емоционалниот развој на адолесцентите. Овде е важно да се потенцира дека конфузијата која постои кај овие испитаници во врска со примарната група за социјализација, исто така, може да доведе до пониски резултати, особено кога станува збор за *етичкиот идентитет*. Причината е што кај оваа доблест од испитаникот се бара да процени дали е добар како личност дома, на училиште и кон пријателите. Тука недостасува една карика – семејството - што е видливо и во прашањето на испитаниците: „За која „дома" ме прашувате – оваа овде или онаа другата?".

Перципирањето на *парите* и *надворешниот изглед* како помалку значајни за моралната слика за себе од страна на адолесцентите од домовите за деца без родители и родителска грижа може да се објасни со тоа што парите ги немаат во голема количина. Ги немаат дури ни во доволна количина. Поради тоа овие адолесценти не можат да си дозволат многу од задоволствата во кои уживаат нивните врсници кои живеат во семејства со родители кои се во брак. Тоа повлекува поскромен надворешен изглед, поскромна облека, а со тоа веројатно и поскромни потреби од таков тип. Овие испитаници изјавуваат дека не му посветуваат многу време на својот надворешен изглед, не им е многу грижа како изгледаат, не им е многу важно да бидат привлечни и слично. Од нивната појавност може да се заклучи дека тоа е навистина така.

Перципирањето на *религијата,* односно религиозноста како позначајна за нив отколку за адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак е разбирливо со оглед на ситуацијата во која се наоѓаат. Овие адолесценти се соочуваат со неизвесност во многу суштински аспекти на живеењето. Кај нив е присутен внатрешен хаос, бидејќи им е нарушена внатрешната хармонија и мир. Живеат во општествен хаос, со нарушени интерперсонални односи во кои

се плашат едни од други и каде нема меѓусебна доверба. Во нив е присутен и метафизичкиот хаос, бидејќи имаат чувство дека никаде не припаѓаат. Губејќи го семејството тие ги имаат изгубено темелите на егзистенцијата. Најголемиот дел од нив се плаши што ќе се случува кога еднаш ќе го напуштат домот. Вработувањето им е неизвесно исто како и станбеното прашање. Немаат каде да се вратат, а немаат ни каде да одат. Во таква состојба лесно се губи надежта и смислата на животот. Кај нив е очекувано присуството на страв и несигурност кои ги засилува чувството дека се „невидливи" за другите, за општеството, за целиот свет. Оттаму, тие се завртуваат кон супститутот за родител – Господ. Ваквото толкување не е во склад со објаснувањата на Киркпатрик (според Мурџева-Шкариќ, 2010). Овој автор зборува за сличност меѓу детското емоционално врзување за родителите и предаденоста на повозрасните на некоја религиозна фигура. Тој наоѓа дека лицата кои воспоставиле безбедни емоционални врски имаат поголема предаденост на Бога и попозитивна слика за него. Кај анализираната група тоа не е случај. Нивната свртеност кон Господ е најверојатно поради немоќ, а не поради длабока предаденост.

Погоренаведените наоди ја нагласуваат важноста и улогата на семејството како агенс во процесот на социјализација. Психолошката литература и научните истражувања се согласни дека условите кои постојат во семејството и квалитетот на односите меѓу неговите членови се исклучително важни за оптималниот развој на поединецот. Поединците кои потекнуваат од семејства во кои постои меѓусебна доверба, почитување, љубов и разбирање манифестираат генерално попозитивен став кон другите луѓе, имаат развиено чувство на независност и сигурност во себе, врамнотежени се итн. За разлика од нив, оние кои потекнуваат од семејства во кои конфликтите се секојдневна појава или во кои постои отфрлање и незаинтересиран однос од страна на родителите, манифестираат негативна слика за себе, ниска самодоверба и самопочит и неретко манифестираат агресивно однесување. Топлиот и срдечен однос на родителите кон децата претставува важен услов за успешна социјализација. Ова произлегува оттаму што во ситуација во која постои срдечен и топол однос полесно се формира чувството на одговорност и се јавува чувство на вина доколку се прекрши поставената норма. Родителите се најважните модели кои ги пренесуваат вредностите и ставовите што се

етаблирани и прифатени во општеството и врз основа на кои поединецот го гради својот систем на вредности и верувања.

Секој поединец своите постапки и активности ги заснова врз претходно формиран морален кодекс, чии основи се поставуваат во семејството. Односот меѓу родителите се издвојува како уште еден важен елемент кој влијае врз процесот на социјализација. Усогласените односи меѓу родителите придонесуваат за правилен развој на детето, додека неусогласените односи предизвикуваат конфликти и во самото дете, бидејќи последиците од таквиот неусогласен однос, тоа ги доживува како загрозување на основите потреби за сигурност и љубов. Ова е еден од ризичните фактори за јавување на асоцијално и антисоцијално однесување. На него се надоврзуваат и други, меѓу кои непотполност на семејството, вработеност односно невработеност на родителите, социоекономскиот статус на семејството и слично. Важноста и влијанието на семејството врз развојот на поединецот е видлива не само во детството, туку и за време на адолесценцијата. Ваквите сознанија се уште поважни ако се имаат предвид истражувањата на повеќе автори кои покажуваат дека адолесцентите кои преземаат сериозни морални обврски се често пати инспирирани од нивните родители (на пр. London, 1970; Oliner & Oliner, 1988; Rosenhan, 1970; според Hart, 2005b).

Добиените наоди објаснети од теоретската позиција на Бронфенбренер укажуваат на нарушување во сите системи во кои се одвива развојот на адолесцентите од домовите за деца без родители и родителска грижа. Таквото нарушување е најмногу видливо во микросистемот – семејството. Овој систем кај нив е или растурен или сосема го нема. Поради тоа тие не се заштитени од влијанијата кои доаѓаат од останатите системи. Присуството на семејството е сигурна база која успева да ги ублажи негативните влијанија пропуштајќи ги низ филтерот на семејните вредности и норми. Во услови кога базичните потреби се задоволени, неизвесноста и спomenатите негативни влијанија што доаѓаат однадвор полесно се разрешуваат.

Интерперсоналните односи, вклучувајќи ги и микропроцесите во односот родител - дете не постојат во општествен вакуум, туку се всадени во поголемите општествени структури. За Бронфенбренер (Bronfenbrener, 1997) и самиот поединец е продукт на констелација на повеќе сили – културни, општествени, економски и политички – а не само на психолошките. Тој нагласува дека

отуѓувањето на децата и младите, како и неговите деструктивни развојни последици се мезосистемска појава. Тие се одраз на кинењето на врските меѓу различните сегменти од животот – од една страна се семејството, училиштето, врсниците и слично, а од друга страна, натпреварувачкиот, рамнодушен и неретко отфрлачки свет на работата.

Влијанијата кои потекнуваат од егзосистемот се препознаваат во поврзувањето на настаните во надворешната средина со процесите кои се одвиваат во микросистемот на поединецот, како и со поврзување на процесите во микросистемот со развојните промени на поединецот кој се наоѓа во таа средина. Ваквиот причинско-последичен тек може да има и обратен редослед. Поединецот може да иницира процеси во микросистемот кои потоа би предизвикале ефекти и во другите подалечни системи. Следејќи ја логиката на ваквата поврзаност, индиректни влијанија врз развојот имаат медиумите и другите инстанци кои потекнуваат од егзосистемот.

Меѓу позначајните докази дека макросистемот и промените што во него се случуваат влијаат врз развојот на поединецот Бронфенбренер ги соопштува резултатите од истражувањето на социологот Глен Елдер. Според нив непосредни последици на сериозните економски губитоци се симптоми на емотивни тешкотии. Кај децата од депривирани семејства во областа на општествените односи, приврзаноста кон групата врсници е најзначајниот ефект од економските несреќи. Ова е особено видливо во желбата да се има многу блиски пријатели, а не само неколку и тоа повеќе кај момчињата, отколку кај девојчињата. Воедно, децата од вакви семејства, особено каде таткото е невработен се проценети како повеќе ориентирани кон возрасните. Младите од средната класа кои растат во депривирани домови имаат пониска самодоверба и наоѓаат помалку лична смисла во животот, пројавуваат тенденција да се повлекуваат пред тешкотиите, избегнуваат обврски и користат тактики кои ги водат кон пораз, ги следи чувство дека се жртви и чувствителни се кон туѓите забелешки (Elder, 1974; според Bronfenbrener, 1997). Според Бронфенбренер (Bronfenbrener, 1997), наведените наоди упатуваат на заклучокот дека можеби не е случајно тоа што во современите општества кога можностите за работа на младите се мали, вандализмот и насилството во училиштата, како и малолетничката деликвенција на улиците растат.

Соопштеното истражување ги потврдува заклучоците во врска со наодите за разликите во моралното мислење и моралната слика за себе меѓу адолесцентите од домови за деца без родители и родителска грижа и нивните врсници кои живеат во семејства со родители кои се во брак. Тие се во склад со суштинската идеја од теоријата на Бронфенбренер дека во развојот на поединецот сите аспекти се меѓусебно поврзани. Тука се препознава важноста што во развојот на поединецот ја имаат општествениот и историскиот контекст, активноста на поединецот, како и невозможноста индивидуалните развојни процеси да се разберат во изолација. Авторот нагласува дека значењето е креирано од страна на поединецот во развој како продукт на целото негово искуство (според Darling, 2007). Со цел да се создаде повеќе хумана екологија потребно е да се промени и реструктурира постоечкиот општествен систем, т.е. да се создадат нови микро, мезо и егзосистеми кои повеќе би им одговарале на потребите на луѓето. Оваа идеја е од исклучително значење за адолесцентите од домовите за деца без родители и родителска грижа, како и за адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. На ова се надоврзува основната сугестија на Бронфенбренер, преземена од Курт Левин, според која за да се промени однесувањето, мора да се промени средината (Bronfenbrener, 1997).

Важноста на поврзаноста на овие системи за оптималниот развој на поединецот е видлива особено во процесот на морален развој и усвојувањето на вредностите. Подолго време овој процес го отежнуваат присутните егоистички и материјалистички вредности во егзо и макро системите кои се закануваат да го уништат чувството на солидарност. Плуралитетот на светските гледишта доведува до тоа етичките стандарди и уверувања да бидат толку релативизирани што постои реална опасност од губење на личните вредности во животот на луѓето (Halpern, 1995, според Kaprara и Červone, 2003).

Кузмановиќ(Kuzmanović, 2001)смета дека постои криза на моралните вредности па оттаму може да се зборува и за морална криза, која настанува откако претходно ќе се случат економска и криза во правниот и политичкиот систем. Според него промена е настаната и во поглед на целите, но највидлива е онаа која се однесува на сфаќањето за тоа кои средства се дозволени на патот кон остварувањето на тие цели. Поединецот забележува дека многумина веќе не се придржуваат кон декларираните вредности и сфаќа дека тоа што му е

пренесувано како позитивно од страна на семејството во реалноста веќе не функционира. Поради тоа тој би требало да се се однесува на сличен начин за да опстане. Затоа ги остава настрана вредностите во кои верува и почнува да се однесува по принципот на елементарно преживување. Ова е особено впечатливо кај адолесцентите од домовите за деца без родители и родителска грижа. Нарушениот микросистем, односно отсуството на стабилна, цврста основа, која ќе им помогне правилно да расудуваат за тоа што е добро, а што лошо ги прави ранливи и ги вклучува во ризичната група поединци. Без ваква основа тие многу полесно можат да тргнат во крив правец и да се однесуваат на начин кој би ги довел во судир со законот.

Во ваков контекст до израз доаѓа општиот генетички закон формулиран од Виготски според кој: *секоја функција во културниот развој на детето се јавува два пати: прво, на општествено ниво, а подоцна на индивидуално ниво; прво помеѓу луѓето (интерпсихичко), а потоа во детето (интрапсихичко). Ова важи подеднакво и за волевото внимание и за логичката меморија, и за формирањето на поимите. Сите виши функции всушност започнуваат како врски помеѓу поединците* (Vygotski, 1978; според Harré, 2006). Врските за кои станува збор во наведеното тврдење се, без сомневање, случаи на психолошка симбиоза, т.е. на заедничко решавање на задачата во зоната на следен развој. Во теоријата на Виготски се нагласува дека интерпсихичкото функционирање мора да биде структурирано така што ќе го засили развојот на интрапсихичкото функционирање. Токму инструкциите во зоната на следниот развој поттикнуваат и придвижуваат цела серија внатрешни развојни процеси (Harré, 2006).

Толкувајќи ги добиените наоди од оваа позиција уште еднаш станува јасно зошто адолесцентите од домовите за деца без родители и родителска грижа постигнуваат послаби резултати во однос на моралното мислење и моралната слика за себе во споредба со нивните врсници кои живеат во семејство со родители кои се во брак. Она што испитаниците од првата анализирана група го гледаат и доживуваат на општествено ниво, го интернализираат на индивидуално ниво. Кај нив интерпсихичкото функционирање многу малку или воопшто не го придвижува развојот на интрапсихичкото функционирање. Тоа ги засега сите развојни процеси кај овие

испитаници. Нивното престојување во зоната на следен развој е сериозно доведено во прашање или потполно оневозможено.

Кога го разгледува проблемот на поврзаноста меѓу свесноста и моралното однесување Виготски (Vygotsky, 1926) нагласува дека едно е поединецот да знае како треба да се однесува, а сосема нешто друго е реално да се однесува на тој начин. Според него свесноста има важна, но не пресудна улога и претставува само една од компонентите кои го насочуваат реалното однесување на поединецот. Не е доволно само да се поттикне свесност дека одредена постапка е добра и правилна, туку треба да се настојува таа да стане доминантна во свесноста. Поради ова Виготски нагласува дека моралното образование треба да биде насочено кон индуцирање на витална интеракција меѓу децата, која ќе го поттикне развојот на емпатијата, толеранцијата и соработката со што добросостојбата на другите, во случајов на соучениците, ќе ја постави меѓу највисоките вредности во нивната вредносна хиерархија. На таков начин средината ќе стане моќен механизам што ќе му ги пренесува на детето рефлектирачките импресии од неговите сопствени постапки (Vygotsky, 1926). Според тоа нова моралност ќе се создаде тогаш кога ќе се создаде ново општество.

Во овој заклучок се поклопуваат позициите на Виготски и Бронфенбренер. Со тоа уште еднаш силно се нагласува пораката дека за да се поттикне развојот на моралното мислење и моралната слика за себе во периодот на адолесценција потребно е функционирање на сите системи во кои поединецот расте и се развива. Од исклучителна важност е и неговата активност и престојувањето во зоната на следен развој. Тоа го овозможува само стимулативна средина во која постои интеракција, соработка, меѓусебна грижа и прифаќање, разбирање и други морални вредности. Ова е особено важно за адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа и за адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Со цел да се обезбеди таква средина некогаш е потребно да се создадат потполно нови системи. Менувајќи го општеството ќе се променат и поединците во него. Менувајќи ги поединците ќе се промени општеството. Така се истакнува потенцијалот и важноста на двонасочноста кој треба максимално да се искористи.

# V ДЕЛ

## Заклучни согледувања

Овој труд ги истражува разликите во моралното мислење и моралната слика за себе во периодот на адолесценција низ анализите на влијанијата на возраста, полот, видот на образование, (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и примарната група на социјализација. Добиени се сознанија за промените во способноста на испитаниците да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања. Утврдено е местото и значењето на моралноста во нивната слика за себе преку изборот на моралните вредности како централни и преку проценка на важноста на одредени вредности и доблести. Вниманието е насочено и кон испитување на односот меѓу моралното мислење и моралната слика за себе во зависност од возраста и полот. Постоењето поврзаност меѓу овие два домени на моралност е емпириски докажано. Тоа е уште една потврда на позицијата што ја застапуваат повеќе автори (на пр. Arnold, 1993; Blasi, 1980, 1983, 1993; Rest, 1974, 1975; Walker, 2005), според која развојот на моралното мислење и моралната слика за себе треба да се проучува интегрирано. Ова од причина што теоријата и резултатите од истражувањата вредат онолку колку што се применливи во реален контекст и колку што даваат насоки за стимулирање на развој кон повисок квалитет (Walker, 2005).

Со истражувањето се опфатени машки и женски испитаници од рана, средна и доцна адолесценција. Во однос на видот на образование вклучени се испитаници кои учат во гимназија и во Македонска православна богословија (средна адолесценција), односно студенти на Филозофскиот факултет, Факултетот за физичка култура и Православниот богословски факултет (доцна адолесценција) во Скопје. Истражувањето опфаќа и адолесценти кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување, како и адолесценти кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа. Добиените резултати ги потврдуваат речиси сите поставени хипотези. Не е најдена потврда за хипотезата Б2. Ова укажува дека кога ќе се земе предвид само полот, не се регистрираат значајни разлики во изборот на моралните вредности како централни во моралната слика за себе кај лицата во периодот на адолесценција.

Заклучоците од направеното истражување можат да се сумираат во следниве точки:

- Во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од **возраста**, најдено е дека:
  - Повозрасните адолесценти поседуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања, во споредба со помладите адолесценти;
  - Повозрасните адолесценти почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе. Со возраста кај нив се менува и значењето што го перципираат кај некои од анализираните вредности и доблести.
- Во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од **полот**, најдено е дека:
  - Адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите од машки пол;
  - Адолесцентите од женски пол се разликуваат значајно од адолесцентите од машки пол во однос на перципираната важност на доблеста *добра нарав*. Оваа доблест тие ја перципираат како помалку важна отколку нивните врсници од машки пол.
- Во врска со односот на моралното мислење и моралната слика за себе во зависност од **возраста и полот**, најдено е дека:
  - Адолесцентите од машки и женски пол на различна возраст кои покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе;
  - Регистрираните промени во однос на двата домени на моралноста се многу повидливи меѓу рана и средна адолесценција кај машките, односно меѓу средна и доцна адолесценција кај женските лица.
- Во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од **видот на образование**, најдено е дека:
  - Студентите на Православниот богословски факултет покажуваат поголема способност да ги идентификуваат лошите постапки и

објаснувања во споредба со нивните врсници кои студираат на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура. Вакви разлики не се најдени кај лицата од средна адолесценција.

- Лицата од средна адолесценција кои учат во Македонската православна богословија значително повеќе ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе, во споредба со нивните врсници од гимназиите. Истиот заклучок важи и за анализираната студентска популација.

➢ Во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од **(не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување**, најдено е дека:

- Адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување;
- Адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување значително поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување.

➢ Во врска со разликите во моралното мислење и во моралната слика за себе во зависност од **примарната група на социјализација**, најдено е дека:

- Адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа покажуваат помала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак. Ваквата потешкотија кај адолесцентите од првата анализирана група е регистрирана особено при идентификувањето на лошите постапки и објаснувања;
- Адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе во споредба со адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак.

Регистрираните промени укажуваат дека врз менувањето на моралното мислење и на моралната слика за себе значајно влијание имаат факторите кои се поврзани со процесите на созревањето и развојноста. Не помалку значајни се и факторите кои се поврзани со образовниот процес - степенот и видот на образование. Особено важни се влијанијата кои потекнуваат од процесот на социјализација – семејството и врсниците, како и оние кои доаѓаат од пошироката општествена средина во која адолесцентите растат и се развиваат. Со ова се покажува дека при проучувањето на моралноста и моралниот развој треба да се земат предвид повеќе аспекти, поединечно и во интеракција.

Добиените резултати се во склад со резултатите од истражувањата на повеќе автори. Тие се должат на развојните специфики на адолесценцијата. Во овој период се менува влијанието на некои од агенсите на социјализација, како и контекстот во кој адолесцентите се развиваат. Се менуваат и вештините што се поврзани со моралниот домен, како на пример способноста за решавање проблеми, за заземање туѓо гледиште, за разбирање на себе си и слично. Развојот на моралното мислење е тесно поврзан со сознајниот развој. Како што адолесцентите напредуваат во когнитивните способности, се очекува да напредуваат и во способностите за морално мислење. Сето тоа поставува нови предизвици пред нивниот морален развој, отворајќи нови видици, можности и избори.

Заклучоците од спроведеното истражување се поткрепени со клучните идеи од теориите на морален развој и формирање на индетитет соопштени на почетокот од овој труд. Тука се мисли на укажувањето на Пијаже дека моралниот развој е исход од еден активен процес кој го опфаќа развојот на одредени когнитивни капацитети, во исто време изложувајќи го поединецот на нови форми на општествено искуство кои обезбедуваат основа за нов став кон авторитетот и ја зголемуваат неговата способност за ставање на туѓо место. Во склад со сфаќањата на Колберг повозрасните испитаници подобро ја проценуваат социјалната позиција во моралната ситуација и подобро ги идентификуваат добрите и лошите опции и објаснувања. Ова во голем степен се должи на сè поприсутните морални вредности во центарот на нивната морална слика за себе и во менувањето на перцепцијата на важноста на одредени вредности и доблести при нејзиното формирање. Според моделот на четири компоненти на Џејмс Рест се чини дека повозрасните адолесценти подобро ја интерпретираат

ситуацијата во смисла на можните насоки на дејствување и нивните последици. Подобро ги балансираат и интегрираат натпреварувачките гледишта и подобро ги определуваат алтернативите што го задоволуваат критериумот за морален идеал. Потоа, подобро прават план по кој ќе дејствуваат и конечно, поподготвени се да го имплементираат тој план на дејствување.

Утврдениот однос меѓу моралното мислење и моралната слика за себе во ова истражување наоѓа поддршка и во теоријата на Блази. Во неа моралноста е важна карактеристика на активноста на поединецот и моралниот развој треба да биде насочен кон морално однесување. Тенденцијата кон конзистентност на селфот е централна тенденција во организацијата на личноста. Интегрирањето на моралноста и личноста е клуч за морална зрелост на поединецот. Моралната мотивација да се дејствува е последица од моралниот идентитет, што значи дека ако поединецот не дејствува тогаш се изневерува себе си. Оттаму, насоката на влијание е од моралното разбирање кон моралниот идентитет. Блази ги нагласува когнитивните основи на моралноста и капацитетите за дејствување во рамки на себството на поединецот. Според него, моралноста бара морално разбирање, а не само морално знаење, бидејќи првото ги обединува асимилацисните и личните аспекти на знаењето.

Промените во способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања, како и во структурата на моралната слика за себе според теоријата на Киган (Kegan, 1982) може да се објаснат со способноста на луѓето да конструираат значења. Овој автор истакнува дека луѓето се континуирано вклучени во процес на осмислување и конструирање на значења. Тие ги организираат искуствата во смисловна целина и одговараат на неа, наместо импулсивно и директно да реагираат на надворешните случувања и внатрешните искуства. Како што стекнуваат повеќе искуство, така конструираат сè посложени системи за давање смисла на сложениот свет во кој живеат. Слични сфаќања се среќаваат и во истражувањата на други автори (на пр. Hart, 2005a; Keller & Edelstein, 1991, 1993). Од аспект на моралната слика за себе ова е особено важно поради фактот дека социјалните контексти се подложни на менување што овозможува и нејзино менување.

Соопштените резултати во ова истражување потврдуваат дека моралното мислење и моралната слика за себе се два поврзани домени на моралноста. Ова е од особено значење за моралното однесување на поединецот. Колку е тој

поспособен да ги идентификува добрите и лошите постапки и објаснувања и колку е неговата морална слика за себе позаситена со морални вредности, толку повеќе ќе се труди да се однесува морално дури и во ситуации кои го соочуваат со сериозни морални обврски. Кога моралните вредности се во центарот на идентитетот, постапувањето спротивно на моралните вредности и верувања е изневерување на она што поединецот во суштина è.

Ваквите заклучоци стануваат мошне значајни во услови на соочување со реална морална дилема, во која поединецот е лично инволвиран. Теоретските и емпириските сознанија покажуваат дека луѓето не користат исти форми на морално расудување кога размислуваат за реални морални дилеми кои лично ги искусиле, како кога размислуваат за апстрактни, неперсонални, филозофски типови на морални дилеми. Во зависност од моралната перспектива што ја заземаат размислувајќи за прашањето „Како би требало да постапам во оваа ситуација“ може да даваат повеќе одговори. Сознајните процеси кои се активираат во ситуации кога треба да се донесе одлука за тоа како да се постапи во однос на сопственото себство се значително поразлични од оние кои се активираат при изборот на постапките во хипотетичките морални дилеми. Како поединецот ќе постапи во реална морална дилема во голем степен зависи и од степенот до кој истата го вклучува емоционалното процесирање.

Кон овие заклучоци се надоврзуваат најновите истражувања на Џејноф-Балмен и соработниците (Janoff-Bulman, Sheikh & Hepp, 2009). Тие разликуваат две форми на моралност – *пропишувачка* наспроти *забранувачка* - врз основа на разликите во приодот „приоѓање - избегнување“ при саморегулацијата. Пропишувачката моралност е сензитивна на позитивните исходи, заснована врз проактивност и насочена кон она што поединецот треба да го прави. Забранувачката моралност е сензитивна на негативните исходи, заснована врз инхибиција и насочена кон она што поединецот не треба да го прави. Соопштените резултати од нивното истражување упатуваат на постоење различни мотивациски поттикнувачи и морална асиметрија кај испитаниците при одговарање на тестовниот материјал. Најдено е дека двете форми се подеднакво добро застапени во моралниот репертоар на испитаниците, но дека забранувачката форма се смета за рестриктивна, обврзувачка и прецизна, додека пропишувачката се смета за препорачлива, поапстрактна и непрецизна. Првата се заснова врз категоријата на должност, а втората врз категоријата на желба и

личен избор. Ова има импликации во пошироката социјална регулација на однесувањето, политичката ориентација и слично. Испитувањето на овие две форми на моралност во некое следно истражување можеби ќе даде дополнителна поткрепа на резултатите од овој труд.

Според многу автори (на пр. Arnold, 1993; Blasi, 1980, 1983, 1993, 2004; Hardy & Carlo, 2005) моралната идентификација и моралната мотивација позитивно го предвидуваат моралното однесување. Адолесцентите кои вклучуваат поголем број морални вредности како централни во нивната слика за себе и кои соопштуваат морални причини за важноста на истите во нивните животи, манифестираат повисоко ниво на морално однесување. Вклучувањето во морални активности во периодот на адолесценција може да му претходи на развојот на моралната слика за себе. Ова го истакнуваат наодите од повеќе истражувања (на пр. Pratt et al. 2003; Youniss & Yates, 1997; според Hardy & Carlo, 2005) Според нив, голема е веројатноста од двонасочност во ваквата врска, во смисла на тоа дека моралното однесување го стимулира развојот на моралната слика за себе која потоа го мотивира моралното однесување. Тоа би била една од препораките и на овој труд. Проактивноста е важен предуслов за да нештата се променат во повисок квалитет. Ова го истакнуваат многу автори меѓу кои Пијаже, Колберг, Виготски, Киган и други. Вклучувањето на адолесцентите во морални активности преку волонтерска работа, на пример, во Црвен крст, институции за лица со посебни потреби, пензионерски домови, здруженија за заштита на животни итн. би требало да придонесе кон промени во нивната морална слика за себе, а со тоа и на моралното однесување во целост.

Влијанието на процесот на социјализација се препознава во добиените резултати кои укажуваат на повисоки способности за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања кај лицата од женски пол во периодот на адолесценција. Заклучоците во врска со добиените резултати укажуваат на тоа дека лицата од машки и женски пол сеуште различно се социјализираат. Девојчињата уште од рана возраст се социјализираат да бидат послушни, добри, мирни и кротки што се „типично“ женски карактеристики. За момчињата е поприфатливо да се доминантни, бучни, физички посилни и сè што припаѓа во категоријата „типично“ машки карактеристики. Но, во периодот на средна адолесценција девојките покажуваат поголем отпор кон ваквите карактеристики. Се чини дека тие дури и повеќе се бунтуваат од машките. Ним им е

значително помалку важен надворешниот изглед и оценката дека се добри како личности дома, на училиште и кон пријателите, во споредба со нивните врсници. На адолесцентите од машки пол им е поважна самоконтролата односно поважно им е да не се разлутуваат лесно, да не го повишуваат тонот кога се налутени и да не ја манифестираат лутината и вознемиреноста врз нивните пријатели и членови на семејството. Низ призмата на новите трендови на сè поголемо доближување на половите, ваквиот резултат укажува на напуштање на типично маскулините карактеристики од страна на лицата од машки пол. Од друга страна, добиените резултати за лицата од женски пол во средна адолесценција укажуваат дека и девојките ги напуштаат типично феминините карактеристики. Ова упатува на заклучокот дека лицата од двата пола во овој период се насочуваат кон психичка андрогинија. Тоа би значело дека стреотипите според кои мажите се тие кои се агресивни и кои доминираат врз жените кои се кротки и срамежливо повлечени не важат за денешните адолесценти. Споменатите стереотипи кај нив се демистифицирани и депласирани. Потврда за ова се наоѓа и во сознанијата на Ратејнси и Феникс (Rattansi & Phoenix, 2005).

Уште еден показател кој го нагласува влијанието на процесот на социјализација е помалата способност за идентификување на лошите постапки и објаснувања. Ова упатува на претпоставката дека адолесцентите како да не се социјализираат во насока да можат да ги препознаат лошите постапки и објаснувања исто толку добро како што ги препознаваат добрите. За тоа зборува и Вринџ (Wringe, 2006). Во поново време се чини дека родителите подзамижуваат на лошите постапки и не им обрнуваат внимание на децата кога ќе направат нешто такво. Премолчувајќи и неупатувајќи критика тие не ја користат шансата да му укажат на детето дека одредена постапка е лоша и не треба да се прави и да му објаснат зошто не треба да се постапува на конкретниот начин. Така детето останува ускратено за сознание од повисок квалитет. Ваквото однесување е последица од социјализирање на „деца без фрустрации“, што има негативни ефекти врз развојот на споменатата способност, а веројатно и на некои други способности.

Поради можноста добиените резултати да се должат и на недостатоците на самиот инструмент, пожелно е во иднина да се направи детална анализа на моралните дилеми и ајтемите кои се однесуваат на добрите и лошите постапки и

објаснувања. Причина повеќе за ваквиот заклучок е континуираното постигнување на подобри резултати од страна на лицата од женски пол во истражувања на посредните поими (Thoma, лична комуникација, 2008). Ваков наод регистрира и ова истражување. Во овој инструмент, од вкупно седум морални дилеми, четири се дилеми со кои се соочува актер од женски пол. Кај останатите три со дилемата се соочува актер од машки пол. Пријателството е морална вредност која е спротивставена на некоја друга морална вредност во дилемите каде актерот е од женски пол. Ако се земат предвид споменатите сознанија за разликите во социјализацијата меѓу лицата од машки и женски пол, тогаш регистрираните разлики во корист на лицата од женски пол што се добиваат со користење на овој инструмент може да се должат на тоа што тој е веројатно „полово обоен“ со моралните дилеми од кои е составен.

Семејството и врсниците како агенси на социјализација имаат важна улога во развојот на моралното мислење и на моралната слика за себе што се покажува при споредбите на лицата од машки пол, од средна адолесценција кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа и нивните врсници кои живеат во семејство со родители кои се во брак. Тие се јавуваат како значајни и кај лицата од машки пол, од средна адолесценција кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Овие лица покажуваат значително послаби резултати во однос на анализираните домени на моралноста во споредба со нивните врсници кои живеат во семејства, со родители кои се во брак, односно со врсниците кои не манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Циничниот и ироничен однос, исмевањето, физичкото и психичко злоставување, условувањето на љубовта или нејзиното целосно ускратување, несигурната социо-емоционална врзаност, незадоволувањето на базичните потреби итн. имаат негативно влијание врз развојот на сликата за себе, особено врз развојот на моралната слика за себе. Ваквите услови оставаат последици и врз сознајниот и емоционалниот развој на адолесцентите. Растуреното семејство или семејство кое не постои е сериозно нарушување на микросистемот во кој овие поединеци се развиваат, што предизвикува негативни последици врз нивниот морален развој.

Во однос на способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања кај овие испитаници се забележува дека неретко ги избираат постапките и објаснувањата кои укажуваат на повлекување или на

пасивна позиција. Кај лицата кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување се среќаваат и крајно индивидуалистички, па дури и егоистични одговори. Нивната морална слика за себе е посиромашна со морални вредности. Тие многу почесто ги избираат неутралните вредности како централни. Повеќе ја перципираат религијата, односно религиозноста како значајна. Ова е последица на немоќта што ја чувствуваат и хаосот во кој живеат. Отсуството на сигурна основа – семејството - и влијанието на врсниците кои се слични на нив уште повеќе придонесуваат кон потешкотиите во развојот на моралното мислење и моралната слика за себе кај овие групи испитаници. Оттука значајно е да се промени контекстот во кој живеат. Вниманието особено треба да биде насочено кон тоа што се случува со овие лица откако ќе ги напуштат институциите во кои престојуваат. Немањето можност да ги задоволат базичните потреби (преку вработување, место за живеење итн.) можат да ги наведат на однесување кое ќе ги доведе во судир со законот. Кажано со реториката на Бронфенбренер, треба да се создадат сосема нови микро, мезо и егзосистеми. Тоа ќе им овозможи на овие лица постимулативна средина која ќе ги повлече во зоната на следен развој. Како што истакнуваат и Виготски и Бронфенбренер – ако сакаме да го промениме моралот треба да го промениме општеството. Конечната цел е создавање на сосема нов макросистем.

Токму тука доаѓа до израз важноста од имплементирање на програми за трансформирање на насилните структури, култури и поединци. Ова е важно за стимулирање на развојот на моралното мислење и моралната слика за себе не само во периодот на адолесценција, туку и многу порано. Потребно е да се стимулира надежта и да се гради културата на мирот. Тоа ќе се постигне преку имплементирање на програми за развој на вештини за ненасилна комуникација, стимулирање на способностите за емпатија, на меѓусебното почитување и разбирање, прифаќањето на разликите, важноста на универзалните вредности итн. Значајни позитивни ефекти во оваа насока се постигнуваат со програмата на Проектот Алтернативи на Насилство (ПАН) која е произлезена од потребата за ресоцијализација на лицата кои отслужуваат затворски казни во некои од казнено-поправните институции во САД. Оваа програма се применува и кај нас и се покажува соодветна за стимулирање на развојот на погоре наведените вештини кај различни групи поединци, што е од исклучителна важност за лицата кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување. Оттука,

една од препораките на овој труд е имплементирање на оваа програма особено во воспитно-поправните и казнено-поправните домови, како и во домовите за деца без родители и родителска грижа. Целта е спроведување на едукативно-искуствени работилници, чија содржина ќе биде прилагодена на потребите и типот на групата за која е наменета. Во овој контекст значајна е и улогата на етичкото образование уште во основните училишта, која ја посочуваат многу автори (на пр. Lannegrand-Willems & Bosma, 2006; Lapsley & Narvaez, 2006; Nucci, 2001; Oser, Althof, & Higgins-D'Alessandro, 2008; Rest, 1982; Smagorinsky & Taxel, 2005; Темков, 1999; Vygotsky, 1926; Wringe, 2006). Важноста и потребата од етичко образование ја нагласуваат наодите од ова истражување според кои адолесцентите кои учат во Македонската православна богословија и оние кои студираат на Православниот богословски факултет почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од нивните врсници. Ова упатува на заклучокот дека видот на образование игра значајна улога во формирањето на моралниот идентитет на поединецот.

Во идните истражувања потребно е да се вклучат лица кои следат курс по етика во рамки на наставата и да се споредат со оние кои не се вклучени во ваква настава. Добиените резултати ќе обезбедат нови сознанија за улогата и значењето на етичкото образование во развојот на моралното мислење и моралната слика за себе. Ова е многу значајно за т.н. „професии за помагање“. Оттука, со идните истражувања би требало подетално да се опфатат студентите на медицински науки, правни науки, а особено студентите на психолошки науки кои во фокусот на професијата го имаат поединецот и неговиот психички живот. Интересно би било да се споредат и оние лица кои поминале низ обуки во рамки на ПАН со лица кои не учествувале во нив. Тоа би овозможило да се согледаат ефектите од примената на наведената програма за стимулирање и развој на одредени вештини и способности. Така би се добиле уште подетални насоки за дизајнирање на интервентни програми за потребите на посочените професии, но и за останатните профили и групи на кои истите би им биле корисни. Во иднина вниманието треба да се насочи и кон други варијабли кои можат да имаат значајно влијание врз менувањето и развојот на моралното мислење и моралната слика за себе, како што е, на пример, училишниот успех

на испитаниците. Истиот може да се земе како коваријанса во некое следно истражување.

Влијанието на факторите кои потекнуваат од личноста на испитаниците е, исто така, многу важно и заслужува подетално испитување. Ова го нагласуваат повеќе автори (на пр. Cervone, 2006; Knežević, 2003; Лазароски, 1997; Поповски, 2000; Radulović, 2006; Warren, 2008). На пример, истражувањето на Ворен (Warren, 2008) посочува дека „моралните хроници" т.е. лицата кои покажуваат тенденција да ги интерпретираат социјалните информации според константно активирани морални шеми во мозокот, можат да се однесуваат различно од лицата кои при интерпретирањето на социјалните информации се водени од други активирани шеми. Авторката соопштува дека моралниот хроницитет и моралниот идентитет се две издвоени компонентни на моралната личност. Моралниот идентитет може да ја претставува експлицитната компонента која ќе служи како мотивација за моралната когниција, моралната сензитивност и моралниот карактер. Моралниот хроницитет може да ја претставува имплицитната компонента која ќе влијае врз интерпретирањето на социјалните информации и автоматизмот на моралното однесување. Кнежевиќ (Knežević, 2003) смета дека најдобар пат за разбирање, објаснување и предвидување на правилноста во моралното однесување на луѓето е да се проучи структурата на нивната личност и нивната интелигенција. Ова од причина што, според него, аморалноста може да се сведе на личност, а моралното мислење на интелигенцијата.

Со оглед на предочената важност на моралната перспектива и моралната мотивација кои се наоѓаат во позадината на моралните одлуки на поединецот, од страна на повеќе автори (на пр. Arnold, 1993; Blasi, 1980, 1983; 1993; 2004; Colby, 2002; Hardy & Carlo, 2005; Janoff-Bulman, Sheikh, & Hepp, 2009, Поповски, 2005), значајно е во иднина подетално да се проучат овие две компоненти. Тука се надоврзува и потребата да се проанализира начинот на кој адолесцентите ги конструираат значењата кои им ги припишуваат на ситуациите при проценка на истите како морално релевантни. Во следните истражувања треба да се земе предвид и квалитетот на социо-емоционалното врзување, како и родителските стилови. Би било интересно да се испита влијанието на социодемографските фактори кои не се вклучени во ова истражување меѓу кои се степенот на образование на родителите, вработеноста,

социоекономскиот статус и слично. Потребата од вклучување на повеќе варијабли истовремено во идните истражувања ја потврдуваат и најновите студии кои се насочени кон изнаоѓање модел на повеќе конструкти на моралноста (на пр. Derryberry & Thoma, 2005; McDaniel, Grice & Eason, 2010).

За да се подобрат инструментите пожелно е да се пристапи кон нивна валидизација. Ваквата сугестија доаѓа оттаму што добиените резултати може да се последица од недостатоците во самите мерни инструменти, како и од тенденцијата на испитаниците да даваат социјално пожелни одговори. Во прилог на посочениот заклучок оди фактот дека културата, историјата и актуелниот контекст во едно општество имаат значајна улога во моралниот развој во целина, особено во формирањето на вредносниот систем на поединецот.

Од сите теоретски сознанија и емпириски податоци соопштени во овој труд може да се извлече конечен заклучок кој ја нагласува потребата од системски приод во изучувањето на моралноста и моралниот развој на адолесцентите. Ова оттаму што не постои водич за морален развој со готови одговори, ниту може да се посочи само еден фактор како одговорен за менувањето на анализираните аспекти на моралноста. Како што истакнува Дјуи секој проблем треба да се разбере во контекст на неговите етички импликации, бидејќи однесувањето на поединецот има предност пред неговото морално знаење за тоа што и како треба да направи (Dewey, 1939; според Kang & Glassman, 2010, стр.22). Она што мора да се има предвид е дека некогаш однесувањето на поединци кое е осудено како неморално и кое многумина го толкуваат како показател за моралната ерозија во општеството е манифестација на прилагодувањето на овие поединци кон невозможните услови за развој наметнати од истото тоа општество.

# Библиографија:


Abbott, J. (2005). *Adolescence; a critical Evolutionary Adaptation*. Paper prepared by "The 21st Century Learning Initiative", UK

Ajduković, M. (1989). *Vrijednosne orijentacije maloljetnih delinkvenata*. Zagreb: Narodne novine

Arnold, M.L. (1993). *The Place of Morality in the Adolescent Self.* Doctoral dissertation, Graduate School of Education of Harvard University, (преземено од: www.umn.edu, 2008)

Asendorpf, J.B. & Nunner-Winkler, G. (1992). Children's moral motive strenght and temperamental inhibition reduce their immoral behavior in real moral confilcts. *Child development*, Vol.63, No.5, 1223-1235

Aquino, K.F., & Reed II, A. (2002). The Self-Importance of Moral Identity. *Journal of Personality and Social Psychology*, Vol. 83, No.6, 1423-1440

Bandura, A. (1991). Social Cognitive Theory of Moral Thought and Action. Bo: Kurtines, W. M., & Gewirtz, J. L. (Eds.). *Handbook of Moral Behavior and Development. Vol. 1. Theory*. New Jersey. Lawrence and Erlbaum Associate Publishers

Бакревска, И. (2002). *Вредности, вредносни ориентации и модели за идентификација кај адолесцентите.* Необјавен дипломски труд. Скопје: Филозофски факултет

Bašić, J.; Koller-Trbović, B.; i Uzelac, S. (Eds.).(2004). *Poremećaji u ponašanju i rizična ponašanja: pristupi i pojmovna određenja.* Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet

Bebeau, M.J. (2002). The Defining Issues Test and the Four Component Model: contributions to professional education. *Journal of Moral Education*, Vol.31, No.3, 271-295

Bebeau, M.J., & Monson, V.E. (2008). Guided by Theory, Grounded in Evidence: A Way Forward for Professional Ethics Education. Bo: Nucci, J., & Narvaez, D. (Eds.), *Handbook on Moral and Character Education*, 557-582, Mahwah, NJ: Erlbaum Associates

Bebeau, M., Rest, J., & Narvaez, D. (1999). Beyond the Promise: A Perspective on research in Moral Education. *Educational Researcher*, Vol.28, No.4, 18-26

Bebeau, M.J., & Thoma, S.J. (1998). *Designing and Testing a Measure of Intermediate Level Ethical Concepts*. Paper presented at the Annual Meeting of the American Educational Research Association. San Diego, CA

Bebeau, M.J., & Thoma, S.J. (1999). "Intermediate" Concepts and the Connection to Moral Education. *Educational Psychology Review*, Vol.11, No.4, 343-360

Berger, K.S., (2008). *The Developing person. Through the Lifespan*, Seventh Ed. NY, Worth Publishers

Bergman, R.C. (2002). Why Be Moral? A Conceptual Model from Developmental Psychology. *Human Development*, 45, 104-124

Bergman, R.C. (2004). Identity as Motivation: Toward a Theory of the Moral Self. Bo: Lapsley, D.K., & Narvaez, D. (Eds.). *Moral Development, Self, and Identity*, 21-46, NJ: Lawrence Erlbaum Ass. Publ.

Bergman, R.C. (2005). *Educating the Moral Self: From Aristotle to Augusto Blasi*. Doctoral Dissertation. The Graduate College at the University of Nebraska, Lincoln, (преземено од: www.umn.edu, 2008)

Blakemore, S.J. (2008). The social brain in adolescence. *Nature reviews. Neuroscience*, Vol.9, 267-277

Blasi, A. (1980). Bridging Moral Cognition and Moral Action: A Critical Review of the Literature. *Psychological Bulletin,* Vol.88, No.1, 1-45

Blasi, A. (1983). Moral Cognition and Moral Action: A Theoretical Perspective. *Developmental Review*, 3, 178-210

Blasi, A. (1988). Identity and the Development of the Self. Bo: Lapsley, D.K., & Power, F.C. (Eds.), *Self, Ego, and Identity. Integrative Approaches,* 226-242, NY: Springer-Verlag, Inc.

Blasi, A. (1990). Kohlberg's Theory and Moral Motivation. *New Directions for Child Development*, No. 47, 51-57

Blasi, A. (1993). The Development of Identity: Some Implications for Moral Functioning. Bo: Noam, G.G., & Wren, T.E. (Eds.). *The Moral Self*, 99-122, MIT Press, USA

Blasi, A. (1999). Emotions and Moral Motivation. *Journal for the Theory of Social Behavior*, Vol.29, Iss.1, 1-19

Blasi, A. (2004). Moral Functioning: Moral Understanding and Personality. Bo: Lapsley, D.K., & Narvaez, D. (Eds.). *Moral Development, Self, and Identity*, 335-347, NJ: Lawrence Erlbaum Ass. Publ.

Blasi, A., & Glodis, K. (1995). The Development of Identity. A Critical Analysis from the Perspective of the Self as Subject. *Developmental Review*, 15, 404-433

Blasi, A., & Milton, K. (1991). The Development of the Sense of Self in Adolescence. *Journal of Personality*, Vol.58, Iss.2, 217-242

Borba, M. (2001). *Building Moral Intelligence*. San Francisco: Jossey-Bass

Bronfenbrener, J. (1997). *Ekologija ljudskog razvoja*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

Burman, E. (2008). *Deconstructing Developmental Psychology*. Sec. Ed. NY: Routledge

Carlo, G., & Pope-Edwards, C. (Eds.). (2005). *Moral Motivation through the Life Span*. Nebraska Symposium on Motivation,Vol.51. University of Nebraska Press, USA

Casebeer, W.D. (2003). Moral cognition and its neural constituents. *Nature reviews, Neuroscience*, Vol.4, 841-846

Ceci, S.J. (2006). Urie Bronfenbrenner (1917-2005). Obituaries. *American Psychologist*, Vol. 61, No. 2, 174-174. APA

Cervone, D. (2006). *Moral Personality: We Know What's (Im)Moral, but What's (not) Personality?* Paper presented at the Notre Dame Symposium on Personality and Moral Character

Colby, A. (2002). Moral Understanding, Motivation, and Identity. *Human Development*, 45, 130-135

Colby, A., & Damon, W. (1993). The Uniting of Self and Morality in the Development of Extraordinary Moral Commitment. Bo: Noam, G.G., & Wren, T.E. (Eds.). *The Moral Self*, 149-174, MIT Press, USA

Colby, A., & Kohlberg, L. (Eds.). (1987). *The Measurement of Moral Judgment. Theoretical Foundations and Research Validation*. Vol.1, Cambridge University Press, USA

Cole, M. & Cole, Sh. (1989). *The Development of Children*. Scientific American Books

Cole, M. & Engeström, Y. (2007). Cultural-Historical approaches to designing for development. Bo: Valsiner, J. & Rosa, A. (Eds.). *The Cambridge Handbook of Sociocultural psychology*. Cambridge University Press

Darling, N. (2007). Ecological Systems Theory: The Person in the Center of the Circle. *Research in Human Development,* Vol.4, Iss. 3-4, 203-217

Davidson, P., & Youniss, J. (1991). Which Comes First, Morality or Identity. Bo: Kurtines, W. M., & Gewirtz, J. L. *Handbook of Moral Behavior and Development*. Vol.1, 105-122, New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates Publishers

Derryberry, P.W., & Thoma, S.J. (2005). Moral Judgment, Self-Understanding, and Moral Actions: The Role of Multiple Constructs. *Merrill-Palmer Quarterly*, Vol.51, No.1, 67-92

Dizdarević, I. (2002). *Agensi Socijalizacije Ličnosti*. Sarajevo: Prosvjetni list

Dodge, K.A.; Coie, J.D.; & Lynam, D. (2006). Aggression and antisocial behavior in youth. Во: Eisenberg, N. (Ed.). *Handbook of child psychology*. Vol. 3, 719-780. NJ: Wiley & Sons

Durkin, K. (1995). *Developmental Social Psychology: From infancy to old age*. Blackwell Publishers Inc.

Eisenberg, N. (2000). Emotion, Regulation and Moral Development. *Annual Review of Psychology*, Vol. 51, 665-697

Eisenberg, N. (Eds.), (2006). *Handbook of Child Psychology*, Vol.3, NJ: John Wiley and Sons, Inc.

Eisenberg, N., Cumberland, A., Guthrie, I.K., Murphy, B.C., & Shepard, S.A. (2005). Age Changes in Prosocial Responding and Moral Reasoning in Adolescence and Early Adulthood. *Journal of Research on Adolescence*, Vol.15, No.3, 235- 260

Ende, van der, J.; & Verhulst, F.C. (2005). Informant, gender and age differences in ratings of adolescent problem behavior. *European Child Adolescent Psychiatry*, Vol. 17, 117-126

Erikson, E. H. (1976). *Omladina, kriza, identifikacija*. Titograd: NIP Pobjeda

Farrington, D.P.; & Welsh, B.C. (2007). *Saving Children from a life of crime. Early risk factors and Effective Interventions*. Oxford: Oxford University Press

Фрицханд, А. (2007a). *Вредности, вредносни ориентации, морални ставови и модели за идентификација во различни возрасни групи*. Необјавен магистерски труд. Скопје: Филозофски факултет.

Фрицханд, А. (2007b). Моралната интелигенција на адолесцентите во денешниот општествен контекст. *Годишен Зборник,* 60, 227-241, Скопје: Филозофски факултет

Frimer, J.A., & Walker, L.J. (2008). Towards a new paradigm of moral personhood. *Journal of Moral Education*, Vol.37, No.3, 333-356

Гиденс, Е. (2002). *Трeтиот пат*. Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество

Гиденс, Е. (2003). *Забеган свет*. Скопје: Филозофски факултет

Gilligan, C. (1982). *In a different voice*. USA: Harvard University Press

Greene, J.D., Sommerville, R.B., Nystrom, L.E., Darley, J.M., & Cohen, J.D. (2001). An fMRI investigation of emotional engagement in moral judgment. *Science*, Vol. 293, 2105 - 2108

Grundtner, J., Rode, M., Giebel, H., & Bock, T. (2008). *The Effect of Undergraduate Philosophical Ethics Courses on Moral Judgment and Moral Motivation*. Paper presented at the Ethical Theory and Moral Practice conference, Amsterdam, The Netherlands.

Hardy, S.A., & Carlo, G. (2005). Identity as a Source of Moral Motivation. *Human Development*, 48, 232-256

Harré, R. (2006). *Key Thinkers in Psychology*. London: SAGE Publications Ltd.

Hart, D. (1988). The Adolescent Self-Concept in Social Context. Bo: Lapsley, D.K., & Power, F.C. (Eds.), *Self, Ego, and Identity. Integrative Approaches,* 71-90, NY: Springer-Verlag, Inc.

Hart, D. (2005a). Adding Identity to the Moral Domain. *Human Development*, 48, 257-261

Hart, D. (2005b). The Development of Moral Identity. Bo: Carlo, G., & Pope-Edwards, C. (Eds.), *Moral Motivation through the Life Span*. Nebraska Symposium on Motivation,Vol.51, 165-196, University of Nebraska Press, USA

Hart, D. (2006). *Urban Neighborhoods as a Context for Moral Development.* Paper presented at The Notre Dame Symposium on Personality and Moral Character

Hart, D., & Carlo, G. (2005). Moral Development in Adolescence. *Journal of Research on Adolescence*, Vol.15, No.3, 223-233

Hart, D., & Fegley, S. (1995). Prosocial Behavior and Caring in Adolescence: Relations to Self-Understanding and Social Judgments. *Child Development*, 66, 1346-1359

Harter, S. (2006). The Self. Bo: Eisenberg, N. (Ed.). *Handbook of child psychology*. Vol. 3, 505-570. NJ: Wiley & Sons

Haviv, S., & Leman, P.J. (2002). Moral Decision-making in Real Life: factors affecting moral orientation and behavior justification. *Journal of Moral Education*, Vol.31, No.2, 121-140

Heilbrun, K.; Sevin Goldstein, N.E.; & Redding, R.E. (Eds.). (2005) *Juvenile Delinquency. Prevention, Assesment, and Intervention.* Oxford: Oxford University Press

Higgins-D'Alessandro, A. (2006). *Moral Functioning, moral identity, and moral-self concepts*. Paper presented at the Notre Dame Symposium on Personality and Moral Character

Janoff-Bulman, R., Sheikh, S., & Hepp, S. (2009). Proscriptive versus Prescriptive morality: two faces of moral regulation. *Journal of Personality and Social Psychology*, Vol.96, No.3 521-537

Jašović, Ž.B. (1991). *Kriminologija maloletničke delinkvencije*. Beograd: Naučna knjiga

Kang, M.J., & Glassman, M. (2010). Moral action as social capital, moral thought as cultural capital. *Journal of Moral Education*, Vol.39, Iss.1, 21-36

Kaprara, Đ.V. i Ćervone, D. (2003). *Ličnost*. Beograd: Dereta

Karraker, M.W. (2008). *Global Families*. Boston: Person Education, Inc.

Kegan, R. (1982). *The Evolving Self. Problem and Process in Human Development.* The President and Fellows of Harvard College, USA

Keller, M., & Edelstein, W. (1991). The Development of Socio-Moral Meaning Making: Domains, Categories, and Perspective-Taking. Bo: Kurtines, W. M. & Gewirtz, J. L. *Handbook of Moral Behavior and Development*. Vol.2, 89-114, New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates Publishers

Keller, M., & Edelstein, W. (1993). The Development of the Moral Self from Childhood to Adolescence. Bo: Noam, G.G., & Wren, T.E. (Eds.). *The Moral Self*, 310-336, MIT Press, USA

Killen, M., & Smetana, J. (Eds.). (2006). *Handbook of Moral Development*. NY: Psychology Press, Ltd.

Киткањ, З. (2009). Престапничко однесување кај малолетните сторители со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит. Необјавен докторски труд. Скопје: Филозофски факултет

Knežević, G. (2003). *Koreni amoralnosti*. Beograd: Centar za primenjenu psihologiju

Krebs, D.L. (2008). Morality. An Evolutionary Account. *Perspectives on Psychologycal Science*. Vol.3, No.3 149-172

Krebs, D.L., Denton, K., & Wark, G. (1997). The forms and functions of real-life moral descision making. *Journal of Moral Education*, Vol.26, No.2, 131-145

Kuzmanović, B. (2001). Društvena kriza i kriza vrednosnog sistema mladih. Bo: *Adolescencija: Drama jedne mladost u Srbiji 1990-2000*, 39-49

Lakić, A. (2005). *Porodica kao prva spoljašnja realnost adolescenta. Unutrašnja i spoljašnja realnost adolescenata*. Beograd: Žarko Albulj

Lannegrand-Willems, L. & Bosma, H.A. (2006). Identity Development-in-Context: The School as an Important Context for Identity Development. *Identity*, Vol.6, No.1, 85-113

Lapsley, D.K. (2006). Moral Stage Theory. Bo: Killen, M. & Smetana, J. (Eds.). *Handbook of Moral Development.* NJ: Lawrence Erlbaum Ass. Publ

Lapsley, D.K., & Narvaez, D. (Eds.), (2004). *Moral Development, Self, and Identity*. NJ: Lawrence Erlbaum Ass. Publ.

Lapsley, D. K. & Narvaez, D. (2006). Character Education. Во: Renninger, K.A. & Sigel, I. E. (Eds.) *Handbook of Child Psychology*, Vol.4, 248-297, NJ: John Wiley and Sons, Inc.

Lapsley, D.K., & Power, F.C. (Eds.), (1988). *Self, Ego, and Identity. Integrative Approaches*. NY: Springer-Verlag, Inc.

Лазароски, Ј. (1997). *Алтруистичко и агресивно однесување*. Скопје и Мелбурн: Матица Македонска

Leary, M.R. (2007). Motivational and Emotional Aspects of the Self. *Annual Review of Psychology*, Vol. 58, 317-344

Lewis, A.E. (2007). *The moral judgement of gifted adolescents*. Doctoral dissertation. The Faculty of the Graduate School of the University of Minnesota (преземено од: www.umn.edu, 2008)

Marzocco-Olson, L. (1998). *The Assessment of Moral Integrity among adolescents and adults*. Doctoral Dissertation. University of Wisconsin-Madison, (преземено од: www.umn.edu, 2008)

Matsuba, M.K., & Walker, L.J. (2005). Young Adult Moral Exemplars: The Making of Self Through Stories. *Journal of Research on Adolescence*, Vol.15, No.3, 275-297

McDaniel, B.L., Grice, J.W., & Eason, E.A. (2010). Seeking a multi-construct model of morality *Journal of Moral Education*, Vol.39, Iss.1, 37-48

Mirić, J. (2001). *Razvoj moralnog mišljenja*. Beograd: Kalekom

Moll, J., Zahn, R., de Oliveira-Souza, R., Krueger, F. & Grafman, J. (2005). The neural basis of human moral cognition. *Nature reviews. Neuroscience*, Vol.6, 799-809

Moshman, D. (2004). False Moral Identity: Self-Serving Denial in the Maintenance of Moral Self-Conceptions. Во: Lapsley, D.K., & Narvaez, D. (Eds.). *Moral Development, Self, and Identity*, 83-110, NJ: Lawrence Erlbaum Ass. Publ.

Moshman, D. (2005). *Adolescent Psychological Development. Rationality, Morality and Identity*. Sec.Ed. New Jersey: Lawrence Erlbaum Associate Publishers

Мурџева-Шкариќ, О. (2002). *Психологија на родот*. Скопје: СОЖМ. Центар за женски студии

Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна Трансформација на Конфликти.* Скопје: Филозофски Факултет.

Мурџева-Шкариќ, О. (2009). *Психологија на детството и на адолесценцијата.Развојна психологија 1.* Скопје: Филозофски Факултет.

Мурџева-Шкариќ, О. (2010). *Психологија на возрасните и на стареењето.* Скопје: Филозофски факултет

Narvaez, D. (2005). The Neo-Kohlbergian Tradition and Beyond: Schemas, Expertise, and Character. Во: Carlo, G., & Pope-Edwards, C. (Eds.), *Moral Motivation through the Life Span.* Nebraska Symposium on Motivation,Vol.51, 119-164, University of Nebraska Press, USA

Narvaez, D., & Vaydich, J.L. (2008). Moral Development and behavior under the spotlight of the neurobiological sciences. *Journal of Moral Education*, Vol.37, No.3, 289-312

Nucci, L.P. (2001). *Education in the Moral Domain.* NY: Cambridge University Press

Nunner-Winkler, G. (1993). The growth of moral motivation. Во: Noam, G.G., & Wren, T.E. (Eds.). *The Moral Self.* MIT Press, USA

Nunner-Winkler, G., & Sodian, B. (1988). Children's understanding of moral emotions. *Child Development*, Vol.59, 1323-1338

Oser, F.K., Althof, W., & Higgins-D'Alessandro, A. (2008). The Just Community approach to moral education: system change or individual change? *Journal of Moral Education,* Vol.37, No.3, 395-415

Pejović-Milovančević, M. (2001). *Poremećaj ponašanja dece i omladine – moralni i psihopatološki faktori.* Beograd: Zadužbina Andrejević

Phinney, J.S. (2000). Identity Formation across Cultures: The Interaction of Personal, Societal, and Historical Change. *Human Development*, 43, 27-31

Piaget, J. (1978). *Le jugement moral chez l'enfant.* Paris: Presses universitaires de France

Poehner, M.E. (2008). *Dynamic Assessment. A Vygotskian approach to understanding and promoting L2 development.* PA: Springer

Popadić, D. (1995). Uzori mladih – uzrasne i generacijske razlike. Psihološka istraživanja 7. Beograd: Filozofski fakultet.

Поповски, М. (2000). *Персоналните корелати на просоцијалното однесување.* Докторски труд. Скопје: Филозофски факултет

Поповски, М. (2005). *Просоцијално однесување*. Скопје: Филозофски Факултет

Power, C.F. (2004). The Moral Self in Community. Во: Lapsley, D.K., & Narvaez, D. (Eds.). *Moral Development, Self, and Identity*, 47-64, NJ: Lawrence Erlbaum Ass. Publ.

Power, C.F. (2006). *The Development of the Moral Self*. Paper presented at the Notre Dame Symposium on Personality and Moral Character

Pratt, M.W., & Arnold, M.L. (2006). *Growing into Generativity: Adolescent Roots of a Generative Self in Emerging Adulthood*. Paper presented at the Notre Dame Symposium on Personality and Moral Character

Pratt, M.W., Arnold, M.L., Pratt, A.T., & Diessner, R. (1999). Predicting adolescent moral reasoning from family climate: a longitudinal study. *Journal of Early Adolescence*, Vol. 19, No.2, 148-175

Pratt, M.W.; Hunsberger, B.; Pancer, S.M. & Alisat, S. (2003). *A Longitudinal Analysis of Personal Values Socialization: Correlates of a Moral Self-Ideal in Late Adolescence*. Oxford: Blackwell Publishing Ltd.

Radulović, D.M. (2006). *Psihologija kriminala. Psihopatija i prestupništvo*. Beograd: Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju, i Institut za kriminološka i sociološka istraživanja

Rattansi, A. & Phoenix, A. (2005). Rethinking Youth Identities: Modernist and Postmodernist Frameworks. *Identity*, Vol.5, No.2, 97-123

Rest, J.R. (1974). Developmental Psychology as a Guide to Value Education: A Review of "Kohlbergian" Programs. *Review of Educational Research*, Vol.44, No.2, 241-259

Rest, J.R. (1975). Longitudinal Study of the Defining Issues Test of Moral Judgment: A Strategy for Analyzing Developmental Change. *Developmental Psychology*, Vol. 11, No.6, 738-748

Rest, J.R. (1982). A Psychologist Looks at the Teaching of Ethics. *The Hastings Center Report*, Vol.12, No.1, 29-36

Rest, J. (1994). Background: Theory and Research. Во: Rest, J., & Narvaez, D. (Eds.) *Moral Development in the Professions: Psychology and Applied Ethics*, 1-26, NJ: Lawrence Erlbaum Associates Publishers

Rest, J.R., Davison, M.L., & Robbins, S. (1978). Age Trends in Judging Moral Issues: A Review of Cross-Sectional, Longitudinal, and Sequential Studies of the Defining Issues Test. *Child Development*, Vol.49, No.2, 263-279

Rest, J.R. & Narvaez, D. (1991). The College Experience and Moral Development. Bo: Kurtines, W. M. & Gewirtz, J. L. *Handbook of Moral Behavior and Development.* Vol.2, 229-246, New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates Publishers

Rest, J., Narvaez, D., Bebeau, M., & Thoma, S. (1999). A Neo-Kohlbergian Approach: The DIT and Schema Theory. *Educational Psychology Review*, Vol. 11, No.4, 291-324

Rest, J.R., & Thoma, S.J. (1985). Relation of Moral Judgment Development to Formal Education. *Developmental Psychology*, Vol. 21, No.4, 709-714

Reynolds, J., & Mansfield, P. (1999). The effect of changing attitudes to marriage on its stability. Bo: High Divorce rates: The state of the evidence on reasons and remedies, *Research Series* Vol. 1 (Papers 1-3), No. 2. Lord Chancellor's Department (прочитано од www.oneplusone.org.uk)

Riddle, E.M. (1999). *Lev Vygotsky's Social Development Theory.* (прочитано од http://chd.gmu.edu/immersion/knowledgebase/theorists/constructivism/vygotsky

Rot, N. (1989). *Osnovi socijalne psihologije*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

Rozin, P., Haidt, J. Fincher, K. (2009). From oral to moral. *Science*, Vol. 323, 1179-1180

Rulle, J.T., & Bebeau, M.J. (2005). *Inspiring Stories of Professional Commitment.* Quintessence Publishing Co, Inc. Canada

Sabatier, C. & Lannegrand-Willems, L. (2005). "*Transmission of Family values and Attachment: A French Three-Generation Study*". (http://pt.wkhealth.com/pt/re/apps/abstract)

Santrock, J.W. (2007). *Adolescence*. Mc Graw-Hill, USA

Schlaefli, A., Rest, J.R., & Thoma, S.J. (1985). Does Moral Education Improve Moral Judgment? A Meta-Analysis of Intervention Studies Using the Defining Issues Test. *Review of Educational Research*, Vol.55, No.3, 319-352

Schonert-Reichl, K.A. (1999). Relations of peer acceptance, friendship adjustment, and social behavior to moral reasoning during early adolescence. *Journal of Early Adolescence*. Vol. 19, No.2, 249-279

Singer, M.; i Mikšaj-Todorović, Lj. (1993). *Delikvencija mladih*. Zagreb: Globus

Skoe, E.E.A., Hansen, K.L., Mørch, W.T., Bakke, I., Hoffmann, T., Larsen, B., & Aasheim, M. (1999). Care-Based moral reasoning in Norwegian and Canadian early adolescents: a cross-national comparison. *Journal of Early Adolescence*, Vol.19, No.2, 280-291

Smagorinsky, P., & Taxel, J. (2005). *The Discourse of Character Education*. New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates Publishers

Smits, I., Soenens, B., Luyckx, K., Duriez, B., Berzonsky, M., & Goossens, L. (2008). Perceived parenting dimensions and identity styles: Exploring the socialization of adolescents' processing of identity-relevant information. *Journal of Adolescence*, 31, 151-164

Steger, M.F. (2005). *Development and Validation of the Meaning in Life Questionnaire: A Measure of Eudaimonic Well-Being*. Doctoral dissertation, The Graduate School of the University of Minnesota (преземено во 2008, од: www.umn.edu)

Стојанова, Б. (2007). *Вредности и вредносни ориентации кај лица од средна адолесценција и рана зрелост*. Необјавен дипломски труд. Скопје: Филозофски Факултет

Szentmártoni, M. (2004). *Svet mladih. Psihološke studije*. Pančevo: Bukur Book

Такашманова-Соколовска, Т. (1998). *Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценцијата*, Скопје: Графохартија

Tangney, J.P., Stuewig, J., & Mashek, D.J. (2007). Moral Emotions and Moral Behavior. *Annual Review of Psychology*, Vol.58, 345-372

Темков, К. (1999). *Етиката денес*. Скопје: Епоха

Thoma, S. J. (2006). Research on the Defining Issues Test. Во: Killen, M. & Smetana, J. (Eds.), *Handbook of Moral Development*, 67-92, NY: Psychology Press, Ltd.

Thoma, S. J., & Bebeau, M. (2008). *Moral judgment competency is declining over time: Evidence from twenty years of Defining Issues Test data*. Paper presented at the AERA Conference, New York.

Thoma, S.J., Bebeau, M., & Boland, A. (2008) The role of moral judgment in context-specific professional decision making, Во: Veugelers, W.& Oser, F. (Eds.) *Getting involved: Global citizenship development and sources of moral values*. Sense Publishers, Hague, The Netherlands.

Thoma, S.J., Hestevold, N., & Sargent, J. (2008). Describing and testing a contextualized measure of adolescent moral thinking. (текстот е добиен во лична комуникација со првиот автор во март, 2008 година).

Thoma, S.J., & Rest, J.R. (1999). The Relationship Between Moral Decision Making and Patterns of Consolidation and Transition in Moral Judgment Development. *Developmental Psyhology*, Vol.35, No.2, 323-334

Turiel, E. (1974). Conflict and Transition in Adolescent Moral Development. *Child Development*, Vol.45, 14-29

Turiel, E. (2006a). Thought, emotions, and social interactional processes in moral development. Во: Killen, M., & Smetana, J. (Eds.). (2006). *Handbook of Moral Development*. NY: Psychology Press, Ltd.

Turiel, E. (2006b). The Development of Morality. Во: Eisenberg, N. (Eds.) *Handbook of Child Psychology*, Vol.3, 789-858, NJ: John Wiley and Sons, Inc.

Vygotsky, L.S. (1926). *Educational Psychology. Chapter 12. Ethical behavior*. (прочитано во јануари, 2007 од http://www.marxists.org/archive/vygotsky/works/1926/educational-psychology/ch12.htm)

Vigotski, L.S. (1977). *Mišljenje i govor*. Beograd: Nolit

Vigotski, L.S. (1996). *Dečja psihologija*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

Wade, T.J., Auer, G., & Roth, T.M. (2009). What is love: further investigation of love acts. *Journal of Social, Evolutionary and Cultural Psychology*, Vol.3, No.4, 290-304

Waldman, M.R. (2006). A case for the moral organ? *Science*, Vol.314, 57-58

Walker, L.J. (1982). The Sequentiality of Kohlberg's Stages of Moral Development. *Child Development*, 53, 1330-1336

Walker, L.J. (1989). A Longitudinal Study of Moral Reasoning. *Child Development*, Vol.60, 157-166

Walker, L.J. (1991). Sex Differences in Moral Reasoning. Во: Kurtines, W. M. & Gewirtz, J. L. *Handbook of Moral Behavior and Development*. Vol.2, 333-364, New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates Publishers

Walker, L.J. (2002). The Model and the Measure: an appraisal of the Minnesota approach to moral development. *Journal of Moral Education*, Vol.31, No. 3, 353-367

Walker, L.J. (2005). *Link between moral knowledge and moral action*. Во: Exploring Human Development: A Tool Kit, видео материјал (предавање). Worth Publishers.

Walker, L.J., de Vries, B., & Trevethan, S.D. (1987). Moral Stages and Moral Orientations in Real-Life and Hypothetical Dilemmas. *Child Development*, Vol.58, No.3, 842-858

Walker, L.J., Hennig, K.H., & Krettenauer, T. (2000). Parent and peer contexts for children's moral reasoning development. *Child Development*, Vol.71, No.4, 1033-1048

Walker, L.J., & Taylor, J.H. (1991a). Stage Transitions in Moral Reasoning: A Longitudinal Study of Developmental Processes. *Developmental Psychology*, Vol. 27, No.2, 330-337

Walker, L.J., & Taylor, J.H. (1991b). Family interactions and the development of moral reasoning. *Child Development*, Vol. 62, 264-283

Warren, E.A. (2008). *Modeling Moral Personality: Moral Chronicity, Moral Identity, and Moral Cognition*. Doctoral Dissertation. The Graduate School of Arts and Sciences, Columbia University, (преземено од: www.umn.edu, 2008)

Wringe, C. (2006). *Moral Education*. Springer. The Netherlands.

Шурбановска, О. (2009). *Семејството и врсниците како фактори на социјалното однесување на детето во училишната средина*. Необјавен докторски труд. Скопје: Филозофски факултет

# ПРИЛОЗИ:

1. Инструмент за мерење на посредните поими кај адолесцените (Intermediate Concept Measure for Adolescents - AD-ICM);
2. Инструмент за мерење на морална слика за себе („Moral self-concept measure”);
3. Скала на доблести („Virtuous qualities Scale”);
4. Прашалник за демографските карактеристики на примерокот

**ПРИЛОГ 1.** Инструмент за мерење на посредните поими кај адолесцентите (Intermediate Concept Measure for Adolescents - AD-ICM)

Шифра: ______________
Пол: М Ж
Возраст: ______________
Година: ______________

Општи упатства

Ви благодарам за учеството во ова истражување. Ќе бидат потребни помеѓу 60 и 90 минути за пополнување на прашалникот. Внимателно прочитајте ја секоја приказна и тврдењата што следуваат по неа.

Учеството во истражувањето е доброволно и можете да престанете со одговарање во било кое време. Вашите одговори ќе бидат доверливи, а резултатите ќе се чуваат на Универзитетот и нема да бидат достапни никому освен на истражувачот. Добиените податоци ќе бидат презентирани на ниво на група и вашето име и број никогаш нема да бидат јавно соопштени. Вашето име ќе стои само на оваа прва страница.

Доколку имате прашања слободно обратете му се на истражувачот.

## Прашања во врска со општествени теми

Пример и упатства

Во овој прашалник ќе прочитате седум приказни и ќе одговарате на тврдењата кои следуваат по секоја од нив. При одговарањето на секоја од приказните ќе треба да размислувате за главниот лик во неа. Прочитајте го примерот што следува:

Омилениот вујко на Боби неодамна почина и му остави многу пари нему и на неговото семејство. Боби сега мора да донесе одлука како ќе ги искористи тие пари. Тој и неговата сопруга отидоа кај финансиски советник од кого добија многу информации за тоа како најдобро да ги искористат парите. Еден предлог е да ги употребат за отплаќање на заостанат долг. Другиот предлог е да ги вложат парите во банка за да можат подоцна да ги искористат за плаќање школарина кога нивните деца ќе се запишат на факултет. Боби исто така размислува за тоа како животот бил тежок за неговот семејство - цело време да се штеди за да може да се живее во поубавиот дел од градот - и сега би сакал да потроши дел од парите на забава. Размислува за купување нов автомобил, за крстарење или за одмор во некое монденско летувалиште.

По секоја приказна ќе бидат наведени повеќе можни начини на кои некој би постапил во посочената ситуација. Секој од нив ќе треба да ги оцените според тоа колку ви се чинат добри со впишување на број на празната линија, користејќи ја следнава скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБАР избор**
**2 - Верувам дека ова е ДОБАР избор**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОШ избор**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОШ избор**

Еве неколку примери:

______ 1. Боби треба да ги потроши парите за себе.
______ 2. Боби треба да ги инвестира парите.
______ 3. Боби треба да го отплати долгот.
______ 4. Боби треба да ги потроши парите на семејството.

Ваша задача е да го оцените секој од понудените избори користејќи ја погоре наведената скала. На пример, некој можеби смета дека бр.1 („Боби треба да ги потроши парите на себе си„) е најлош избор, потоа дека бр.2 („Боби треба да ги инвестира парите„) е под знак прашање, дека бр.3 („Боби треба да го отплати долгот„) е најдобар избор што Боби може да го направи, а дека бр.4 („Боби треба да ги потроши парите на семејството„) е добар избор. Во таа насока, пред тврдењето бр.1 ќе се впише 5, пред тврдењето бр.2 ќе се впише 3, пред тврдењето бр.3 ќе се впише 1, а пред тврдењето бр.4 ќе се впише 2.

Потоа од вас ќе се побара да ги рангирате најдобрите и најлошите избори. На пример, некој можеби смета дека тврдењето бр.3 е најдобар избор, а тврдењето бр.1 е најлош избор.

Понатаму, ќе треба да ги разгледате можните причини заради кои актерот во приказната постапува на одреден начин. Секоја од причините ќе треба да ги оцените впишувајќи го бројот на празната линија и користејќи ја следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБРА причина**
**2 - Верувам дека ова е ДОБРА причина**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОША причина**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОША причина**

Еве неколку примери:

______ 1.Исплаќањето на долгот е единствен начин да се создадат и заштедат пари.
______ 2. Боби ќе се чувствува подобро ако финансиски го обезбеди семејството.
______ 3. Боби и неговото семејство заслужуваат да ги потрошат парите за да надоместат за тешките времиња од минатото.
______ 4. Тој треба да направи нешто со парите.

Земајќи ја во предвид приказната на Боби и тоа дека тврдењето бр.3 од претходната страница е оценето како најдобар избор, би можело да се оцени дека причината бр.1 („Исплаќањето на долгот е единствен начин да се создадат и заштедат пари„) е токму она на што Боби мисли кога го прави изборот. Во таа насока може да се смета дека тврдењето бр.2 („Боби ќе се чувствува подобро ако финансиски го обезбеди семејството„) нема многу врска со она на што тој мисли додека го прави изборот, дека тврдењето бр.3 („Боби и неговото семејство заслужуваат да ги потрошат парите за да надоместат за тешките времиња од минатото„) нема никаква врска со претходно направениот избор, а дека тврдењето бр.4 („Тој треба да направи нешто со парите„) не е многу подобро од претходното. Оттука следува дека пред тврдењето бр.1 ќе се впише 1, пред тврдењето бр.2 ќе се впише 2, пред тврдењето бр.3 ќе се впише 4, а пред тврдењето бр.4 ќе се впише 3 или 4.

Откако ќе се оцени секое од тврдењата ќе треба да ги рангирате трите најдобри (почнувајќи со најдобрата) и двете најлоши (почнувајќи со најлошата) причини за направениот избор. Од погоре наведените оценки би било логично тврдењето бр.1 да носи ранг 1 меѓу најдобрите можни причини, а тврдењето бр.3 да носи ранг 1 од двете најлоши можни причини.

Кога ќе завршите со читање на овој пример можете да го завртите листот и да започнете со првата приказна.

Ви Благодарам!

# Нина

Нина е многу горда на своето унапредување во раководителка на смена. Таа навистина ужива во работата, во повисоката плата и ги сака луѓето со кои работи, а особено две од нив, Бети и Сандра, кои ѝ се добри пријателки. Бети, Нина и Сандра се пријателки од детство и многу од работите ги вршат заедно. Меѓутоа не е сè така совршено за Нина. Кога нејзината раководителка Г-ѓа Стефановска ѝ кажала за нејзиното унапредување, таа, исто така ѝ кажала дека продуктивноста на смената е ниска и дека треба да направи некои промени во персоналот. Таа ѝ вели на Нина да размисли кој би требало да остане на работа, а кој да биде отпуштен. Нина навистина не сака никого да отпушти, но сака да се покаже како успешна на нејзината нова работна позиција.

Тоа што најмногу ја измачува Нина кога размислува за вработените од нејзината смена и за тоа кого би го отпуштила кога би морала, е што Бети би била прва на листата за отпуштање. Всушност, Нина забележува дека Бети веќе не работи толку вредно како порано. Воедно, Нина сè повеќе ја вознемируваат коментарите на останатите вработени дека ништо не презема во врска со тоа, бидејќи Бети ѝ е пријателка. По работата, еден ден, Нина разговара со Бети во врска со нејзината ефикасност на работното место, за тоа како тоа влијае врз целата смена, за тоа дека Г-ѓа Стефановска е загрижена и дека може некого да отпушти. Бети ѝсе заблагодарува на Нина за разговорот и вели дека ќе работи повеќе. Таа исто така споменува дека работата многу ѝ треба - можеби повеќе одошто на било кој друг. Нина се чувствува подобро по нивниот разговор, но по неколку дена сè уште не забележува подобрување во работењето на Бети.

На крајот од неделата, Г-ѓа Стефановска ја повикала Нина и ѝ кажала дека таа мора да отпушти еден вработен, бидејќи нема доволно работа за сите. Г-ѓа Стефановска ѝ кажала на Нина дека има две можности: да го отпушти оној кој е најскоро вработен или да го отпушти најнеефикасниот работник. Во Понеделник Нина треба да одлучи кој да биде отпуштен. Помислувајќи на најскоро вработениот Нина сфаќа дека тоа е еден од најефикасните работници. Од сите нив, Бети е сè уште најнеефикасна. Нина сака да го направи тоа што е најдобро за работата, но воедно Бети е нејзина добра пријателка и работата многу ѝ треба. Таа, исто така, се прашува дали отпуштањето на Бети ќе го доведе во прашање пријателството со останатите луѓе од нејзината група, особено со Сандра. Од друга страна, Нина е раководителка на смената и треба да ја има најефикасната група работници за да биде успешна.

Одете на следната страница!

Размислете за 9-те избори наведени подолу што Нина може да ги направи во оваа ситуација. Оценете ги според следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБАР избор**
**2 - Верувам дека ова е ДОБАР избор**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОШ избор**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОШ избор**

______ 1. Нина треба да ја отпушти Бети која е најнеефикасниот работник.
______ 2. Нина треба да ја отпушти Бети откако ќе ѝ објасни зошто мора да го стори тоа.
______ 3. Нина треба да ја отпушти Бети, но да ѝ помогне да најде друга работа.
______ 4. Нина треба да ѝ каже на Бети дека Г-ѓа Стефановска е таа што сака да ја отпушти Бети.
______ 5. Нина треба да даде оставка од својата нова работна позиција, а не да ја отпушти Бети.
______ 6. Нина треба да се посоветува со Г-ѓа Стефановска за да ја донесе најдобрата одлука и да ја разреши ситуацијата.
______ 7. Нина треба да работи заедно со Г-ѓа Стефановска за да им помогне на неефикасните работници.
______ 8. Нина треба да ја замоли Г-ѓа Стефановска таа да го направи отпуштањето.
______ 9. Нина треба да ѝ каже на Г-ѓа Стефановска дека на нејзината смена ѝ е потребен секој вработен.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ избори што Нина може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од првиот најдобар избор):

______ Прв најдобар избор
______ Втор најдобар избор
______ Трет најдобар избор

Рангирајте ги двата НАЈЛОШИ избори што Нина може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошиот избор):

______ Прв најлош избор
______ Втор најлош избор

Одете на следната страница!

Оценете ги подолу наведените причини за кои Нина можеби размислува додека ја донесува одлуката, користејќи ја следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБРА причина**
**2 - Верувам дека ова е ДОБРА причина**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОША причина**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОША причина**

______ 1. Бети знаела дека требала да работи повеќе но не го направила тоа.
______ 2. Ако Бети е вистинска пријателка би требала да ја разбере и почитува одлуката на Нина.
______ 3. Гледано долгорочно, отпуштањето на Бети би било најдобро за сите.
______ 4. Ова што се случува е грешка на Бети.
______ 5. Производството на компанијата е доведено во прашање.
______ 6. Правејќи го тоа што е правилно Нина ќе се здобие со почит од страна на останатите вработени.
______ 7. Нина мора да го направи тоа што нејзината претпоставена го бара.
______ 8. Нина и Бети ќе бидат пријателки многу подолго отколку што таа ќе биде на сегашното работно место.
______ 9. Нина треба да мисли на долгорочното добро и во двете улоги, како раководителка на смена и како пријателка на Бети.
______ 10. Нина навистина има можност да се докаже како водач.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од најдобрата):

______ Прва најдобра причина
______ Втора најдобра причина
______ Трета најдобра причина

Рангирајте ги двете НАЈЛОШИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошата):

______ Прва најлоша причина
______ Втора најлоша причина

Одете на следната страница!

# Кристијан

Кристијан е многу посветен на хуманитарната организација во која волонтира. Тој е задолжен за собирање храна и облека за децата и за сиромашните. Како што се наближуваат празниците тој е особено ангажиран околу обезбедување доволно храна, облека и играчки за децата и за оние на кои ќе им требаат. Во сабота е последниот ден кога се очекува да има повеќе донации од граѓаните бидејќи е викенд, така што Кристијан е зафатен со организирање на волонтерите за да се обезбедат доволно луѓе кои ќе бидат распределени на различни собирачки пунктови низ градот. Марта, неговата помошничка, успешно ги има организирано сите возачи на комбиња за да им помагаат на волонтерите, но Кристијан од минатото искуство знае дека ако нешто не се донесе децата кои ги чекаат играчките и облеката ќе бидат многу разочарани.

Поради тоа што Кристијан е посветен на помагање во хуманитарната организација тој честопати ги пропушта забавните настани на кои одат неговите другари. Оваа сабота неговиот омилен бенд настапува во соседниот град. Кристијан знае дека тие не само што свират одлична музика, туку бендот поддржува некои од целите кон кои и тој самиот е насочен. Тој има можност во последен момент лично да се сретне со еден од членовите на бендот и да разговара за нивните вообичаени интереси. Но, Марта веќе го замоли тој ден да биде слободна, зашто има планови што не може да ги измени. Сите останати волонтери се на одмор. Единствениот присутен во оранизацијата е Филип и тој доброволно сака да го замени, но Кристијан знае дека Филип и порано се нудел да помогне, но или не ја завршувал работата до крај или, пак, воопшто не се појавувал на работа во договореното време.

Одете на следната страница!

Размислете за 8-те избори наведени подолу што Кристијан може да ги направи во оваа ситуација. Оценете ги според следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБАР избор**
**2 - Верувам дека ова е ДОБАР избор**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОШ избор**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОШ избор**

_______ 1. Кристијан треба да оди да го слуша бендот и не треба да се грижи за тоа дали Филип ќе ја заврши работата.
_______ 2. Кристијан треба да остане во организацијата додека не ги заврши обврските.
_______ 3. Кристијан треба да го назначи Филип на неговото место, откако тој претходно ќе вети дека ќе ја заврши работата.
_______ 4. Кристијан треба да ја надгледува работата во организацијата, но да даде сè од себе за да стигне да го слуша бендот.
_______ 5. Кристијан треба да го подели времето помеѓу концертот и организацијата.
_______ 6. Крстијан треба се обиде да го доведе бендот во организацијата.
_______ 7. Кристијан треба да го реорганизира распоредот на работни задачи за тој ден во организацијата.
_______ 8. Кристијан треба да оди на концертот и да се обиде да разговара со бендот во име на организацијата.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ избори што Кристијан може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од првиот најдобар избор):

______ Прв најдобар избор
______ Втор најдобар избор
______ Трет најдобар избор

Рангирајте ги двата НАЈЛОШИ избори што Кристијан може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошиот избор):

______ Прв најлош избор
______ Втор најлош избор

Одете на следната страница!

Оценете ги подолу наведените причини за кои Кристијан можеби размислува додека ја донесува одлуката, користејќи ја следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБРА причина**
**2 - Верувам дека ова е ДОБРА причина**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОША причина**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОША причина**

______ 1. Напорите на Кристијан да го види бендот може навистина да ѝ користат на организацијата.
______ 2. Не може да се откажуваат обврските заради тоа што се појавило нешто поинтересно.
______ 3. Нема гаранции дека средбата со бендот ќе ѝ помогне на организацијата.
______ 4. Тој не сака никого да остави на цедило.
______ 5. Ако отиде на концертот ќе го гризе совеста.
______ 6. Работата во организацијата е само волонтерска.
______ 7. Тој мора да го направи тоа што е најдобро за организацијата.
______ 8. Тој не сака да биде себичен.
______ 9. Ако сака да биде сигурен деке нешто е направено како што треба тогаш тоа треба да го направи самиот.
______ 10. Тој не сака да биде лицемер.
______ 11. Тој има голема шанса да го види бендот.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од најдобрата):

______ Прва најдобра причина
______ Втора најдбра причина
______ Трета најдобра причина

Рангирајте ги двете НАЈЛОШИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошата):

______ Прва најлоша причина
______ Втора најлоша причина

Одете на следната страница!

## Мими

Неодамна Мими се заинтересира да запознае нови другари. Таа би сакала да ја видат во попопуларно друштво, па така во моментов излегува со некои од популарните деца кои веќе покажале интерес да се дружат со неа. Но, како што повеќе ги запознава новите другари, Мими заклучува дека тие имаат свои мислења за другите деца и дека се мошне критички настроени кон некои од нив. Едно дете со кое особено имаат проблем е Фросина. Уште од детството, а и во средното училиште Мими е другарка со Фросина која сеуште ѝ се допаѓа, иако тие двете од неодамна тргнале по различни патишта. Фросина е мирна и има необичен пристап кон вршење на работите. На пример, таа се облекува поинаку од другите и тоа ја прави забележлива. Еден ден на големиот одмор Мими и нејзините нови другарки зборуваат за тоа кој им се допаѓа, а кој не. Се споменува името на Фросина и се кажуваат некои навистина грди работи на нејзина сметка, за што Мими смета дека е неправедно. Тогаш, некој од групата се досетува дека Мими порано се дружела со Фросина и ја прашува дали тоа што е кажано за Фросина е вистина.

Одете на следната страница!

Размислете за 8-те избори наведени подолу што Мими може да ги направи во оваа ситуација. Оценете ги според следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБАР избор**
**2 - Верувам дека ова е ДОБАР избор**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОШ избор**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОШ избор**

______ 1. Мими не треба да ја брани старата другарка Фросина.
______ 2. Мими не треба да ја брани Фросина, но не треба да им верува ниту на новите другарки.
______ 3. Мими треба да ја брани Фросина и да ги сопре грдите работи што се кажуваат за неа.
______ 4. Мими треба да размисли за тоа што ќе изгуби ако ја брани Фросина, а што ќе добие ако ги поддржи новите другарки.
______ 5. Мими треба да ја брани Фросина нагласувајќи им на новите другарки колку се неправедни нивните изјави.
______ 6. Мими треба да ги игнорира коментарите и да ги спомене добрите страни на Фросина.
______ 7. Мими треба да ги игнорира коментарите и да се надева дека ништо слично нема да биде кажано повторно.
______ 8. Мими треба да ја каже вистината за Фросина дури и по цена тоа да го доведе во прашање нејзиниот однос со новите другарки.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ избори што Мими може да ги направи впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од првиот најдобар избор):

______ Прв најдобар избор
______ Втор најдобар избор
______ Трет најдобар избор

Рангирајте ги двата НАЈЛОШИ избори што Мими може да ги направи впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошиот избор):

______ Прв најлош избор
______ Втор најлош избор

Одете на следната страница!

Оценете ги подолу наведените причини за кои Мими можеби размислува додека ја донесува одлуката, користејќи ја следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБРА причина**
**2 - Верувам дека ова е ДОБРА причина**
**3 - Не сум сигурен**
**4 - Верувам дека ова е ЛОША причина**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОША причина**

______ 1. Ако тие се вистински другарки ќе го почитуваат тоа што Мими има да го каже.
______ 2. Мими треба да ја поддржи Фросина, затоа што биле другарки.
______ 3. Фросина не е присутна за да се одбрани.
______ 4. Тоа ќе ја направи Мими иста како и останатите во групата.
______ 5. За Фросина се кажани лаги.
______ 6. Гледано долгорочно, Мими ќе се чувствува подобро ако ја поддржи Фросина.
______ 7. Поддршката за Фросина ја покажува зрелоста на Мими.
______ 8. Другарството не треба да се жртвува за сметка на докажувањето на вистината.
______ 9. Популарноста не треба да зависи од тоа дали мислиме како другите.
______ 10. Фросина би ја бранела Мими, па затоа Мими треба да ја брани Фросина.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од најдобрата):

______ Прва најдобра причина
______ Втора најдобра причина
______ Трета најдобра причина

Рангирајте ги двете НАЈЛОШИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошата):

______ Прва најлоша причина
______ Втора најлоша причина

Одете на следната страница!

# Даме

На Даме, кој е матурант, работите добро му одат во животот. Тој има одлична група другари и девојка од соништата. Се чини дека ќе успее да биде првиот од семејството кој ќе се запише на факултет, благодарение на целосната стипендија што ја доделува Министерството за образование. Добивањето стипендија би било супер, затоа што, во спротивно, Даме нема да може да си дозволи да студира. Освен тоа, запишувајќи се на Државниот универзитет ќе продолжи да биде во близина на другарите и девојката кои, исто така, ќе се запишуваат таму.

Сепак, Даме е загрижен околу шансите за добивање стипендија. Класната му кажа дека тој има големи шанси да ја добие стипендијата, но би било уште подобро доколку добие високи оценки на завршната матура. Денот на полагање е многу блиску и тој се обврзува себе си напорно да учи. Даме не е многу среќен поради секојдневниот напорен распоред за учење, затоа што тоа го спречува да излегува почесто со другарите и девојката. Сепак, тој останува сконцентриран на учењето, бидејќи чувствува дека напорната работа долгорочно ќе му се исплати, еднаш кога сите ќе бидат успешно запишани на Државниот универзитет.

Иако неговите другари и девојката во почетокот го разбираат Даме, тие му се лути кога им кажува дека нема да оди со нив на еднонеделната екскурзија платена од страна на школото. Неговата девојка го замолува повторно да размисли предупредувајќи го дека нивното трпение е веќе при крај. Му вели дека екскурзијата ќе биде одличен начин да поминат цела недела заедно, што им е многу потребно. Даме е свесен за негативните ефекти што напорниот распоред за учење ги има врз неговиот социјален живот. Тој навистина би сакал да оди на таа екскурзија и да го подобри односот со другарите и девојката. Но, тој исто така знае дека ќе изгуби цела недела, а на екскурзијата нема да има време да учи, бидејќи се планирани многу активности, како што се посети на историски места, музеи, природни убавини и сл. Освен тоа, тој нема да се врати дома до доцна навечер во петок и загрижен е дека ќе биде заморен кога ќе треба да оди на полагање. Од причина што полагањето на завршната матура е следниот ден по враќањето од екскурзијата, на Даме му е значаен секој ден поминат во учење.

Одете на следната страница!

Размислете за 8-те избори наведени подолу што Даме може да ги направи во оваа ситуација. Оценете ги според следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБАР избор**
**2 - Верувам дека ова е ДОБАР избор**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОШ избор**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОШ избор**

______ 1. Даме треба да се придржува до планот за учење и да не оди на екскурзија.
______ 2. Даме не треба да оди на екскурзија, но треба да им ги објасни на своите другари причините заради кои нема да оди.
______ 3. Даме не треба да оди на екскурзија, но треба да помине некое време со другарите пред екскурзијата.
______ 4. Даме треба да остане дома, но да поминува повеќе време со другарите откако тие ќе се вратат од екскурзија.
______ 5. Даме треба да оди на екскурзија и потоа да вложи двоен напор за учење кога ќе се врати дома.
______ 6. Даме треба да им каже на другарите колку е огорчен што го ставаат пред такво искушение.
______ 7. Даме треба да направи пауза од учењето, бидејќи тоа го заслужува, без оглед на полагањето.
______ 8. Даме треба да оди на екскурзијата и да им нагласи на другарите дека тоа го прави заради нив.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ избори што Даме може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од првиот најдобар избор):

______ Прв најдобар избор
______ Втор најдобар избор
______ Трет најдобар избор

Рангирајте ги двата НАЈЛОШИ избори што Даме може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошиот избор):

______ Прв најлош избор
______ Втор најлош избор

Одете на следната страница!

Оценете ги подолу наведените причини за кои Даме можеби размислува додека ја донесува одлуката, користејќи ја следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБРА причина**
**2 - Верувам дека ова е ДОБРА причина**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОША причина**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОША причина**

_____ 1. Екскурзијата е фантастична можност што не треба да се пропушти.
_____ 2. Ако неговите другари му се вистински другари, тогаш тие ќе разберат зошто тој не може да дојде со нив.
_____ 3. Неговата одлука може да доведе до сериозни последици во иднина.
_____ 4. Тој ќе има многу други можности да ги поправи односите со другарите и девојката.
_____ 5. Тој не сака да изгуби значајно другарство.
_____ 6. Тој не може да ја прекрши обврската што си ја има зададено.
_____ 7. Тој не сака да го пропушти тоа што му претстои.
_____ 8. Факултетското образование е многу поважно од еднонеделната екскурзија.
_____ 9. Тој би бил многу порелаксиран и посконцентриран на учењето кога ќе се врати од екскурзија.
_____ 10. Другарите доаѓаат и си одат, но доброто образование никој не може да ти го одземе.
_____ 11. Гледано долгорочно, најважно е другарството.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од најдобрата):

______ Прва најдобра причина
______ Втора најдбра причина
______ Трета најдобра причина

Рангирајте ги двете НАЈЛОШИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошата):

______ Прва најлоша причина
______ Втора најлоша причина

Одете на следната страница!

# Даниела

Вера, Тања и Аце на големиот одмор дискутираат за тестот по физика кој им претстои на следниот час. Прашањата сигурно ќе бидат тешки и тие се мошне загрижени. Горан и Даниела кои учат во другиот клас доаѓаат и седнуваат заедно со нив. Тие веќе го решавале тестот претходниот ден, па Вера, Тања и Аце ги прашуваат какви биле прашањата. Горан и Даниела знаат дека не смеат да зборуваат за прашањата со оние кои сеуште не го решавале тестот. Заедно со сите ученици кои веќе одговарале на тестот, Горан и Даниела му ветиле на наставникот дека нема да им ги кажат прашањата на останатите. Сепак Горан, на кого му се бендисува Тања и сака да остави добар впечаток врз неа, веднаш и прецизно им ги кажува прашањата на тестот. На негово големо задоволство Тања му вели: „Ти си ангел! Јас скоро и да не учев и си мислев дека нема шанси да добијам добра оценка ама сега мислам дека би можела да добијам петка”. Даниела е зачудена од постапката на Горан и многу е вознемирена што тој така направил. Тој добро знае дека не треба ништо да каже.

Одете на следната страница!

Размислете за 9-те избори наведени подолу што Даниела може да ги направи во оваа ситуација. Оценете ги според следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБАР избор**
**2 - Верувам дека ова е ДОБАР избор**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОШ избор**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОШ избор**

______ 1. Даниела не треба да му каже на наставникот.
______ 2. Даниела треба да му каже на Горан и на останатите за тоа колку е вознемирена и разочарана, но да не му кажува ништо на наставникот.
______ 3. Даниела треба да разговара со Горан и да види дали тој ќе му признае на наставникот, но таа не треба да оди и да му каже ако тој самиот не го направи тоа.
______ 4. Даниела треба да му каже на наставникот без да зборува со било кого.
______ 5. Даниела треба да молчи и да им каже и на другите да го направат истото.
______ 6. Даниела треба да зборува со Тања и да ѝ каже дека тоа што го искористува Горан е погрешно.
______ 7. Даниела треба да прати анонимно писмо до наставникот и да му напише што се случило.
______ 8. Даниела треба да се преправа дека ништо не видела.
______ 9. Даниела треба да му каже на наставникот дека слушнала оти се зборува дека некои студенти добиле информации за тестот.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ избори што Даниела може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од првиот најдобар избор):

______ Прв најдобар избор
______ Втор најдобар избор
______ Трет најдобар избор

Рангирајте ги двата НАЈЛОШИ избори што Даниела може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошиот избор):

______ Прв најлош избор
______ Втор најлош избор

Одете на следната страница!

Оценете ги подолу наведените причини за кои Даниела можеби размислува додека ја донесува одлуката, користејќи ја следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБРА причина**
**2 - Верувам дека ова е ДОБРА причина**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОША причина**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОША причина**

______ 1. Како и да е оние кои ги добиле информациите веројатно не ги запомниле.
______ 2. Не е чесно кон оние кои немаат информации за тестот.
______ 3. Оценките на учениците се во опасност.
______ 4. Останатите во класот ќе го ценат тоа што Даниела го направила.
______ 5. Наставникот има право да знае.
______ 6. Целта на тестот е нарушена.
______ 7. Ќе предизвика повеќе проблеми ако му каже на наставникот.
______ 8. Проблемот е во наставникот и системот на тестирање.
______ 9. Другите може да си помислат дека тоа го направила од корист или од осветољубивост.
______ 10. Нејзиното вмешување во ситуацијата и онака нема да помогне.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од најдобрата):

______ Прва најдобра причина
______ Втора најдбра причина
______ Трета најдобра причина

Рангирајте ги двете НАЈЛОШИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошата):

______ Прва најлоша причина
______ Втора најлоша причина

Одете на следната страница!

# Јана

На Јана, студентка на прва година при Факултетот за драмска уметност ѝ е понудена главна улога во претстава која треба да се одигра на крајот од семестарот. До сега не се случило на бруцош да му биде понудена главна улога во претстава и затоа оваа можност е големо изненадување за Јана. Јана е свесна дека таа улога може да има големо значење за нејзината натамошна кариера и како актерка на факултетот, а можеби и пошироко! Сепак, по првите неколку проби таа сфаќа дека нејзините вредности и уверувања се контрадикторни со вредностите и уверувањата на ликот што треба да го глуми. Јана му кажува на најдобриот другар дека е загрижена во врска со ова. Тој ѝвели дека ако ја одбие улогата отсекот на факулететот нема да ја смета за сериозна. Јана е свесна за важноста на оваа можност. Притоа, кажано ѝ е дека ако ја одбие понудата нема да биде повторно избрана за главна улога во било која наредна претстава. Сепак, таа отсекогаш била горда на своите уверувања, вредности, на примерот што го дава со своето однесување и доколку го одигра ликот во претставата таа ќе промовира некои вредности и однесувања за кои смета дека се многу погрешни.

Одете на следната страница!

Размислете за 8-те избори наведени подолу што Јана може да ги направи во оваа ситуација. Оценете ги според следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБАР избор**
**2 - Верувам дека ова е ДОБАР избор**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОШ избор**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОШ избор**

______ 1. Јана треба да се откаже од улогата откако претходно ќе им ги објасни на останатите причините за таквата одлука.
______ 2. Јана треба да ја одигра улогата, но да биде сигурна дека сите знаат кои се нејзините вистински уверувања.
______ 3. Јана треба да го направи тоа што нејзините родители мислат дека е најдобро.
______ 4. Јана треба да разговара со режисерот и да побара друга улога.
______ 5. Пред да донесе одлука, Јана треба да размисли како таа одлука ќе влијае врз нејзината кариера во иднина.
______ 6. Јана треба да размисли што би имало најголемо влијае врз нејзините другари.
______ 7. Јана треба да види дали се можни некакви измени во сценариото.
______ 8. Уверувањата се менуваат, но улогата во претставата е можност што таа не смее да ја пропушти.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ избори што Јана може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од првиот најдобар избор):

______ Прв најдобар избор
______ Втор најдобар избор
______ Трет најдобар избор

Рангирајте ги двата НАЈЛОШИ избори што Јана може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошиот избор):

______ Прв најлош избор
______ Втор најлош избор

Одете на следната страница!

Оценете ги подолу наведените причини за кои Јана можеби размислува додека ја донесува одлуката, користејќи ја следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБРА причина**
**2 - Верувам дека ова е ДОБРА причина**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОША причина**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОША причина**

______ 1. Тоа е само глума.
______ 2. Тоа е извонредна можност што може да влијае врз нејзината кариера.
______ 3. Треба да најде компромис меѓу нејзините вредности и уверувања, но тоа би ја направило несреќна.
______ 4. Таа нема да биде успешна во глумењето ако не верува во улогата.
______5. Гледано долгорочно, таа ќе се чувствува подобро ако не прави компромис со нејзиниот интегритет.
______ 6. Таа мора да верува дека другите знаат што е најдобро за неа.
______ 7.Слични проблеми можат да се јават и во иднина и таа мора да најде начин како да се справува со нив.
______ 8. Улогата секако некој ќе ја одигра.
______ 9. Ако прифати да ја одигра оваа улога Јана ќе се докаже за подобри улоги во некоја од наредни претстави.
______ 10. Јана ги брани своите уверувањата, но и ги зацврстува така што се жртвува во нивно име.
______ 11. Верувањата може да се променат, но можности како што е оваа се многу ретки.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од најдобрата):

______ Прва најдобра причина
______ Втора најдбра причина
______ Трета најдобра причина

Рангирајте ги двете НАЈЛОШИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошата):

______ Прва најлоша причина
______ Втора најлоша причина

Одете на следната страница!

## Јован

Јован е седумнаесетгодишен ученик, кој игра фудбал во локалниот клуб. Тој членува во тој клуб и соработува со истиот тренер веќе подолго време. Тренерот Петровски е љубезен и добар, но не е многу енергичен. Всушност, другите тренери, како што е тренерот Зафировски од „Вардар", често пати го исмеваат нарекувајќи го „мекуш". Сепак и покрај нивното мислење за него, тренерот Петровски секогаш останува по тренингот да им помогне на членовите на тимот за било кој проблем што го имаат и ниту еднаш не се развикал, ниту пак ги сметал за безвредни. Јован е неговиот најомилен играч. Тренерот секогаш му помагал во совладувањето и усовршувањето на техниките, а Јован често му се обраќа како на свој втор татко. Семејството на Јован исто така го забележува квалитетот на односот меѓу нив и смета дека благодарение на поддршката од тренерот Петровски, Јован е сега најдобриот играч во лигата. За жал, тимот на тренерот Петровски никогаш не стигнал до пласман во финалето. Неодамна тренерот Петровски радосно му кажал на Јован дека со неговиот талент и водство, тимот навистина има шанса да го освои јуниорскиот куп. Ова ги комплицира нештата за Јован бидејќи оваа година тренерот Зафировски од „Вардар", кој е двоен шампион, му предложил на Јован да премине во неговиот клуб, а Јован би сакал да го освои јуниорскиот куп и да ја има барем еднаш шампионската титула во своите раце. Воедно, најдобриот другар на Јован кој неодамна преминал во „Вардар", исто така го убедува дека би било супер да играат заедно за ист клуб.

Одете на следната страница!

Размислете за 8-те избори наведени подолу што Јован може да ги направи во оваа ситуација. Оценете ги според следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБАР избор**
**2 - Верувам дека ова е ДОБАР избор**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОШ избор**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОШ избор**

______ 1. Јован треба да остане во клубот на тренерот Петровски.
______ 2. Јован треба да му каже на тренерот Петровски за можноста што му се нуди и дури потоа да одлучи што ќе прави.
______ 3. Јован треба да разговара со другарите и да види што тие ќе му кажат.
______ 4. Јован треба да разговара со тренерот Петровски и да види што тој ќе му советува.
______ 5. Јован едноставно треба да замине во новиот клуб.
______ 6. Јован треба да разговара со тренерот Зафировски за да дознае колку навистина тој сака Јован да игра за тимот на „Вардар".
______ 7. Јован треба да разговара со тренерот Зафировски и да му каже зошто тој претпочита да остане во клубот во кој е сега.
______ 8. Јован треба да разговара со своите родители и да види што ќе му советуваат тие.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ избори што Јован може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од првиот најдобар избор):

______ Прв најдобар избор
______ Втор најдобар избор
______ Трет најдобар избор

Рангирајте ги двата НАЈЛОШИ избори што Јован може да ги направи, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошиот избор):

______ Прв најлош избор
______ Втор најлош избор

Одете на следната страница!

Оценете ги подолу наведените причини за кои Јован можеби размислува додека ја донесува одлуката, користејќи ја следната скала:

**1 - Цврсто верувам дека ова е ДОБРА причина**
**2 - Верувам дека ова е ДОБРА причина**
**3 - Не сум сигурен/на**
**4 - Верувам дека ова е ЛОША причина**
**5 - Цврсто верувам дека ова е ЛОША причина**

______ 1. Тренерот Петровски му помогнал на Јован да стане играч каков што è.
______ 2. Освојувањето на шампионатот во клубот на тренерот Петровски ќе биде многу позначајно.
______ 3. Губењето на неколку натпревари не е така лошо како што е губењето на важно пријателство.
______ 4. Јован заслужува да стане најдобар играч што може да биде.
______ 5. Неговото заминување навистина би му наштетило на клубот и би му ги намалило шансите да победи.
______ 6. Јован можеби нема да биде толку голема ѕвезда.
______ 7. Јован немаше да биде толку умешен играч да не бил тренерот Петровски.
______ 8. Заминувањето од клубот би ги навело останатите да се прашуваат каква личност е Јован.
______ 9. Јован најверојатно нема да биде толку среќен ако ја прекрши неговата обврска кон тренерот Петровски.
______ 10. Јован треба да остане во клубот бидејќи тренерот Петровски секогаш му мислел најдобро.

Сега рангирајте ги трите НАЈДОБРИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи од најдобрата):

______ Прва најдобра причина
______ Втора најдбра причина
______ Трета најдобра причина

Рангирајте ги двете НАЈЛОШИ можни причини, впишувајќи го бројот на тврдењето на празната линија (почнувајќи со најлошата):

______ Прва најлоша причина
______ Втора најлоша причина

ВИ БЛАГОДАРАМ!

**ПРИЛОГ 2**. Инструмент за мерење на морална слика за себе („Moral self-concept measure")

Прочитај ја внимателно листата наведена подолу. Потоа,

1. Прецртај ги 15-те карактеристики кои најмалку те опишуваат;
2. Запиши ги во највнатрешниот круг <u>трите</u> особини од листата кои сметаш дека се <u>најцентрални</u> за тебе како личност (подреди ги по реден број, од 1 до 3, почнувајќи од најважната);
3. Запиши во средниот круг уште <u>три</u> особини од листата кои сметаш дека се <u>следни најкарактеристични</u> за тебе како личност (подреди ги по реден број, од 4 до 6, почнувајќи од најважната);
4. Во најоддалечениот (надворешниот) круг запиши уште <u>четири</u> особини кои сметаш дека се <u>следни најкарактеристични</u> за тебе како личност (подреди ги по реден број, од 7 до 10, почнувајќи од најважната). (Ќе останат уште неколку карактеристики на листата што нема да ги впишеш во круговите).

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Амбициозен | Завидлив | Несебичен | Практичен | Со отворен ум |
| Верен | Импулсивен | Нестрплив | Привлечен | Спортски тип |
| Вообразен | Интелигентен | Одговорен | Промислен | Справедлив |
| Врамнотежен | Креативен | Плашлив | Работлив | Студиозен |
| Горделив | Лидер | Подготвен да помогне | Радосен | Талентиран |
| Грижлив | Логичен | Подготвен да простува | Романтичен | Трпелив |
| Грижлив за здравјето | Љубезен | Полн со љубов | Себичен | Успешен |
| Дарежлив | Љубопитен | Полн со почитување | Сигурен | Учтив |
| Дисциплиниран | Мрзелив | Понизен | Скромен | Храбар |
| Дружељубив | Мудар | Популарен | Снаодлив | Чесен |
| Емотивен | Наметлив со своето мислење | Претпазлив | Со слободен дух | |
| Енергичен | Независен | Префинет | Со натпреварувачки дух | |



**ПРИЛОГ 3**. Скала на доблести („Virtuous qualities Scale")

**Одговори искрено на тврдењата што се наведени подолу така што ќе го впишеш соодветниот број на празната линија користејќи ја следната скала:**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Речиси секогаш е неточно за мене | Обично е неточно за мене | Точно е за мене приближно во половина од случаите | Обично е вистинито за мене | Речиси секогаш е вистинито за мене |

1. _______ Доколку не успеам во нешто од првпат, се откажувам.
2. _______ Брзам кога треба да стигнам некаде, дури и ако не доцнам.
3. _______ Се обидувам да не ги повредам чувствата на луѓето, дури и ако тоа значи дека не сум сосема искрен кога одговарам на нивните прашања.
4. _______ Ги вреднувам романтичните врски повеќе во споредба со повеќето луѓе.
5. _______ Го вреднувам своето здравје повеќе во споредба со повеќето луѓе.
6. _______ Јас сум добра личност во училиште.
7. _______ Секоја недела поминувам некое време во молитва и/или одам на литургија.
8. _______ Го бранам тоа во што верувам, дури и кога другите не го одобруваат.
9. _______ Ги одбирам пријателите врз основа на нивната интелигенција.
10. _______ Немам добро мислење за себе си ако не сум поуспешен од другите.
11. _______ Подарувам онолку колку што можам за оние на кои им е потребна помош.
12. _______ Моето семејство смета дека лесно се разлутувам.
13. _______ Повеќе време минувам во дружење отколку во учење или пишување домашни.
14. _______ Не сакам да се однесуваат кон мене на никаков посебен начин.
15. _______ Многу ми е важно да бидам храбар.
16. _______ Се чувствувам лошо кога ќе направам нешто погрешно.
17. _______ Им завидувам на луѓето кои се попривлечни од мене.
18. _______ Многу ми е важно да имам успешна кариера.
19. _______ Се нервирам кога треба да ги чекам другите.
20. _______ Дома сум добар како личност.
21. _______ Помагам повеќе отколку другите луѓе.
22. _______ Не сакам да бидам во близина на луѓе кои не се особено интелигентни.
23. _______ Би сакал еден ден да заработувам многу пари.
24. _______ Многу ми е важно да бидам љубезен.
25. _______ Им завидувам на луѓето кои се поумни и поталентирани од мене.
26. _______ Ги избирам романтичните партнерки главно според нивниот надворешен изглед.
27. _______ Кога луѓето се подобри од мене во нешто, мило ми е заради нив.
28. _______ Јас сум многу искрена личност.
29. _______ Многу ми е важно да бидам праведлив кон секого.
30. _______ Многу учам.
31. _______ Јас сум добар кон моите другари.
32. _______ Оддавам впечаток дека сум по малку груб и нељубезен
33. _______ Јас сум поискрен од повеќето луѓе.
34. _______ Не сакам да ми досаѓаат со туѓи проблеми.
35. _______ Имам свои правила кои ги почитувам.
36. _______ Кога донесуваме групни одлуки јас сум на страната на луѓето кои ми се допаѓаат.
37. _______ Похрабар сум од повеќето луѓе.
38. _______ Љубезен сум со членовите на моето семејство.
39. _______ Премногу сум зафатен за да можам многу да им помагам на другите.
40. _______ Еден од моите најголеми приоритети е да бидам здрав.
41. _______ Луѓето во училиште ме сметаат за добра личност.
42. _______ Не го повишувам гласот, дури и кога сум налутен.
43. _______ Потрпелив сум од повеќето други луѓе.
44. _______ Кога пријателите ми поставуваат прашања знаат дека ќе бидам искрен дури и ако кажам нешто што тие не сакаат да го слушнат

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Речиси секогаш е неточно за мене | Обично е неточно за мене | Точно е за мене приближно во половина од случаите | Обично е вистинито за мене | Речиси секогаш е вистинито за мене |

45. _______ Јас сум многу праведлив.
46. _______ Им честитам на другите луѓе за нивните успеси.
47. _______ Повеќе би сакал да се преправам дека се согласувам со некого отколку да влегувам во расправија.
48. _______ Им кажувам на пријателите кога сметам дека прават нешто погрешно.
49. _______ Важно ми е да бидам добра личност на училиште.
50. _______ Лесно се налутувам.
51. _______ Многу ми е важно да бидам искрен.
52. _______ Ги признавам сопствените грешки дури и кога би можел лесно да ги сокријам.
53. _______ Го вреднувам своето образование повисоко отколку повеќето луѓе.
54. _______ Немам трпение со другите луѓе.
55. _______ Не ми е многу грижа за тоа како изгледам.
56. _______ Кога се донесуваат групни одлуки предност ѝ давам на мојата.
57. _______ Се обидувам да се спријателувам со луѓе со кои имам исти религиозни верувања.
58. _______ Не се чувствувам обврзан да посветувам време или пари во добротворни цели: луѓето можат самите да се грижат за себе.
59. _______ Знам што значи да се биде добра личност во училиште.
60. _______ Не се вознемирувам, дури и кога луѓето лошо се однесуваат кон мене.
61. _______ Многу од луѓето што ги запознавам ме нервираат.
62. _______ Лесно се откажувам.
63. _______ Имам посилно чувство за правичност од другите.
64. _______ Не се грижам дали заработувам многу пари сѐ додека можам да си ги плаќам сметките.
65. _______ Поупорен сум од другите луѓе.
66. _______ Многу ми е важно да бидам привлечен.
67. _______ Многу ми е важно да бидам во романтична врска.
68. _______ Повеќе би сакал да имам работа во која уживам отколку работа која носи многу пари.
69. _______ Се трудам да вежбам и да јадам здрава храна.
70. _______ Многу ми е важно да бидам добар како личност дома.
71. _______ Љубезен сум кон луѓето кои не ми се допаѓаат многу.
72. _______ Им завидувам на нештата или на квалитетите кои ги поседуваат луѓето што ги познавам.
73. _______ Поврамнотежен сум од поголемиот број луѓе.
74. _______ Многу ми е важно да бидам финансиски успешен.
75. _______ Интелигенцијата ја вреднувам многу високо.
76. _______ Знам што значи да се биде добар како личност дома.
77. _______ Кога нешто ме вознемирува, лутината ја празнам врз пријателите или врз членовите на моето семејство.
78. _______ При донесувањето групни одлуки настојувам да се однесувам подеднакво со сите.
79. _______ Ако не успеам во нешто од прввпат, продолжувам да се обидувам.
80. _______ Лесно се вознемирувам.
81. _______ Моите дома сметаат дека сум добра личност.
82. _______ По малку сум раздразлив.
83. _______ Мојата религија и односот кон Господ имаат приоритет во мојот живот.
84. _______ Им се спротивставувам на другите кога тие повредуваат некого.
85. _______ Многу време му посветувам на мојот надворешен изглед.

**ПРИЛОГ 4**. Прашалник за демографските карактеристики на примерокот

Општи прашања:

1. Пол (заокружи): М Ж

2. Возраст: _________

3. Институција: ____________

4. Етничка припадност (заокружи): Македонец/ка Албанец/ка

Турчин/ка Србин/ка Влав/инка Ром/ка

Други __________

5. Вероисповест (заокружи): Православна Муслиманска Католичка

Протестантска Друго______________

6. Место на живеење: _______________________

7. Брачна состојба на родителите (заокружи): во брак разведени

разделени вдовец/вдовица друго________